Within the massive marly clays there are rhythmic sandstone packets and thick sandstone bodies. Their genetic forms are "channels" or "bars". The diastems are erosive. There are lithothamnion small balls within the massive marly clays. Their presence indicates that the neritic sediments have been transported by means of paleocurrents. The macrofossils consist of Pteropoda, Bivalve and Gastropoda with small dimensions and very thin walls, sea-rchin, shark teethes, small balls lithothamnium etc.

In the Korça basin, **the Pliocene deposits** meet on the surface in the Alarup Çërravë-Leshnicë region and have been encountered by several wells in the Korça plain under the Quaternary deposits.

Pliocene deposits are also widespread in the Devoll field (Figure 7), where they are represented by coal-bearing clay. Here the thickness reaches up to 300 m. In the southern part of Pogradeci Lake. Pliocene deposits are represented byconglomerates, sandstones, coal-coated clays.



Fig. 6. Geological section on eastern side of Devolli syncline (Meçe & Aliaj, 2000)



Fig. 7. Stratigraphical section of Pliocene molasse in the Devolli Basin (Meçe & Aliaj, 2000)

In the eastern part they are placed transgressively on the Triassic limestones ("Alarupi" formation) with a thickness of about 350 m. To the west they are located on the oligocene flysch (Stropckë village) and in other places over the Burdigalian, and are represented by molten and conglomerate alevrolitore sands, about 300 m thick.

2. THE GEOLOGICAL AND TECTONIC POSITION OF ALBANIAN-THESSALIAN BASIN IN KORÇA-POGRADECI REGION.

From the structural form point of view in general we have to do with a syncline one, but in southern part (Korça, Pogradeci) based on field observations and recent studies the following tectonic unit in study area, are distinguished (Guri et al. 1995):

a) Devolli syncline,

b) Thrust of "Mali i Thatë" (Cangonji willage),

c) Morava ophiolitic massif (Drenova willage),

d) Korça syncline,

e) Tectonic blocks of "Mali i Thatë" (Çerava willage),

f) The positive fold Verdova-Maliqi,

g) Gora-Mokra syncline.

j) Ohrid graben lake Basin.

l) Prespa graben lake Basin

Based on recently studies the discussion was made about paleogeographic connection of Burreli deep with the external zones i. e. it is eastern inter mountain basin of Periadriatic depression. In these conditions, although the actual geographical position makes the impression of an uninterrupted basin from Korça to Burreli before Tortonian time. Their geological history is very different after this time.

Devolli syncline

It represents an intermediate basin, filled with oligo-miocene deposits, ranging from the Lower Oligocene to those of Langian (Figure 8). The base on which the obligomiocenic molasses deposits overlap represents a lower tectonic blocks, caused as a result of intense tectonic activity before the Oligocene time.



Fig. 8. Korça and Devolli synclines (Vranaj et al. 2002)

The transgressive placement of the molasses on various rock complexes shows that the base has a block structure, complicated by transverse and longitudinal tectonic slides. We note that in the Cangonj-Bitincke region, oligo-miocenic molasses extends transgressively over the Middle Eocene molasses, which in turn also extends transgressively over ophiolitic rocks and continental pre-Paleogene formations (Meçe & Aliaj, 2000; Vranaj et al. 2002)

Korça syncline

It lies in the central part of the Korça region (Figure 8). Surface data are scarce to speak of the geological structure of this unit. Based on the fragmentary outflows of oligocene molasses in the southern part (Pulaha), the deposits of the Lower Miocene along the western side also those found by some exploration wells under the Plio-Quaternary cover, etc. this syncline, is interpreted as a tectonic depression with north-east immersion, caused by the breakdown of late tectonics and neotectonics.

The western side of this syncline is clearly distinguished by the deposits of the lower Miocene, which fall to the east at an angle of 20-30^0.

The maximum thickness of the oligo-myocene deposits of this syncline is comparable to those of the Devoll syncline about 3000-3500m. (Meçe & Aliaj, 2000; Vranaj et al. 2002)

Gora-Mokra syncline

It lies in the northwestern part of the intermediate basin with dimensions 10×15 km in a north-west-southeast direction (Figure 9). Oligo-myocene deposits are located on a foundation built of ultrabasic rocks and sedimentary rocks from Jura to Eocene.



Fig. 9. Northen Gora-Mokra syncline and Ohrid lake (Vranaj et al. 2002)

Both sides of the syncline are clearly distinguished by Oligocene deposits, they fall toward the center of the syncline at an angle of 15–30°. On the whole, there is an increase in the thickness of deposits from east to west. The center of the Mokre syncline is filled with Aquitanian deposits extending from the village of Zboq in the south to Kalivac in the north.

To the northwest this syncline is masked by the transgressive placement of the middle Miocene deposits of the Librazhd basin(Meçe & Aliaj, 2000; Vranaj et al. 2002).

Ohrid graben lake Basin

A graben lake basin formed during the Pliocene and extended from the Korça plain to north of Lake Ohrid (Figure 10). Pliocene molasse occurs as two formations, namely die Alarupi with coal seams and the Cerrava conglomeratic one.



Fig. 10. Gora-Mokra syncline and Ohrid graben lake Basin (Vranaj et al. 2002)

The Alarupi is coaliferous and dips gendy eastwards. It is 550 to 600 m in thickness and overlies, both transgressively and distordandy, Triassic limestones at the foot of die Mali i Thate Mountain.

Stratigraphically, die section is composed of basal conglomerates which pass up into sandstones. Clays with coal strata occur in the middle part. These coaliferous clays are also found in die upper part in association with alternations of the sandstones and siltstones. Rarely, *Psiiana* occurs in this formation.

The formation consists of conglomerate packets among micro-conglomeratic and sandy strata.

Quaternary sediments embodying sands and clays with thin coal seams were revealed by drilling on the Starova plain.

When the Quaternary commenced, the sector benveefl the Korça and Pogradeci plains emerged due to uplift while die plains subsided.

Lake Ohrid originated simultaneously (Guri et al. 1995).

Prespa graben lake Basin

This was also created during the Pliocene in that region which is now occupied by the Prespa lakes. Pliocene molasse outcrops on the Prespa e Madhe lacustrine margins. After the Pliocene, it is possible that these emerged with uplift and the terrains now included in the existing Prespa lakes submerged. In this manner, the Prespa lakes formed at a higher topographical elevation than Lake Ohrid (Meçe & Aliaj, 2000).

3. SOME OPINIONS ABOUT RELATIONSHIPS OF INTER MOUNTAIN BASINS AND EXTERNAL ZONES.

The problem in question is difficult to be resolved. The actual geological-tectonic position has been influenced by some tectonic main events occurred after Triassic, before Cretaceous, after Eocene (mainly Krasta, Mirdita and Korabi zones) and before Serravalian, Tortonian and Pliocene events (Ionian, Kruja and Krasta zones).

The average thicknesses of section are presented on the following table (Kumati. 1995)

The interpretation of some geological field data makes possible to give some ideas about the presence or absence of communication of Oligomiocene basins from west to east. The geological data that will be analysed are as follows:

The analysis of Oligomiocene thicknesses.

In the above table attracts attention the "zero" thickness of "Krasta" zone Oligomiocene deposits. This fact doesn't indicate about west-east communication between Ionian, Kruja zones and Korça basin.

The Aquitanian and Burdigalian thicknesses of Kruja zone belongs to northern part because these deposits from Shkumbini river to south are absented. In these conditions, the west-eastern basin communication has not been existed because the Kruja zone itself (included Tomorri belt) has been a continental barrier. This opinion is also based on the thickness about 1200 m of Burdigalian stage on Devoll syncline which is two and three times bigger than on Kruja and Ionian zone (Table 1).

T a b l e 1

Oligocene-Miocene deposit thicknesses in Albanian basins (m)

Age	Ionian Zone	Kruja Zone	Krasta Zone	Korça Basin
Pg_3^1	794 (1210)	3250	0	300
Pg_3^2	570 (886)	150	0	800
N_1^1a	556 (980)	85 – 789	0	350
N_1^1b	345 (450}	10 – 540	0	1200

The Oligomiocenic facies comparison.

It is known the Oligocene deposits of Ionian and Kruja zone are flysch and overlie normally on limestone (except the Tomorri belt).

The Oligocenic deposits on Korça basin overlie transgressively. They are not complete and are molassic facies. This molassic Oligocene is covered by Aquitanian and Burdigalian flyschoides, while in Ionian zone there is such an order: flysch, flyschoide and molasse.

REFERENCE

1. Stoja, Gjergji, Nasto, Kozeta (2012): Some prominent geological sites of Korça region as real opportunities for geotourism. “Geological Buletin” Journal.32-40 p.

2. Guri S, Kumati, L. L, Koroveshi T. (1995): Studlmi regjional mbi modelin strukturor, biostratigrafik ambientet e sedimentimit dhe poterncialin gjeokimik te basenit te mbivendosur (Gropat e Brendshme) Albanido-Mezohelenik ne rajonin Korçe-Prrenjas) (Scientific report). Archive of National Agency of Natural Resources. Fier, Albania..

3. Kumati, L. L. (1995): Stratigrafia dhe interpreting paleobatimetrik i depozitimeve te Gropes Korçes (Shqiperia Juglindore)(Scientific report). Archive of National Agency of Natural Resources. Fier, Albania.

4. Meço, Selam & Alaj, Shyqyri (2000): *Geology of Albania*. Gebruder Bornntraeger, Berlin, Stuttgart. 246 pp.

5. Vranaj A., Melo V., Kodra A., Bakalli F., Meço S. (2002): *Gjeologjia e Shqiperise, Stratigrafia, Magmatizmi, Metamorfizmi, Tektonikadhe Evolucioni Paleogjeografikdhe Gjeodinamik.* Archive of National Agency of Natural Resources. Fier, Albania.

1-OF-08
UDC: 550.348.436.098.64(497.7)"2010/2020"

СЕИЗМИЧНОСТ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2010-2020 ГОДИНА

Катерина Дрогрешка, Јасмина Најдовска, Драгана Черних, Моника Андрееска, Љубчо Јованов

Сеизмолошка Опсерваторија, Природно-Математички Факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архимедова 3, Скопје, Република Северна Македонија
dcernih@yahoo.com

А п с т р а к т: На основа на сеизмотектонската карта на територијата на Република Северна Македонија со сите случени и лоцирани земјотреси во периодот 2010–2020 г., исцртана на основа на годишните каталози на земјотресите во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, за истиот период напрвена е анализа на целокупната сеизмичност на оваа територија. Според сите овие податоци, на територијата на Македонија во периодот 2010-2020 г.. Вкупно се случиле 15417 земјотреси, со максимални набљудувани локални Рихтерови магнитуди $M_L \leq 5.3$ и максимален епицентрален интензитет до I_o=VIII. Тоа се земјотреси од класата на минорни до умерено силни земјотреси. Забележлива е невооедначена распределба на земјотресите од разгледуваниот регион и период по магнитудни интервали, со изразито голем број на минорни и слаби земјотреси, со локални Рихтерови магнитуди $M_L \leq 3.0$ и тоа во епицентралните подрачја кои според досегашните истражувања на Сеизмолошката опсерваторија се карактеризираат со слаба до умерена сеизмичка активност: епицентрални подрачја Св. Николе–Штип, Делчево–Берово, Струмица и епицентрално подрачје Велес. Нерамномерното ослободување на акумулираната сеизмичка енергија се должи на изложеноста на геотектонските единици на долготрајните тектонски сили на напрегање на територијата на Македонија. Сложувањето на тектонските податоци со сеизмолошките, укажуваат дека територијата на Македонија се наоѓа во режим на зголемена сеизмичка активност.

Клучни зборови: сеизмичност, земјотрес, епицентрално подрачје

SEISMICITY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA DURING THE PERIOD 2010–2020

A b s t r a c t: An analysis of the overall seismicity for the territory of the Republic of Northern Macedonia in the period 2010-2020y was performed according to the seismotectonic map, with all occurred and located earthquakes from the annual catalogs from the Seismological Observatory at the Faculty of Natural Sciences in Skopje. Total of 15,417 earthquakes of the class of minor to moderately strong earthquakes with maximum observed local Richter magnitudes $M_L \leq 5.3$ and maximum epicenter intensity I_o = VIII were consider. There is an uneven distribution of earthquakes in the examined region and period of magnitude intervals, with a very large number of minor and weak earthquakes, with local Richter magnitudes $M_L \leq 3.0$ in the epicentral areas which according to the current study of seismic activity are characterized with week to moderate activity −epicentral area St. Nikole-Stip, Delchevo-Berovo, Strumica and Veles. The uneven release of the accumulated seismic energy is due to the exposure of the geotectonic units to the long-lasting tectonic forces on the territory of Macedonia. The combination of tectonic data with seismological data indicate that the territory of Macedonia is in a regime of increased seismic activity.

Key words: seismicity, earthquake, epicentral area

ВОВЕД

Територијата на Македонија има богата геолошка и тектонска историја и претставува своевиден геолошки мозаик, во кој што се застапени речиси сите видови на магматски, седиментни и метаморфни карпи. Во тектонска смисла, таа е еден од источните делови на Медитеранската област на Алпско-Хималајскиот ороген појас кој се карактеризира со висока сеизмичка активност, последица на интерактивните сили на напрегање во времето на постојана колизија помеѓу три големи тектонски плочи: Евро-азиската, Арабиската и Африканската.

Територијата на Македонија, за време на палеотектонскиот развој била изложена на постојани сили на компресија со правец од северо-исток-југозапад до исток-запад. Источниот дел бил изложен на страничните притисоци од дејството на Родопската маса и Карпато-Балканидите, додека западниот дел бил изложен на страничните притисоци од страна на Динаридско–

Хеленидскиот ороген лак (Dumurdžanov et al., 2004, 2005).

Крајот на дејството на постојаните сили на компресија на кои што биле изложени геотектонските единици на територијата на Македонија е всушност почеток на пенепле-низација и формирање на денудациони зарамнини, која траела се до крајот на епохата долен миоцен, кога започнала неотектонската етапа. Тогаш доаѓа до промена на геодинамичките услови во централниот Балкански регион, на којшто припаѓаат и терените на Македонија, така што овој регион бил зафатен со режим на екстензија.

Западните делови од Западно-македонската зона, останале под влијание на субдукцијата помеѓу Јадранската тектонска плоча и Динаридите, што создава сили на компресија со соодветно напрегање, што продолжува и денес, од запад кон исток (Carminati et al., 2004).

Останатиот дел од Балканот, особено централниот, бил под дејство на сили на растегање долж правецот север-југ и соодветно напрегање, па територијата на Македонија се нашла во режим на јужна екстензија. Оваа екстензија продолжува и денес, а со неа се зафатени и блиските простори на Р. Бугарија и Р. Грција (Dumurdžanov et al., 2005).

Резултатите од GPS мерењата покажу-ваат дека целата територија се движи кон југ-југоисток со брзина 2–4 mm годишно (Burchfiel et al., 2006).

Интеракцијата помеѓу јужната екстен-зија и брзината на движењето на терито-ријата на Македонија е услов, потенцијал за акумулирање на енергија во сеизмичките извори, но и создавање на тектонски земјотреси, преку активирање на нормалните раседни дислокации.

Во рамките на главните тектонски зони егзистираат сеизмогените зони со раседи од различен карактер и насока на протегање, долж кои настануваат земјотресите. Појавата на карактеристичната сеизмичка тектонска активност, во смисла на честотата на земјотресите со одредена јачина, распоредот на земјотресните жаришта како и нивната поврзаност со геолошките и тектонските структури, укажува на можноста на дефинирање на три главни сеизмогени зони: Западно–македонска, Вардарска и Источно–македонска сеизмогена зона (слика 1).



Сл. 1. Главни сеизмогени зони и неотектонски единици на територијата на Македонија

Взаемноста помеѓу набљудуваната сеизмичност и тектонските карактеристики на територијата на Македонија и пограничните предели ги дава сеизмотектонските карактеристики според кои во рамките на сеизмогените зони се јавуваат подрачја во кои што се концентрираат епицентрите на земјотресите – епицентрални подрачја.

АНАЛИЗА НА СЕИЗМИЧНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2010–2020 ГОДИНА

Според многубројните сеизмолошки истражувања, набљудуваната историска и современа сеизмичка активност на територијата на Македонија и блиските погранични предели (оддалеченост од границата на Р. С. Македонија околу 30 km), главно е тектонска, со исклучок на извесен број на слаби урвински земјотреси.

Долготрајната акумулација на силите на напрегање на кои што се изложени тектонските единици, односно напрегањата врз стенските маси, создава енергетска нерамнотежа до еден одреден момент кога истата се ослободува. Последица на овие нерамнотежни енергетски состојби се процесите на раседувањето кои создаваат земјотрес.

Од сеизмотектонската карта на сликата 2, добиена на основа на годишните каталози на земјотресите во Сеизмолошката опсерваторија, каде се прикажани сите случени и лоцирани земјотреси на територијата на Македонија и блиските погранични подрачја, во разгледува-ниот период 2010–2020 година се врши анализа на целокупната сеизмичност на оваа територија во дадениот период, не разгледувајќи ги макросеизмичките ефекти од земјотресите на територијата на Македонија.



Сл. 2. Сеизмотектонска карта на територијата на Р. С. Македонија и блиските погранични подрачја за период 2010–2020 година

При анализата на сеизмичноста се разгледуваат и земјотресите чии епицентри припаѓаат на блиските погранични подрачја не подалеку од 30 km, бидејќи најголемиот дел од нив со локални Рихтерови магнитуди $M_L \leq 4.0$ предизвикуваат макросеизмички ефекти врз територијата на Македонија.

Периодот на кој што се однесува ова истражување, 2010–2020 година, опфаќа регистрација и локација на вкупно 15417 земјотреси од кои 4 се со Рихтерова локална магнитуда $M_L \geq 5.0$. Тоа се земјотреси од класата на умерено силни до силни, прикажани во Табела 1.

Т а б е л а 1

Најсилните земјотреси во периодот 2010 – 2020 година

Датум	Време			Локација			Магнитуда	Интензитет	Епицентрално подрачје
	h	min	s	φ(°)N	λ(°)E	*H* (km)	M_L	I_o	
11. 9. 2016	13	10	5	42.00	21.50	3.7	5.3	VII-VIII	Скопје
03. 7. 2017	11	18	18	41.12	20.87	1.7	5.0	VII-VIII	Охрид
11. 11. 2020	3	54	14	41.62	20.86	15.0	5.0	V	Тетово-Гостивар
11. 11. 2020	14	25	12	41.60	20.87	11.8	5.0	V-VI	Тетово-Гостивар

Анализата на сеизмотектонската карта (Слика 2), укажува на забележителна групираност во распределбата на епицентрите на земјотресите со $M_L \leq 3.0$, односно концентрацијата на земјотресите е во поединечни подрачја, долж раседните дислокации, што може да се сметаат за изолирани извори на сеизмичка енергија.

Тоа се епицентралните подрачја кои според досегашните истражувања на Сеизмолошката опсерваторија се карактеризираат со слаба до умерена сеизмичка активност: епицентрално подрачје Св. Николе–Штип, Делчево–Берово, Струмица и епицентрално подрачје Велес.

Епицентралните подрачја Охрид, Скопје, Дебарца–Плакенска Планина и Тетово–Гостивар во разгледуваниот период 2010–2020 година, го задржуват трендот на епицентрални подрачја со многу честа појава на слаби земјотреси $M_L \leq 2.9$, но и со честа појава на земјотреси со магнитуди во интервалот $3.0 \geq M_L \leq 5.0$ чии периоди на повторување се од неколку децении до неколку стотици години.

Исклучок претставува подрачјето на Пелагониискиот хорст–антиклинориум, кој иако реликт од прекамбриската Земјината кора на Динаридите–Хелинидите, иако од исток и запад ограничен со длабински донеотектонски регионални раседи, иако испресечен со донеотектонски раседи, овој хорст, покажува одредена слаба сеизмичка активност, во разгледуваниот период 2010–2020 г. Оваа ситуација се должи на еднаквите издигања на деловите на хорстот од дамнина.

Сите земјотреси од разгледуваниот период се прикажани на епицентралната карта (Слика 3).

Временска распределба на земјотресите од регионот по години за период 2010–2020 година и нивната распределба по магнитуден интервал од по еден степен според Рихтеровата скала, претставена е на сликата 4.

Во регионот за време на разледуваниот период од вкупно 15471 земјотреси, најголем е бројот на земјотреси со магнитуди $1{,}0 \leq M_L \leq 1{,}9$, вкупно 8556, а потоа бројот на земјотресите со магнитуди 0,1 $M_L \leq 0{,}9$, вкупно 4547. Се случиле вкупно 4 силни земјотреси, со $5{,}0 \leq M_L \leq 5.9$. Очигледно е опаѓање на бројот на земјотресите со зголемувањето на магнитудата.

Од хистограмската презентација од сликата 4 лево, следува дека бројот на земјотреси во поодделните години на разгледуваниот период е различен и се движи од 512 до 3446. Забележливо е дека изразито помал број на земјотреси (512 и 602) постојат во 2019 и 2020 година што укажува на умерена сеизмичност. Во другите години бројот на земјотреси, со исклучок на 2017 година, е прилично изедначен и во просек изнесува над 1000 земјотреси годишно. Треба да се напомене дека, време-траењето на придружната активност на силните земјотреси (форшоковите и афтершоковите) се одредени од типовите на раседите – жаришта на силни земјотреси, како и од геолошко-тектонските структури на кои овие раседи припаѓаат.



Сл. 3. Епицентрална карта на територијата на Р. С. Македонија и блиските погранични подрачја во период 2010–2020 година



Сл. 4. Временска распределба на земјотресите од разледуваниот регион и период по години и магнитуден интервал од еден степен

Ова следи од тоа што ослободувањето на сеизмичката енергија акумулирана од долготрајните напрегања во стенските маси е карактеристично за секоја раседна дислокација, односно е нерегуларна појава. Така, силните земјотреси понекогаш се придружени само со афтершокови, односно сеизмичка активност што го следи главниот земјотрес, понекогаш и од форшокови (сеизмичка активност непосредно пред главниот земјотре) и од афтершокови, при што овие придружни земјотреси имаат најразлични магнитуди, помали од магнитудата на главниот земјотрес. Во 2017 година, земјотресот на 3 јули во 11 h 18 min 18 s (UTC) со локална Рихтерова магнитуда $M_L = 5{,}0$ и епицентрален интензитет I_o = VII–VIII EMS-1998 (епицентрално подрачје Пештани–Охрид-Струга), беше придружуван со послаба форшокова но изразена афтершокова сеизмичка активност која во времетраењето на серијата предизвика земјотреси чии магнитуден интервал се движеше од $0{,}1 \leq M_L \leq 5{,}0$. Оттаму потекнува и големиот број на земјотреси 3446 како и ослободена сеизмичка енергија $121{,}8 \times 10^{10}$ J во разгледуваниот регион и период. Во текот на 2016 година од активноста на неколку раседни дислокации кои предизвикаа повеќе од десетина земјотреси со магнитуда $4{,}0 \leq M_L \leq 5{,}9$ се ослободи најголема сеизмичка енергија од $409{,}75 \times 10^{10}$ J.

Од епицентралната карта на територијата на Македонија и нејзините блиски гранични подрачја, во разгледуваниот период 2010–2020 година, јасно се воочува групирањето на земјотресите односно нивната концентрација е во поедини епицентрални подрачја. Некои од нив може да се сметаат за изолирани извори на сеизмичка енергија: епицентралното подрачје Св. Николе–Штип, Делчево–Берово, Струмица и епицентралното подрачје Велес. Но епицентралните подрачја Скопје, Пештани–Охрид–Струга, Тетово–Гостивар и Дебарца–Плаченска Планина имаат очекувана сеизмичка активност чии периоди на повторување на умерено силни земјотреси $M_L \geq 5.0$ (периоди на максимално очекуван интензитет од неколку десетици години) се совпаѓаат со максималните набљудувани интензитети на случените земјотреси во разгледуваниот период 2010–2020 година.

На сликата 5 прикажан е хистограмот на вкупната сеизмичка енергија ослободена по години. Најголемо количество на сеизмичка енергија е ослободено во 2016 година, што се должи на 1341 земјотрес, од кои најсилниот е со Рихтерова локална магнитуда $M_L = 5{,}3$ но и на сериите на земјотреси од другите сеизмички жаришта. Очигледно е и дека токот на ослободување на сеизмичка енергија го следи појавувањето на силните земјотреси заедно со последователните односно афтершоковата сеизмичка активност.



Сл. 5. Распределба на ослободената сеизмичка енерија во регионот по години за периодот од 2010–2020 година

Во однос на хипоцентралната длабочина на регистрираните и лоцираните земјотреси, преовладува плитката распределба на хипоцентрите на земјотресите, од 1 km до 20 km, а најчесто од 5 km до 15 km. Ова укажува дека сеизмичноста на разгледуваниот регион, односно територијата на Македонија е поврзана со деформациите во горните делови на литосферата, поточно со деструкцијата на Земјината кора условена од тектонските движења.

ЗАКЛУЧОК

Терените со многу сложена геолошка градба, односно различни по старост, генеза и состав на стенските маси, најчесто се одликуваат и со висок степен на сеизмичност.

Оваа сложеност на геолошката градба на територијата на Македонија е предзнак за присуство на интензивни тектонски движења во геолошката еволуција на дадениот простор која продолжува и денес. Просторната положба на раседните дислокации како и влијанијата на геотектонските услови, ја определуваат распределбата на сеизмичката енергија расеана во време и простор како и нејзиното влијание на околните терени.

Интеракцијата помеѓу јужната екстензија и брзината на движењето на територијата на Македонија е услов, потенцијал за акумулирање на енергија во сеизмичките извори, но и создавање на тектонски земјотреси, преку активирање на нормалните раседни дислокации.

Епицентрите на случените земјотреси во разгледуваниот регион и период покажуваат тенденција на просторно групирање. Во таа смисла, сеизмичноста во епицентралните подрачја кои досега се карактеризираа со слаба сеизмичка активност: епицентрално подрачје Св. Николе–Штип, Делчево–Берово, Струмица и епицентрално подрачје Велес во разгледуваниот период 2010–2020 година покажуваат тенденција на зголемена сеизмичка активност со значајна зачестеност на минорните и слаби земјотреси $M_L \leq 3{,}0$.

Се очекува добиените резултати да бидат солидна основа во истражувањата на современата и очекуваната сеизмичност на територијата на Р. С. Македонија и погранич-ните предели.

ЛИТЕРАТУРА

SORM – Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, 2010–2020, *Каталози на земјотресите во Република Македонија и пограничните подрачја за годините 2010–2010*, Фонд на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет–Скопје.

Арсовски, М. (1996): *Тектоника на Македонија*, Штип, Рударско-геолошки факултет.

Dumurdžanov, N., Serafimovski, T., and Burchfiel, B. C. (2004)Ч *Evolution of the Neogene-Pleistocene basins of Macedonia*: Geological Society of America Digital Map and Chart Series 1 (accompanying notes).

Dumurdžanov N., Serafimovski T., and Burchfiel B. C. (2005): Cenozoic tectonics of Macedonia and its relation to the South Balkan extensional regime, *Geosphere*, **1**, 1–22.

Burchfiel, B. C., Todosov, A., King, R. W., Kotzev, V., Dumurdžanov, N., Serafimovski, T., and Nurce, B. (2006): GPS results for Macedonia and its importance for the tectonics of the southern Balkan Extensional regime, *Tectonophysics*, 413, 239–248.

Carminati E., Doglioni, C., Argniani, A., Carrara, G., Dabovski, Ch., Dumurdžanov, N., Gaetani, M., Georgiev, G., Maufret, A., Nazai, Sh., Sarfori, R., Scionti, V., Scrocca, D., Seranne, M., Toreli, L., and Zarorchev, I. (2004): The TRANSMED ATLAS. The Mediterranea Region from Crust to Mantle. TRANSMED TRANSECT III: Massif Central-Provence-Gulf of Lion-Provencal Basin-Sardinia-Tzrrhenian Basin-Southern Apennines-Apulia-Adriatic Sea-Albanian Dinarides-Balkans-Moesinian Platform, Mediteranian consortium for the 32 nd International Geological-Congress, Firenca, Italia.

Јордановски, Љ., Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних, Д., Христовски, Б. и Василевски, Н. (1998): *Основни карактеристики на сеизмичноста на територијата на Република Македонија,* Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија.

Дрогрешка.,К. (2018): *Примена на теоријата на дислокации во дефинирањето на епицентралните подрачја и тектонските услови на територијата на Република Македонија,* докторска дисертација, Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математички факултет, Скопје,

1-OF-09
UDC: 551.8.07:551.435.12.072(497.11)

PALEOECOLOGICAL CHARACTERISTICS OF MOLLUSCS OF THE PLEISTOCENE CORBICULA BEDS IN THE SAVA RIPARIAN AREA IN BELGRADE (SERBIA)

Barbara Radulović[1], Draženko Nenadić[2], Katarina Bogićević[1], Slobodan Knežević[2]

[1]*University of Belgrade, Faculty of Mining and Geology, Department of Palaeontology, Kamenička 6, 11000 Belgrade, Serbia,*
[2]*University of Belgrade, Faculty of Mining and Geology, Department of Regional Geology, Kamenička 6, 11000 Belgrade, Serbia,*
barbara.radulovic@rgf.bg.ac.rs

A b s t r a c t: Pleistocene alluvial deposits of the Sava riparian area at Belgrade have a significant thickness, and because of the presence of clams of the genus *Corbicula* they were known as "beds with *Corbicula fluminalis*". Freshwater bivalves (clams) of the genus *Corbicula* have considerable distribution and great climato-stratigraphic significance in the alluvial Quaternary deposits of the Sava River at Belgrade. The two morphotypes of these clams are present: Pleistocene *Corbicula* are connected to palaeoflows of the "pre-Sava", while remains of contemporary *Corbicula* are spatially limited to the recent courses of the Sava River. Both of them are very successful invasive species which colonized most of European rivers. Based on the data from the investigated borehole, it can be concluded that in Pleistocene alluvial deposits *Corbicula* is not the dominant species, but that the largest number of specimens belong to the species *Litoglyphus naticoides*.

Key words: *Corbicula* beds, Pleistocene, paleoecology, Sava riparian area.

ПАЛЕОЕКОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕКОТЕЛИ ОД ПЛЕИСТОЦЕНСКИТЕ CORBICULA НАСЛАГИ ВО КРАЈБРЕЖНАТА ОБЛАСТ НА РЕКАТА САВА ВО БЕЛГРАД (СРБИЈА)

Квартерните седименти на крајбрежната област на реката Сава во Белград имаат значителна дебелина. Податоци за постари квартерни формации можат да се добијат само преку длабоки дупнатини (односно истражно дупчење). Плеистоценските алувијални седименти во оваа област имаат значително распространување и големо биостратиграфско и економско значење. Помеѓу најзначајните мекотели видови во интерглацијалните квартерни алувијални седименти на реката Сава во Белград се плеистоценските школки *Corbicula*, детерминирани како *Corbicula fluminalis*. Како топло-водни видови, со наидувањето на ладните климатски фази во среден Плеистоцен, *Corbicula* школките се повлекле кон потопли области, населувајќи се во помлад Плеистоцен и Холоцен, во јужните делови на Каспискиот Басен, централна Азија, Индија и потоплите региони на Американскиот континент (Меијер и Прис, 2000; Ненадиќ и др., 2019). Видот *Corbicula* е автохтон во рецентно време во тропските и субтропските региони во Африка, Азија, Малезискиот полуостров, Филипини, Нова Гвинеја и источна Австралија (Мортон, 1986). Испитуваниот фосилен материјал е земен од дупнатина во седименти од Плеистоценска старост, кој се наоѓа на левиот брег на ррката Сава (Белград, Србија). Дупнатината RB 53/P-1 има вкупна длабочина од 28.20 m (GPS координати RB 53/P-1: 44°48'34''N; 20°26'38'E', надморска височина 76.08 m). Географската положба на дупнатината е прикажана на слика 1.

Клучни зборови: *Corbicula* наслаги, плеистоцен, палеоекологија, крајбрежна област Сава

INTRODUCTION

Quaternary sediments of the Sava riparian area at Belgrade have a relatively large thickness. Data on older Quaternary formations can only be obtained from deep boreholes (by exploration drilling). Alluvial sediments of the Pleistocene age in this area have considerable distribution, great biostratigraphic and economic importance.

Among the most important molluscs species from the interglacial Quaternary alluvial deposits of the Sava River at Belgrade is Pleistocene *Corbicula*

clams usually identified as *Corbicula fluminalis*. As a warm-living species, with arrival of cold climatic phases in the Middle Pleistocene, *Corbicula* withdrew to warmer areas, settling, in younger Pleistocene and Holocene, southern parts of the Caspian Basin, central Asia, India and warmer regions of the American continent (Meijer & Preece, 2000; Nenadić et al., 2019). The *Corbicula* species is in recent days autochthonous in tropical and subtropical regions of Africa, Asia, the Malaysian Archipelago, the Philippines, New Guinea, and Eastern Australia (Morton, 1986).

The investigated fossil material comes from the borehole of the Pleistocene age located at the left bank of the Sava River (Belgrade, Serbia). Borehole RB 53/P-1 has the total depth of 28.20 m (GPS coordinates RB53/P-1: 44º48'34''N; 20º26'38'E', altitude 76.08m). Geographical position of the borehole is presented on Fig. 1.



Fig. 1. Geographical position of the borehole RB 53/P-1

METHODS OF INVESTIGATION

The research has been realized by use of the following methods: palaeontological and palaeo-ecological analyses, sedimentological-petrological and classical stratigraphical principles of super-position.

The sediment from the borehole is processed in laboratory using finemesh screens with several sievs (0.10 to 0.60 mm). The fossil material (bivalves and gastropods) were determined and number of individuals of each species is counted following the depth of drilling of drillhole.

RESULTS AND DISCUSSION

Lithologically, the Pleistocene *Corbicula* beds are clastic fluvial sediments, among which prevail sandy gravels and gravelly sands (riverbed deposits), which alternate with fine-grained silts and clays (floodplain deposits). These sediments in the riparian area of the Sava at Belgrade are mainly deposited over palustrine-lacustrine deposits of Plio-Pleistocene age or Upper Miocene deposits of the Pannonian and Pontian age (Nenadić & Gaudenyi, 2013; Knežević et al., 2018).

Based on the data from the borehole RB 53/P-1 the researched deposits contain three species of bivalves: *Corbicula fluminalis* (Müller), *Unio crassus* (Philipsson), *Dreissena polymorpha* (Pallas), and six species of gastropods: *Lithoglyphus naticoides* (Pfeifer), *Holandriana holandrii* (Pfeifer), *Microcolpia daudebartii acicularis* (Ferrusac), *Theodoxus danubialis* (Pfeifer), *T. transversalis* (Pfeifer), and *Viviparus acerosus* (Bourguignat).

Out of nine samples, presence of *Corbicula* specimens is confirmed in seven, with the total number of twelve *Corbicula* specimens.

The most abundant species in a sample from the borehole is Litoglyphus naticoides, followed by Microcolpia daudebartii acicularis, Holandriana holandrii, and Theodoxus danubialis (Figype 2).



Fig. 2. Total percentage of specimens of *Corbicula* and associated species from borehole RB 53 P-1.

Most of the freshwater bivalve and gastropod species that are found in the investigated Quarternary sediments are also present in the recent ecosystems and therefore provides us with possibility to make comparative quantitative analysis.

Based on the palaeoecological characteristics of the present species, it can be inferred that the environment in which they lived was fluvial to lacustrine, moderate to occasionally fast-flowing, mostly with muddy, sandy and sometimes rocky riverbed. Some species, such as *Dreissena polymorpha*, also inhabit moving objects (boats, rafts and shells of other bivalves), but can also be found in underground channels and water pipes.

Although the Pleistocene *Corbicula* is not the dominant species in the studied segment of the area, it is undoubtedly of great biostratigraphic importance, and therefore it allows separation of lithologically almost identical Pleistocene and Holocene alluvial deposits in this area.

The dimensions of *Corbicula* shells diminish during Pleistocene, juvenile forms are wider and more rounded, connected to finer sediments (silts and clays), with small hydraulic energy, while the adult ones are more elongated and with thicker shells that define high energy of the habitat in which individuals grew (Gulyás et al., 2013).

Judging from analogy with recent *Corbicula*, this species lived in rivers in which summer temperatures varied between 22°C and 23°C, so it can be said that deposits with the Pleistocene *Corbicula* can be defined as climato-stratigraphical unit of warm fluvial phases (Gaudenyi et al., 2015).

CONCLUSION

Based on the data from borehole RB 53 / P-1, it can be concluded that in the Pleistocene deposits of the Sava riparian at Belgrade, known as the *Corbicula* beds, the dominant species is not *Corbicula fluminalis*, but *Lithoglyphus naticoides*. However, there is no doubt that the presence of *Corbicula fluminalis* has great biostratigraphic and palaeoclimatological significance.

Corbicula fluminalis is used in biostratigraphic research as characteristic, i.e. “index” fossil, for the age determination and correlation of the Pleistocene sediments. Also, deposits with Pleistocene *Corbicula* can be defined as climato-stratigraphical unit of warm fluvial phases.

Over the last few decades it has been established that clams of the genus *Corbicula* inhabit again the vicinity of Danube in northern Serbia and in the neighbouring countries (Paunović et.al, 2007, 2012; Nenadić et al., 2019). Because of its characteristics which enable a successful colonizing, and its rapid spread through the European rivers, the taxon acquired status of invasive species. Although the cause of their return is not yet clear enough, it is considered, among other factors, that anthropogenic factor played a major role in this.

Compared to Pleistocene *Corbicula*, recent *Corbicula* are significantly more numerous in alluvial deposits. As far as the measurements of fossil and recent representatives of the *Corbicula* specimens are concerned, fossil *Corbicula* is smaller in size than its recent representatives.

According to data documented by DAISIE (Delivering Alien Invasive Species Inventories Europe, 2009) they are one of the most invasive species in fresh waters of Europe, with a markedly negative impact on the existing river ecosystem and its biodiversity. Although the cause of their return is not yet clear enough, it is considered, among other factors, that anthropogenic factor played a major role in this.

Acknowledgments. This work was supported by the Ministry of Education, Science and Technological

Development of the Republic of Serbia, project numbers 176015 and 177023. The authors are very thankful to the reviewer whose suggestion improved the paper.

REFERENCES

DAISIE (2009): Handbook of Alien Species in Europe. *Invading nature–Springer Series in invasion Ecology*, **3**, 1–381. Springer, Dordrecht.

Gaudenyi, T., Nenadić, D., Stejić, P., Jovanović, M., Bogićević, K. (2015): The stratigraphy of the Serbian *Corbicula* beds. *Quaternary International*, **357**, 4–21, https://doi.org/10.1016/j.quaint.2014.07.050.

Gulyas, S., Sumegi, P., Szaloki, Z., Nenadić, D. (2013): Assessing the morphological variability of the invasive thermophylous Asian clam (*Corbicula fluminalis* Muller 1774) from the Pleistocene fluvial deposits of the Carpathian basin using geometric morphometric techniques**.** *In:* Geiger, J., Pál-Molnár, E., Malvić, T. (Eds.), *Theories and applications in geomathematics*, Geolitera Publishers, Szeged, pp. 37–48.

Knežević, S., Nenadić, D., Radulović, B., Bogićević K., Zarić J. (2018): Stratigraphic characteristics of Quaternary deposits on the left bank of the Sava River near Belgrade. *Geološki anali Balkanskoga poluostrva*, **79** (1), 21–30.

Nenadić, D., Gaudenyi, T. (2013): *Stratigraphical position of Pleistocene fluvial polycyclic deposits of Serbia. Neogene and Quaternary stratigraphy, actual terminology and nomenclature*, Serbian Geological Society, 20th September, Belgrade, 44–47.

Nenadić D., Knežević S., Bogićević K., Radulović B. (2019): Stratigrafski i paleoekološki značaj školjaka roda *Corbicula* u kvartarnim naslagama Srbije. *2. Kongres geologa Bosne i Hercegovine, Zbornik radova 6, knjiga sažetaka, Laktaši 2-4. Oktobar*, 173–177.

Meijer, T., Preece, R. C. (2000): A review of the occurrence of *Corbicula* in the Pleistocene of North-West Europe. – Geologie en Mijnbouw, *Netherlands Journal of Geosciences* **79** (2/3): 241–255.

Morton, B. (1986): *Corbicula* in Asia – an updated synthesis. *American Malacological Bulletin*, Special Ed.: pp. 113–124.

Paunović, M., Csányi, B., Knežević, S., Simić, V., Nenadić, D., Jakovčev-Todorović, D., Stojanović, B., Cakić, P. (2007): Distribution of Asian clams *Corbicula fluminea* (Müller, 1774) and *C. fluminalis* (Müller, 1774) in Serbia. Aquatic Invasion, **2** (2): 99–106.

Paunović, M., Tomović, J., Kovačević, S., Zorić, K., Žganec, K., Simić, V., Atanacković, A., Marković, V., Kračun, M., Hudina, S., Lajtner, J., Gottstein S., Lucić A. (2012): Macro-invertebrates of the Natural Substrate of the Sava River – Preliminary Results. Water Research and Management, **2** (4): 33–39.

1-OF-10
UDC: 551.73:552.582.08(497.733)

МИКРО И НАНОФОСИЛНА АСОЦИЈАЦИЈА ОД ПАЛЕОГЕНИТЕ СЕДИМЕНТИ ВО КОЧАНСКАТА КОТЛИНА, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Виолета Стојанова, Гоше Петров, Виолета Стефанова

Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Бул.. Крсте Мисирков 10-А, п. фах 210, 2000 Штип, Република Северна Македонија
violeta.stojanova@ugd.edu.mk

A b s t r a c t: Во овој труд се презентирани резултатите од микропалеонтолошкото истражувања на фораминиферна фауна и нанофосилна флора пронајдени во олигоценските седименти од дупчотините К-1, К-2, Р-5, Р-7 во Кочанската котлина. Колекцијата на фораминиферна фауна од палеогените седименти на дупчотините К-1, К-2, Р-5, Р-7 е претставена со 26 вида, кои се однесуваат на 23 родови, и нанофосилна флора претставена од 36 вида, кои се однесуваат на 20 родови.

Клучни зборови: фораминифери; нанофосили; палеоген; дупчотини; Кочанска котлина

MICRO AND NANOPHOSYLIC ASSOCIATION OF PALEOGENIC SEDIMENTS IN THE KOČANI VALLEY, REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

A b s t r a c t: This paper presents the results of micropaleontological research of foraminiferal fauna and calcareous nannofossils found in the Oligocene sediments established in K-1, K-2, P-5, P-7 drill holes in the Kocani valley. The collection of foraminiferal fauna from the Paleogene sediments of the holes K-1, K-2, P-5, P-7 represented by 26 species belonging to 28 genera, and calcareous nannofossils represented by 36 species belonging to 20 genera.

Key words: foraminifera; nannofossils; Paleogene; drill holes; Kočani valley

ВОВЕД

Кочанската котлина се наоѓа во источниот дел од Република Северна Македонија, односно во граничниот појас помеѓу две крупни геотектонски единици: Српско-Македонскиот масив и Вардарската зона, со генерална орјентација З-И. Кочанската котлина припаѓа на Овчеполскиот палеогенски басен со орјентација СЗ-ЈИ правец. Од структурен аспект Кочанската котлина претставува грабенска структура. Грабенот почнал да се создава во среден миоцен и како слатководен басен егзистирал до горен миоцен кога бил напрупан со пирокластичен материјал, вулкански бречи и изливи на лава. Во плиоцен езерската средина била повторно обновена во некои делови на грабенот се наталожени груби чакали и песоци.

Староста на палеогените седиментите (горен еоцен – долен олигоцен) во Овчеполскиот басен, како и нивната литологија, дебелина и просторни односи, беа дискутирани во повеќе трудови (Stojanova et al., 2012; Valchev et al., 2013, Stojanova, Petrov, 2014, 2016, 2018, 2019).

Истражувачкото дупчење е направено во периодот од 1980 до 1983 година во подрачјето на Кочанската котлина, со цел да се процени можноста за искористување на термалната вода на локалитетот Крупиште (Verbovšek et al., 1982, 1983). Со цел да се добијат нови сознанија за геолошката старост на палеогените седименти на Кочанската котлина добиени од дупчотините К-1, К-2, Р-5, Р-7, се направени микропалеонтолошки истражувања на фораминиферна фауна и нанофосилна флора.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Со микропалеонтолошко истражување на фораминиферната фауна и нанофосилната флора на палеогените седименти на Кочанската котлина се опфатени четири дупчотини К-1, К-2, Р-5, Р-7 (слика 1).



Сл. 1.а) Локација на Република Северна Македонија во Европа, **b)** Геолошка карта на Кочанската котлина
al – алувиум, t_1 – пониска речна тераса, *pr* – пролувиум, t_3 – стара речна тераса, *ω'* – андезитски бречи, *αhb* – хорнблендаугит-биотитски андезити *Θ* – андезитски туф, E_3^4 – горна зона на флишот: глинци и песочници, *Sn* – метаморфозирани кварцпорфири, *Sm* – микашисти и лептинолити, Θ -дупчотини

20 проби се анализирани и се добиени позитивни резултати за фораминиферна фауна и нанофосилна флора. Фораминиферни и нанофосилни анализи се направени во лабораторијата на Институтот за палеонтологија на Универзитетот во Љубљана.

ЛИТОСТРАТИГРАФИЈА НА ПАЛЕОГЕНИТЕ СЕДИМЕНТИ ВО КОЧАНСКАТА КОТЛИНА

Кочанската котлина се наоѓа во источниот дел од територијата на Македонија, и припаѓа на Овчеполскиот палеогенски басен кои главно распространение има во источната вардарска субзона (слика 1).

Во геолошката градба на Кочанската котлина учествуваат геолошки единици различни по старост, од најстари прекамбриски до најмлади плиоценско-квартерни седименти. Седиментната маса е малку откриена, но истата е пресечена со повеќе истражни дупчотини (најдлабока дупчотина до (1–100 m) на геотермална вода и истата литостратиграфски е добро проучена. Палеогените наслаги во Кочанската котлина лежат трансгресивно преку постарите формации од палеозоик, и се претставени со финозрнести седименти, лапорци и глини. Миоценската и плиоценската формација ја градат базата на неогените седименти, додека квартерните седименти се развиени по периферијата на грабенот и се претставени со алувијално-пролувијални тераси (слика 1).

Профил – дупчотина К-1

Дупчотините К-1 и К-2 се наоѓаат на приближно 900 m североисточно од селото Крупиште, околу 17 km североисточно од градот Штип (Rakičević, et al., 1976). Литолошкиот профил на дупчотината К-1 и дупчотината К-2 се слични. Профилот е претставен со квартерни седименти (интервал од 0 до 3 m), палеогени седименти (интервал од 83 до 630 m) и палеозојски кристални карпи (интервал од 630 до 793 m).

Квартерот е застапен со крупнозрнест чакал, песок и прашина од големи размери. Палеогенскиот седиментен комплекс е претставен од зеленикави глиновито-варовнички слоеви со алтерации на прослојки од песокливи и лапоровити глини со дебелина до неколку метри, додека палеозојските карпи се претставени од микашисти и гнајсеви (слика 2).

Од дупчотината К-1 (интервал од 83 до 547 m) се земени шест проби, а од дупчотината К-2 (интервал од 95 до 550 m) се земени пет проби, и се направени микропалеонтолошки испитувања на фораминиферна фауна и нанофосилна флора.



Сл. 2. Геолошки профил на дупчотината К-1
1) квартер, 2) песочници, 3) лапорци, 4) глинци, 5) глиновито-лапоровити седименти, 6) песокливи варовници, 7) гнајсеви, 8) проба

Профил - дупчотина Р-5

Дупчотината Р-5 е издупчена 2 km југозападно од селото Облешево (Rakičević, et al, 1976). Литолошкиот состав на дупчотината е направена врз основа на анализа на примероците кои се земени од јадрото на дупчотината и каротажните мерења. Профилот е претставен со квартерни седименти (интервал од 0 до 79 m), неогени седименти (интервал од 79 до 277 m) палеогени седименти (интервал од 277 до 710 m) и палеозојски карпи (интервал од 710 до 800 m).

Квартерот е претставен со неврзани глиновити-прашинести седименти (30 m длабочина). Во интервалот од 30 до 79 m, помеѓу глиновитите седименти се појавува во повеќе слоеви крупнозрнест чакал со песок, со дебелина до 7 m. Неогените седименти се застапени со глина, чакал и песок (во интервалот од 79 до 189 m), додека во интервал од 189 до 277 m се јавува кристалокластичен туф од биотитски трахит.

Палеогените седименти (интервалот од 277 до 349 m) се претставени со тенки слоеви на песочници, песочнички туф и гранит. Серија на лапорци се појавуваат на длабина од 349 до 674.5 m. Хомогената серија е претставена од лапорци, и во неа се појавуваат тенки, до неколку десетина сантиметри дебели слоеви на ситногранулиран песок. Слоевите од компактен песочник се добиени на длабочина од 665 до 696 m и 674.5 до 684 m. На длабина од 684 до 710 m се појавува темносива карбонатна глина со парчиња од слабозаоблен песочник. Границата помеѓу седиментите и метаморфната подлога е на длабина од 710 m. Длабинскиот интервал од 710 до 738 m е претставен со делумно изменет шкрилец (Verbovšek et al., 1981). Во профилот на дупчотината Р-5 е направено микропалеонтолошко опробување, се анализирани 7 проби, земени од карбонатен лапорец, на длабочина од 350 до 660 m (слика 3). Во пет примероци се пронајдени микрофосилни остатоци од фораминифера фауна, додека нанофосилната флора е добро сочувана и е добиена практично во сите јадра.



Сл. 3. Геолошки профил на дупчотината Р-5
1) квартер, 2) андезит, 3) туф, 4) лапорци, 5) глинци, 6) песочници, 7) гнајсеви, 8) проба

Профил – дупчотина Р-7

Дупчотината Р-7 е издупчена околу 1,5 km југоисточно од селото Спанчево. Литолошкиот профил на дупчотината Р-7 е претставен со квартерни седименти (интервал од 0 од 75 m), неогени седименти (интервал од 75 од 428 m), палеогени седименти (интервал од 428 од 675 m) и палеозојски карпи (интервал од 675 од 752.2 m). Квартерните седименти се претставени со неврзани седименти, составени од прашина, песок и

чакал. Неогените седименти се застапени со биотитски андезит (интервал 75 до 218 m), пирокластични седименти (218 – 428 m) со ретки прослојки на глина со дебелина од 1 до 5 m.

Кластичните седименти се претставени со темносиви услоени лапорци во интервал од 428 до 675 m. Во овој интервал се наоѓаат бројни интеркалации на варовнички бречи со лапоровито врзиво со дебелина до 6 m. На длабина од 675 m, е пресечена метаморфната подлога од серицитско-кварцен мермер а крајот на дупчотината е 752,2 m (Verbovšek, R., et al., 1983). На длабина од 475 до 580 m од лапоровите глини се земени 3 проби за микропалеонтолошка анализа (слика 4)



Сл. 4. Геолошки профил на дупчотината P-7
1) квартер, 2) андезити, 3) туфови, 4) лапорци, 5) глинци, 6) серицитско-кварцен мермер 7) проба

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Со микропалеонтолошко истражување се опфатени палеогените седименти од 4 дупчотини (K-1, K-2, P-5, P-7) во Кочанската котлина, при што се земени 21 проба и добиени позитивни резултати за фораминиферна фауна и нанофосилна флора.

Колекцијата на пронајдената и определена фораминиферна фауна од палеогените седименти на дупчотините K-1, K-2, P-5, P-7 е претставена со 26 вида кои се однесуваат на 23 родови.

Фораминиферната фауна е застапена од бентосни и планктонски фораминифери. Бентосната асоцијација е претставена од типот на аглутинирани, поцелановидни и хиалилни видови, кои се застапени во сите 4 дупчотини. Планктонската фораминифера е застапена само со еден вид. Фораминиферите се застапени со следните родови претставници: *Bathysiphon cf. taurinensis* Sacco, *Spiroplectammina carinata* (d'Orbigny), *Pyrgo sp.*, *Spiroloculina sp.*, *Quinqueloculina sp.*, *Glandulina laevigata* d'Orbigny, *Lenticulina cf. limbosa* (Reuss), *Lenticulina sp.*, *Marginulinopsis sp.*, *Almaena ex gr.osnabrugensis* (Roemer), *Sphaeroidina bulloides* d'Orbigny, *Bolivina sp.*, *Cibicidoides ungerianus* (d'Orbigny), *Melonis sp.*, *Melonis soldanii* (d'Orbigny), *Chiloostomella sp.*, *Anomalina affinis* (Hantken), *Anomalinoides granusosus* (Hantken), *Vaginulinopsis pseudodecortata* Hagn, *Glomospira charoides* (Parker et Jones), *Heterolepa dutemplei* (d'Orbigny), *Gyroidinoides sp.*, *Biloculina sp.*, *Planulina sp.*, *Uvigerina sp.*, *Globigerina sp.* (слика 5).

Species \ Section	K-1	K-2	P-5	P-7
Bathysiphon cf. taurinensis	●	●	●	
Spiroplectammina carinata	●	●	●	●
Pyrgo sp.	●	●	●	
Spiroloculina sp			●	
Quinqueloculina sp	●	●	●	
Glandulina laevigata	●	●	●	
Lenticulina cf. limbosa			●	
Lenticulina sp.	●	●		●
Marginulinopsis sp.				●
Almaena ex gr.osnabrugensis				●
Sphaeroidina bulloides	●	●	●	●
Bolivina sp.				●
Cibicidoides ungerianus	●	●	●	
Melonis soldanii	●			●
Melonis sp		●	●	
Chiloostomella sp.		●	●	
Anomalina affinis				●
Anomalinoides granusosus	●	●	●	●
Vaginulinopsis pseudodecortata		●	●	
Glomospira charoides	●		●	
Heterolepa dutemplei	●	●		●
Gyroidinoides sp.	●	●	●	●
Biloculina sp.			●	
Planulina sp.	●	●	●	
Uvigerina sp		●	●	●
Globigerina sp.	●	●	●	

Сл. 5. Распространетост на фораминиферни видови од палеогените седименти во Кочанската котлина

Како критериум за одредување на староста на слоевите е видот *Almaena ex gr.osnabrugensis* (Roemer) од бентосната фораминиферна асоцијација од палеогените седименти на профилот P-7. Овој вид има вертикално стратиграфско распространение од долен олигоцен до горен олигоцен. Пронајдената фораминиферна асоцијација во во седиментите на дупчотина P-7 (длабински

интервал 475 – 580 m) покажува на олигоценска геолошка старост на слоевите. Додека другите стратиграфски видови *Vaginulinopsis pseudodecortata* Hagn, *Anomalinoides granusosus* (Hantken), *Glomospira charoides* (Parker et Jones) пронајдени во седиментите на сите профили, се карактеристични за горните делови на горен еоцен и долен олигоцен.

Фораминиферната асоцијација од дупчотините P-7, P-5, K-1, K-2, во корелација со фораминиферната асоцијација од олигоценските слоеви во Словенија, се совпаѓа, и геолошката старост на седиментите од дупчотините P-7 (интервал 475 – 580 m), P-5 (интервал 452 – 593 m), K-1 (интервал 106 – 495 m), K-2 (интервал од 95 до 550 m) се потврдува како долен олигоцен.

Од нанофосилните истражувања на седиментите од дупчотините P-5 (интервал од 350 m до 660 m), P-7 (интервал 475 – 580 m), K-1 (интервал 106 – 495 m), K-2 (95 до 550 m), е пронајдена богата и разновидна нанофосилна асоцијација, претставена од добро сочувани примероци од 36 вида, кои се однесуваат на 20 родови. Нанофосилната асоцијација е застапена со следните родови претставници: *Cyclicardolithus floridanus* (Roth et Hay), *Cyclicargolithus abisectus* (Müller), *Dictyococcites bisectus* (Hay, Mohler et Wade), *Dictyococcites scrippsae* Bukry et Percival, *Lanthernithus minutus* Stradner, *Braarudosphaera bigelowi* (Gran et Braarud), *Ericsonia muiri* (Black), *Ericsonia subdisticha* (Roth et Hay), *Ericsonia eopelagica* (Bramlette et Riedel), *Cycloplacolithella formosa* (Kamptner), *Sphenolithus predistentus* Bramlette et Wilcoxon, *Sphenolithus distentus* Martini, *Sphenolithus moriformis* (Brönniman et Stradner), *Sphenolithus radians* Deflandre, *Pontosphaera multipora* (Kamtner), *Pontosphaera latelliptica* (Baldi-Beke), *Orthozygus aureus* (Stradner), *Reticulofenestra sp.*, *Reticulofenestra umbilica* (Levin), *Reticulofenestra abisecta* Müller, *Reticulofenestra bisecta* (Hay, Mohler et Wade), *Reticulofenestra lockeri* Müller, *Braarudosphaera bigelowi* (Graan et Braarud), *Micrantholithus articulatus* Bukry et Percival, *Coccolithus eopelagicus* (Bramlette et Riedal), *Coccolithus pelagicus* (Wallich), *Zygrablithus bijugatus* (Deflande), *Cribrosphaerella ehrenbergi* (Archangelsky), *Pontosphaera sp.*, *Helicopontosphaera compacta* (Bramlette et Wilcoxon), *Helicopontosphaera cf. seminulum* (Bramlette et Wilcoxon), *Helicopontosphaera obliqua* (Bramlette et Wilcoxon, *Helicopontosphaera euphratis* (Haq), *Helicopontosphaera truncata* (Bramlette et Wilcoxon), *Dictyococcites scrippsae* Bukry et Percival, *Cyclococcolithus formosus* Kamptner (слика 6).

Species \ Section	K-1	K-2	P-5	P-7
Cyclicargolithus floridanus	●	●	●	●
Cyclicargolithus abisectus	●	●		
Dictyococcites bisectus	●	●		
Lanthemithus minutus	●	●	●	
Braarudosphaera bigelowi	●	●	●	
Ericsonia muiri			●	
Cycloplacolithella formosa			●	
Sphenolithus predistentus	●	●		●
Sphenolithus radians	●	●		
Sphenolithus distentus	●	●		
Sphenolithus moriformis	●	●	●	●
Pontosphaera multipora			●	●
Pontosphaera latelliptica			●	
Orthozygus aureus			●	
Reticulofenestra umbilica	●	●	●	
Reticulofenestra sp.	●	●	●	
Reticulofenestra lockeri	●	●	●	●
Reticulofenestra abisecta			●	
Reticulofenestra bisecta			●	
Micrantholithus articulatus			●	
Ericsonia subdisticha	●	●		
Ericsonia eopelagica	●	●		
Coccolithus eopelagicus			●	
Coccolithus pelagicus	●	●	●	●
Zygrablithus bijugatus	●	●	●	●
Cribrosphaerella ehrenberg			●	
Pontosphaera sp.	●	●		
Helicopontosphaera compacta	●	●		●
Helicopontosphaera obliqua			●	
Helicopontosphaera euphratis			●	
Helicopontosphaera truncata			●	
Helicopontosphaera cf. seminulum				●
Dictyococcites scrippsae			●	
Cyclococcolithus formosus	●	●		

Сл. 6. Распространетост на нанофосилни видови од палеогените седименти во Кочанската котлина

Нанофосилни видови распространети во палеоген: *Cyclicargolithus abisectus* (Müller), *Helicopontosphaera obliqua* (Bramlette et Wilcoxon), *Reticulofenestra lockeri* Müller, *Sphenolithus distentus* Martini, *Sphenolithus predistentus* Bramlette et Wilcoxon, *Zygrablithus bijugatus* Deflandre, *Orthozygus aureus* (Stradner), *Micrantholithus articulatus* Bukry et Percival и др.

Транзитни видови на граница палеоген – неоген: *Braarudosphaera bigelowi* (Gran et Braarud), *Coccolithus pelagicus* (Wallich), *Cyclicargolithus floridanus* (Roth et Hay), *Reticulofenestra bisecta* (Hay, Mohler et Wade), *Helicopontosphaera euphratis* (Haq), *Sphenolithus moriformis* (Brönniman et Stradner), *Pontosphaera multipora* (Kamtner).

Присутните стратиграфски нанофосилни видови во опишаните профили на Кочанската

котлина можат да се класифицираат на: видови распространети само во палеоген, транзитни видови на граница палеоген – неоген (видови кои се појавуваат во палеоген и живеат подоцна и во неоген), видови кои живееле порано од палеоген. Стратиграфски се значајни видовите кои имаат распространение само во палеоген.

Видови кои живееле порано од палеоген: *Cribrosphaerella ehrenbergi* (Archangelsky).

Врз основа на резултатите од стратиграфското распространение на нанофосилната асоцијација со карактеристичните видови *Sphenolithus distentus* Martini и *Sphenolithus predistentus* Bramlette et Wilcoxon, седиментите припаѓаат на нанофосилната зона со стратиграфско опфаќање од NP23 - NP24 (Martini, 1971) од дупчотините К-1, К-2 и Р-7, а геолошката старост на палеогените седименти се потврдува како горен дел на долен олигоцен (слика 7).



Сл. 7. Нанофосилни зони (Martini, 1971) на палеогените седименти од дупчотина К-1

Присуството на одредени видови *Lanthernithus minutus* Stradner и *Braarudosphaera bigelowii* (Gran et Braarud) и отсуството на претставници на родот *Discoaster* Tan од пронајдената микрофосилна асоцијација во седиментите на дупчотините К-1, К-2, Р-5, укажува на сублиторална водена средина на седиментација на овој простор.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на асоцијацијата на фораминиферна фауна и нанофосилна флора пронајдена во седиментите од дупчотинате К-1, К-2, Р-5, Р-7 во Кочанската котлина, овозможи да се идентифицира една нанофосилна зона со стратиграфско опфаќање од NP23 - NP24 (Martini, 1971), а староста на палеогените седименти се одредени како долен олигоцен.

Микрофосилната асоцијација пронајдена во дупчотинате К-1, К-2, Р-5, Р-7 укажува на сублиторална водена средина на седиментација. После создавањето на овие седименти настанал прекин на седиментацијата, предизвикан најверојатно од интезивниот Алпскиот ороген циклус.

ЛИТЕРАТУРА

Думурџанов Н., и др., (2002): *Генеза на неогенско-квартерните депресии и нивни формациско-стратиграфски карактеристики на територијата на Македонија*. Рударско-геолошки факултет, Штип.

Martini, E. (1971): Standard Tertiary and Quaternary calcareous nanoplankton zonation. *Proceedings II Plankt. Conf., 2. Roma*, 739–785.

Rakičević, T., Dumurdžanov, N., Petkovski, P. (1976): Tolkuvač za Osnovna Geološka Karta na SFRJ. Scale 1:100 000. List Štip. Skopje, Geološki Zavod, 1–70.

Stojanova, V. (2008): *Evolution and Stratigraphy of the Paleogene in the Territory of the Republic of Macedonia*. PhD Thesis. Štip, 196 p. (in Macedonian).

Stojanova, V., Petrov, G., Stefanova, V. (2012): Biostratigraphy of the Ovče Pole Paleogene basin, R. Makedonija. *Geologica Macedonica*, 26, 2, 53–63.

Stojanova, V., Petrov, G. (2014): Biostratigraphic correlation of the Paleogene sections in the Ovče Pole Basin, Republic of Macedonia. In: *Proceedings of National Conference "GEOSCIENCES 2014". Sofia*, BGS, 67–68.

Stojanova, V., Petrov. G. (2016): Nannofossil assemblages from the Paleogene Nemanjici section, Republic of Macedonia. In: *Proceedings of National Conference "GEOSCIENCES 2016". Sofia*, BGS, 129–130.

Stojanova, V., Petrov, G. (2018): Paleogene nannofossil assemblages from the Krupište site in Kočani valley, Repubic of Macedonia. *Rev. Bulg. Geol. Soc.*, **79**, 3, 101–102.

Stojanova, V., Petrov, G. (2019): Paleogene micro- and nanofossil assemblages from the Obleševo site in Kočani valley, Republic of North Macedonia. *Rev. Bulg. Geol. Soc.*, **80**, 3, 131–132.

Valchev, B., Stojanova, V., Juranov, S. (2013): Paleogene hyaline benthic foraminifera (Lagenina and Rotalina) from the Republic of Macedonia. *Rev. Bulg. Geol. Soc.*, **74**, 1–3, 81–110.

Verbovšek, R., Ravnik, D., Sadnikov, J. (1981): *Izveštaj o istražnim bušenju bušotina P-4 (G. Podlog) i P-5 (Obleševo)*. Ljubljana, Geološki Zavod, 35 p. (in Serbo-Croatian).

Verbovšek, R., Ravnik, D., Sadnikov, J. (1982): *Izveštaj o istražnim bušotinama P-7 (Spancevo) i P-8 (D. Podlog) I i II del)*. Ljubljana, Geološki Zavod, 40 p. (in Serbo-Croatian).

Verbovšek, R., Ravnik, D., Sadnikov, J. (1983): *Izveštaj o istražnim bušotinama K-1 i K-2/83 kod Krupišta (Štipsko). Ljubljana*, Geološki Zavod, 25 p. (in Serbo-Croatian).

2. ИНЖЕНЕРСКИ ДЕЛ

Инженерска геологија и геотехника

Применета геофизика

Урбана геологија

Хидрогеологија и геотермија

2-ID-01
UDC: 550.822(497.734)

ИНЖЕНЕРСКОГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ИСПИТУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ БАЛТАШНИЦА – САСА, МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Орце Петковски*, Ванчо Ангелов, Ласте Ивановски, Елена Ангелова, Наташа Неделковска

Геохидроконсалтинг ,
Ул. Манапо бр. 7 1000 Скопје, Р. С. Македонија,
orce.geohidro@gmail.com

А п с т р а к т: При изработката на Елаборати за детални геолошки истражувања и испитувања на метални минерални суровини сите истражувачи се придржуваат кон Правилникот за класификација и категоризација на резервите на цврсти минерални суровини и водење на евиденција за нив („Службен лист на СФРЈ“ бр. 53/79). Со тоа се дефинираат квалитативните и квантитативните карактеристики на истражуваните минерални суровини, а за комплетно дефинирање на физичко-механичките особини на сите застапени карпи потребно е да се изработи и инженерскогеолошки елаборат за истиот истражуван простор. Со инженерскогеолошкиот елаборат се утврдуваат состојбите на дисконтинуитетите и јакосните карактеристики на сите застапени карпи на доделениот концесиски простор (истражен простор). Во овој труд ќе се прикажат дел од извршените детални инженерскогеолошки истражувања и испитувања применети на локалитетот “Балташница – Саса”, општина Македонска Каменица.

Клучн зборови: метални минерални суровини, концесиски простор, дисконтинуитети, физичко-механички особини, резерви

ENGINEERING-GEOLOGICAL INVESTIGATIONS AND TESTS AT LOCALITY BALTAŠNICA – SASA, MAKEDONSKA KAMENICA

A b s t r a c t: During the preparation of Elaborates for detailed geological investigations and tests for metallic mineral resources all investigators follow the Rulebook on classification and categorization of reserves of solid mineral resources and keeping records for them („Official Gazette of SFRJ“ No.. 53/79). It defines the qualitative and quantitative properties of the investigated mineral resources, while for complete definitition of the physico-mechanical properties of all present rocks it is needed to prepare engineering-geological elaborate for the same investigated area. The engineering-geological elaborate determines the conditions of discontinuities and strength properties of all present rocks at the assigned concession area (investigation area). This paper presents part of the performed detailed engineering-geological investigations and tests for locality “Baltašnica – Sasa”, Municipality of Makedonska Kamenica.

Key words: metallic mineral resources, concession area, discontinuities, physico-mechanical properties, reserves

1. ВОВЕД

На локалитетот “Балташница – Саса”, општина Македонска Каменица извршено е детално инженерскогеолошко (ИГ) картирање на теренот, мерења со Шмитов чекан, а земени се монолитни парчиња на карпи за лабораториски испитувања од површината на теренот и од изваденото јадро од истражните дупнатини.

Основна цел за изработка на Инженерско-геолошкиот Елаборат е, врз основа на теренските истражувања и лабораториските испитувања да се дефинираат условите на теренот како природна средина, односно реално да се предвидат сите можни видови на интеракција помеѓу природната средина и идните рударски објекти. Исто така, задача е да се дефинираат составот, карактеристиките и состојбата на застапените материјали во склоп на теренот во природна состојба.

Во склоп на сите активности кои се преземени од страна на истражувачот за потребите да се потврдат геолошко-геотехничките услови пред почнување со експлоатација е и потребата од обезбедување на инженерско-геолошки подлоги. За таа цел извршени се инженерско-геолошки истражувања и испитувања на локалитетот “Балташница – Саса”, Македонска Каменица кои што се прикажани во изработениот Инженерско-геолошки елаборат.

Притоа анализирана е градбата на теренот од инженерско-геолошки аспект, со што се дефинирани основните параметри на застапените литолошки формации потребни за фазата на проектирање на идниот рудник за површинска или за подземна експлоатација.

2. ПРИМЕНЕТИ ИНЖЕНЕРСКО-ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

При изработка на овој Инженерско-геолошки Елаборат, сублимирани се податоците од сите досега изведени инженерско-геолошки истражувања и испитувања.

Со инженерско-геолошките истражувања и испитувања е започнато од 2016 – 2017 година, со изведување на повеќе теренски истражувања и лабораториски испитувања. Овие истражувања и испитувања се сконцентрирани на локалноста од истражниот простор "Балташница – Свиња Река – Сокол" и помеѓу паралелните профили 1050–1050' и 2650–2650' (ИГ карта дадена во Елаборатот). Инженерско-геолошките истражувања и испитувања спроведени во 2017–2018 год., се надополнети со изведба на: ИГ картирање на теренот со формирање на мерни места (М10 до М24), мерењата со Шмитов чекан, изведба на 13 ИГ истражни дупнатини, нивно фотографирање и ИГ картирање и земање на 48 примероци за лабораториски испитувања.

Со сите преземени теренски, лабораториски и канцелариски активности во периодот октомври – ноември 2018 е допринесено за дефинирање на однесувањето на застапените карпи по површината и во длабина пред преземање на инженерските активности во нив. Со ова е овозможено и издвојување на повеќе квази-хомогени зони, односно зони со слични вредности за одредени параметри, зони со сличен квалитет на карпеста маса, услови за ископ, заштита и сл.

На концесискиот простор за истражување главно се застапени цврсто сврзани каменити карпи од типот на: гнајсеви, кварц-графитични шкрилци и дацити од кои што се земени монолитни парчиња на карпи од површината на теренот и во длабина од јадрото на истражните дупнатини изведени во 2016 и 2017–2018 год. Од извршените лабораториски испитувања на примероците и добиените резултати од 2017 и 2018 год., може да се заклучи дека карпестиот масив се карактеризира со релативно широк дијапазон на физичко-механички параметри за различните типови на карпи. Исто така големо внимание е посветено на RQD квалитетот кој е различен за сите типови на карпи и наизменично се менува како во хоризонтала така и во вертикала.

Со изведените мерни места комплетно се дефинирани состојбите на дисконтинуитетите на застапените карпести маси кои се искористени како влезни податоци при пресметките на квалитетот на карпестата маса, според познатата формула на Palstrom (1982) кои се дадени во табела 1.

– *RQD* (%) – квалитет на карпа, пресметана според Palstrom (1982)
– $RQD = 115 - 3.3 \times Jv$
– *Jv* (j/m^3) – број на пукнатини на единица волумен.

Т а б е л а 1

Резултати од мерни места и анализа на степенот на испуканост

Литолошка единица	Мерно место и година на изведба	Густина GP_1 (j/m')	Густина GP_2 (j/m')	Густина GP_3 (j/m')	Усвоено J_V (j/m^3)	RQD (%)
Гнајс (Gbm)	М1 (2017 год.)	6	4	4	14	68,8
Гнајс (Gbm)	М2 (2017 год.)	4	3	3	10	82
Гнајс (Gbm)	М3 (2017 год.)	5	3	3	11	78,8
Кварц-графитичен шкрилец (Sgr)	М4 (2017 год.)	18	8	5	31	12,7
Кварц-графитичен шкрилец (Sgr)	М5 (2017 год.)	8	4	4	16	62,2
Гнајс (Gbm)	М6 (2017 год.)	5	3	3	11	78,8
Кварц-графитичен шкрилец (Sgr)	М10 (2018 год.)	7	5	5	17	58,9
Гнајс (Gbm)	М11 (2018 год.)	5	4	4	13	72,1
Дацити (xq)	М12 (2018 год.)	3	3	3	9	85,3
Гнајс (Gbm)	М17 (2018 год.)	7	3	3	13	72,1
Кварц-графитичен шкрилец (Sgr)	М24 (2018 год.)	15	3	6	24	35,8

Од презентираните резултати во табелата за испуканоста на карпите и добиените вредности за квалитетот на карпестата маса на основа на изведените мерни места може да се констатира дека мерните места M2 и M12 имаат највисоки вредности за RQD квалитетот од 82–85,3%, мерните места M1, M3, M5, M6, M11 и M17 од 62,2–78,8% и за M4 и M10 најмали вредности за RQD квалитетот од 12,7–58,9%. Ова прегледно може да се види на графичките прилози на картите на изолинии за степенот на испуканост, а дел од истата е даден на следната слика каде од посветлата кон потемната боја се зголемува вредноста за RQD.

Сл. 1. Исечок од картата на изолинии, каде од посветла кон потемна боја се зголемува RQD квалитетот

Во длабина пак исто така со картирањето на јадрото од изведените инженерскогеолошки дупнатини е одреден квалитетот на карпестата маса (RQD) кој е во директна зависност од степенот на испуканоста на карпата. Во оваа фаза на истражувањето анализирани се податоците добиени од изведените инженерско-геолошки дупнатини од 2016, 2017 и 2018 година, кај кои со картирањето на изваденото јадро од дупнатините е одреден RQD параметарот.

Од дадениот прилог за поединечните инженерскогеолошки профили и фотографии може да се забележи дека сите застапени карпи имаат променливи вредности во различни интервали и истите наизменично се сменуваат. Детално измерените вредности за RQD квалитетот се дадени на поединечните инженерскогеолошки профили, валидни за локацијата на дупнатината и пресекот со хоризонтот во длабина. Квалитетот на карпестата маса е многу значаен параметар за инженерскогеолошките и геотехничките класификации на карпите.

Од друга страна пак квалитетот на карпестата маса е директно поврзан со застапените пукнатински системи на масивот со кои што се овозможува добра проценка на условите на стабилност при изведба на рударските работи. Се напоменува дека и тектониката која се одвивала во минатото е мошне значајна како за појавата на орудувањата, така и за променливоста на квалитетот на карпестата маса за сите типови на карпи.

3. ИНЖЕНЕРСКО-ГЕОЛОШКА КЛАСИФИКАЦИЈА НА КАРПИТЕ

Генерално може да се забележи дека истражуваниот простор е изграден од средини кои се изградени од цврсто сврзани карпи кои на мали потези се препокриени со несврзани карпи (дробински материјал). Површински издвоените различни типови на карпи и сите забележани ИГ типови на карпи во длабина со изведбата на истражните дупнатини од 2016 , 2017 и 2018 год. од инженерскогеолошки аспект можат да се сврстат во групата на цврсто сврзани карпи.

Во групата на цврсто сврзани каменити карпести маси се сврстуваат следниве видови на карпи: гнајсеви, албит-епидот-хлоритски шкрилци, кварц-графитични шкрилци и дацити. Гнајсевите и дацитите според начинот на нивното појавување како масивни, доста цврсти и застапената блоковска системска испуканост се сврстуваат во групата на цврсто сврзани карпи и подгрупата на каменити карпи. Додека претставниците од типот на: албит-епидот-хлоритски шкрилци и кварц-графитични шкрилци во најголем дел можат да се третираат како каменити или пак

истите како полукаменити поради обликот на нивното појавување како тенколистести и добиените мали вредности за јакоста на притисок (σ_p < 50 MPa). Начинот на појавување на карпестите маси во вид на изданоци по површината на теренот и изведбата на мерни места и голем број на истражни дупнатини условува нивно комплетно дефинирање.

Исто така со земањето на доволен број на проби за лабораториски испитувања од сите типови на карпи се одредува нивното физичко-механичко однесување.

Во наредната табела 2 се дадени дијапазоните во кои се движат параметри за физичко-механичките карактеристики за карпите од типот на: гнајсеви, кварц-графитични шкрилци и дацити.

Т а б е л а 2

Резултати од испитувања на физичко-механичките карактеристики на карпите од 2017 г.

Литолошки состав	Дијапазони за физичко-механичките параметри					
	Индекс на точкасто оптоварување Js(50) (MPa)	Едноакс. јакост на притисок σp (MPa)	Јакост на затегање σz (MPa)	Волуменска тежина (γ) kN/m^3	Специфична тежина (γ_s) kN/m^3	Порозност *n* (%)
Биотитско-мусковитски гнајсеви	3,2 – 5,5	64,4 – 126,6	9,65 – 21,3	25,5 – 27,7	26,7 – 29,1	4,80
Карц графитични шкрилци	2,5 – 2,7	54,1 – 59,8	3,7 – 4,0	25,9 – 26,0	/	/
Дацити	3,3 – 3,4	72,4 – 150,0	4,9 – 13,2	25,3 – 26,6	27,8	/

Т а б е л а 3

Резултати од испитувања на физичко-механичките карактеристики на карпите од 2018 г.

Литолошки состав	Дијапазони за физичко-механичките параметри					
	Индекс на точкасто оптоварување Js(50) (MPa)	Едноакс. јакост на притисок σp (MPa)	Јакост на затегање σz (MPa)	Волум. тежина (γ) kN/m3	Спец. тежина (γs) kN/m3	Порозност n (%)
Биотитско мусковитски гнајсеви	1,7 – 6,7	37,6 – 147,8	2,6 – 13,2	26,1 – 28,0	27,0 – 27,4	1,06 – 4,74
Кварц графитични шкрилци (⊥)	2,5 – 5,5	54,1 – 125,5	3,7 – 8,2	26,6 – 27,6	27,8 – 28,6	3,46 – 4,24
Кварц графитични шкрилци (||)	0,25 – 2,1	5,5 – 46,8	0,4 – 3,2			
Дацити	1,6 – 9,7	35,2 – 213,8	2,4 – 22,7	26,0	27,6	3,01

Од претходните табели може да се види дека лабораториски испитаните вредности од 2017 и 2018 год. варираат во широки рамки кои што од една до друга зона се разликуваат и зависат од многу фактори, како на пример од промените во составот (присутност или отсутност на минерали, жили, пукнатини, алтерации), како и од користените коефициенти на корелација при емпириски пресметаните јакост на притисок и јакост на затегање од индексот на јакост.

За споредба на овие добиени резултати за јакоста на притисок направени се мерења на отскок со Шмитов чекан, каде средните вредности за отскок кај гнајсевите се движат од 36 – 44, кај дацитите од 35,0 – 51,6, додека за кварц-графитичните шкрилци и шкрилците (зелени шкрилци) се добиени помали средни вредности кои се движат од 25,7 до 37,5. Ако се елиминираат екстремните вредности може да се забележи дека за гнајс средните вредности на отскок се движат во опсегот од 30 до 35, потоа за дацит 35 – 40, додека за кварц-графитичните шкрилци и зелените шкрилци се од 20 до 25. Земајќи ја во предвид усвоената волуменска тежина за овие типови на карпи, од графиконот на слика 2 добиени се следните вредности за јакост на притисок преку опитот со Шмитов чекан:

– биотит-мусковитски гнајсеви:

σp = 65 – 80 MPa;

– кварц-графитични шкрилци:

σp = 40 – 50 MPa;

– дацити: σp = 70 – 90 MPa.

Врз база на релативно малиот фонд извршени лабораториски испитувања на примероците и со анализа на добиените резултати од испитувањата и мерењата на јакоста по пукнатини со Шмитов чекан, генерално за целиот истражуван простор може да ги усвоиме следниве вредности на физичко-механичките параметри за различните типови на карпи и тоа:

– гнајсеви:

σp = 65 – 120 MPa;

σz = 5,50 – 13,0 MPa;

γ = 25,5 – 28,0 kN/m^3;

γs = 26,7 – 29,0 kN/m^3;

n = 1,0 – 4,8 %;

– кварц-графитични шкрилци:

$\sigma p(\perp)$ = 55 – 80 MPa,

$\sigma p(||)$ = 25 – 40 MPa,

$\sigma z(\perp)$ = 4,0 – 7,0 MPa;

$\sigma z(||)$ = 2,0 – 3,0 MPa;

γ = 26,0 – 27,6 kN/m^3;

γs = 27,8 – 28,6 kN/m^3;

n = 3,46 – 4,24 %;

– дацити:

σp = 70 – 150 MPa;

σz = 5,0 – 13,0 MPa;

γ = 26,0 kN/m^3;

γs = 27,6 kN/m^3;

n = 3,0 %.

За добиените вредности за јакост на притисок за испитаните типови на карпи, направена е анализа на застапеноста на резултати според класификацијата за јакост на карпите предложена од ISRM (Меѓународно Друштво за Механика на Карпи). Ова е прикажано на следната слика и може да се констатира дека гнајсевите и дацитите се цврсти до многу цврсти карпи, додека кварц-графитичните шкрилци во зависност од правецот на оптоварување може да бидат од слаби до средно цврсти карпи за паралелно оптоварување и цврсти за нормално оптоварување.



Сл, 2, Графикон за корелација на SHRV и јакоста на притисок на карпата



Сл, 3. Класификација на карпи според ISRM

4. ИНЖЕНЕРСКОГЕОЛОШКО МОДЕЛИРАЊЕ ПО ПАРАМЕТРИ ПОТРЕБНИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Врз основа на детално истражениот простор од инженерскогеолошки аспект може да се забележи дека наоѓалиштето за метални минерални суровини претежно е изградено од цврсто сврзани карпи. Тие се простираат по целата површина на истражуваниот простор со мали исклучоци на потези по површината со дробински материјал и незначителни димензии и влијание на површинската и подземната експлоатација. Скоро по целата површина и во длабина главно се распространети цврсто сврзани карпи и затоа кон нив е даден посебен осврт, а врз основа на нивните слични инженерскогеолошки и геотехнички карактеристики за различни литолошки единици се смета дека литологијата не би имала некое позначајно влијание при усвојувањето на инженерскогеолошките параметри. Единствено можеби со нешто послабите инженерскогеолошки особини се издвојуваат кварц-графитичните шкрилци, каде што се очекува дека ќе се потребни различни и помали количини на експлозив при минирањето во однос на останатите типови на карпи и посебен пристап и внимателност кон изведбата и заштитата во нив.

За инженерскогеолошкото моделирање како мошне значаен фактор се издвојува квалитетот на карпестата маса (RQD), кој што се разликува за различните типови на карпи. Во претходните поглавја посебен осврт е даден кон пресметката на квалитетот на карпата по површината и во длабина од каде може да се забележи дека тој е многу променлив (даден на графичките прилози и документационен материјал во елаборатот).

Проектирањето и издвојување на овие квазихомогени зони уште во оваа фаза на инженерскогеолошката истраженост на наоѓалиштето во голем дел го олеснува следниот процес и допринесува за поекономично и попрактично поставување на сите наредни фази на истражувањата и испитувањата кои следат. Исто така и за финалната фаза на експлоатација и површинското или подземното отварање на наоѓалиштето на одредените висински хоризонти на пресекот на микролокациите на дупнатините се претпоставува дека ќе се потврдат овие зони и притоа соодветно се преземат сите мерки на претпазливост посебно на деловите издвоени со помал квалитет на карпестата маса од 25%, како и во околината на раседните структури.

Инженерскогеолошкиот склоп на теренот и издвоените зони со различен RQD квалитет се мошне значајни и за двата можни типа на експлоатација и истите имаат одредени поволности и неповолности кои меѓусебно се поврзани. Овде пред се се мисли на квалитетот на карпестата маса и можната примена на методот на ископ и преземањето на мерки за заштита кои што вообичаено во практиката се спротивни (кај карпите со послаби карактеристики се применува поволна послаба метода на ископ со помала количина на експлозив и сл, но овде е потребна поголема заштита).

Врз основа на резултатите за RQD квалитетот на изваденото јадро од дупнатините направено е зонирање и пресметка на рејтингот на карпестата маса според Bieniawski (1989). Овие добиени вредности за RMR и RQD се прикажани на поединечните инженерскогеолошки профили од истражни дупнатини: Б-2, Б-3, Б-11 и Б-12.

Класификацијата на застапените карпести маси според Bieniawski 1989 е прикажана на карактеристичните инженерскогеолошки профили 1350 и 1650 (прилог бр. 4 во Елаборатот), каде според добиениот рејтинг се издвоени три квазихомогени зони и тоа: зона IV за RMR=20-41, зона III за RMR=41-60 и зона II за RMR=61-80). Приказ на дел од ИГ профил 1350 е даден на сликата 4.

Овие зони се издвоени како најзначајни за проектирањето на идниот подземен рудник и кај истите се преземат исти или слични методи на ископ и заштита. Притоа во предвид се земени и пукнатините кои што се застапени на единица волумен во карпестиот масив и нивниот тип и карактер. Овие издвоени зони во наредните подглавја на елаборатот се искористени за пресметка на можен начин на подграда при идна подземна експлоатација.

Ако се земе во предвид дека на еден поголем простор со изведбата на истражните дупнатини, значајни количини и тип на орудувања се забележани од површината на теренот и на длабини од околу 40,0 m, ние во понатамошните поглавја даваме осврт кон примената на површинска експлоатација.

5, ВЛИЈАНИЕ НА ДИСКОНТИНУИТЕТИТЕ ВРЗ ТЕХНОЛОГИЈАТА НА ПРОЕКТИРАЊЕ

Многу е важно овде да се нагласи дека од инженерскогеолошки и геотехнички аспект за стабилноста на идниот површински коп (повеќе етажи во длабина) во средини изградени од цврсто сврзани и каменити карпи голема улога ќе имаат измерените системи на пукнатини (Документационен материјал, образец за инженерскогеолошко картирање) (слика 5).

Дел од изгледот на образецот од инженерско-геолошкото картирање прикажан во елаборатот е даден на сликата 5. Овие податоци за дисконтинуитетите се мошне значајни за сите понатамошни анализи на стабилност, а самиот објект е комплексен од инженерска гледна точка

затоа што експлоатацијата се предвидува да се одвива на комбиниран начин со површински и подземен ископ. Овде посебно внимание обраќаме кон површинскиот тип на експлоатација и влијанието на дискунтиуитетите за стабилноста на косините.



Сл. 4. Издвоени квазихомогени зони (IV, III и II) кај ИГ профил 1350–1350’

	ОБРАЗЕЦ ЗА ИГ КАРТИРАЊЕ / FORM FOR EG MAPPING				ГЖК-ГЕ-ЗП-01 Ревизија/Revizion 3 датум/date 01/2017 страна/page 1
Назив на објектот / Name of the project: САСА М. Каменица / SASA M. Kamenica	Местоположба точка бр./Location point no._____			Број на фотографија/no.of photography: DSC 094606	
	Број на мерно место/Number of geomechanical station: M13				
	Координати/Coordinates: X 4 666 318 Y 7 626 024				
Дацити: масивни со карактеристични субвертикални столпчести системски пукнатини и нормални на нив орентирани кон ЈЗ правец, поблаги системски и ретки поединечни пукнатини. / **Dacite:** massive with characteristic sub-vertical rectangular joint sets and perpendicular to them oriented towards SW direction, more gentle joint sets and rare single fractures.					
Проценка на ризик по основ на животна средина / Risk assessment on the basis of the environment:					
Елементи на пад / Dip elements: азимут и паден агол/azimuth and dip angle	ЕП $_1$ = 77/72	ЕП $_2$ = 355/60	ЕП $_3$ = 317/42	ЕП = _____	ЕП = _____
Број на пукнатини / No. of fractures (на/at m')	4	3	4		
Должина на пукнатини / Length of fractures (m)	5	3	3		
Отвор на пукнатините / Opening of fractures (mm)	mm отвори / mm openings	стиснати / squeezed	1-2 mm отвори / 1-2 mm openings		
Заполнител на пукнатините / Filling of fractures	без / without	без / without	без / without		
Видливост и вид на површина на пукнатини / Visibility and type of surfaceof fractures	еден крај видлив / one end visible	еден крај видлив / one end visible	еден крај видлив / one end visible		
1.Скалеста / Scales 2. Брановидна / Wavy 3. Рамна / Flat	3	3	3		
Шмитов чекан / Schmitt's a hammer		35	32		
		26	52		
		39	53		
		33	48		
		36	33		
		37	44		

Сл, 5. Исечок од образец за ИГ картирање кај мерно место М13

За површинската експлоатација на наоѓалиштето се извршени прелиминарни анализи на стабилност (за прогнозно дадени наклони на косини) кои според својата суштина припаѓаат на методи на анализа на дисконтинуална средина и методите на гранична рамнотежа. Притоа во зависност од специфичностите на градбата на одделните делови од теренот и од орентацијата на

ИГ профили за двата типа на метаморфни карпи (гнајсеви и кварц-графитични шкрилци) применет е методот на анализа на системските пукнатини по фолијацијата на местата каде што постои можност за појава на нестабилност во вид на планарни рамнини, анализирани со програмот Roc Plane.

Во анализата се употребени податоци за ориентацијата на главниот структурен елемент – фолијацијата врз основа на изведените мерни места и добиените резултати од лабораториските испитувања на конкретната локација, а изводи од добиените резултати се прикажани во документациониот материјал од елаборатот (Анализи на стабилност).

Со програмот Roc Plane за карпите од типот на гнајсеви и кварц-графитични шкрилци ги анализиравме попречните инженерско-геолошки профили во правец од десно кон лево или од лево кон десно во зависност од тоа дали на тој дел фолијацијата има неповолен пад во однос на прогнозно проектираната косина на површинскиот коп. Притоа на дадените инженерско-геолошките профили прогнозно се предвидени косини со кои што се опфатени оруднувањата, а анализи се направени за длабини максимум. до 10,0 m и наклони на косините под агол од 72°, односно наклон 3v:1h. Во овие анализи се земани вредностите на утврдените привидни падови во однос на профилите на основа на измерениот паден агол за ЕПф од изведените мерни места. Овде даваме пример на анализа кај профил 1050, каде што е изведено мерно место М1 и неповолната ориентација на фолијацијата на гнајсевите во правец од лево кон десно во однос на дадената косина на етажата. Според измерените ЕП на фолијацијата со изведеното мерно место М1 прикажани на ИГ карта може да се види дека гнајсевите на попречниот профил 1050 паѓаат под агол од 5° од лево кон десно. Со направената поправка на падниот агол е утврден привиден пад на агол од 3° кој е неповолен за левата страна на косината. Притоа добиените резултати за факторот на сигурност (F_s) со помош на програмот Roc Plane се дадени на сликата 6.

На сликата 6 е прикажан и контурниот дијаграм кај мерно место М1 со сина боја трасата на фолијациската пукнатина, а со розова боја трасата на косината и со црвена стрелка неповолниот правец на пукнатината кон прогнозната косината. Да напоменеме дека овие фактори на сигурност важат единствено на микролокациите за мерните места и за прогнозно усвоените правци и наклони на косината за приповршинскиот дел на теренот. Со напредување на етажите во длабина слични анализи можат да се применат кај усвоените правци и наклони на косини за сите типови на карпи и за конкретно издвоени микролокации каде што ќе има услови за изведба на мерни места.



Dip elements of fracturing at profile 1 050 / Елементи на пад на фолијацијата на профил бр. 1050			
Azimuth of prognose inclination of the slope / Азимут на прогнозен наклон на косина	45 / 72°	Unit weight / Волуменска тежина ([t/m³])	Geological strength index (GSI) / Геолошки индекс на јакост (GSI)
Dip elements of foliation / Елементи на пад на фолијација	5 / 5°	2.70	35
Determined apparent dip in relation to the profile / Утврден привиден пад во однос на профилот	3°		
Slope of bench- slope face / Наклон на берма - косина	3 : 1		
Height of bench-slope face / Висина на берма	10.0m		
Factor of safety / Фактор на сигурност		Dry contition / F_s за сува состојба	F_s= 20.99
		Fractures filled with water 30% / F_s за заполнетост со вода 30%	F_s= 20.74
		Fractures filled with water 50% / F_s за заполнетост со вода 50%	F_s= 20.29
		Seismic conditions & no water in fractures / F_s за сеизмичко дејство 0,15 и без вода	F_s= 5.40
		Seismic conditions and water in fractures 30% / F_s за сеизмичко дејство 0,15 и присуство на вода 30%	F_s= 5.34
		Seismic conditions and water in fractures 50% / F_s за сеизмичко дејство 0,15 и присуство на вода 50%	F_s= 5.22

Сл. 6. Анализа за можноста за формирање на рамнински лом

6. ЗАКЛУЧОК

Со изработениот инженерско-геолошки елаборат за наоѓалиштето за метални минерални суровини „Балташница – Саса“ се добиени многубројни податоци за физичко-механичките параметри на карпите кои можат да најдат широка примена во рударството и градежништвото со понатамошниот развој на наоѓалиштето.

Според основната инженерско-геолошка класификација на карпите застапените типови на карпи се сврстени во групата на цврсто сврзани каменити карпи.

Со анализа на добиените резултати од испитувањата и мерењата на јакоста по пукнатини со Шмитов чекан, генерално за целиот истражуван простор може да ги усвоиме следниве вредности на физичко-механичките параметри за различните типови на карпи и тоа:

Гнајсеви: σ_p = 65 – 120 MPa;
σ_z = 5,50 – 13,0 MPa;
γ = 25,5 – 28,0 kN/m^3;
γ_s = 26,7 – 29,0 kN/m^3;
n = 1,0 – 4,8 %;

Кварц-графитични шкрилци:
$\sigma p(\perp)$ = 55 – 80 Mpa;
$\sigma p(\|)$ = 25 – 40 Mpa;
$\sigma z(\perp)$ = 4.0 – 7,0 MPa;
$\sigma z(\|)$ = 2,0 – 3,0 MPa;
γ = 26,0 – 27,6 kN/m^3;
γ_s = 27,8 – 28,6 kN/m^3;
n = 3,46 – 4,24 %;

Дацити: σ_p = 70 – 150 MPa;
σ_z = 5,0 – 13,0 MPa;
γ = 26,0 kN/m^3;
γ_s = 27,6 kN/m^3;
n = 3.0 %.

На карактеристичните инженерско-геолошки профили 1350 и 1650 врз основа на повеќе параметри се издвоени квазихомогени зони, односно зони со исти класи на карпи според Bieniawski (1989).

За дел од попречните инженерскогеолошки профили кои поминуваат низ метаморфни карпи од типот на гнајсеви и кварц-графитични шкрилци во кои што постои можност за создавање на планарен лом извршена е процена за можноста за формирање на рамнински лом со помош на програмот Roc Plane. При тоа се анализирани проценетите потенцијални места и страни со услови за појава на овој тип на нестабилност при површинска експлоатација и прогнозен начин на поставување на етажите (нормално на ИГ профили). Сепак за да можат со етажите на површинскиот коп да се опфатат голем дел од оруднувањата (наклони на косини и тип на експлоатација се предвидува од страна на проектантот на главниот рударски проект).

За користење на овие анализи и примена на анализи со слични софтверски пакети од програмот Rocscience многу се значајни мерењата со геолошки компас и формираните мерните места. Секако притоа е потребно истите да се спроведат за дефинирани правци и наклони на косини за различни типови на објекти.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Боев, Б., Стојанов, Р.: *Петрографија,* Рударско-Геолошки Факултет, Штип, 1994 г;

[2] Думурџанов, Н. , Петров, Г.: *Геолошко Картирање,* Штип, 2005 г;

[3] Ивановски, Л. (2018). *Хидрогеолошки карактеристики на полиметаличното наоѓалиште „Луке“ Крива Паланка*, Магистерски труд, ФПТН Универзитет Гоце Делчев Штип;

[4] Јовановски, М., Гапковски, Н., Пешевски, И., Аболмасов, Б. (2012). *Инженерска геологија,* Градежен факултет Скопје;

[5] Петковски, О. (2017). *Извештај за геомеханичките својства на карпите на локалитетот “САСА”*, општина М. Каменица, Геохидроконсалтинг ДООЕЛ Скопје;

[6] Серафимовски, Т., Александров, М. (1995). *Наоѓалишта и појави на олово и цинк во Република Македонија*. Рударско-Геолошки факултет, Штип;

[7] Серафимовски, Т., Јеленковиќ, Р. (1997). *Наоѓалишта на метални минерални суровини*. Рударско-геолошки факултет Штип;

[8] Серафимовски, Т., Александров, М., Петров, Г., Ѓоргиев, Л. *Геолошка карта на концесијата “САСА”,* Балташница 1:1000, М. Каменица;

[9] Серафимовски, Т., Александров, М., Петров, Г., Ѓоргиев, Л. *Попречни геолошкипрофили на концесијата “САСА”, Балташница 1:2500*, М. Каменица;

[10] Христов, С., Карајовановиќ, М., Јанчевски, Ј., Иванова, В. (1976) *Толкувач за ОГК 1:100 000 лист Кратово и Ќустендил*. Сојузен Геолошки Завод, Белград;

[11] Министерство за Економија на Р. М. (2007). *Правилник за содржина на геолошка документација за вршење на детални геолошки истражувања*. („Службен весник на РМ“ бр. 24/07), Скопје.

2-ID-02
UDC: 550.822:553.04/.07(497.7)

ИНЖЕНЕРСКО-ГЕОЛОШКИ И ГЕОТЕХНИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА И ИСПИТУВАЊА ВО ФУНКЦИЈА НА РУДАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

Игор Пешевски[1], Јован Папиќ[1], Бојана Неделковска[2], Тамара Јовановска[3], Марија Манева[4], Сеад Абази[1]

[1]Градежен факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје,
[2]Геодизајн Инженеринг – Скопје
[3]Страбаг- АГ, Подружница – Скопје
[4]АД ЕСМ, Пордужница РЕК Битола
pesevski@gf.ukim.edu.mk

А п с т р а к т: Инженерско-геолошките и геотехничките истражувања и испитувања се сметаат за едни од најзначајните аспекти при планирањето, отварањето, експлоатацијата и затворањето на рударските капацитети. Во овој контекст, согласно на постојната законска регулатива во Македонија, компаниите кои вршат истражувања или експлоатација на минерални суровини се обврзани да вршат соодветен обем и на ваков тип на испитувања за различни цели. Во трудот се презентирани одредени сознанија од бројни истражувања и испитувања на инженерско-геолошките и геотехничките карактеристики на карпестите маси во поголем број на наоѓалишта и рудници за метални и неметални суровини во Македонија во последните неколку години, прикажани се воспоставени корелации помеѓу одредени геотехнички карактеристики на карпестите маси, и дадени се одредени искуства од фазите на геотехнички мониторинг и контрола

Клучни зборови: инженерскогеолошки и геотехнички својства; наоѓалишта; корелации; искуства

ENGINEERING-GEOLOGICAL AND GEOTECHNICAL INVESTIGATIONS IN FUNCTION OF MINING IN MACEDONIA

A b s t r a c t: Engineering-geological and geotechnical investigations and tests are considered to be one of the most important aspects in the planning, opening, exploitation and closure of mining facilities. In this context, in accordance with the existing legislation in Macedonia, companies that conduct investigations or exploitation of mineral resources are obliged to perform an appropriate scope of this type of investigations for different purposes. In the paper are presented certain findings from numerous investigations and tests of engineering-geological and geotechnical characteristics of rock masses in a number of deposits and mines for metallic and non-metallic raw materials in Macedonia in the last few years, established correlations between certain geotechnical characteristics of rocks masses, as well as certain experiences from the phases of geotechnical monitoring and control of materials.

Key words: engineering-geological and geotechnical properties; deposits; correlations; experiences

1. ВОВЕД

Инженерскогеолошката и геотехничката карактеризација на карпестите маси во рудниците и каменоломите претставува многу важен сегмент во целокупното нивно работење. Од овие својства на карпите зависат многубројни услови на работа, како на пример: стабилноста на површински или подземни ископи, носивоста на теренот, ефикасноста на методот на откопување и примарната преработка на суровината, транспортот, аспектите на безбедност и здравје при работа, итн. Кај неметаличните минерални суровини кои се користат за градежни цели, геотехничките својства се од првостепено значење и од нив е условено за кои цели може да се применува суровината. Не навлегувајќи во многу детали, во трудот се презентирани искуствата, резултати и корелации од инженерскогеолошки и геотехнички истражувања, испитувања и набљудувања за повеќе активни рудници во Македонија, како и наоѓалишта во фаза на истражување.

2. ИСКУСТВА И РЕЗУЛТАТИ ОД ИНЖЕНЕРСКОГЕОЛОШКИ И ГЕОТЕХНИЧКИ ИСПИТУВАЊА ВО ФУНКЦИЈА НА РУДАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

Во продолжение се дава краток осврт на реализирани истражувања и испитувања, научни анализи и сознанија кои се добиени за целите на геотехничка карактеризација на наоѓалишта на

минерални суровини, активни рудници, одлагалишта и околната работната средина (инфраструктурни објекти, пристапни патишта, системи за транспорт на руда), каде учествувале авторите на трудот. Најголемиот дел од истражувањата и испитувања се реализирани во рамки на Катедрата за геотехника при Градежниот факултет во Скопје за потребите на истражување на поголем број на наоѓалишта од различни генетски групи.

2.1. Инженерскогеолошки истражувања за неметални минерални суровини (градежно технички камен)

Авторите на трудот учествувале во изработка или ревизија на инженерскогеолошка документација за целите на карактеризација на карпите во активни каменоломи низ државата. Документацијата е изготвувана пред сè за целите на изработка на елаборати на прекатегоризација на рудни резерви. Може да се констатира дека изведениот обем на испитувања треба да биде доста поголем во однос на реализираниот. Имено, во склоп на контролните испитувања на материјалите, концесионерите секоја година ги одредуваат нивните физичко-механички ка (за целите на утврдување на квалитетот за користење како суровина за добивање на агрегат за асфалт и бетон, филер итн.), најчесто без посочување на местото на земање на пробите за самите испитувања. Од друга страна, обемот на инженерскогеолошки истражувања и испитувања за целите на дефинирање на условите на стабилноста на коповите се сведува на минимум. Генерален заклучок е дека за утврдување на параметрите на јакоста на смолкнување и одредување на состојбата на испуканоста (од аспект на стабилноста на етажните и завршни косини) на карпестите маси треба да се посвети повеќе внимание, а преку реализација на теренски и лабораториски опити, додека на одредени локалитети треба да се реализира и геотехнички мониторинг со инклинометри. На слика 1 се презентирани воспоставени корелациони зависности помеѓу основни физичко-механички карактеристики на карпите, како пример за можен начин на искористување на резултатите за појасна геотехничка класификација и категоризација на карпестите маси во каменоломите.



Сл. 1. Корелациони зависности на физичко-механички параметри кај градежно-технички камен.
а) базични магматски карпи, б) мермери и варовници, в) метаморфни карпи, г) базични магматски карпи (Ефнушев, 2017)

2.2. Инженерскогеолошки истражувања за метални минерални суровини

Како составен дел во рамки на геолошки истражувања и доистражувања на повеќе локалитети на метални минерални суровини се прибрани голем број на податоци за физичко-механичките својства на карпестите маси. Достапни се податоци од наоѓалиштата Иловица, Плавица, Казандол, Кадиица, Боров дол, Бучим.

Главна констатација во поглед на обемот на инженерскогеолошките истражувања и испитувања е дека на нив во одредени случаеви се посветува многу помало внимание од потребното. Ова се однесува како на основните физичко-механички особини (на пр., специфична и волуменска тежина), така и на јакосно-деформабилните параметри. Со формирање на неколку бази на податоци, сите достапни податоци се систематизирани и генерирани се одреден број на зависности (слики 2, 3, 4)..



а) б)

Сл. 2. Корелациони зависности на физичко-механички параметри кај наоѓалиште Саса, а) корелација на волуменска, и специфична тежина, б) корелација помегу јакост на притисок преку индекс на јакост и стандарден опит на едноаксијална јакост (Јовановски и др., 2017)



а) б)

в) г)

Сл. 3. Корелациони зависности на физичко-механички параметри кај наоѓалишта на метални минерални суровини – наоѓалиште Иловица.

а) гранодиорит, б – дацит, в. дацитска бреча, г. – гранодиорит
(Јовановска, 2016)



Сл. 4. Корелациони зависности на физичко-механички параметри и длабочина кај наоѓалишта на метални минерални суровини. **а)** јакост на притисок-длабочина, **б)** волуменска тежина-длабочина, **в)**. специфична тежина-длабочина, г) порозност-длабочина (Пешевски и др., 2017)

Од воспоставените корелации е јасно дека со помош и на поедноставни статистички анализи, може да се изврши поврзување помеѓу различните параметри на средината, да се прогнозираат и интерполираат во рамки на помал или поширок простор од интерес, да се посочат зони за кои се потребни дополнителни анализи и соодветно искористат при фазата на експолатација и дополнителни активности поврзани со проектирање. Во однос на дефинирање на деформабилните параметри и параметрите на смолкнување вдолж пукнатини, се констатира дека кај најголемиот дел на наоѓалишта не е посветено доволно внимание

2.3. Инженерскогеолошки истражувања за енергетски минерални суровини

Во фазата на истражување и доистражување на наоѓалиштата за енергетски минерални суровини (кај нас – јаглените) се врши и соодветен обем на инженерско-геолошки и геотехнички истражувања и испитувања. Врз база на достапниот фонд на податоци од повеќе наоѓалишта, изведени се одредени корелациони зависности кои се презентираат на следните дијаграми (слики 5 и 6). За наоѓалиштето Брод-Гнеотино е извршено геотехничко моделирање со примена на современи компјутерски техники (слика 7) од каде може да се согледаат геотехничките услови на наоѓалиштето, а воедно и да се утврди во кои зони не се располага со соодветен обем на податоци, т.е. не е докрај дефинирана работната средина од геотехнички аспект.





а) б)

Сл. 5. Корелациони зависности на основни физичко-механички параметри кај наоѓалишта на јаглен, а) Волуменска тежина и сува волуменска тежина за глини, б) Волуменска тежина и сува волуменска тежина за прашини (Неделковска 2021)



а) б)

Сл. 6. Корелациони зависности на основни физичко-механички параметри кај наоѓалишта на јаглен, а) Влажност и сува волуменска тежина за песоци, б) Влажност и сува волуменска тежина за алевролити, (Неделковска 2021)



а) **б)**



в)

Сл. 7. Геотехничко моделирање на наоѓалиштето Брод Гнеотино со примена на софтвер,
а) дијаграм на споредба на податоците за волуменска тежина и кохезијата одредена со триаксијален опит;
б) дијаграм на споредба на податоците за аголот на внатрешно триење одреден со опитот на директното смолкнување и триаксијалниот опит; **в)** 3Д изглед на геотехничките домени на аголот на внатрешно триење на прашините одреден со опитот за директно смолкнување, (Манева 2021)

2.4. Геотехнички истражувања за рудничка инфраструктира, испитувања на рудници отпад и геотехнички мониторинг

Како неминовен дел од рударската активност е и создавањето на соодветни предуслови за добивање и преработка на минералната суровина. Тоа подразбира изградба на разновидни типови на градежни објекти: пристапни патишта и транспортни системи, капацитети за преработка на руда, машински работилници, помошни микроакумулации, преливни органи, тунели, хидројаловишта и јаловишта од крупнозрн јалов материјал итн. Некои од објектите, пред сè хидројаловиштата како најопасни по околината, побаруваат редовен мониторинг од аспект на контрола на стабилноста и варијабилноста на геотехничките својства на материјалите од кои се градат. Искуствата покажуваат дека доста често се јавува и потреба од геотехнички истражувања и испитувања за преместување на одредени објекти, поради современи геолошки појави или пак проширување на експлоатационите полиња, додека посебна проблематика е анализирањето на можностите за потенцијална надградба на активни јаловишта / хидројаловишта. Во продолжение се презентираат неколку слики на кои се дадени резултати од инженерско-геолошки и геотехнички истражувања и мониторинг за различни цели во рударството.



Материјал	Вол.тежина γ (kN/m³)	Потопена γ (kN/m³)	Кохезија c (KPa)	Агол на внатр. триење φ (°)	Модул на стисл. KPa или Деформаб. D	Порозност n (%)	Поасонов коефициент (ν)	Коеф. на филтрација K (m/s)
1.графитичен шкрилец (предбрана)	21.68-29.94	10.50-11.00	5-10	30.00-32.00	33.000-40.000	23.00-25	0.33	$1*10^{-6}$
2.висш во лев бок	– 21.00	11.50-12.00	0	33.00-34.00	20.000-22.000	–30.00	0.32	$1*10^{-4}$
3.Алувијален наос	21.00-21.30	10.50-11.00	0	37.00-39.00	35.000-40.000	20.00-22.00	0.32	$1*10^{-5}$
4.Основна карпа	25.60-26.80		300-350	39.00-42.00	3.900.000-4 500.000	2.00-5.00	0.27	$1*10^{-7}$

Сл. 8. Инженерскогеол. профил на хидројаловиште бр.4 на рудник Саса (**Ѓорѓевски 2014)**



Сл. 9. Извадок од инженерскогеолошка карта за пристапен пат и транспортен систем за рудник Боров Дол (Јовановски 2017)

При контрола на материјалите вообичаено се изведуваат лабораториски опити за определување на гранулометриски состав, специфична и волуменска тежина, природна влажност, јакост на смолкнување, модул на стисливост и коефициент на водопропусност, со кои се констатираат осцилации во износите. Дополнително, поради трусноста на регионот, во последните години спроведени се и обемни теренски и лабораториски работи за проверка на стабилноста при сеизмички побуди и испитување на потенцијал за ликвифакција. Истите опфаќаат опити на стандардна SPT и конусна CPT пенетрација (на пр., изведени на круната и во езерото на хидројаловиштата), тестови за водопропусност и земање на примероци за лабораториски испитувања, врз кои се спроведени класификациони опити и тестови за определување на јакосно-деформабилни параметри. Резултатите од теренските опити SPT и CPT се толкувани со критичка примена на препораки во релевантна литература и Еврокод 7–2 (EC 7–2), а испитани се и воспоставени корелации помеѓу теренски и лабораториски резултати, кои наоди се споделени на меѓународни конференции (Velkovska, Papić, Abazi (2019); Velkovska, Papić (2019); Papić, Velkovska (2021)).

Истражувањата се спроведувани паралелно од аспект на воспоставување на корелации помеѓу теренски и лабораториски испитувања, како и воспоставување на корелации помеѓу два различни типа на теренски тестови или лабораториски испитувања. Ова од причина што во повеќето формули присутни во литературата, постоечките корелации се поставени за природен ситнозрн песок, а не се проверени за песок од хидројаловиште. Поради тоа, целта беше тие да се проверат и подобрат, т.е. да бидат функционални за овакви средини во кои преовладува ситен и прашинест материјал, добиен со преработка на рудни минерали. Од SPT опиттот се добиваат информации за вид на материјал, збиеност, агол на внатершно триење, индиректно се пресметува потенцијал за ликвифакција, а благодарение на материјалот земен со цилиндерот за изведба на SPT, лабораториски се утврдуваат влажноста, волуменската тежина и гранулометриски состав. Од мерењата, пак, извршени со CPT (отпор на конус, триење на обвивка и порен притисок), направени се класификации на материјалот според (стандардизирана и нестандардизирана) табели на Robertson et al, кои наоди главно одговараат на лабораториските резултати, при што речиси и да нема разлика помеѓу заклучоците од овие две табели.

Од табелите на класификација на тло според Robertson et al. се добиваат и информации за коефициентот на водопропусност k, каде со одредување на видот на тлото се одредува и доменот во кој истиот се движи: со оглед дека станува збор за песок, со релативно типични утврдени вредности за k, може да се даде препорака за нејзина примена и кај хидројаловишни песоци. Воедно, направена е и корелација помеѓу лабораториски испитан k и гранулометриски состав со иновирана равенка, при што е постигната мошне добра зависност!

За одредување на аголот на внатрешно триење преку резултати од CPT, користени се предлози на неколку автори, а износите се споредувани со резултатите добиени во лабораторија. Најблиску до нив се вредностите од изразите на Kulhawy-Mayne, потоа оние од равенката на

Jefferies-Been, а прифатливи се и препораките од EC 7-2 за овој тип на објекти и материјал. Кога станува за одредување на аголот преку SPT, се чини дека се коректни само препораките од EC 7-2.

Исто така, извршено е и споредување на резултати од едометарски опит и соодветни корелации со SPT и CPT. Со нив е утврдено дека изразот на Bowles дава солидна врска помеѓу лабораториски испитувања и SPT, додека множење на отпор на конус при CPT со 1,5 ќе даде вредности на страна на сигурноста за модул на стисливост за песок од хидројаловиште.

На оваков начин, се придонесува кон значителна редукција на времето за избор на формули кои се применуваат за пресметка на геомеханички параметри потребни за проектирање и контрола на објекти од оваков тип. Овака формираната база на податоци на геомеханички параметри дава мошне добра основа за квалитетно извршување на нумеричките анализи, вклучувајќи и за утврдување на потенцијал за ликвифакција во услови на силен земјотрес. Впрочем, позитивната пракса за редовно контролирање на геомеханичките карактеристики на јаловинскиот песок е значајна за потврдување и калибрација на влезните параметри при нумеричките напонско-деформациски анализи и пресметките на стабилност, вклучувајќи ги и косините, како и за следење на состојбата на хидројаловиштето во целост, и континуирано се реализира кај нашите активни хидројаловишта.

Сл. 10. Изведба на опит на стандардна пенетрација на хидројаловиште Тополница за проценка на потенцијал за ликвифакција (Велковска 2019)

Оскултацијата на хидројаловиштата подразбира визуелни набљудувања и мерења, а со кои се опфаќаат геодетски, геотехнички и земјотресен мониторинг (Пешевски и др. 2017). За таа цел, се вградуваат инструменти за набљудување, како што се, на пр., пиезометри (за мерење на ниво на подземна вода и на порни притисоци) и инклинометри (за следење на просторна и временска распределба и развој на поместувањата). Така, на хидројаловиштето Тополница, чија височина изнесува 134 m (највисоката брана во Македонија, Козјак, има висина од 126 m), веќе десет години има воспоставено комплексен систем за набљудување, а што е во согласност со „Правилникот за минимално потребните работи и мерки за техничко набљудување на браните чии акумулации и хидројаловишта се над населени места или стопански објекти од општ интерес“. Главната цел е да се добијат доверливи податоци за поместувањето и притисоците кои би се развиле во хидројаловиштето и тие да се споредат со пресметаните. Исто така, отчитувањата од мерењата можат да имаат важна второстепена функција во обезбедувањето на јасна основа за анализите за било кои потешкотии што можат да се појават при работата на хидројаловиштето и да се преземат соодветни мерки. Трета и многу важна цел е да се унапреди техниката на проектирањето на хидројаловиштата преку добиените сознанија за однесувањето на браните преку овие мерења. На пр., од инклинометрите може да се констатира дека сигнализираат поместувања, кои варираат како по длабочина, така и по локација: поедини се со занемарливи поместувања, додека други покажуваат поизразени деформации на материјалот во хидројаловиштето (слика 11).



Сл. 11. Приказ на релативни (лево) и инкрементални (десно) поместувања во инклинометар

2.5. Осврт кон ефектот на изложеност на карпите на атмосферски услови

При истражувањата, кај дел од наоѓалиштата на метални минерални суровини се забележува промена на физичко-механичките својства на карпите после нивно изложување на атмосферата (забележано на јадро од истражни дупнатини кај наоѓалишта во фаза на детални истражувања и отворени работни етажи кај активни површински копови). Ваквата појава наметнува потреба од вршење на дополнителни анализи, и тоа од аспект на присутните алтерации, нивното влијание врз одредување на параметрите како јакост и деформабилност, волуменска и специфична тежина, и пред се дефинирање како овие карпи ќе се однесуваат во тек на време и до која длабина ќе се случуваат овие промени.

3. ЗАКЛУЧОЦИ

Преку анализа на достапни податоци за одреден број активни рудници во Светот се констатира дека со редовно вршење на инженерскогеолошки и геотехнички истражувања и испитувања, анализи и корелации, се постигнува поголема ефикасност и безбедност во целокупното работење на рудниците. Кај одредени рудници, со изработка и примена на 3Д геотехнички модел, се постигнал позитивен економски ефект со зголемување од 3-8%.

Иако кај нас на оваа проблематика се посветува одредено внимание, може да се констатира дека е потребно поконкретно вклучување на оваа инженерска област, а пред се преку редовно ангажирање на инженери од инженерскогеолошка и геотехничка струка уште во најраните фази од истражување на наоѓалиштата, како и низ целиот период на експлоатација и затворање на рудниците. Одредени согледувања и предлози за обемот со кој треба да се вклучи геотехниката во различни фази од развојот на проектите ќе бидат прикажани во друг труд.

ЛИТЕРАТУРА

Bowles, J. E. (1997): *Foundation analysis and design*, 5th Edition. New York: McGraw-Hill.

Велковска С. (2019): *Корелации помеѓу резултати од теренски и лабораториски геотехнички испитувања на хидројаловишен песок*, магистерска работа, Градежен факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Velkovska S., Papić J., Abazi S., (2019): Ispitivanje primenljivosti korelacija između terenskih i laboratorijskih geotehničkih testova na hidrojalovišnom pesku, *GEO-EXPO, Sarajevo*.

Velkovska S., Papić J., (2019): Applicability of relations between results from field and laboratory tests on sands from tailing dams, *XVI ECSMGE, Reykjavik.*

Ѓорѓевски С., Јовановски М., Јосифовски Ј., Папиќ Ј., Пешевски И., Ивановски М. (2014): Техничка документација за градба на хидројаловиште бр. 4 на рудникот Саса – М. Каменица, Градежен факултет – Скопје.

Ефнушев Љ. (2017). *Методологија за анализа на физичко механички карактеристики кај градежно технички камен*, Магистерски труд, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

Jefferies, M. G. Been, K. (2006): *Soil Liquefaction – A critical state approach*. Taylor & Francis, ISBN 0-419-16170-8 478 pages.

Јовановска Т. (2016): *Корелациони зависности помеѓу геотехнички параметри на карпести маси кај наоѓалишта на метални минерални суровини*, Дипломска работа, Градежен факултет – Скопје.

Јовановски М., Десподов З., Димов Ѓ., Пешевски И., Абази С., Сусинов Б. (2017): Елаборат за геотехнички испитувања на подземен ископ во рудно наоѓалиште за олово и цинк Саса – „Свиња Река“, Градежен факултет – Скопје.

Јовановски М., Пешевски И., Папиќ Ј., Абази С., Сусинов Б., Ѓорѓевски С. (2017): *Елаборат од геотехничките истражувања и испитувања на теренот вдолж трасата на пристапен пат со отклон од магистрален пат Штип – Радовиш ком месност поранешен рудник Дамјан до концесиски простор рудник Боров Дол*, Градежен факултет – Скопје.

Манева М. (2021): *Геотехничко моделирање на наоѓалиштата на јаглен со примена на современи компјутерски техники*, Магистерски труд, Градежен факултет – Скопје.

Nedelkovska, B., Peshevski I., Jovanovski M., Velinov D., Misajlevski Z. (2021): Regression methods in analysis of geotechnical parameters of coal deposits. *IX Seminar of differential equations and analysis and 1st congress of differential equations, mathematical analysis and applications CODEMA 2020*, ISBN 978-608-4904-09-0 UDC: 519.242:553.94.048

Papić J., Velkovska S., (2021): Comparison of results from laboratory tests on materials from mine tailings: permeability case (accepted paper: ISC 6, Budapest)

Peševski, I., Angelova, E., Jovanovska, T., Abazi, S., Papić, J., & Stefanova, V. (2017). Basic geotechnical parameters of metallic mineral deposit in the Republic of Macedonia. Geologica Macedonica, 31(1), 87-99.

Пешевски И., Папиќ Ј., Јовановски М. (2017): Современи методи за геотехнички мониторинг и моделирање кај површинска и подземна експлоатација. Подекс-Повекс 2017. *X-то стручно советување на тема: Технологија на подземна и површинска експлоатација на минерални суровини*. Здружение на рударски и геолошки инженери на Р. Македонија

Robertson, P.K., Campanella, R.G., Gillespie, D. and Greig, J. (1986): Use of Piezometer Cone Data. Proceedings of American Society of Civil Engineers, ASCE, *In-Situ 86 Specialty Conference, Blacksburg, 23–25 June 1986*.

F. H. Kulhawy. P. W. Mayne (1990): *Manual on Estimating Soil Properties for Foundation Design*, Cornell University, Ithaca, New York 306 pgs.

2-ID-03
UDC: 622.283.4/.5.016.2

ПОДГРАДУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИТЕ РУДАРСКИ ПРОСТОРИИ СО ТЕХНИКА НА ПРСКАН БЕТОН

Булент Сулооца[1], Сеад Абази[2]

[1]*Сектор за Урбанизам - Општина Ресен, Ресен, Р. Северна Македонија,*
[2]*Градежен факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Северна Македонија,*
bsulooca@hotmail.com // sead@gf.ukim.edu.mk

A b s t r a c t: Подградување и осигурување на подземните рударски простории се исклучително сложен процес во рударството, и тоа од безбедносен и од економски аспект. Еден од методите за подградување и осигурување на подземните рударските простории е техниката на торкретирање односно заштита со примена на прскан бетон кој се користи или како самостоен потпор или што е најчест случај, комбинација со анкери, челична мрежа, сидра, челични рамки и др. Прсканиот бетон се применува самостојно во геолошки-хидрогеолошки услови, како и во простории каде што има деформации со мали контури. Додека се комбинира кога треба да стабилизира карпест масив и да ја зголеми сигурноста. Квалитетно вградување на прскан бетон во подземните рударски простории не бара никаква посебна подготовка за нанесување и само за 2-3 часа постигнува цврстина од 0.8 N/cm² овозможувајќи работа на подградната конструкција. Успешно торкретирање зависи од повеќе фактори: изборот на материјалот што ќе се вградува, машината за вградување на прскан бетон, управувачот на истата, изборот на врзувачките адитиви и други. Како и во другите објекти, така и во рударството, прсканиот бетон се нанесува во два слоја. Но, мора да се внимава на рецептурата на торкретот бидејќи поголема тежина на бетон може да биде доволна за да наснати лом на вградениот материјал. Тука голема улога игра адхезија и кохезијата. Ако површината е премногу сува, може да се исцеди водата од прскан бетон, со што се намалува јакоста на адхезија. Затоа, површината треба да биде во таква состојба која нема ни да ја „укради" водата од смесата, ниту пак вишок вода. Додека за дебелина на торкрет се направени ред анализи за да се определи точната вредност. Но, бидејќи е доста сложена процедура каде содржи многу непрецизирани и непредвидливи работи, оваа бројка најчесто се определува од типот на карпестата маса, како и искуството на инженер-проектант. Така, при изведба на подземни рударски простории во склоп на рудникот Çatalağzı (Турција) се вградува прскан бетон со дебелина од d = 10–15 cm и анкери со должина l = 4–5 m согласно RMR вредноста кој изнесува 26–29. Додека кај нас, во рудникот Саса вградено е над 2.000m³ прскан бетон со дебелина d = 15 cm и анкери SN и IBO анкери со должина l = 3, 6 и 9 m во зависност од местото на вградување.

Key words: адхезија, прскан бетон, рударски простории, челична мрежа

UPGRADING AND SECURING THE UNDERGROUND MINING PREMISES WITH SHOTCRETE TECHNIQUE

A b s t r a c t: Upgrading and securing underground mining facilities is an extremely complex process in mining, both from a safety and from an economic point of view. One of the methods for supporting and securing the underground mining premises is the technique of shotcreting or protection by applying sprayed concrete. This technique is used either as a stand-alone or in most common case, as a combination with anchors, steel mesh, anchors, steel frames, etc. Sprayed concrete is applied independently in geological-hydrogeological conditions, as well as in places where deformations are with small contours. While as a combination with other elements is used when stabilizing a rocky massif and increasing reliability. High-quality installation of sprayed concrete in underground mining premises does not require any special preparation for application and in just 2-3 hours it achieves a hardness of 0.8 N / cm² allowing work on the substructure. But yet, successful shotcreting depends on several factors: the choice of material to be installed, the machine for embedding sprayed concrete, the person who operates it, the choice of binding additives and similar. As in other types of construction works, so does in mining, application of sprayed concrete is done in two layers. Attention has to be put in the shotcrete recipe, because too much concrete in the mixture can be the reason for breakage in the embedded material. Adhesion and cohesion play a big role here. If the surface is too dry, water can be drained from the sprayed concrete, which reduces the adhesion strength. Therefore, the surface should be in such a state that it will not "steal" water from the mixture, nor have excess water. While for the thickness of the torque, a series of analyzes were made to determine the exact value. Since it is quite a complex procedure incorporating a lot of unspecified and unpredictable things, this figure is usually determined by the type of rock mass, as well as by the experience of the engineer-designer. Thus, during the construction of underground mining facilities within the mine Çatalağzı (Turkey), sprayed concrete with a thickness of d = 10-15 cm and anchors with a length of l = 4-5 m were installed, according to the RMR value which is 26-29. In the Republic of North Macedonia, in the premises of Sasa mine, over 2,000m³ of sprayed concrete is installed. The values in this case were: thickness d = 15 cm and anchors SN, using IBO anchors with length l = 3, 6 and 9 m, depending on the installation point.

Key words: adhesion, sprayed concrete, mining premises, steel mesh

1. ВОВЕД

Современите технологии за ископ на цврсти карпести маси имаат големи предности во однос на класичните методи, кои се состојат во: се снижуваат сеизмичките потреси, се добива рамна и мазна површина на завршената контура, се обезбедува стабилноста на завршните контури, комплетно се намалуваат производствено-економските трошоци и друго. Додека кај подземните објекти, вишокот на ископот се сведува на минимум, бидејќи примарната облога многу лесно се оформува, а карпестата маса е во соработка со облогата.

Торкретирање е едно од современите методи за ископи на цврсти карпести маси. Техника на прскан бетон процес каде што бетонската смеса се нанесува врз површината со помош на јак притисок и специјална опрема. Начинот на вградување може да биде: сува метода, при која сува мешавина од цемент и агрегат се пренесува преку црево под притисок, а водата се додава кај млазницата, непосредно пред вградувањето и влажна метода, при која готовата бетонска мешавина се транспортира и се нанесува директно преку млазницата [1].

Оваа техника е флексибилна и има брз начин на вградување, но бара добра механизација и специјализирани и добро обучени работници. Овие карактеристики го издвојуваат прсканиот бетон на врвот на материјали во градежната индустрија. Тој може да се искористи како поединечно, така и во комбинација со анкери, челична мрежа, влакна или друго. Има голема примена градежништвото и тоа во: тунелоградба; рударство; изградба на хидротехнички објекти; заштита на косини; заштита на градежни јами; реконструкција на разни градежни објекти и др. Техниката на прскан бетон исто така е многу погодна за изградба на објекти со необични геометри, како што се базените, објекти со заоблена форма и други.

2. ПОДГРАДУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИТЕ РУДАРСКИ ПРОСТОРИИ СО ТЕХНИКА НА ПРСКАН БЕТОН

Подградувањето и осигурувањето на подземните рударски простории е исклучително сложен проблем во рударството, и тоа од безбедносен и од економски аспект. Во основа пред рударските стручњаци се поставува проблемот како рационално да се градат рударските простории т.е. нивната функционалност за предвиденото време со користење на минимални трошоци. Во детална анализа на работните услови и одржување на постојните рударски простории, како и трошоците за нив, истакната е потребата да му се посвети внимание на ова прашање, што припаѓа на рударската струка. За изведба на подземните рударски простории мора да има квалитетен проект и добра изведба за да не дојде до несакани последици: човечки загуби, материјална штета, застој во работа и слично.

Во почетокот на XX. век, подградувањето и осигурувањето на подземните рударски простории се вршело преку традиционалните метода за поддршка и контрола на тлото, како што се дрвени и/или челични гарнитури, дрвени конструкции со завртки и жичана мрежа и други. Кон средината на минатиот век се развива нова техника за подградувањето и осигурувањето на подземните рударски простории и тоа со торкретирање. Во тој период се користи сувата метода за вградување на прскан бетон, за да во 1980-тите години да се применува влажната постапка, а нанесувањето да се врши преку специјални млазници кои се со далечинско управување [2]. Оваа техника својот подем го доживува во почетокот на XXI век и тоа само во два рудника во Канада се вградени вкупно 14.000 m³. Подградувањето и осигурувањето на подземните рударски простории со техника на торкретирање наоѓа голема примена и во новиот континент т.е. Австралија, со годишна потрошувачка од 500.000 m³.

Во рударската практика, прсканиот бетон се применува или како самостоен потпор, или што е најчесто случај, во комбинација со некоја друга подграда. Од комбинирано подградување често се користат следните комбинации:

* прскан бетон – анкери;
* прскан бетон – челична мрежа;
* прскан бетон – челична мрежа – сидра;
* прскан бетон – челична мрежа – челични рамки и
* прскан бетон – челична мрежа – сидра – челични рамки

Во рударството, прсканиот бетон се применува самостојно во погодни геолошки и хидрогеолошки услови и во просторијата каде што има деформации со мали контури. При ова, подградата од прскан бетон по својата намена може да биде заштитна и носива. Заштитната подграда претставува слој на прскан бетон, со дијаметар од неколку до 5 cm, нанесен по целата површина на ископувачки контури. Ваквата подграда исклучиво е наменета за површинска заштита

на карпестата маса од губење на влага, како и поврзување на помали делови од карпата и спречување на нивното откачување. Додека носечката подлога од прскан бетон има функција на финална подградба, бидејќи е докажано дека со зголемување на обемот на наносењето на растреперен бетон може да се постигне истиот ефект како и при вградување на бетонска подградба, со оглед на тоа што кај подградата од прскан бетон, поврзувањето на бетонски смеси со карпата е појако од 2 до 2,5 пати отколку кај монолитниот бетон, како и тоа дека механичките карактеристики се нешто подобри (Слика 1) [3].

Сл. 1. Вградување на прскан бетон во подземни рударски простории

Основната филозофија на подградување на подземните рударски простории со прскан бетон е базирана на концептот дека карпестата маса што го опкружува ископувачкиот дел од просторијата станува дел од носечката конструкција преку активирање на носечкиот прстен. Статички се однесува како елемент составен од носечки прстен во карпата и подграда.

Карпестата маса е главниот носив елемент во рударската просторија, и како таков се стреми да ја одржи цврстинаташто ја имала пред ископот. Вградената подграда треба да се прави правовремено, не премногу рано или премногу касно, и не смее да биде премногу крута или премногу флексибилна. Крутата и рано вградената подграда предизвикува големо напрегање, а премногу флексибилна или касно вградена подграда предизвикува движење на карпестата маса, што резултира со големи напрегања на подградата. Во квалитетна и добра карпеста маса, ископот може да остане подолго неизграден, а во карпеста маса со слаб квалитет треба да се изврши за што може покус времески период.

Примарната подграда од прскан бетон треба да стабилизира масив, а секундарната – носечка подграда треба да ја зголеми сигурноста. Проблемите со стабилноста на ископот треба да се решаваат со појачување на примарната подградба (како на пример: армирани мрежи, анкери и сл.), а не со зголемување на дебелината на подградата. Секундарната облога на просториите исто така не треба да биде многу „дебела“ и не е препорачливо да се пренесуваат сили меѓу примарната и секундарната облога.

Во Табела 1 се прикажани количини на смесата за прскан бетон кој се користи за вградување во рударството. Низ светот, бетонската смеса која се користи во техниката на торкретирање се комбинира со разни видови на влакна, додека кај нас наместо влакна се кориси арматурна мрежа претежно Q188 [4].

Т а б е л а 1

Количини на материјал за смесата за прскан бетон

Материјал	Количина
Цемент (kg)	460
Агрегат (kg)	1680
Вода (l)	200
Челични влакна (kg)	30–40
Макро-синтетички влакна (kg)	5–8
Суперпластификатори (l)	3
Адитив за контрола на хидратација (l)	2

Прсканскиот бетон не бара никаква посебна подготовка, како што е подготовка на облогата, монтажа и демонтажа на истата. Рамномерно се нанесува и на тој начин се формира облога која по 2 до 3 часа по нанесувањето постигнува цврстина 0,8 N/cm², што овозможува работа на подградната конструкција. Јакоста на прсканиот бетон достигнува до 60 N/cm², додека отпорноста на затезнување изнесува 5–15 N/cm².

Квалитетното вградување на прскан бетон во подземни рударски простори зависи од повеќе фактори: изборот на материјалот што ќе се вградува, машината за вградување на прскан бетон, управувачот на истата и изборот на брзо врзувачките адитиви. Формирањето на слојот од прскан бетон зависи од набивањето на агрегатот. Набивањето се врши рамномерно, од слој до слој. Тенките слоеви создаваат совршен спој на прскан бетон со површина на која се нанесува, а ја зголемува и водонепропустливоста на прсканиот бетон.

Прсканиот бетон може да се нанесува: хоризонтално и вертикално. Ако нанесувањето на прсканиот бетон се врши во повеќе слоеви, потребно е прво да се зацврсти првиот слој, а потоа да се нанесе вториот слој. Не е правилно да се нанесе вториот слој на уште нестабилен слој, бидејќи се добива вибрирање на целиот прв слој и постои опасност првиот слој да се одвои од карпата. Обично вториот слој се нанесува по 12 часа, а тој временски период зависи од тоа колку бетон има на располаѓање и колку врзувачки средства.

При вградување на прсканиот бетон во комбинација со арматура или челична мрежа, постапката е иста како и без арматура, само што треба пред да се монтира арматурата да се нанесе првиот слој на прскан бетон. Овој услов треба да се задоволи поради тоа што арматурата создава одредена пречка на прсканиот бетон и не може правилно да се нанесе на карпата. За да се избегнат сите негативни последици и да се постигне што поголем квалитет, начинот на изведба на прскан бетон со арматура или челична мрежа мора да се запази. Вториот слој се нанесува после 10 до 12 часа од нанесувањето на првиот слој и арматурата [5].

Техниката на прскан бетон ја прави лидер во областа на подградувањето и осигурувањето на подземните рударски простории бидејќи ги има следните позитивни особини:

– поголем развојот на рударството;
– зголемување на безбедноста на вработените;
– помал број интервенции за рехабилитација на подземните простории;
– помала работна сила и др.

Додека за дебелина на торкрет кој се вградува во подземни рударски простории се направени ред анализи за да се определи точната вредност. Но, бидејќи е доста сложена процедура каде содржи многу непрецизирани и непредвидливи работи, оваа бројка најчесто се определува од типот на карпестата маса, како и искуството на инженер-проектант. Така, при изведба на подземни рударски простории во склоп на рудникот Çatalağzı (Турција) се вградува прскан бетон со дебелина од d = 10–15 cm и анкери со должина l = 4–5 m согласно RMR вредноста кој изнесува 26–29 (Табела 2) [6].

Т а б е л а 2.

Споредба на препорачаните и преземени заштитни мерки при градење на тунелот Çatalağzı во зависност од RMR вредностите

RMR вредноста на капреста маса	Препорачана заштита согласно проектот	Превземени заштитни мерки при изведба
I (0 – 21 m) RMR = 58	Прскан бетон со дебелина d = 3-10 cm	Прскан бетон во комбинација на анкери со должина l = 4 m и челична мрежа
II (21 – 265 m) RMR = 65	По потреба од прскан бетон со d = 5 cm	Прскан бетон d = 10 cm во комбинација на анкери со должина l = 4 m (кај отворите)
III (265 – 290 m) RMR = 75	По потреба од прскан бетон со d = 5 cm и анкери	Прскан бетон d = 10 cm во комбинација на анкери со должина l = 4 m (кај отворите)
IV (290 – 558 m) RMR = 71	По потреба од прскан бетон со d = 5 cm и анкери	Прскан бетон со d = 5 cm без анкерување
V (558 – 621 m) RMR = 50	Прскан бетон со дебелина d = 3-10 cm	Прскан бетон d = 10 cm во комбинација на анкери со должина l = 4 m (кај отворите)
VI (621 – 809 m) RMR = 29	Прскан бетон со дебелина d = 10 cm; анкери со должина l = 4-5 m	Прскан бетон во комбинација на анкери со должина l = 4 m и челична мрежа
VII (809 – 885 m) RMR = 26	Прскан бетон со дебелина d = 10-15 cm анкери со должина l = 4-5 m	Прскан бетон во комбинација на анкери со должина l = 4 m и челична мрежа

3. ЗАКЛУЧОЦИ

Подградувањето и осигурувањето на подземните рударски простории е исклучително сложен проблем во рударството, и тоа од безбедносен и од економски аспект. Во детална анализа на работните услови и одржување на постојните рударски простории, како и трошоците за

нив, истакната е потребата да му се посвети внимание на ова прашање, што припаѓа на рударската струка. За изведба на подземните рударски простории мора да има квалитетен проект и добра изведба за да не дојде до несакани последици: човечки загуби, материјална штета, застој во работа и слично.

Во рударската практика, прсканиот бетон се применува или како самостоен потпор, или што е најчесто случај, во комбинација со некоја друга подграда. Од комбинирано подградување често се користат следните комбинации: прскан бетон со анкери; прскан бетон со челична мрежа; прскан бетон со челична мрежа и сидра; прскан бетон со челична мрежа и челични рамки, и прскан бетон со челична мрежа, сидра и челични рамки.

Основната филозофија на подградување на подземните рударски простории со прскан бетон е базирана на концептот дека карпестата маса што го опкружува ископувачкиот дел од просторијата станува дел од носечката конструкција преку активирање на носечкиот прстен. Статички се однесува како елемент составен од носечки прстен во карпата и подграда. Заштитната подграда претставува слој на прскан бетон, со дијаметар од неколку до 5 cm, нанесен по целата површина на ископувачки контури. Ваквата подграда исклучиво е наменета за површинска заштита на карпестата маса од губење на влага, како и поврзување на помали делови од карпата и спречување на нивното откачување. Додека носечката подлога од прскан бетон има функција на финална подградба, бидејќи е докажано дека со зголемување на обемот на наносењето на растреперен бетон може да се постигне истиот ефект како и при вградување на бетонска подградба, со оглед на тоа што кај подградата од прскан бетон, поврзувањето на бетонски смеси со карпата е појако од 2 до 2,5 пати отколку кај монолитниот бетон, како и тоа дека механичките карактеристики се нешто подобри.

Техниката на прскан бетон ја прави лидер во областа на подградувањето и осигурувањето на подземните рударски простории бидејќи ги има следните позитивни особини: поголем развојот на рударството; зголемување на безбедноста на вработените; помал број интервенции за рехабилитација на подземните простории; помала работна сила и др.

За дебелина на торкрет кој се вградува во подземни рударски простории се направени ред анализи за да се определи точната вредност. Но, бидејќи е доста сложена процедура каде содржи многу непрецизирани и непредвидливи работи, оваа бројка најчесто се определува од типот на карпестата маса, како и искуството на инженер-проектант.

4. ЛИТЕРАТУРА

[1] Сулооца Б. (2019). *„Технологија и Практична Примена на Прскан Бетон“*, издавачка куќа Јени Балкан, Скопје, Р. Северна Македонија.

[2] Morgan D. R. and Bernard E. S. (2017), *„A Brief History of Shotcrete in the Underground Industry“,* Shotcrete, Fall, pp. 24-29.

[3] Bernard E. S (2010), *„Shotcreting in Australia, Second Edition“,* Concrete Institute of Australia & Australian Shotcrete Society, Penrith – Australia.

[4] Аџиски В., Десподов З., Мијалковски С., Стојов В. (2016), „Моделирање на Плановите за Изработка на Подземни Рударски Прсотории“, „IX-то Стручно Советување: Технологија на подземна и површинска експлоатација на минерални суровини“, Струмица – Р. Македонија, страна 82-90.

[5] Özarslan, A., Geniş, M., Alkılıç, Ç., Acun, D. (2005): Çatalağzı Termik Santralı Kül İletim Tünelinde Tahkimat Uygulamalarının Değerlendirilmesi, *19. Uluslararası Madencilik Kongresi ve Fuarı, IMCET 2005*, Türkiye, pp 223–232.

[6] https://mk.birmiss.com/

2-ID-04
UDC: 550.822:553.045]:340.13(497.7)

ТРЕТМАН НА ИНЖЕНЕРСКАТА ГЕОЛОГИЈА И ГЕОТЕХНИКАТА ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Игор Пешевски[1], Милорад Јовановски[1], Зоран Панов[2], Јован Папиќ[1], Сеад Абази[1], Александра Николовска Атанасовска[3]

[1]Градежен факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Р. С,. Македонија
[2]Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце делчев' во Штип
Бул. Крсте Мисирков, 10-А, п. Фах 210, 2000 Штип Р. Е. Македонија
Друштво за Геотехника на Македонија
pesevski@gf.ukim.edu.mk

А п с т р а к т: Во трудот е извршена анализа на достапни закони, правилници, упатства и методологии кои се однесуваат на инженерскогеолошката и геотехничката карактеризација на карпестите маси кај наоѓалишта на минерални суровини во Македонија и Светот. Анализите првенствено ја третираат проблематиката на дефинирање на обемот на истражувања и испитувања од ваков карактер, како и критериумите на прифатливост од аспект на стабилноста на теренот. Посебно внимание е посветено и на дискусијата за обемот на потребни истражувања за инфраструктурните објекти кои се во функција на експлоатацијата на минералните суровини, а кои во суштина претставуваат градежни објекти со поголем или помал ризик по околината. Согласно на сите согледувања, во трудот се дадени препораки за минимален обем на потребни инженерскогеолошки и геотехнички истражувања и испитувања за различни цели. Препораките треба да бидат предмет на дискусија и усогласување, а крајно да бидат внесени во соодветните акти на законската регулатива која ги тангира минералните суровини во Македонија. Преку систематска примена на ваковиот предложен пристап се смета дека ќе се создадат услови за подигнување на степенот на познавање на геотехничките услови во активните и идни потенцијални рудници на повисоко ниво, а истовремено концесионерите ќе постигнат и повисока безбедност и финансиска ефикасност во работењето.

Клични зборови: инженерскогеолошка и геотехничка карактеризација; наоѓалишта; рудници; законска регулатива

TREATMENT OF ENGINEERING GEOLOGY AND GEOTECHNICS IN INVESTIGATION AND EXPLOITATION OF MINERAL RESOURCES

A b s t r c a c t: The paper is considering the law regulations, rulebooks, guidelines and methodologies related to engineering geological and geotechnical characterization of rock masses of mineral deposits in Macedonia and in the World. Analyses cover issues of defining scope of the investigations and tests for such purposes, as well as the criteria for acceptability regarding the stability of the terrain. Special attention is paid on the discussion on scope of investigations needed for the design of supporting infrastructural capacities in function of the exploitation process, which in turn are civil engineering structures with lower or higher risk for the environment. According to all considered facts, in the paper are presented recommendations for minimum scope of needed engineering geological and geotechnical investigations and tests for different goals. The recommendations should be subject of discussion and adaptation, and finally incorporated in the corresponding mineral deposits law regulations in Macedonia. It is considered that by systematic application of the recommended approach will be created conditions for improvement of the knowledge of geotechnical properties in active and future potential mines on a higher level, while, at the same time, the concessioners will achieve also higher safety and financial efficiency in operations.

Key words:: engineering geological and geotechnical characterization; mineral deposits; mines; law regulations

ВОВЕД

Инженерскогеолошката и геотехничката карактеризација на карпестите маси во рудниците претставува важен сегмент во целокупното нивно работење. Инженерскогеолошките и физичко-механичките својства на карпите предодредуваат повеќе аспекти на работењето на рудниците, и тоа почнувајќи дури од најраните фази на прелиминарни истражувања на наоѓалиштата, преку развојот на предфизибилити и физибилити студии, па сè до фазите на изработка на главните и дополнителните рударски проекти. Најчесто, инженерскогеолошките и геотехничките истражувања и испитувања се вршат со цел да се одредат параметри како што се: структурно-тектонските карактеристики на карпестите маси, состојбата на испуканост, јакосни и деформабилни својства на ниво на монолит и карпест масив, трајноста на карпите, волуменска и специфична тежина, порозност на карпите и други. Овие параметри служат за целите на дефинирање на квазихомогени зони, односно т.н. геотехнички домени во рамки на наоѓалиштата. Независно дали станува збор за површинска или подземна експлоатација, податоците од инженерскогеолошки карактер се основен влезен податок во проектирањето на откопните полиња, планирањето на отворањето на наоѓалиштата, дефинирањето на максималните можни наклони на завршни и работни косини кај површинските копови, начинот на подградување кај подземната експлоатација, итн. Покрај самата работна средина во која се врши експлоатацијата на минералната суровина, во зоната на рудниците се гради и неопходната инфраструктура за нивно функционирање. Тука спаѓаат пристапни патишта, различни видови на градежни објекти во функција на преработка на минералната суровина и услови за безбеден престој на работната сила, машински хали, транспортни системи за руда, одлагалишта на јаловина кои може да претставуваат хидротехнички објекти (хидројаловишта) или класични насипни конструкции од крупнозрнест материјал (коповска јаловина, дробина, згура, летечка пепел итн.), тунели, пристапни рампи, усеци, преливни органи, окна и друго. За сите овие видови на објекти е потребно да се извршат соодветен обем на геотехнички истражувања и испитувања, со цел да се утврдат условите на нивно фундирање и функционалност во целосниот период на предвидено користење. Кај одредени видови на објекти во тек на време се јавува потреба од санација, надоградба или „преместување“, што повторно само по себе наметнува потреба од изведба на соодветен обем на геотехнички истражувања и испитувања. Објектите кои се карактеризизираат со особено висок ризик по околината, каде се категоризирани, пред сè, хидројаловиштата и обиколни тунели за истите, бараат редовен геотехнички мониторинг кој се состои од повеќе компоненти на набљудување и контрола на материјалите и околната природна средина.

Во трудот се презентираат анализи на постојни домашни и странски подзаконски акти кои се однесуваат на инженерскогеолошките и геотехничките истражувања, согледувања за обемот на истражувања и испитувања, а дадени се и предлог препораки за подобрување на законската регулатива кај нас на ова поле.

2. АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКИ АКТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИНЖЕНЕРСКО-ГЕОЛОШКИ И ГЕОТЕХНИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА И ИСПИТУВАЊА ЗА ЦЕЛИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА НАОЃАЛИШТАТА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВНИ И НИВНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Во актуелниот закон за минерални суровини (ЗАКОН ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ „Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19, инженерскогеолошките истражувања и испитувања се споменуваат во контекст на геолошки истражувања и испитувања кои се вршат заради „запознавање на развојот, составот и градбата на земјината кора и утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина“. Особено е нагласено во делот на детални геолошки истражувања, дека геотехничките особини на тлото е важно да се одредат за потребите на изградба на одредени инвестициони објекти. Во делот од законот кој се однесува на управувањето со отпадот од минерални суровини, посочено е дека треба да се обезбеди „долгорочна геотехничка стабилност за сите хидројаловишта или одлагалишта кои се издигнуваат над површината на земјата, која постоела пред почетокот на работата на инсталацијата за управување со

отпад“. Ова значи дека е потребно целосно познавање на инженерскогеолошките и геотехничките карактеристики на природното тло врз кое се градат овие инсталации за отпад, но, иако не е потенцирано, се подразбира и познавање на геотехничките особини на отпадниот материјалот од кој се градат одлагалиштата.

Во Правилниците за содржината и начинот на изработка на геолошката документација за вршење на основни и детални геолошки истражувања (Сл. весник на Република Македонија 138/2007), пропишана е содржина на Елаборат за инженерскогеолошки истражувања. Од Правилникот кој се однесува на документација на ниво на детални истражувања се констатира дека обемот на истражувања и испитувања од овој карактер не е дефиниран, туку тоа е оставено на слободна проценка на истражувачите. Ваквата констатација важи како за самиот простор на идната работна средина во која ќе се одвива ископот (површинска или подземна експлоатација) така и теренот во зона на идните инфраструктурни објекти во рамки на предвиден рударски комплекс. Оттука, може да се констатира дека Правилникот не е во согласност со современите геотехнички пристапи за целите на проектирање на градежни објекти кои треба да се почитуваат, т.е. Еврокод 7 како воедначени кодови за градење (и геотехничо инженерство). Во овие кодови се дадени соодветни препораки кои се однесуваат на обемот на потребни истражни работи за целите на проектирање на градежни објекти, а во зависност од геолошката сложеност на теренот. Соодветни препораки се дадени подолу.

Согласно актуелниот Правилник за класификација и категоризација на резервите за цврсти минерални суровини и водење евиденција за нив (Сл. весник на СФРЈ бр. 53 од 1979 год.), и за целите на прекатегоризација на рудните резерви, покрај другото, предвидено е да се изврши и соодветен обем на испитувања на физичко-механичките особини на карпестите маси со кои би се утврдило дали го поседуваат потребниот квалитет за нивна примена во стопанството. Во членот 29 од овој Правилник е наведено дека во содржината на Елаборатот за резервите на минерални суровини соодветно внимание треба да биде посветено и на инженерскогеолошките карактеристики на лежиштето. Сепак, и во овој Правилник нема насоки за дефинирање на оптималниот обем на истражувања од инженерскогеолошки карактер кои треба да се реализираат.

Во Правилникот за технички нормативи за подземна експлоатација на метални и неметални минерални суровини (Сл. весник на СФРЈ бр. 24 од 1991 год.), физичко-механичките карактеристики на карпите се споменуваат во контекст на изработка на одредени видови подземни простории и методи на подземна експлоатација, со посочување дека треба да се познаваат „детално“, но без никакви понатамошни конкретни насоки за начинот на нивно одредување, начин на обработка и анализа на податоците, и нивно вклучување во проектирањето.

Во Правилникот за технички нормативи за површинска експлоатација на минерални суровини (Сл. весник на СФРЈ бр. 04 од 1986 год.), се зборува за потреба од одредување на физичко-механичките и геомеханичките осовини на карпите, како подлога за изградба на одлагалишта, каде, пред сè, е посочено дека „лежиштата што ќе се експлоатираат мораат да бидат претходно истражени во поглед на геомеханичките и хидрогеолошките карактеристики на карпестите маси и на корисната суровина“ а пред „отворањето на површинскиот коп мора да се провери геомеханичката стабилност за косините на објектите за отворање на копот, работната и завршната косина на копот, работната и завршната косина на одлагалиштето и носивоста на подлогата на одлагалиштето“. Во однос на обемот на геотехничките испитувања истражувања нема особени насоки, освен еден став кој се однесува на бројот на потребни профили за анализа на стабилноста (дека зависи и од „...побитните промени на геомеханичките карактеристики на земјиштето“) и став кој задолжува детално испитување на земјиштето „со доволен број геомеханички истражни работи“. За јакоста на смолкнување се бара „степен на сигурност од најмалку 75%“!? Се посочува и дека при секоја промена, преместување и сл., потребно е детално да се осознае геотехничката градба на теренот.

Во поглед на критериумите за прифатлив фактор на сигурност се приложени табели (види Табела 1 и Табела 2 во прилог).

Во поглед на начинот на одредување на механичките особености на карпите само е посочено дека треба да се утврдат, но не е посочено на кој начин и со кој обем во однос на големината и спецификите на истражниот простор.

Во Правилникот за технички нормативи за површинска експлоатација на архитектонско-градежен камен (украсен камен), технички камен, чакал и за преработка на архитектонско-

градежен камен ("Сл. лист на СФРЈ" бр. 11/86) се споменуваат инж.гео истражувања; во член 7 се потенцира: аголот на наклонот на работната косина на етажите на откопување јаловина може да изнесува најмногу до 90° ако стабилноста се докаже со испитувања; според член 13 висината на етажите на кои се врши експлоатација на камен мора да се определи во согласност со геолошките и инженерско-геолошките својства на карпата, начинот на откопување и механизацијата што се користи на тој коп; согласно член 14 аголот на наклонот на работната косина на етажата при добивање на блокови може да изнесува до 90°, ако стабилноста на етажата се докаже со испитувања; член 15 условува да неквалитетни делови на карпата смеат да се остават во косините на етажата на добивање блокови само ако се доволно стабилни и ако со тоа не се загрозуваат работите за добивање блокови; Во делот кој се однесува на експлоатација на технички камен, според член 93 работната висина на етажата се определува со проектот, со тоа што се замаат предвид геомеханичките својства на карпената маса и технологијата на добивање и, по правило, изнесува најмногу 30 m . По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, се дозволува и поголема висина, ако се утврди со проектот.

Во Правилникот за содржина на рударски проекти (Сл. весник на РМ бр. 128/07) во член 4 се споменуваат геомехнички карактеристики на минералните суровини и придружни карпи; Во член 10 е потенцирано дека „Одредувањето висина на етажни и работни и завршни косини, како и висина на одлагалиштето, и јаловини зависи врз основа на резултатите од физичките и геомеханичките својства на наслагите конструкцијата на откопот и јаловиштата"; Според член 17 секој Дополнителен рударски проект за отворање и експолатација на нови хоризонти, ревири, делови од рудници ги содржи сите елементи утврдени со овој Правилник за главни рударски проекти. За дополнителен рударски проект за нови рударски извозни окна и ветерни окна нема дефинирано таква обврска, а исто важи и за Упростен рударски проект за работа на објектите и постројките во постојните рудници и површински откопи, кои не се опфатени со главниот и рударскиот проект. Од овде произлегува дека и за фазата на изработка на Дополнителни рударски проекти се неопходни соодветни инженерскогеолошки и геотехнички испитувања и анализи.

Во член 22 од истиот Правилник нагласено е дека проектите за изведување на рударски истражни работи ги содржат сите предвидени рударско-геолошки работи, коишто се опфатени со Програмата за вршење на истражување, како и услови кога треба да се заокружи процесот на нови или стари објекти кои треба да се реконструираат или да им се промени намената. Поткопи-хоризонти, вентилациони окна, производни окна, вентилациони ходници и пречници и ходници за одводнување, како и водособирници, раскопи, усеци и други објекти кои сами за себе претставуваат целина.

2.1. Анализа на законски акти кои се однесуваат на инженерскогеолошки и геотехнички истражувања и испитувања за целите на истражување на наоѓалиштата на минерални суровини и нивна експлоатација во Австралија

Со цел да се изврши анализа на актуелните состојби на оваа тема во светот, спроведено е истражување на стручна литература достапна од интернет. Се констатира дека делот на инженерскогеолошките и геотехничките истражувања за целите на карактеризација на карпестите маса во рамки на самите рудни тела или околните карпи постојат само одреден број на достапни правилници или упатства, а обемот на истражувања и испитувања се одредува на различни начини зависно од фазата на истражување, начинот на експлоатација и генетскиот вид на наоѓалиште. За повеќето земји од светот овие правилници и упатства не се јавно достапни, освен за Австралија, па истите подолу се анализираат. Во документот „Geotechnical considerations in underground mines (Guideline)" 1997 Mosbhab – Mines Occupational Safety and Health Advisory Board Approved Document no. ZME723QT, Government of Western Australia, Department of industry and resources, е даден предлог колкав процент од истражното јадро треба да се картира од геотехнички аспект, а во зависност од фазата на истражување (Табела 3).

Авторите на ова Упатство посочуваат дека независно од бројот на геотехнички картирани дупнатини, од основно значење е да дупнатините кои се картирани бидат репрезентативни за условите на теренот во зоната на рудното тело и околните (придружни карпи) на потенцијалното наоѓалиште за експлоатација. Во документот

„Geotechnical considerations in open pit mines (Guideline)“ 1999 Mosbhab – Mines Occupational Safety and Health Advisory Board Approved, Government of Western Australia, Department of industry and resources, ISBN 0 7309 7807 9, е посочено дека размерот и обемот на геотехнички истражувања за целите на проектирање на површински коп треба да биде поголем кога геологијата е покомплексна (кога нивото на геотехничка неизвесност е висока), копот е длабок и има предвиден долг животен век, и/или последиците од лом би биле големи. Се потенцира дека управните тела на рудникот мора да обезбедат дека се осигурани вообичаените барања во поглед на геотехнички податоци за целите на проектирање на отворени копови, соодветно на големината на проектот. Конечниот проект на површинскиот коп треба да се потврди со соодветни геотехнички методи, земајќи ја предвид проценката на ризик, која ги вклучува сите параметри релевантни за стабилноста на тој вид на коп и безбедноста и економичноста на рударската активност. Оттука, произлегува дека за коповите со подолг век на експлоатација се бара повисоко ниво на геотехничка осозненост уште во најраните фази на развој на проектите и за време на работата, со цел да се намали нивото на неизвесност за карпестата маса и со тоа обезбеди подобра контрола/управување со зголемениот ризик.

Во документот Mines safety and inspection act 1994, Mines safety and inspection regulation 1995, ver.6.0, 21.06.2021 год., јасно се посочени сите потребни геотехнички аспекти на кои управувачките структури треба да водат сметка за време на проектирањето на рудниците, во фаза на работа, како и за целите на нивно затворање после завршување на експлоатацијата.

Во документот Geotechnical guideline for terminal and rehabilitated slopes - Extractive industry projects, Victoria State Government, September 2020, посочена е потребата да се изврши целосна геотехничка проценка на предложен проект доколку ископот на било која од завршните косини надминува 15 метри. Проценката треба да ја изврши компетентна личност за време на иницијалното планирање и фазата на проектирање. Во самиот документ се посочува и на друг правилник кој се однесува на геотехничките аспекти при проектирање на јаловишта.

Интересни се наодите во трудот на Murphy and Barnett 2018, кои го третираат проблемот на одредување на обем на истражни работи за геотехничка карактеризација на едно наоѓалиште во фазата на студија на предизводливост, а разгледани се три типа на наоѓалишта: профирски, сулфидни епитермални наоѓалишта на злато и сребро, и наоѓалишта во орогени појаси контролирани од раседни структури. Според овие автори, како минимални потребни работи согласно соодветно изготвена програма за геотехнички испитувања се сметаат:

Ревизија на општата истражна програма за дупчење – Присуство на терен и дискусија со главниот теренски геолог, со разгледување на јадрото и дискусија за прибраните податоци. Важен аспект е запознавањето со алтерациите и нивниот интензитет, и како тие се однесуваат во тек на време (кај набљудуваното јадро). Обемот и типот на раседните структури кои ги пресекува јадрото се важни за да се дефинираат примарните и секундарните структури уште во раната фаза на развој на проектот.

Површинско картирање – доколку постојат доволен број на површински изданоци или засеци за пристапни/сервисни патишта, треба да се спроведе структурно и геотехничко картирање. Во исто време, може да се одредат профилите на распаѓање на карпата и нивната моќност.

Истражно дупчење – Обемот на истражни дупнатини со геотехнички третман треба да се дефинира после согледување на резултатите од ревизијата на општата истражна програма и површинското картирање, како и во консултација со одговорните истражен геолог, металург, геохемичар, минералог.

Преку примена на овој пристап се создаваат услови за подготовка на оптимизирана програма за истражни дупчења која ќе ги даде одговорите на најважните прашања во предфизибилити фазата од проучување на едно наоѓалиште. Во исто време, се постигнува и ефикасност во финансиското работење на концесионерот. Независно од типот на наоѓалиште, авторите ги донесуваат следните заклучоци:

– важно е да се одреди типот на алтерација и интензитетите на поедините алтерации

– важно е да се проучат сите достапни порано изведени истражни дупнатини (структури, алтерации, раседни зони) од фотографии или достапно јадро.

– во зависност од растојанието на дупнатините и сложеноста на наоѓалиштето, да се развие блок модел во кој јасно ќе се дефинираат границите на геотехнички домени на цврсти и меки карпи (за дадениот степен на истраженост).

– да се одреди број на пукнатини и зачестеност на пукнатини. Да се направи обид за дефинирање на основните системи на пукнатини во однос на пократките пукнатини на ладење.

– да се карактеризира интензитетот на микро-пукнатини во различни литолошки, алтерациони и структурни домени и да се направи врска со јакоста на карпата на ниво на монолит.

– да се подготви програма за лабораториско тестирање која ќе овозможи добивање на репрезентативни податоци за јакоста на смолкнување на карпата и нејзината варијабилност во однос на алтерациоиите типови и нивниот интезитет.

Во документот „Guidelines under MCDR (Mineral Conservation and Development Rules) for United Nations Framework Classification of Mineral Reserves / Resources“ дефинирани се основни фази од проектите т.е. кога треба да се спроведе соодветен обем на геотехничките истражувања и испитувања. Сумарно, независно од типот на генетскиот тип на наоѓалиште се дадени насоки да во предфизибилити студиите се соберат основни детали за целите на изградба на објекти, а во физибилити-фазата да се одредат сите услови на работната средина (геотехничко-инженерско-геолошки како за самата зона на ископ на руда, така и за сите инфраструктурни објекти.

Read и Stacey (2009), во публикацијата „Guideline for Open Pit Slope Design“ CRC Press ја даваат Табела 4 за критериум на прифатливост за анализа на стабилност на завршни или рехабилитирани косини.

Произлегува дека кај разгледуваните документи постои одредена неусогласеност во однос на фазноста на реализација на истражувањата од геотехнички аспект, што наметнува само по себе потреба од усогласување и на интернационално ниво. Оваа проблематика е потребно да се анализира во рамки на стручните меѓународни друштва од областа на механиката на карпи, инженерската геологија и рударството.

2.2. Препораки за дефинирање на задолжителен минимален обем на инженерско-геолошки и геотехнички истражувања и испитувања за различни цели во рударството

Врз база на стекнатото искуство во учество и изработка на инженерскогеолошка и геотехничка документација за повеќе наоѓалишта од различна генетска група во Македонија, во продолжение се презентирани препораки за дефинирање на минимален обем на теренски истражувања (Табела 6) и лабораториски испитувања кај неметалични, метални и наоѓалишта на енергетски суровини т.е. јаглен (Табели 7, 8 и 9). Се напоменува дека овие препораки треба да бидат предмет на понатамошна дискусија, но се цени дека овозможуваат еден систематски пристап при одредувањето на оптималниот обем на истражувања и испитувања. Секое поединечно наоѓалиште се карактеризира со свои специфики од генетски, морфолошки и квантитативен аспект, па оттука изнесените препораки треба да се почитуваат но и прилагодат на соодветната ситуација. Во однос на истражните дупчења кои се вршат за целите на утврдување на рудните резерви, а кои дупнатини генерално се подлежни на геохемиски испитувања, потребно е да се изврши оптимизација и истите дупнатини да се искористат и за геотехничка карактеризација на карпестата маса.

Со цел да се постигне соодветен квалитет на изработка на инженерско-геолошката и геотехничката документација, во сите процеси на планирање на општите и специјалните истражно-испитателни програми треба уште во најраните фази на развој на проектите да се вклучат специјалисти од соодветните области.

Што се однесува до геотехничките истражувања и испитувања за целите на проектирање на неопходните инфраструктурни објекти, истите треба да се реализираат согласно на препораките од Еврокод 7, дел 2 (ЕК 7-2 Ground investigation and testing) (Табела 5). Тие се однесуваат на т.н. геотехничка категорија 2, каде спаѓаат објекти со релативно стандардна сложеност и во просечни геолошки услови. Поради тоа, и во рамките на ЕК 7-2 се наведува дека за многу големи или многу комплексни проекти, некои од истражните места се водат до поголеми длабочини од наведените. Воедно, поголема истражна длабочина треба да се избере секогаш кога се претпоставуваат неповолни геолошки услови, како што се слаби или стисливи слоеви под слоевите со поголема носивост (Слика 1). Овие елементи, т.е. зависност на обем на истражни работи од геолошка и конструктивна сложеност, се предвидува да бидат подетално опфатени во следната генерација на Еврокод 7, која се планира да се објави во 2022/23 год. Од друга страна, за објекти планирани врз релативно едноставен терен, длабочината на истражување може да

биде z_a = 2 m, но ако геологијата е сложена, тогаш барем една дупнатина треба да се спушти на минимум z_a = 5 m. Ако на местото на планираната основа на конструкцијата се наиде на камена формација, тоа треба да се земе како референтното ниво за z_a. Исто така, ЕК 7-2 дава насока и за земање на предвид и на состојбите на подземните води, како и дека за конструкции што држат вода, z_a треба да се одреди како функција на планираното ниво на зафатената вода, хидрогеолошките услови и методот на градење (Слика 1).



a) насип b) ископ/засек

Сл. 1. Шематски приказ за дефинирање на длабочина на истражни работи за градежни објекти кај рударски комплекс

Управувањето на хидројаловиштата и геотехничката категоризација на теренот и материјалите од кои се градат хидројаловиштата треба да се врши согласно јасно дефинирани правилници и закони како што тоа е сторено во многу земји од светот (види на https://www.tailings.info /knowledge/guidelines.htm). Бидејки овие објекти се со највисок ризик по околината, потребна е поширока дискусија со градежни, хидротехнички и други инженери, со цел соодветно усогласување и доработка на законската регулатива за овие објекти. Регулативата која се однесува на геотехнички мониторинг на високоризични објекти и длабоки ископи исто така треба да биде предмет на поширока дискусија.

2. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Врз основа на спроведените анализи може да се констатира дека постои реална потреба од доуредување на законската регулатива која ги третира инженерската геологија и геотехниката во рамките на истражувањето и експлоатацијата на минералните суровини во Македонија. Притоа се потенцира дека во сите идни постапки во оваа насока е потребно да се вклучат сите релевантни чинители во државата, а во целост да се следат и препораките од Евроводите и усвоениот национален анекс. Неопходно е да се редифинираат и критериумите за прифатливост кај анализите на стабилност, а покрај фактор на сигурност да се вклучи во предвид и веројатноста на лом како дополнителен показател. Во актуелната регулатива не е соодветно третирана природната и иницирана сеизмичност на теренот, што треба да биде практика имајки ги во предвид регионалните сеизмички услови. Користењето на акредитирани лаборатории треба да се воведе за сите цели на истражувањата. Имајќи ја предвид законската обврска на компаниите и физичките лица за лиценцирање и овластување во различни области во инженерството, во соодветните закони и подзаконски акти треба јасно да се дефинира кој профил на инженери се овластени да вршат инженерскогеолошки и геотехнички истражувања и испитувања за целите на истражување и експлоатација на минерални суровини. Истражувањето во трудот покажа дека најголемиот дел од правилниците и другите подзаконски акти се од поранешната СФРЈ и истите во основа се застарени со ситуација од пред 40-тина години и повеќе. Се препорачува стручните друштва во областа на геологијата и рударството да покренат иницијатива во Минис-

терството за економија, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација, Комората за Овластени Архитекти и Овластени Инженери, за отпочнување на постапка за ажурирање и пред се хармонизирање на законите, правилниците, стандардите и нормативите што важат при истражувањето на минералните суровини во нашата држава со оние што важат во ЕУ. Ова секако е сложен процес кој ќе бара вклучување на повеќе заинтересирани страни и соодветен ангажман на институциите и стручните лица од праксата.

ЛИТЕРАТУРА

Eurocode 7 Geotechnical design Part – 2: Ground investigation and testing

Geotechnical guideline for terminal and rehabilitated slopes - Extractive industry projects, Victoria State Government, September 2020

Geotechnical considerations in open pit mines (Guideline)“ 1999 Mosbhab – Mines Occupational Safety and Health Advisory Board ApproVed, Government of Western Australia, Department of industry and resources, ISBN 0 7309 7807 9

Geotechnical Considerations In underground mines (Guideline)“ 1997 Mosbhab – Mines Occupational Safety and Health Advisory Board Approved Document no. ZME723QT, Government of Western Australia, Department of industry and resources Mines safety and inspection act 1994, Mines safety and inspection regulation 1995, ver.6.0, 21.06.2021

Guidelines under MCDR (Mineral Conservation and Development Rules) for United Nations Framework Classification of Mineral Reserves / Resources

Закон за минерални суровини – Сл. весник на РМ“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19

Murphy B. and Barnett W. Approach to geotechnical characterization and slope data acquisition programs in different deposit types“ (XIV Congreso Internacional de Energia y Recursos Minerales, Slope stability 2018, April 10–13, 2018 Seville, Spain)

Правилник за содржина на геолошка документација за вршење на детални голошки истражувања – Сл. весник на Република Македонија 138/07

Правилник за содржина на рударски објекти – Сл. весник на РМ бр.128/07

Правилник за класификација и категоризација на резерви за цврсти минерални суровини и водење евиденција за нив – Сл. весник на СФРЈ бр.53/79 год.

Правилник за технички нормативи за подземна експлоатација на метални и неметални минерални суровини – Сл. весник на СФРЈ бр.24/91 год.

Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на минерални суровини – Сл. весник на СФРЈ бр. 4/86 год.

Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на архитектонско-градежен камен (украсен камен), технички камен, чакал и за преработка на архитектонско-градежен камен – Сл. лист на СФРЈ бр.11/86 год.

Read and Stacey (2009) „Guideline for Open Pit Slope Design“ CRC Press

ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Т а б е л а 1

*Критериуми за вредности на фактор на сигурност за одделни косини, на системите на косини и на завршните косини во меки карпи на копот (според Службен весник на СФРЈ бр.4 од 1986 год.)**

Показател	Фактор на сигурност *F*
Работни косини што се менуваат еднаш месечно	1,00 – 1,10
Работни косини на кои се движи механизацијата и транспортот	1,10 – 1,15
Систем на работни косини кога работи механизација и кога се врши транспорт	1,15 – 1,20
Косини што имаат подолг век на траење, бочни и завршни косини	1,30
Засеци на отварање во зависност од сложеноста на геолошките услови и технологијата на откопување	1,10 – 1,50
Работни етажи, при премин преку зоната на стари работи и други подземни простории	1,20 – 1,50

*Слична табела се дава и за завршни косини кај одлагалишта

Т а б е л а 2

*Критериуми за вредности на фактор на сигурност за одделни косини, на системите на косини и на завршните косини во цврсти карпи и одлагалишта (според Службен весник на СФРЈ бр.4 од 1986 год.)**

Показател	Фактор на сигурност *F*
а) Закоп	
Работни косини на парцијални етажи	1,00 – 1,05
Работни косини на систем на етажи	1,05 – 1,10
Систем на работни етажи со транспортни патишта	1,15 – 1,20
Завршни косини на коп	1,30 – 1,50
а) За одлагалиште	
Работни косини на парцијални етажи	1,05 – 1,10
Работни косини на парцијални етажи и систем на косини	1,10 – 1,15
Завршни косини на одлагалиште	1,30 – 1,50
Кршење на подлога и лизгање по подлога	1,50 – 2,00

Т а б е л а 3.

Предложен процент на истражно јадро кое треба да биде геотехнички картирано. Според Document no.ZME723QT, регулатива во Австралија

Фаза во развој на проектот	Предложен процент на јадро кое треба да се картира геотехнички (%)
Предфизибилити студија (предизводливост)	25–50
Физибилити студија	50–100
Во фаза на работа на рудникот	25–75

Т а б е л а 4

Критериум на прифатливост на анализа на стабилност на завршни или рехабилитирани косини, Според Read и Stacey (2009)

Последица од лом, влијание на јавното здравје, инфраструктурата, животната средина, земјиштетото или имотите	Прифатлив фактор на сигурност (Fs)	Прифатлива минимална веројатност на лом (%)
Не е сериозна	1,3	10
Средно сериозна	1,6	1
Многу сериозна	2,0	0,5

Т а б е л а 5

Преглед на распоред и длабочина на истражни работи за градежни објекти кај рударски комплекси согласно Еврокод 7-2 (верзија 2007 год.)

Објект	Линиски објекти (патишта, канали, цевководи, тунели) (*h* – висина на насип или ископ)	Брани (висина *h*)
Растојание помеѓу истражни работи (линиски)	20 – 200 m	25 – 75 m
Длабочина на истражни работи za од најниската точка (се зема повисоката вредност)	Насип: 0,8h < Za < 1,2h; Za ⟨ 6 m Ископ: Za ⟨ 2,0 m; Za ⟨ 0,4h	0,8h < Za < 1,2h; Za ⟨ 6 m

Т а б е л а 6

Предложен минимален обем на инженерскогеолошки и геотехнички истражувања и испитувања кај наоѓалишта на минерални суровини за зоната на ископување на минералната суровина (рудно тело и придружни карпи)

Вид на работа	Фаза на истражување на наоѓалиште или рудник во експлоатација				
Кабинетски анализи и теренски истражувања	Прелиминарни истражувања	Пред физибилити студии	Физибилити студии	Детални геолошки истражувања	Доистражувања и истражувања во фаза на експлоатација
Анализа и критички осврт за постојна геолошка-геотехничка документација од секаков вид		√	√	√	√
Теренска проспекција со главен геолог на проектот и усогласување на геотехничката истражна програма со општата програма за истражно дупчење	√	√	√	√	√
Инженерскогеолошко картирање на изданоци според препораки на ISRM, работни етажи или подземни простории, примена на Шмитов чекан		Карактеристични структури	Карактеристични структури.	Континуирано	Континуирано
Инженерскогеолошко картирање на јадро од истражни дупнатини по стандарди на ISRM (во % од вкупно предвиден обем на дупчење со јадрување) и изведба на „тилт тест“. Вклучително и дупнатини кои се вршат за одредување на резервите на минерални суровини (за геохемиски анализи)		√ (25-50%)	√ (50-75%)	√ (100%)	√ (100%)
Геотехничка класификација и карактеризација на карпите и почвите (која класификација ќе се примени зависи од намената и намената на истражувањето)		√	√	√	√
Дефинирање на водопропусноста со теренски опити (% од истражни дупнатини) (според Lugeon, Lefranc)			√ (10%)	√ (25-50%)	√ (10-25%)
Реализација на наменски дупчења до длабина на проектирани завршни косини (кај површински копови)*			5-10% од истражни дупнатини	10-25%	10-20%
Дефинирање на квазихомогени зони (3Д геотехнички домени, блок модели) и главните структури (раседи и раседни зони)**		(доверливост 25%)	(доверливост 50-75%)	(доверливост 75-100%)	(доверливост 100%)
Воспоставување на корелации помеѓу физичко-механичките параметри на карпите во издвоените геотехнички домени			√	√	√

*Зависно од геометријата на површинскиот коп и сложеноста на геологијата, се одлучува за позицијата на поставување на истражните И.Г. дупнатини, а се врши и усогласување со програмата за геолошко дупчење

**Задолжително за наоѓалишта на метални минерални суровини, во одредени услови и за неметални

***Обем на испитување на водопропусноста се усогласува со програмата за хидрогеолошки истражувања и испитувања

Т а б е л а 7

Предложен минимален обем на лабораториски испитувања од геотехнички карактер кај наоѓалишта на минерални суровини за зоната на ископување на минералната суровина (градежно-технички камен)

Лабораториски работи	Фаза на истражување на наоѓалиште или рудник во експлоатација				
	Прелиминарни истражувања	Предфизибилити студии	Физибилити студии	Детални геолошки истражувања	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви
Теренски опит за одредување на индекс на точкаста јакост според препораки на ISRM		10-20 проби од површина на терен	1 проба на секои 20-40 m истражно јадро	1 проба на секои 10-20 m истражно јадро	1 проба на секои 20 m истражно јадро
Едноаксијална јакост на притисок во сува и водозаситена состојба, со одредување на модул на деформабилност на 5% од предвидениот број на примероци		5-10 проби од површина на терен	1 проба на секои 40 m истражно јадро	1 проба на секои 10-30 m истражно јадро	1 проба на секои 20 m истражно јадро
Јакост на затегање		3-5 проби од површина на терен	1 проба на секои 60 m истражно јадро	1 проба на секои 20-40 m истражно јадро	1 проба на секои 40 m истражно јадро
Јакост на смолкнување по пукнатини			По еден опит од секој геотехнички домен	3-5 опити на 100 m истражно јадро	3-5 опити на 150 m истражно јадро
Испитувања за дефинирање на применливоста на градежно-техничкиот камен за зависно од намената (водовпивање, специфична тежина, постојаност на дејство на мраз, отпорност на абење, минералошко петрографски состав, порозност, присуство на сулфати, сулфиди, хлориди, сулфур и др.)		3-5 примероци од површина на терен или плитки раскопи	5-10 примероци од различни геотехнички домени	5-10 примероци различни геотехнички домени	3-8 примероци различни геотехнички домени

*Волуменска тежина се одредува на сите примероци кои се испитуваат за јакост на притисок и јакост на затегање. Доколку постојат поголеми варијации, се одредува и кај примероците за индекс на точкаста јакост

**Дел од испитувањата служат само за целите на геотехничка катактеризација на наоѓалиштата, а други и за целите на одредување на применливоста на материјалот за градежно-технички цели

***Местото на земање на проби за целите на изработка на Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви да се нанесат на инженерскогеолошка карта

Т а б е л а 8

Предложен минимален обем на лабораториски испитувања од геотехнички карактер кај наоѓалишта на минерални суровини за зоната на ископување на минералната суровина (метални минерални суровини)

	Фаза на истражување на наоѓалиште или рудник во експлоатација				
Лабораториски работи	Прелиминарни истражувања	Предфизибилити студии	Физибилити студии	Детални геолошки истражувања	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви
Теренски опит за одредување на индекс на точкаста јакост според препораки на ISRM	5-10 проби од површина на терен	1 проба на секои 50 m истражно јадро	1 проби на секои 20 m истражно јадро	1 проба на секои 2-5 m истражно јадро	1 проба на секои 10 m истражно јадро
Едноаксијална јакост на притисок, со одредување на модул на деформабилност на 10% од предвидениот број на примероци	5-10 проби од површина на терен	1 проба на секои 40 m истражно јадро	2 проби на секои 40 m истражно јадро	1 проба на секои 30 m истражно јадро	1 проба на секои 30 m истражно јадро
Јакост на затегање	5-10 проби од површина на терен	1 проба на секои 40 m истражно јадро	2 проби на секои 60 m истражно јадро	1 проба на секои 30 m истражно јадро	1 проба на секои 30 m истражно јадро
Јакост на смолкнување по пукнатини		1 опит на секои 100 m истражно јадро	2 опити на секои 100 m истражно јадро	3 опити на 100 m истражно јадро	3 опити на 150 m истражно јадро
Трајност на карпите (Slake durability test)		1 опит на секои 100 m истражно јадро	2 опити на секои 100 m истражно јадро	3 опити на 100 m истражно јадро	3 опити на 150 m истражно јадро

*Волуменска тежина се одредува на сите примероци кои се испитуваат за јакост на притисок и јакост на затегање. Доколку постојат поголеми варијации, се одредува и кај примероците за индекс на точкаста јакост

**Зависно од геолошката сложеност, т.е. бројот на присутни алтерации во одредени геотехнички домени и присутни структури, предложениот обем на лабораториски испитувања може да варира во граници од 25-30% (не важи за параметарот индекс на точкаста јакост)

***Обемот на опит за трајност на карпите може да варира и во граници до 100%, зависно од степенот на присутни алтерации

Т а б е л а 9

*Предложен минимален обем на лабораториски испитувања од геотехнички карактер кај наоѓалишта на минерални суровини за зоната на ископување на минералната суровина (енергетски минерални суровини – јаглен)**

Лабораториски работи	Фаза на истражување на наоѓалиште или рудник во експлоатација				
	Прелиминарни истражувања	Предфизибилити студии	Физибилити студии	Детални геолошки истражувања	Елаборат за прекатегоризација на рудни резерви
Класификациони опити, специфична и волуменска тежина, атербергови граници, природна влажност	1–2 проби од истражна дупнатина	1 проба на секоја промена на литолошка средина	1 проба на секој слој со моќност поголема од 4.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m
Опити на директно смолкнување	1–2 проби од истражна дупнатина	1проба на секоја промена на литолошка средина	1 проба на секој слој со моќност поголема од 4.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m
Триаксијални опити	1–2 проби од истражна дупнатина	1 проба на секоја промена на литолошка средина	1 проба на секој слој со моќност поголема од 4.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m
Јакост на притисок на почви	1–2 проби од истражна дупнатина	1 проба на секоја промена на литолошка средина	1 проба на секој слој со моќност поголема од 4.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m	1 проба на секој слој со моќност поголема од 2.0 m
Трајност на јаглен (Slake durability test)		1 композитна проба од сите слоеви на јаглен на 1000 m истражно јадро	1композитна проба од сите слоеви на јаглен на 500 m истражно јадро	1 композитна проба од сите слоеви на јаглен од секоја дупнатина	1 композитна проба од сите слоеви на јаглен од ја втора дупнатина
Едометарски опити		1 проба од истражна дупнатина	1 проба на секоја промена на литолошка средина	2 проби на секоја промена на литолошка средина	1 проба на секоја промена на литолошка средина

*Зависно од геолошката сложеност, т.е. групата и подгрупата на наоѓалиштето, согласно Правилникот за класификација и категоризација на рудни резерви, предложениот обем на лабораториски испитувања може да варира во граници 25-30%. Притоа, кај пониските категории се изведува поголем обем на испитувања.

2-ID-05
UDC: 556.388:556.36.047(497.75)

ИЗВЕДБА НА ПИЕЗОМЕТРИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА МОЖНИ ПАТИШТА НА ДВИЖЕЊЕ НА ШЕСТОВАЛЕТЕН ХРОМ СО ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ НИЗ ЖЕДЕНСКИОТ МАСИВ КОН ИЗВОРОТ РАШЧЕ

Стојан Михаиловски[1], Златко Илијовски[1], Ивица Андов[1], Војо Мирчовски[2]

[1]*Градежен Институт „Македонија“, Скопје, Република Северна Македонија*
[2]*Faculty of Natural and Technical Sciences, “Goce Delčev” University in Štip,*
Blvd. Blvd. Krste Misirkov 10-A, P.O, Box 210, 2000 Štip, Republic of North Macedonia
geozlatko @gim.com.mk

А п с т р а к т: Изведбата на два пиезометри во Жеденскиот карбонатен масив е со цел дефинирање на можни патишта на движење на Cr^{6+} со подземните води кон изворот Рашче. Изворот на загадување е индустриската депонија Југохром. Досега изведните пиезометри и испитувања поврзани со загадувањето со Cr^{6+} биле реализирани во неврзаните седименти и на контактот помеѓу Полошката котлина и Жеден, а сега се изведени пиезометри во Жеденскиот карбонатен масив и во правец на движење на подземните води. Индустриската депонијата Југохром се наоѓа на растојание од околу 30 km од градот Скопје, во зона на прихранување на изворот Рашче. На исток од депонијата на околу 100 m почнува Жеденскиот карбонатен масив, во кој се наоѓа карстен издан кој го прихранува изворот Рашче. Депонијата е резултат од работењето на комбинарот Југохром во периодот од 1955 до 2016. Помеѓу останатото во депнијата има количина од околу 350000 t бихроматно блато, кое во својот состав содржи Cr^{6+}. Депонијата континуирано продуцира загадување со Cr^{6+} во плитките подземни води во зоните на прихранување на изворот Рашче, односно неврзаните седименти од Долен Полог околу депонијата и низводно во реката Вардар, што е сериозна закана од можно загадување на подземните води во Женскиот карбонатен масив и изворот Рашче. За дефинирање на можните патишта на транспорт на хромот со подземните води низ Жеденскиот масив изведени се два пиезометри П-1 (длабок 220 m) и П-2 (длабок 435 m). Покрај останатите добиени резултати со ниванта изведба, од нив се земени примероци од вода за анализи. Резултатите од анализите покажаа дека, во однос на максимално дозволената концентрација (МДК) на Cr^{6+} (0,01 mg/l), во П-1 детектирана е концентрација на Cr^{6+} во граници на дозволеното (0,002 mg/l), додека во П-2 детектирана е за 3,6 пати зголемена концентрација на Cr^{6+} (0,036 mg/l).

Клучни зборови: шестовалентен хром, депонија, подземни води, загадување, Жеден, извор Рашче

CONSTRUCTION OF PIEZOMETERS TO DEFINE POSSIBLE ROUTES OF MOVEMENT OF HEXAVALENT CHROMIUM WITH GROUNDWATER THROUGH THE ZHEDEN MASSIF TOWARDS THE SPRING RASHCHE

A b s t r a c t: The construction of two piezometers in the Zheden carbonate massif is aimed at defining possible routes of movement of Cr^{6+} with groundwater towards the spring Rashche. The source of pollution is the industrial landfill Jugohrom. So far, piezometers and tests related to Cr^{6+} pollution have been realized in the unbound sediments and at the contact between the Polog valley and Zheden, and now piezometers have been constructed in the Zheden carbonate massif and in the direction of groundwater movement. The industrial landfill Jugohrom is located at a distance of about 30 km from the city of Skopje, in the recharge zone of the Rashche spring. To the east of the landfill, at about 100 m, begins the Zheden carbonate massif, in which there is a karst aquifer that recharges the Rashche spring. The landfill is a result of the operation of the factory Jugohrom in the period from 1955 to 2016. Among the rest in the landfill there is a quantity of about 350,000 t bichromatic swamp, which contains Cr^{6+}. The landfill continuously produces Cr^{6+} pollution in the shallow groundwater in the recharge zones of the Rashche spring, ie the unbound sediments from Dolen Polog around the landfill and downstream in the river Vardar, which is a serious threat of possible groundwater pollution in the Zheden carbonate massif and the spring Rashche. Two piezometers P-1 (220 m in depth) and P-2 (435 m in depth) were constructed to define the possible routes of chromium

transport with groundwater through the Zeden massif. In addition to the other results obtained with their construction, water samples were taken for analysis. The results of the analyses showed that, in relation to the maximum permissible concentration (MPC) of Cr^{6+} (0.01 mg/l), in P-1 a concentration of Cr^{6+} was detected within the permissible limits (0.002mg/l), while in P-2 it is detected a 3.6-fold increase in Cr^{6+} concentration (0.036 mg/l).

Key words: hexavalent chromium, landfill, groundwater, pollution, Zheden, spring Rashche

ВОВЕД

Истражуваниот терен се наоѓа во крајниот северозападен дел на Македонија (Слика 1). Во близина на депонијата, односно на исток од неа на растојание од околу 100 m почнува Жеденскиот карбонатен масив, во кој се наоѓа карстен водоносник, кој го прихранува изворот (врело) Рашче. Изворот Рашче е карстен извор со променлива вкупна издашност која се движи во рамките од 3,18 до 9,6 m^3/s или средна 5,15 m^3/s (податоци за 2007 до 2015 год., „Водовод“ – Скопје) што го прави изворот втор по големина во нашата држава. Околу 90% од населението од Скопје и Скопскиот регион, кој има околу 600.000 жители, и добар дел од стопанството потребите со вода ги задоволува од овој извор.

Шестовалентниот хром е еден од главните хемиски суровини кој во минатото често се користел во индустријата и поради тоа често е присутен во индустриски отпади, како што е случајот со депонијата Југохром. Помеѓу можните форми на хром, шестовалентниот е најтоксичен. Во изминатиот период се работени повеќе истражувања во Македонија кои ја опишуваат геологијата и хидрогеологијата на Полошката котлина вклучително и теренот околу индустриската депонија, а некои од нив се осврнуваат и на загадувањето со Cr^{6+} на подземните води од индустриската депонија Југохром во Јегуновце. (Кекиќ 1986, Радованович и др., 1989). Индустриската депонија во континуитет се до денес продуцира загадување на подземните води со Cr^{6+}. Во минатото се работени истражувања и технички решенија за прочистување на загадените води од депонијата со изведба на дренажни системи за зафаќање на контаминираните плитки подземни и процедни води со Cr^{6+} под депонијата и нивно прочистување во пречистителната станица во фабриката Југохром (Соро и др., 2001**).** Но, сепак проблемот со депонијата до денес не е трајно решен.

Исто така, во периодот од 2010 – 2015, за утврдување на содржината на Cr^{6+} во подземните и површинските води вршен е мониторинг на подземни води околу индустриската депонија, околу фабриката Југохром како и на поширокиот простор околу Јегуновце (Архива на „Сил-мак“ или поранешен „Југохром“). Со овој мониторинг е одредено присуство на Cr^{6+} кое било над МДК (>0,01 mg/l). Во кругот на комбинатот содржината на Cr^{6+} се движела во рамките од 0,21 – 14,23 mg/l, додека во околината на депонијата загадувањето со Cr^{6+} било поголемо и содржината се движела во рамките од 0,03 – 1751,30 mg/l. Помеѓу последни истражувања за загадувањето со Cr^{6+} на подземните и површинските води од депонијата Југохром и за подетално утврдување на хирогеолошките карактеристики на теренот околу депонијата во правец кон Жедескиот карбонатен масив се реализирани во текот на 2019 година **(**Илијовски и др, 2020). Со овие истражувања изведни се три истражни бунари и три пиезометри на просторот помеѓу депонијата и Жеден.

Со добиените резултати од анализите се констатирало дека најголемо загадување со Cr^{6+} кое е во рамките од 0,052 – 139,98 mg/l било регистрирано во близина на депонијата кај плитките подземни води односно кај водоносниците со слободно ниво. Кај артеските водоносници со субартеско ниво во некои од примероците, исто така, е регистрирано загадување со Cr^{6+} кое се движи од 0,017 – 0,041 mg/l. Од површинските води на река Вардар се направени две испитувања, пред и после депонијата. За седум пати зголемена концентрација на Cr^{6+} од 0,069 е констатирана после депонијата, а пред депонијата не било регистрирано Cr^{6+}. Но, досегашните испитувања за загадувањето со хром се однесувале на подземните води во пиезометри кои биле изведувани во близина на депонијата и на контакниот дел на Полошката котлина со Жеденскиот масив во неврзаните седименти. Со цел одредување на можните патишта на транспорт на хромот со подземните води низ Жеденскиот масив, во периодот февруари-мај 2021 изведени се два длабоки пиезометри во самиот Жеден (Слика 1). Изработени се и хемиски анализи на

примероци од води во постоечките пиезометри и ново изведените пиезометри на Жеден (П-1 и П-2). Резултатите од изведба на пиезометрите и анализите се презентирани во овој труд



Сл. 1. Географска позиција на истражуваниот терен

2. ИСТОРИЈАТ НА СТВАРАЊЕ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕПОНИЈАТА ВО ЈЕГУНОВЦЕ

Идустриската депонија е резултат на работењето на хемиско металуршкиот комбинат поранешен „Југохром" или денешен „Силмак", во периодот од 1955 год. до 2016 год. кога имало производство на феролегури, феросилициум и силициум за потребите на металната индустрија, како и производство на натриум бихромат за потребите на хемиската и кожарската индустрија Моментално во фабриката нема никаква активност на производство. Во периодот од 1955 до 1994 како резултат на производниот процес на натриум бихромат се создавало хроматно блато кое на почетокот било депонирано во кругот на фабриката, а покасно било однесено на денешната депонија и таму било продолжено со депонирање на депонијата се до 1987 год., како чисто бихроматно блато, а од 1987 до 1994год. било мешано со металуршка шлака. Депонијата зафаќа површина од околу 7 ha, со висина од 30 m, просечна околу 23 m. Волуменот на депонијата изнесува околу 1 200 000 m^3, со депонирано бихроматно блато од околу 350 000 t. Остатокот на материјал е металуршка шлака, градежен шут, комунален отпад од фабриката и околните населени места. Бихроматното блатао во својот состав содржи Na_2CrO_4 2.1% од кој 0,7% во вид на Cr^{6+}, а содржината на Cr_2O_3 изнесува 5%.

Самата депонија е лоцирана на првата речна тераса на р. Вардар и многу блиску до карстниот масив Жеден, поради што депонијата претставува сериозен потенцијален ризик фактор по однос на загадувањето на Жеденскиот карстен водоносник, од каде извира изворот Рашче (Слика 2). Истата претставува една од 16-те врели точки (односно големи загадувачи) во Македонија.

Денес голем проблем е подолготрајното нефункционирање на пумпната станица под депонијата, а како резултат на тоа исц-едокот од депонијата со висока содржина на Cr^{6+} се прелева и истекува дирекно во р. Вардар и кон Жеденскиот масив (Слика 2).

Сл. 2. Исцедок од депонијата со содржина на Cr^{6+} во непосредна близина на р. Вардар и Жеден

3. ГЕОЛОШКИ И ТЕКТОНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОШИРОКАТА ОКОЛИНА

Според геотектонската реонизација на Македонија, истражуваниот терен припаѓа на Западно-македонската зона, а претставува дел од крајниот североисточен дел на Полошкиот неотектонски грабен **(**Арсовски, 1997). Пиезометрите П-1 и П-2 се изведени во рамките на Жеденскиот карбонатен комплекс. Тој претставува релативно издигната морфоструктурна единица помеѓу Полошката и Скопската депресија со максимална надморска висина од околу 1260 м.н.в.. Изграден е од тријаски мермеризирани варовници, со дебелина од 900 m и површина околу 133 km^2. Со околните тектонски единици контактира преку крупни раседи. Од североисточна и источна страна е ограничен со Радушкиот блок, од југоисточната со Скопскиот неоген басен, од јужна страна со Сувогорскиот блок, додека на запад е ограничен со Полошката неотектонска депресија. Полошката Котлина претставува типичен двостран грабен исполнет со горно миоценско-плиоценски седименти претставени со чакалесто-песокливи и глиновити седименти. Овие седименти во реонот на Долен Полог се со моќност до 600 m. (Думурџанов Н., 2008). Подземните води во оваа котлина се акумулирани во неогени (миоцен-плиоцен) и квартерни неврзани седименти.

Според хидродинамичките карактеристики на нивото, подземните води се јавуваат во водоносни слоеви со слободно ниво и водоносни слоеви со артеско-субартеско ниво. Плиоценските седименти на површината се покриени со квартерни седименти, освен на потегот село Јегуновце - с. Орешје - с. Вратница, каде се среќаваат на површината. Квартерните седименти се вени со езерски, флувиоглацијални, пролувијални и алувијални седименти. Основата на Полошката

котлина и нејзините периферни планински делови се изградени од палеозојски и мезозојски карпи **(**Петковски П. и др. 1985). Палеоз-ојските карпи воглавно се претставени со зелени шкрилци, хлоритепидот-серицит-кварцни шкрилци, албитхлорит-епидот-серицитски и други шкрилци, графитични шкрилци, а од еруптивните карпи застапени се гранитите, кои најчесто се ушкрилени.

Мезозојските карпи главно се претставени од: варовници, аргилошисти, песочници, дунити, харбургити, серпентинити и други. Основата на седиментите е изградена од метаморфозирани дијабази, палеозојски шкрилци и карбонатни карпи.

Индустриската депонијата е лоцирана на првата речна тераса на р. Вардар, односно на влезот на р. Вардар во Дервенската клисура.

4. ХИДРОГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОШИРОКАТА ОКОЛИНА

Хидрогеолошката градба на пошироката околина на истражниот терен е прикажана на Слика 3 (Илијовски, 2013; Петковски и др., 1985; Јанчевски и др., 1982). Врз основа на извршени голем број на истражувања, добиени се доста детални податоци за хидрогеолошките карактеристики за истражниот терен. Истражниот терен, од хидрогеолошки аспект регионално не претставува една хидрогеолошка целина, туку е поврзан со околните структури. Во зависност од застапените типови на порозност во карпестите маси на пошироката околина на Жеден застапени се следните типови на водоносници/издани:

1. Збиен тип на водоносници,
2. Карстно-пукнатински тип на водоносници,
3. Пукнатински тип на водоносници и
4. Терени без водоносници.

Збиен тип на водоносници со слободно ниво е формиран во неврзаните седименти на Полошката котлина од терциерна и квартерна старост, кои се одликуваат со интергрануларна порозност. Во рамките на овие водоносници според издашноста може да се издвојат следните типови на водоносници:

Водоносниците со слаба водопропусност и водоносност - се формирани во заглинетите делувијални и пролувијални седименти по ободите на Полошката котлина и во варовничката глиновита дробина која се јавува во некои раседни зони по ободот на котлината, односно во контакната зона на Жеденскиот масив со Полошката котлина. Овие терени спаѓаат во класа 11 и се карактеризираат со коефициент на филтрација Kf = 0,086 – 0,86 m/den, коефициент на трансмисивност T = 15 – 50 m^2/den и издашност на бунари Q_{bun} = 0,5 - 2 l/s.

Водоносници со средна водопропусност - Формирани се во пролувијалните седименти изградени од чакал и песок како и глиновити чакалести седименти кои се јавуваат по ободните делови на Полошката котлина. Овие терени спаѓаат во класа 12 и се карактеризираат со Kf = 0,86 – 8,6 m/ден, T = 50 – 300 m^2/ден и Q_{bun} = 2 – 10l/s.

Водоносници со средна до висока водопропусност и водоносност - Овие водоносници се формирани во современите алувијални седименти и квартерно езерските и алувијално – терасните седименти.

Современи алувијални седименти - кои се изградени од разногранулирани песоци и чакали, наместа глиновити се јавуваат по течението на реката Вардар. Овие седименти спаѓаат во класа 13 и се карактеризираат со $Kf = n \times 10^{-4}$ m/s, T = 30 – 1500 m^2/den и Q_{bun}= 10 – 25 l/s.

Квартерно– езерските и алувијално терасните седименти - ја покриваат целата Полошка котлина до длабочина од околу 20-30 m. Кај овие седименти промената на литолошките единици е многу честа, како во хоризонтален, така и во вертикален профил, поради што и се јавува разлика во коефициентите на филтрација. Спаѓаат во класа 12, 13 и генерално се карактеризираат со Kf = 8,64 – 86,4 m/den, T = 50 – 1500 m^2/den и Q_{bun} = 5 – 25 l/s.

Движењето на подземните води во Полошката Котлина е со генерален правец од подножјето на Шар Планина кон р. Вардар, како и од Долен Полог кон Жеденскиот карбонатен масив и изворот Рашче. Нивоата на подземна вода во средишните и источните делови на котлината се доста плитки, односно 2 – 5 m.

Водоносници со субартеско и артеско ниво. Со последните реализирани истражувања со изведба на истражни бунари и пиезометри на теренот помеѓу депонијата Југохром и Жеденскиот масив во неврзаните седименти од Полошката Котлина потврдено е присутство на збиен тип на водоносници со слободно ниво и водоносници со артеско и субартеско ниво (Илијовски и др. 2020). Во хидрогеолошки аспект артеските водоносници се врзани за комплексот на водопропусни и водонепропусни

горно плиоценски езерски седименти на просторот од Долен Полог.

Генерално, седментите на овој терен се карактеризираат со $Kf = n \times 10^{-4} – n \times 10^{-5}$ m/den, $T = 50 – 300$ m^2/den. Исто така, со дупчење констатирана е варовничка глиновита дробина на контактот Жеденскиот масив со неврзаните седименти. Тие се слабо до водонепропусни, со коефициент на филтрација во рангот $Kf = n \times 1\ 0^{-7}$ m/s.

Карстно-пукнатински тип на водоносник е формиран во рамките на тријаските карбонатни карпи од кои е изграден Жеденскиот масив. Жеденскиот карстен водоносник е од исклучително значење поради изворот Рашче, кој извира на тектонската граница помеѓу Жеденскиот масив и Скопската котлина. Овие карбонатни карпи се карактеризираат со интензивна и длабока карстификација и тоа значително подлабоко од кота 300, на која истекува водата преку изворот Рашче. (Кекиќ, 1986). Овие терени припаѓаат на класа 33, каде и се изведени пиезометрите П-1 и П-2 во Жеденскиот масив, и се карактеризираат со издашност на извори Q_i < 2500 l/s и коефициент на подземно истекување q_{sp} = 10 l/s/km^2. Останатите карбонатни карпи спаѓаат во класа 31, 32.

Пукнатински тип на водоносници – во средно издашни терени (класа 42).

Во ова група припаѓаат Радушките ултрабазити (дунитски перидотити и серпентинити), со кои Жеден е ограничен на североисток. Литолошките единици на Радушкиот масив се карактеризираат со голема испуканост поради интензивната тектоника со поголеми и помали раседи. Ваквите перидотитски маси во длабочина може да претставуваат значаен хидрогеолошки колектор со можност за акумулирање на значајни количини на подземна вода. Се одликуваат со средна водопропусност, потоа издашност на бунари $Q_{bun.}$= 2 - 10 l/s, издашност на извори $Q_{izv.}$ = 2 – 10 l/s и коефициент на подземно истекување q = 1.5 l/s/km^2.

Пукнатински тип на водоносници – во слабо издашни терени (класа 60) се јавуваат во околните планински масиви околу Полошката котлина, во палеозоиските цврсти карпи во кои спаѓаат кристалестите шкрилци со понизок кристалинитет и еруптивните карпи, кои според хидрогеолошката функција се слабоводопропусни. Водоносници се застапени само локално и плитко под површината на теренот, во длабина овие средини се безводни, освен во зони со тектонски и раседни структури.

Овие средини се безводни, освен во зони на тектонските – раседни структури.

Овие терени се карактеризираат со Q_i < 2 l/s, q = 0,2 l/s/km^2. Како терени без водонсници се издвоени миоценските седименти (лапорци, глини, песочници), како дел од Скопската котлина, кои имаат функција на бариера на истекување на подземните води од Жеденскиот масив

5. ИЗВЕДБА НА ПИЕЗОМЕТРИ НА ЖЕДЕН (П-1 И П-2)

Со цел дефинирање на можни патишта на движење на шестовалентниот хром, потоа натамошно следење на евентуално негативно влијание на депонијата Југохром врз квалитетот на подземните води на изворот Рашче, како и следење на промената на ниво на подземна вода, изведени се два длабоки пиезометри во масивот Жеден (Слики 1, 3 и 4). Дупчењето на истражните дупнатини и вградувањето на пиезометарите П-1 и П-2 се реализираше во периодот од февруари – мај 2021 год. Претходно, на двете локации изведени се припремни работи (пристапни патишта, рамнење на теренот, поставување на дупчачка гарнитура, ископ на базенти, обезбедување на техничка вода за дупчење и др.). За дупчење на пиезометрите, користена е машина тип *Mustang 9 – F4.* После завршеното дупчење на секоја од истражните дупнатини до крајна длабочина, беше извршено фотографирање и картирање на јадрото. Кон зацевување на пиезометрите беше пристапено после завршеното дупчење до крајна длабочина и тоа: П-1 до 220.00 m и на П-2 до 435.00 m, односно од 0.00 m до крајна длабочина истражните дупнатини се зацевени со челични поцинковани полни и филтерски цевки со дијаметар Ø 2’’ (П-1 = 220.00 m и П-2 = 435.00 m). Перфорирани цевки се поставени на интервал 202 – 214 m, кај П-1 и 417 – 434 m кај П-2. Перфорацијата е извршена со кружни отвори со дијаметар Ø 3 mm и со процент на перфорација од 8%. Техничкте карактеристики од изведба на пиезометрите се прикажани во Табела 4..



Сл. 3. Хидрогеолошка карта на поширокатa околина на Жеден
1) Неврзани карпи со слаба водопропусност, 2) Неврзани карпи со средна водопропусност, 3) Неврзани карпи со средна до висока водопропусност, 4) Неврзани или слабо врзани карпи со средна до висока водопропусност, 5) Карбонатни карпи со средна до висока водопропусност, 6) Жеденски карбонатен масив со многу голема водопропусност и карстифицираност, 7) Ефузивни и други цврсти карпи со средна водопропусност, 8) Цврсти карпи со слаба водопропусност до водонепропусни, 9) Терени без водоносници или само локално



Сл. 4. Хидрогеолошки профил – Полошка Котлина-Жеденски масив-Скопска Котлина (*Легендата е иста како во слика 3)

Т а б е л а 4

Технички карактеристики на пиезометрите П-1 и П-2

Технички карактеристики	П-1	П-2
Координати	7512292, 4659253	7515931, 4657434
Длабина на дупчење (m)	220	435
Завршен пречник на дупчење (mm)	96	96
Вградена конструкција (m)	220	435
Пречник на конструкција (mm)	2”	2”
Тип на конструкција	челични поцинковани чевки	
Полни цевки (m)	202	417
Филтерски цевки (m)	12	17
Таложник (m)	6	1
Засип од гранулиран чакал (m)	210	425
Цементација (m)	10	10
Ниво на подземна вода [m]	184,35 апс.кота 291	420,17 апс.кота 308

Освен одредување на литолошкиот состав на јадрото, со нивната изведба е дојдено до нови сознанија за апсолутна кота на подземна вода во карбонатниот масив Жеден, одреден е хемискиот состав на водата и се создадени услови за иден мониторинг, односно мерење на ниво на подземна вода (НПВ) и температура, како и редовно земање на примероци од вода за одредување на квалитет на подземните води во карстниот водоносник (Слика 4)..



Сл. 5. Карта со приказ на локациите од каде се земени примероците од вода

6. ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ ОД ВОДА ЗА АНАЛИЗИ И ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ

За дефинирање на квалитетот на подземна и површинска вода и дефинирање на можни патишта на транспорт на хромот во зона на депонијата и во Жеден, беа земени примероци од води за изработка на периодични физичко–хемиски анализи и анализи за одредување на содржина на Cr^{6+}. За таа цел еднократно земени беа 5 примероци од подземни води и 1 примерок од површинска вода или вкупно 6 примероци од репрезентативни локации, прикажани на Слика 5. Примероци од води за анализи се земени на локација помеѓу депонијата Југохром и Жеден, и тоа:

– од ново изведените пиезометри на Жеден (П-1 и П-2),

– од цевка 3/4’’ која спроведува контаминирана вода од под депонијата,

– од постоечки истражен бунар ИБ-2 и пиезометар П-1 УХМР, помеѓу депонијата и Жеден и

– еден примерок од површинска вода од река Вардар веднаш после депонијата. Физичко-хемиските анализи од води беа изработени во Институтот за јавно здравје – Скопје, додека анализите за одредување на содржината на шестовалентен хром беа изработени во Секторот за санитарна контрола при Водовод и Канализација – Скопје

Во табелата 5 се прикажани податоци за локациите од каде се земени примероците од води, потоа добиените вредности за содржината на Cr^{6+} во нив, како и за колку пати е зголемена концентрацијата на Cr^{6+} во однос на МКД.

На слика 6, графички се прикажани содржините на Cr^{6+}, и нивна споредба со МДК за Cr^{6+}, според македонскиот стандард на водата за пиење (0,01 mg/l).

Од табелата и дијаграмот може да се види дека кај повеќето од примероците од води се одредени зголемени концентрации на Cr^{6+} во однос на МДК. Врз основа на извршените анализи и просторниот распоред на локациите, од кои се земани примероците од води, може да се заклучи дека најголемо загадување со Cr^{6+} во однос на МДК се јавува во близина на депонијата.

Т а б е л а 5

Содржина на Cr^{6+} во примероците од вода

	Бр. на проба	Локација на земена проба	Координати		Длабочина на воден објект (m)	Содржина на Cr^{6+} (mg/l)	Колку пати е зголемена конц. на Cr^{6+} во однос на МДК *
			Y	X			
Подземна вода	1	Цевка затворена со вентил ø3/4’’	7 510 728	4 659 917	/	2740.0	274000
	2	Истражен бунар ИБ - 2	7 510 813	4 660 002	65	н.д.	/
	3	Пиезометар П - 1 УХМР	7 510 805	4 659 942	6	283.0	28300
	4	Пиезометар П - 1, Жеден	7 512 292	4 659 253	220	0.002	/
	5	Пиезометар П - 2, Жеден	7 515 931	4 657 434	435	0.03626	3.6
Површинска вода	6	Река Вардар, после депонија	7 510 825	4 660 070	/	0.02	2

*Броевите со црвено означуваат вредности над максимално дозволени концентрации-МКД (0.01 mg/l)



Сл. 6. Графички приказ на содржината на Cr^{6+} во примероците од вода, 2021

Енормно големи концентрации на Cr^{6+} се одредени во проба бр. 1 (од табелата) со концентрација на Cr^{6+} = 2740 mg/l или 274000 пати поголема концентрација во однос на МДК. Овој примерокот од вода, проба бр. 1, е земен од цевка со вентил ø3/4'', која поминува под депонијата и ги зафаќа процедните води од депонијата. Исто така, големи концентрации на Cr^{6+} се одредени кај плитките подземни води, односно проба бр. 3 во пиезометар П–1 УХМР (длабина 6 m) со концентрација на Cr^{6+}= 283 mg/l или 28300 пати поголема концентрација во однос на МДК. Овој пиезометар се наоѓа помеѓу р. Вардар и Жеден. Зголемени концентрации на Cr^{6+} се јавуваат и кој примерокот од вода бр. 5 кој е земен од пиезометар П-2 на Жеден, со концентрација на Cr^{6+} = 0.03626 mg/l или за 3.6 пати поголема концентрација во однос на МДК, додека во проба бр. 4, земена од пиезометар на Жеден П-1, детектирана е содржината на Cr^{6+} која е во граници на дозволеното (0.002 mg/l).

Кај примерокот бр. 6 земена од реката Вардар под депонијата добиена е содржина на Cr^{6} = 0,02 mg/l, односно за 2 пати поголеми од дозволените. Содржина на Cr^{6+} не е детектирана само во проба бр. 2, земена од истражен бунар ИБ-2, кој е со длабочина од 65 m и се наоѓа помеѓу реката Вардар и Жеден, што е резултат на хидрогеолошките карактеристики на теренот.

7. ПРЕДЛОГ ЗА МОНИТОРИНГ И ПРЕПОРАКИ ЗА НАТАМОШНИ АКТИВНОСТИ

7.1. *Предлог за мониторинг*

Потребно е да се направат повеќе анализи за содржината на Cr^{6+} во подземните води од изведените пиезометри на Жеден, во времетраење од минимум 1 година, со цел сегашниве добиени вредности за содржина на Cr^{6+} да бидат веродостојни. Иако со овие еднократно земени примероци од вода од двата пиезометри на Жеден и одредените содржини за Cr^{6+} не може да се донесат целосни заклучоци, сепак тие даваат индикативни податоци за содржина на Cr^{6+} во подземната вода на Жеденскиот масив. Ваквата состојба наметнува потреба да ново изведените пиезометри на Жеден (П-1 и П-2) да влезат во набљудувачката мрежа на Водовод – Скопје и на нив да се прави редовен мониторинг. Предлагаме да се мери нивото на подземна вода, температура и да се земаат примероци од вода за физичко-хемиски анализи и одредување на содржина на Cr^{6+} на секои 3 (три) месеци или 4 (четири) пати во текот на годината. Исто така, значајно е да се следи НПВ, температура и квалитетот на водите во останатите пиезометри лоцирани помеѓу депонијата Југохром и Жеденскиот масив.

Препорачуваме сите податоци од мерење на НПВ, температура и од изработените анализи од водите на П-1 и П-2, како и во пиезометрите помеѓу депонијата и Жеден, да се евидентираат во една база на податоци и да се изготвуваат на секои три месеци извештаии од мерење на НПВ, температура и резултати од следење на квалитетот на подземните води во пиезометрите.

7.2. *Предлог за натамошни активности*

Претходни истражувања и испитувања опфатени во повеќе студии, како и сегашните истражувања и добиените резултати презентирани во овој труд, укажуваат на опасноста од миграција на Cr^{6+} со подземните води низ Жеденската акумулација (издан), а со тоа и потенцијална можност од загрозување на квалитетот на водата на изворот Рашче.

Сето ова наведува на заклучок дека состојбата со депонијата Југохром треба да се реши што поскоро. Во таа насока, како следно, препорачуваме да се изработи *Студија со можни решенија за трајно надминување на опасноста од негативно влијание на депонијата Југохром врз квалитетот на подзените води на Жеден кои го хранат изворот Рашче.*

Во студијата потребно е да се пристапи кон разработка на можни санациони решенија за трајно елиминирање на штетните влијанија врз почвата и подземните води од депонијата, како и од комбинатот Југохром.

Треба да се потенцира дека било кое решение да се понуди тоа треба да го спречи понатамошното излужување на Cr^{6+} и негово движење кон подземните води и реката Вардар. Добиени се резултати за зголемена содржина на Cr^{6+} во анализата од 14.04.2021 год., земена од површинска вода на р. Вардар низводно од депонијата (проба бр. 6), а зголемена концентрација на делот после депонијата, е потврдена и со други порано изработени анализи. Поради тоа значајно е да се спомене дека системот за зафаќање на дренажни контаминирани води, како и прочистителната станица во кругот на Југохром, работат периодично и само делумно ја исполнуваат целта за која се наменети. Бидејќи трајното решавање на проблемот со депонијата Југохром е комплексен и истиот ќе потрае, затоа како краткорочна и најитна мерка се препорачува реконструкција на дренажниот систем и прочистителната станица и нивно ставање во беспрекорно исправна и функционална состојба со работење 24/7.

Активностите поврзани со трајно решавање на проблемот со депонијата и комбинатот, треба да ги содржи следните задачи, односно фази:

(1) Изработка на проектна задача со јасно дефинирани барања

(2) За да се реализира проектната задача, потребно е да се изработи проектна документација редоследно по сите нивоа од студија до финален проект за изведба.

(3) Ревизија на проектната документација; (4) Избор на компетентен изведувач по однапред дефинирани критериуми;

(5) Избор на надзор за следење на реализација на работите;

(6) Реализација на работите;

8. ЗАКЛУЧОЦИ

Досегашниот квалитетот на водата на изворот Рашче е добар, но е под сериозна закана од загадување од индустриската депонија Југохром. Депонијата продуцира неконтролирано и постојано истекување на Cr^{6+} во реката Вардар и во зоните на прихранување на изворот Рашче. Со цел да се допринесе за утврдување на можна миграција на Cr^{6+} со подземните води низ Жеденскиот масив, беа изведени два длабоки пиезометри П-1 и П-2. Од пиезометрите еднократно беа земени примероци од вода за изработка на физичко-хемиски анализи и анализи за одредување на содржина на Cr^{6+}. Добиените резултати покажуваат дека во пиезометарот П-2 на Жеден, е одредена концентрација на Cr^{6+}= 0.03626 mg/l или 3.6 пати поголема концентрација во однос на лимитот со МДК, додека кај пиезометарот П-1 содржината на Cr^{6+} е во граници на дозволеното (0.002 mg/l). За да се донесат сигурни и реални заклучоци во однос на можна миграција на хромот со подземните води, од депонијата Југохром во Жеденската акумулација, потребно е да се земаат повеќекратно примероци од вода од П-1 и П-2 и да се изработат физичко – хемиски анализи со одредување на содржина на Cr^{6+}, и тоа во подолг временски период од минимум 1 година. Предлагаме мониторинг на квалитетот, НПВ и температура на подземните води во П-1 и П-2 и останатите пиезометри во зона на депонијата, како и реката

Вардар, да се вршат на секои три месеци во годината. Депонијата Југохром е потребно што е можно поскоро да се отстрани, а загадените подземни води и почва во зона на депонијата и комбинатот Југохром да се стават во процес на ремедијација и целиот простор да биде рекултивиран.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Арсовски М. (1997): Тектоника на Македонија. Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје“- Факултет за рударство и геологија – Штип.

[2] Петковски П., Поповски С. (1985). Толкувач за ОГК за лист Качаник 1:100 000. Геолошки завод, Скопје. Геолошки завод Скопје.

[3] Јанчевски Ј., Галабов К., Темкова В., (1982). Толкувач за ОГК за лист Скопје 1:100 000. Геолошки завод Скопје.

[4] Думурџанов Н., Серафимовски Т., Burchfiel C.B. (2008): Генеза и литостратиграфија на неогенските и плеистоценските басени во Македонија. Прв конгрес на геолозите на Р. Македонија. Ст. 29-52. Охрид

[5] Кекиќ А. (1986): „Геологија и хидрогеологија на Полошката котлина и потеклото на водата на изворот Рашче“. Геолошки завод, Скопје.

[6] Илијовски З. (2013): Хидрогеолошка карта на Р. Македонија во размер 1: 300 000.

[7] Илијовски З., Михаиловски С., Ивица А., Макешоска М., Лефков Д. (2020): Студија за редифинирање на хидрогеолошката состојба на подземните води на просторот меѓу депонијата во Јегуновце и р. Вардар во контекс на заштита на изворот Рашче. Градежен Институт на „Македонија“, Скопје.

[8] Илијовски З., Михаиловски С., Ивица А., Макешоска М. (2019): Експертиза за ажурирање на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерки на заштита. Градежен Институт „Македонија“ – Скопје.

[9] Радованович М., Павлович Д., Чукич З., Димитриович В., Јовашевич Д., Кецкаревич Д. (1989): Студија санација погона Југохрома и депоније хроматног муља на садржај хрома у подземној води и води реке Вардар. Институт за водоприевреду „Јарослав Черни“ – Белград.

[10] Соро А., Хиба Б., Џурич Д., Јевтич Г., Попович Л., Сбркота Д. (2001): Главни пројекат захватања за пречишћавање отпадних вода, књига 1, Технолошко – хидрограђевински део, Институт за водопривреду “Јарослав Черни” – Београд, 2001 г.

[11] Илијовски З., Михаиловски С., Ивица А. (2021): Финален Извештај од изведба на пиезометри (П-1 и П-2) за дефинирање на можните патишта на транспорт на хром со подземните води низ Жеденскиот масив кои го хранат изворот Рашче. Градежен Институт „Македонија“ – Скопје.

[12] Годишни извештаии за работењето на „Водовод и канализација“ – Скопје, 2007-2015

[13] Извештаии од мониторинг на пиезометри, 2010-2015. Архива на „Силмак“ – Јегуновце.

[14] Правилник за квалитетот и здравствената исправност на водата за пиење. Службен весник на СРМ бр. 5/1984.

2-ID-06
UDC: 550.822:627.21(497.16)

ИНЖЕНЕРСКО-ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ИСПИТУВАЊА НА ПРИСТАНИШТЕТО БАР, ЦРНА ГОРА

Моме Милановски, Мила Крулановиќ, Сергеј Полекшиќ

Градежен институт Македонија ,
Ул. Дрезденска о бр. 52 1000 Скопје, Р. С. Македонија,
mome.milanovski@gim.com.mk

А п с т р а к т: За проширување на пристаништето Бар, односно за изработка на техничка документација за продолжување на брегот Волујица на пристаниште Бар, општина Бар, Црна Гора во текот на 2019 година спроведени се одредени геотехнички и инженерско геолошки истражувања за дефинирање на теренот како природна средина. Дополнителни истражувања на теренот во непосредна околина на предметната локација беа изведени во текот на 2021 година. Целта на истражувањата беше дефинирање на геотехничките одлики на теренот за спречување на понатамошна деградација и девастација, реконструкција на постоечкиот оперативен брег, за да се обезбеди носивост на конструктивните елементи, односно користење на објектот согласно неговата намена. Обемот на истражувањата прилагоден е на досегашниот степен на истраженост на поширокиот простор на предметната локација, техничките можности од пристап на локацијата и познатите податоци за предметните објекти. Во овој труд ќе се прикажат дел од извршените детални инженерскогеолошки истражувања и испитувања на локалитетот “Волујица ”, пристаниште Бар , Црна Гора

Key words: пристаниште, инженерскогеолошки истражувања, геотехнички одлики, реконструкција

ENGINEERING GEOLOGICAL RESEARCH AND TESTING TO THE PORT OF BAR, MONTENEGRO

A b s t r a c t: For the expansion of the port of Bar, for the development of technical documentation for the extension of the Volujica coast to the port of Bar, municipality of Bar, Montenegro during 2019, certain geotechnical and engineering geological surveys were conducted to define the terrain as a natural environment. Additional field research in the immediate vicinity of the site in question was conducted during 2021. The aim of the research was to define the geotechnical features of the terrain to prevent further degradation and devastation, reconstruction of the existing operational shore, to ensure the bearing capacity of the structural elements, ie use of the facility in accordance with its purpose. The scope of the research is adjusted to the current level of research of the wider area of the subject location, the technical possibilities of access to the site and the known data for the subject objects. This paper will present a part of the performed detailed engineering geological research and excavations at the site "Volujica", port Bar, Montenegro.

Клични зборови: port, engineering geological research, geotechnical features, reconstruction

1. ВОВЕД

За проширување на пристаништето Бар, односно за изработка на техничка документација за продолжување на брегот

Волујица во склоп на пристаништето, на кп. 6502/1 КО Нови Бар, општина Бар, Црна Гора во текот на 2019 година изведени се одредени геотехнички истражувања за дефинирање на теренот како природна средина. Дополнителни истражувања на теренот за дефинирање на геотехничките одлики на непосредна околина на предметната локација беа изведени во текот на 2021 година.

Истражувањата се изведени со цел спречување на понатамошна деградација и девастација, реконструкција на постоечкиот оперативен брег, за да се обезбеди носивост на конструктивните елементи, односно користење на објектот согласно неговата намена.

Обемот на истражувањата прилагоден е на досегашниот степен на истраженост на поширокиот простор на предметната локација, техничките можности од пристап на локацијата и познатите податоци за предметните објекти. Елаборатот во кој се дефинирани геотехничките одлики на теренот, изработен е врз основа на постоечката геолошко геотехничка документација и

новоизведените истражувања на предметната локација.

2. ПРИМЕНЕТИ ИНЖЕНЕРСКО-ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

При изработка на овој Геотехнички Елаборат, изведен е следниот обем на истражни работи:

1. Анализа на постоечката документација,
2. Теренски истражувања и
3. Лабораториски испитувања.

Анализа на постоечката документација

Со цел подобро согледување на инженерскогеолошките својства на поширокиот простор на предметната локација извршена е детална анализа на постоечката геолошко геотехничка документација.

Од фондот на постоечката геолошко геотехничка документација користен е следниот документационен материјал.

1. Основна геолошка карта лист Бар 1;100 000 со толкувач.

2. Сеизмичка микрореонизација на урбаното подрачје на општина Бар.

3. Карта на сеизмичка реонизација на Црна Гора (Сеизмолошки завод на Црна гора, 1982 год.).

4. Геотехнички истражувања за изградба на повеќе објекти во пошироката околина на предметната локација, Геопроект , доо Подгорица.

Теренски истражувања

Во склоп на теренските истражувања изведени се:

– Рекогносцирање на теренот. Во склоп на рекогносцирањето на теренот собрани се податоци за литолошкиот состав на површината на теренот, стабилниста на теренот и хидрогеолошките својства и функцијата на карпестите маси на поширокото подрачје, Самата микролокација е оперативен брег на пристаништето Бар.

– Изведба на истражни дупнатини во тек на 2019 година со инженерскогеолошко картирање на јадрото и земање на примероци од истото за лабораториски испитувања.

Истражното дупчење имаше за цел дефинирање на литолошкиот состав, дебелина на слоевите од кои е изграден, дефинирање на составот и карактеристиките на застапените квартерни седименти и земење на примероци од тлото за лабораториски испитувања. Изведени се вкупно 3 истражни дупнатини со длабина ИД1 – 20,5 m, ИД2 – 12 m и ИД3 – 15 m со вкупен обем од 47,5 m. Локациите на истражните дупнатини се прикажани на ИГ карта на теренот во размер 1:1000 (Слика 4).

По изработката на истражните дупнатини, спроведено е детално инженерско геолошко картирање на јадрото од истражните дупнатини и земање на примероци на тлото за лабораториски испитувања. Вкупно земени се 6 примероци, од изведените истражни дупнатини за лабораториски испитувања од кои се во лабораторија издвоени репрезентативни примероци за испитувања.

На земените примероци испитани се следните карактеристики влажност, гранулација, специфична тежина, волуменска тежина, Load point test, UCS.

На предметната локација во текот на 2021 година изведени се дополнителни инженерскогеолошки истражувања за дефинирање на литолошкиот состав на карпите во непосредна околина на предметната локација со акцент на испуканоста и класификација на истите. Во непосредна околина на пристаништето застапени се варовници од кредна старост кои се регистрирани и во истражните дупнатини на длабина од 8,3 до 18,6 m од површината на морското дно. Изданоци на варовници се регистрирани на растојание од 110–120 m од брегот на морето (мерни места М1–М3) Исто така големо внимание е посветено на RQD параметарот кој е различен се менува како во хоризонтала така и во вертикала.

Со изведените мерни места комплетно се дефинирани состојбите на дисконтинуитетите на застапените карпести маси кои се искористени како влезни податоци при пресметките на квалитетот на карпестата маса, според познатата формула на Palstrom (1982) кои се дадени во Табела 1.

– *RQD* (%) – квалитет на карпа, пресметана според Palstrom (1982).

– $RQD = 115 - 3{,}3 \times Jv$.

– *J*v (j/m^3) – број на пукнатини на единица волумен.

Т а б е л а 1

Резултати од мерни места и анализа на степен на испуканост

Литолошка единица	Мерно место и година на изведба	Густина GP_1 (j/m')	Густина GP_2 (j/m')	Густина GP_3 (j/m')	Усвоено J_V (j/m^3)	RQD (%)
Варовник (V)	M1 (2021 год.)	7	4	3	14	68,8
Варовник (V)	M2 (2021 год.)	6	4	3	13	72.1
Варовник (V)	M3 (2021 год.)	4	4	4	12	75.4

Од презентираните резултати во табелата за испуканоста на карпите и добиените вредности за квалитетот на карпестата маса на основа на изведените мерни места може да се констатира дека мерните места M1 до M3 имаат вредности за RQD квалитетот од 50–90%.

Во длабина пак исто така со картирањето на јадрото од изведените инженерскогеолошки дупнатини е одреден квалитетот на карпестата маса (RQD) кој е во директна зависност од степенот на испуканоста на карпата. Во оваа фаза на истражувањето анализирани се податоците добиени од изведените инженерско-геолошки дупнатини од 2019 година, кај кои со картирањето на изваденото јадро од дупнатините е одреден RQD параметарот.

Врз основа на квалитетот на карпите (RQD) издвоени се две зони и тоа:

– Зона на испукани и раздробени варовници V' застапена во дупнатините ИД2 во интервал од 9,0 до 10 m и во дупнатината ИД3 во интервал од 11 до 14 m со вредност на RQD параметарот 0 – 50%.

– Зона на компактни и слабо испукани варовници V застапена во дупнатините ИД2 во интервал од 10,0 до12 m и во дупнатината ИД3 во интервал од 14 до 15 m со вредност на RQD параметарот 50 – 90%. Квалитетот на карпестата маса (RQD) е многу значаен параметар за инженерскогеолошките и геотехничките класификации на карпите кој е директно поврзан со застапените пукнатински системи на масивот.

3.ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРЕНОТ

3.1.Географска положба, морфолошки карактеристики и геолошка градба на теренот

Предметната локација е оперативен брег во пристаништето Бар. Се наоѓа на јужниот дел од пристаништето Бар.Пристаништето Бар се наоѓа во јужниот дел од Јадранот, западно од градот Бар. Истражуваната локација зафаќа површина од 0,75 ha (Слика 1).

Сл. 1. Положба на истражуваниот простор

Локацијата претставува морски појас со длабина на морето од 5 до 7 m. Теренот е изграден од квартерни марински седименти во чија основа се наоѓаат варовници.

Истражната локација со пошироката околина изградена е од седиментни творби на мезозоик и кенозоик, тријаски, јурски и кредни седиментни карпи, тријаски и еоценски флиш, флувијални, делувијално пролувијални и марински седименти. (Слика 4)

Потесната околина на предметната локација во геолошки поглед е изградени од

1. Квартерни седименти: марински песок, прашина и чакал

2. Основната карпеста маса ја сочинуваат варовници од кредна старост

3.2.Тектонски склоп на теренот

Подрачјето на општина бар во тектонски поглед припаѓа на три големи геотектонски единици:

1..Парахтон
2. Будванско барска зона
3. Зона високог крша

Бар со пошироката околина се наоѓа во склоп на тектонската единица Парахтон и Цукали зона, како составен дел на југоисточниот ороген лак на Динаридите. Цукали зоната е навлечена над зоната Парахтон. Навлекувањето е извршено вдолж дислокацијата која може да се прати од ртот Ратец преку Сушањ до реката Железница до јужните падини на Велембуса кај Стар Бар. Парахтон се наоѓа помеѓу морето и Цукали зоната. Парахтон изобилува со наброни структурни форми.

3.3.Хидрогеолошки карактеристики на теренот

Хидрогеолошките одлики на теренот на предметната локација условени се од литолошкиот состав, структурниот тип на порозност , хидрогеолошките својства и функцијата на карпестите маси.

Врз основа на хидрогеолошките своства и функцијата на карпестите маси на истражуваниот дел од теренот застапен е комплекс на појако до послабо водо пропустлива средина со интергрануларна порозност и силно до многу водопорпусна средина со кавернозно пукнатинска порозност.

Во склоп на комплексот на појако до послабо водоппропусна средина со интергрануларна порозност застапени се марински седименти, песоци, прашини и глини со мала сосдржина на чакал. Наведените карпести маси, со оглед на различниот гран. состав, имаат променливи филтрациони карактеристики со коефициент на филтрација K_f – $1\cdot10^{-4}$ $1\cdot10^{-6}$ m/s.

Силно до многуводопропусни средини со кавернозно пукнатинска порозност претставени се со варовници од кредна старост.

3.4. Сеизмогеолошке одлики на теренот и сеизмички параметри

Врз основа на податоците од сеизмичките истражувања, изведени за потребите за изработка на Генералниот урбанистички план (сеизмогеолошки подлоги и сеизмичка микеореонизација на урбаното подрачје на Бар, се дава приказ на сеизмогеолошките одлики и сеизмичките параметри, за проектирање на објектите. Набљудуваното подрачје се наоѓа во сеизмичка зона 9 степен према MKS скала.

Врз основа на резултатите од поранешните истражувања и истражувањата на овој проект предметната локација може да се претстави со геотехнички модел со следни вредности.

Т а б е л а 2

Вредности на поедини параметри во склоп на геотехнички модел

H (m)	*Vp* (m/s)	*Vs* (m/s)	*Y* (kN/m^3)	Состав
2,5	550	220	18	Песковита глина
12	1050	380	19	Песковита глина
10,5	2400	560	22	Глина и чакал
	4400	2100	27	варовник

Очекуваните просечни максимални забрзувања на површина на теренот одредени се врз основа на заедничкото влијание на регионалните и локалните сеизмогеолошки особини на теренот за повратни периоди на време од 50, 100 и 200 години. Одредени се како производ на забрзувањето (a_0) и репрезентативните динамички амплификациони фактор (DAF).

$$A_{max} = a_0 \times \text{DAF}$$

Вредностите на очекуваните максимални забрзувања во карактеристичната зона GTM 55 за повратни периоди од 50,100 и 200 години се претставени во Табела 3.

Теренот на кој се наоѓа предметната локација во природни и во услови на досегашна изграденост е стабилен. До појава на нестабилност може да дојде во услови на сеизмички потрес.

Т а б е л а 3

Очекувани максимални забрзувања за зона GTM 55

Карактеристична сеизмогеолошка зона	Повратен период на време t(год)	Забрзување на основна карпа a_0	Динамички амплификациони фактор DAF	Очекувано максимално забрзување a_{max}(g)
Пролувијални комплекс со глиновито дробински состав со дебелина до 35 m,	50	0,13	2,17	0,28
	100	0,19	2,17	0,41
	200	0,24	2,17	0,52

3.5. *Инженерскогеолошки својства на издвоените средини*

Врз основа на инженерскогеолошкото картирање на истражните дупнатини можеме од инженерскогеолошки аспект да заклучиме дека проучуваниот терен е изграден од марински седименти претставени со песоци, глини, прашини со помала содржина на чакалеста компонента, варовничка дробина и варовник. Дебелината на маринските седименти изнесува од 7,8 до17,9 m. Под маринските седименти регистриран е слој на варовничка дробина со дебелина 0,5 до 0,7 m испод која лежат варовници од кредна старост кои се појако испукани во површинските делови. Модел на теренот е прикажан на инженерскогеолошките пресеци надолжен и напречен (Слики 2 и 3).



Сл. 2. Надолжен инж.геолошки профил



Сл. 3. Напречен инженерскогеолошки профил на предметна локација



Сл. 4. Инженерскогеолошка карта на предметна локација

Геотехничка средина 1:gp, pp, pm

Оваа геотехничка средина е претставена со марински финозрни седименти заглинет песок (gp), прашинест песок (pp) и муљевита прашина (pm). Материјалот е настанат со маринска седиметација и има сива боја чија дебелина изнесува од 6,7 до13,8 m. Издвоените литолошки членови во склоп оваа средина меѓусебно сочивасто се сменуваат како во хоризонтален така и во

вертикален правец. Средината е богата со органски материјали.

Застапените седименти се слабо збиени, а во површинската зона се подложни на поместувања на зрната под механичкото дејство на брановите. Тоа е неврзан до слабо врзан материјал, заситен со вода и имаат релативно хетерогени физичко механички карактеристики.

Со гранулометриска анализа утврдено е дека овој материјал е составен од прашинесто глиновита компонента со 19 – 70% , ситнозрн до среднозрн песок со 28 – 80 % и чакал со 0 – 2% . Се работи за водозаситен материјал со природна влажност од W– 32.4 – 49.5% и вредности на волуменска тежина *g* – 16,6 kN/m^3, специфична тежина *G* – 26.5 – 26,6 kN/m^3.

Во склоп на оваа средина изведени се 17 опити на стандардна динамичка пенетрација. Врз основа на изведените опити може да заклучиме дека се работи за мек, многу стислив и растресит материјал (1 удар – 60 cm). Најголем број на удари е изведен во дупнатина ИД1 на длабина од 10 m (6 удари 45 cm) односно вредност на СПТ 4.

Вредностите на физичко механички параметри се:

– Волуменска тежина *g* – 16,0 – 18,0 kN/m^3
– Агол на внатрешно триење *f* –20 – 24°
– Кохезија *c* – 0 – 7 kN/m^2
– Модул на стисливост Ms –1000 – 2000 kN/m^2
– Категорија на ископ (GN 200) II група.

Геотехничка средина 2: ps,dr.

Оваа геотехничка средина претставена е со песок и чакал (*gp*) и варовничка дробина со мала содржина на прашинесто глиновита компонента (*dr*). Овој материјал настанал со маринска седиментација (песок и чакал) додека дробината претставува елувијална распадина на варовникот. Дебелината на оваа средина изнесува 0,5 до 4.8 m.(варовничка дробина 0.4 до 0,7 m, песковит чакал 1,1 до 4.1 m додека во дупнатината ИД3 изостанува.

Вредностите на физичко механички параметри изнесуваат

– Волуменска тежина *g* – 18,0 – 19,0 kN/m^3
– Агол на внатрешно триење *f* – 28 –32°
– Кохезија *c* – 0 – 5 kN/m^2
– Модул на стисливост Ms – 5000–7000 kN/m^2
– Категорија на ископ (GN 200) II до III група

Геотехничка средина 3: К' и К

Карбонатните карпести маси од кредна старост (*К*) се карактеризираат со поволни физичко механички својства. Се јавуваат како слоевити до банковити и паѓаат кон север и североисток под агол од 30° и пострмни до 45°. Дебелината на варовниците од сенонска старост на поширокото подрачје на Волујица изнесува и преку 1000 m. Варовниците се утврдени во сите истражни дупнатини, испод маринските седименти, на длабина од 8,3 до 18,6 m од површината на морското дно.

Површинската зона на варовниците е појако испукана и искрешена, местимично раздробена (*К'*). Застапените пукнатини главно се без исполна. Дебелината на оваа зона варира према изведените истражувања од 1,4 до 2,7 m. Во оваа зона варовниците се жолтеникаво бели до сиво кафеави, лимонитизирани, местимично калцитизирани. Извршено е испитување на едноаксијална јакост на притисок (Point load test) на примерок од дупнатината ИД1 и добиена е вредност на едноаксијална јакост од 57,88 MPa и волуменска тежина изнесува 26,9 kN/m^3.

Испод површинската појако испукана, местимично раздробена зона, застапени се испукани до покомпактни слабо испукани варовници, со слоевита до банковита текстура (*К*). Во поедини интервали се испукани и карстифицирани, а местимично покомпактни и послабо испукани. Застапените пукнатини и каверни се без исполна. Главно се застапени коси пукнатини, веројатно слоевитост под агол од околу 30°, а покрај нив се забележани и субвертикални пукнатини. Пукнатините се главно без исполна, рапави и нерамни. Варовниците имаат сива до жолтеникаво бела боја. Тие се цврсти, со поволни физичко механички својства. Претставуваат практично недеформабилни карпести маси.

Варовниците претставуваат добро водопропусни карпи, со пукнатинско кавернозна порозност. Од оваа зона земени се два примерока. Извршено е испитување на едноаксијална јакост на притисок и добиена е вредност на примероците од варовник од 12,8 до 190,3 MPa и волуменска тежина од 26,9 до 27,0 kN/m^3.

Вредноста на физичко механички параметри одредени се врз основа на анализа на резултатите од порано и сега изведените испитувања на поширокото подрачје се:

За појако испукани и искршени, местимично раздробени варовници (*К'*):

– Запреминска тежина g – 24,0 до 25,0 kN/m^3;
– Агол на внатрешно триење f – 30 до 35°.
– Кохезија c – 0,025 до 0,06 MPa.
– Цврстина на притисок во сува состојба sp –10 до 20 MPa.
– Брзина на простирање на надолжни бранови Vp –1000 до 2000 m/s.
– Брзина на простирање на попречни бранови Vs – 400 до 1000 m/s.
– Модул на еластичност E –250 до 1500 MPa.
– Модул на деформација D – 100 до 1000 MPa.
– Динамички модул на еластичност E_{din} –1000 до 6000 MPa.
– Поасонов коефициент η – 0.3 до 0.33.
– Категорија на ископ (GN 200) IV, V

За испукани до компактни послабо испукани варовници (K).

– Запреминска тежина g – 25,0 до 26,0 kN/m^3;
– Агол на внатрешно триење f – 34 до 35°;
– Кохезија c – 0,10 до 0,5 MPa;
– Цврстина на притисок во сува состојба sp – 40 до 80 MPa;
– Брзина на простирање на надолжни бранови Vp –1750 до 3000 m/s;
– Брзина на простирање на попречни бранови Vs – 800 до 1400 m/s;
– Модул на еластичност E – 2000 до 5000 MPa;
– Модул на деформација D – 500 до 3000 MPa;
– Динамички модул на еластичност E_{din} – 6000 до 17000 MPa;
– Поасонов коефициент η –0,29 до 0,30;
– Категорија на ископ (GN 200) V, VI.

4. КЛАСИФИКАЦИЈА НА КАРПИ

На застапените карпести маси извршена е геомеханичка категоризација според RMR системот на Bieniawski (1989), имајќи ги во предвид квалитетот на карпите, физичко-механичките карактеристики и состојбата на карпите. Овој систем е едноставен за употреба и истиот ги користи следните геолошки и геотехнички информации:

- едноаксијална јакост на притисок;
- квалитет на карпа (RQD);
- растојание помеѓу пукнатини;
- состојба на пукнатини;
- услови на подземна вода.

Горе наведените параметри се добиени од извршените мерења на пукнатинските системи на изданоци од основната карпа, како и од лабораториските испитувања на точкаста јакост. Бодовите усвоени за одделни параметри при класификацијата на карпестите маси, како и добиениот RMR рејтинг, се прикажани во Табела 4.

Т а б е л а 4

RMR класификација на карпести маси според Bieniawski (1989)

П А Р А М Е Т А Р	Вид на карпа и бодови	
	Компактни варовници V	Испукани варовници V'
Едноаксијална јакост на притисок	(40 – 80) → 7	(10-25) → 2
Квалитет на карпа (RQD) – Rock Quality Designation	(50÷90%) → 13÷17	(25 ÷ 50%) → 8
Средно растојание меѓу пукнатини	(0.2 ÷ 0,6 m) → 10	(0,06 ÷ 0,2 m) → 8
Состојба на пукнатини	20	15
Услови на подземна вода	суво → 15	суво → 15
Корекција заради ориентација на пукнатини	5	5
Рејтинг на карпеста маса (RMR) – Rock Mass Raiting	63	43
Геолошки индекс на јакост (GSI) – Geological Strength Index	53–58	33–38
Класа на карпеста маса по RMR	II класа добра карпа	III класа поволна карпа

Спрема извршената геотехничка класификација по Bienavski компактните варовници се класифицирани во 2 група на добри карпи додека испуканите и раздобени варовници, се класифицирани во 3 група поволни карпи. Терените изградени од овие карпи се стабилни, се одликуваат со добра носивост и нестисливост

5. ПРЕПОРАКИ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ

На предметната локација се планира продолжување на брегот Волујица во склоп на пристаништето Бар со цел спречување на понатамошна деградација и девастација, односно реконструкција на постоечкиот оперативен брег, за да се обезбеди носивост на конструктивните елементи односно користење на објектот за неговата намена

На инженерскогеолошкиот надолжен пресек (Слика 1) прикажан е геотехнички модел, а за секоја од издвоените геотехнички средини дефинирани се вредности на меродавни физичко механички параметри .

Длабината до морето е одредена со спуштање на приборот за дупчење кој изнесува 5 m (ИД1) до 7 m (ИД3).

Спрема геотехничкиот модел на предметната локација, теренот е изграден од марински седименти, претставени со финозрни седименти (прашинести песоци, песковити прашини, поретко со чакали, потоа варовничка дробина,во чија основа се наоѓаат варовници (врзани добро скаменети карпи).

Во овој случај се препорачува фундирање на геотехничка средина 3, основна карпа во подина на маринските седименти, варовници каде завршетокот, крајот на коловите, треба да биде мин. 1,5 m во средината 3 (стоечки колови).

Проктантот на Главниот градежен проект ќе одлучи за начинот на фундирање, видот и димензиите на темелите, односно може да одлучи за начинот на фундирање за кој ќе оцени дека е најадекватно, сигурно и трајно, со уважување на геотехничкиот модел на теренот.

Средина 1, марински финозрни седименти (прашинести песоци, песокливи прашини, муљеви) претставуваат условно поволна геотехничка средина за фундирање на објектот во услови на заситеност со вода и нивните слаби физичко механички својства.

Средина 3, варовници претставуваат практично недеформабилна геотехничка средина.

Поради изразеноста на палеорељефот на цврстите карпести маси, длабината до карпата е вариабилна, и со истражните дупнатини е утврдена на длабина од 8,3 до 18,6 m.

Сите објекти и темели треба да бидат проектирани во согласност со асеизмичките параметри.

Со оглед на тоа дека работите ќе се изведуваат во море треба да се смета на отежнати услови на работа.

Спрема Проектот за фундирање на објектот пречникот на коловите изнесува 120 mm, на меѓусебно растојание од 7,4 до 9 m и длабина од 14,2 во најплиткиот дел до 18,7 m во најдлабокиот дел на објектот, кај истражните дупнатини ИД1 до ИД3.

6. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изведените инженерско геолошко геотехнички истражувања може да се заклучи дека продолжувањето на брегот Волујица, во склоп на пристаништето Бар, е можно со почитување на резултатите од истражувањето прикажани во овој Елаборат.

Во тек на изведување на сите земјани работи, задолжителен е геотехнички надзор, заради усогласување на геотехничките услови на теренот со реалната состојба на теренот.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Бешић, З. (1959): *Геолошки водич кроз Црну Гору*, Посебна издања Геолошког друштва НР Црне Горе, Титоград.

[2] Марковић, М., Павловић, Р., Чупковић Т. (2003): *Геоморфологија*. Завод за уџбенике и наставна средстава, Београд.

[3] Вујичић, Ч. (1992): Фундирање, Научна књига, Београд. Грађевински факултет, Београд.

[4] Правилник о техничким нормама за пројектовање и извоѓења радова на темељења граѓевинских објекта, 1974.

[5] Цвијиќ. Ј. (1926): *Геоморфологија*, књига,2, Издање државне штампарије, Београд.

[6] Јовановски, М., Гапковски, Н., Пешевски, И., Аболмасов, Б. (2012). *Инженерска геологија*, Градежен факултет, Скопје.

2-ID-07
UDC: 556.388.013(497.711)

ПРОЦЕНА НА РАНЛИВОСТА ОД ЗАГАДУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ ВО ВОДОНОСНИКОТ ГРДОВСКИ ОРМАН СО ПРИМЕНА НА МЕТОДИТЕ ‘’GOD’’ И ‘’AVI’’

Војо Мирчовски, Дарко Пижов, Ѓорѓи Димов

[1]Институт за геологја, Факукултет за природни и технички науки,
Универзитет „Гоце Делчев“, во Штип,
бул. „Гоце Делчев“, 89, 2000 Штип, Република Северна Македонија
darko.132298@ugd.edu.mk

А п с т р а к т: Методите за проценка на ранливоста на подземните води се повеќе се применуваат во светот заради потребата за заштита на подземни води од надворешна контаминација, со цел задржување на квалитетот на водата. Изработката на картите на ранливост претставува основа за воспоставување на превентивни мерки за заштита на подземните води. Во овој труд се прикажани резултатите добиени со примена на GOD и AVI-метода, за одредување на степенот на ранливост од загадување на водоносникот Грдовски Орман. AVI-методата користи два параметри за проценка: дебелина на незаситената зона и коефициентот на филтрација на надводоносните седименти, а GOD-методата користи три параметри: тип на водоносник, литологијата на надводоносната, зона и длабочина на подземната вода. Проценката на ранливоста е одредувана врз основа на податоците добиени од 12 издупчени бунари, кои се користат за водоснабдување на градот Кочани. Со методот AVI е одреден индекс на ранливост со екстремно висока (<1), до висока ранливост (1 – 2), додека според GOD-методата индексот на ранливост се движи во интервал од средна до висока ранливост (0,4 - 0,6).

Клични зборови: подземни води, ранливост, метод GOD, метод AVI, филтрација, водоносник, интергрануларна порозност, Грдовски орман

ASSESSMENT OF THE GROUNDWATER VULNERABILITY OF POLLUTION IN THE AQUIFER GRDOVSKI ORMAN WITH THE APPLICATION "GOD" AND "AVI" METHOD

A b s t r a c t: Groundwater vulnerability assessment methods are increasingly used worldwide due to the need to protect groundwater from external contamination in order to maintain water quality. The preparation of vulnerability maps is the basis for establishing preventive measures for groundwater protection. This paper presents the results obtained by applying the GOD- and AVI-method for determining the degree of vulnerability to pollution of the aquifer Grdovski Orman. The AVI method uses two parameters for estimation: the unsaturated zone thickness and the filtration coefficient of the aquifers, and the GOD method uses three parameters: the type of aquifer, the lithology of the aquifer, the zone and the depth of the groundwater. The vulnerability assessment is determined based on the data obtained from 12 drilled wells, which are used for water supply of the city of Kočani. The AVI - method determines a vulnerability index with extremely high (<1), to high vulnerability (1 – 2), while according to the GOD - method, the vulnerability index ranges from medium to high vulnerability (0.4 – 0, 6).

Key words: groundwater, vulnerability, GOD-method, AVI-method, filtration, aquifer, intergranular porosity, Grdovski Orman

ВОВЕД

Водоносникот Грдовски Орман се наоѓа на 4 km јужно од градот Кочани во непосредна близина на селото Грдовци (Слика 1).

Целокупното водоснабдување на градот Кочани како и на неколку околни селки населби се врши со подземни води од водоносникот Грдовски Орман. Водоносникот спаѓа во групата на отворени до полузатворени хидрогеолошки структури. Тој е формиран во алувијалните седименти на реката Брегалница изградени од песокливо чакалести седименти кои се карактеризираат со интергрануларна порозност.



Сл. 1. Географска положба на истражуваниот терен

Прихранувањето на водоносникот во најголем дел се врши со водата на реката Брегалница со која е во директна хидраулична врска, а во помал дел се храни и со водите кои потекнуваат од атмосферските талози. Директната хидраулична врска на водоносникот со водата од реката Брегалница, плиткото ниво на подземните води, близината до урбанизирана средина во која се наоѓаат поголем број на антропогени загадувачи, како и близината на околните обработливи земјоделски површини кои интезивно се обработуваат и третираат со хемиски препарати претставуваат потенцијална можност од загадување на подземните води на водоносникот Грдовски Орман. Максималната количина на вода која се експлоатира од водоносникот изнесува 245 l/s.

Концептот за осетливоста на подземните води од загадување првично е претставен од Францускиот научник Margat, (Vrba & Zaporozec, 1994). Идејата била да се одреди степенот на осетливост на подземните води од загадување, во зависност од геолошките, хидролошките и хидрогеолошките карактеристики на истражуваниот терен.

За одредување на степенот на ранливост на подземние води од водоносникот Грдовски орман се користени GOD и AVI методата. Овие методи досега не се применувани на просторот на Република Македонија, но имаат широка употреба во светски рамки: (Rukmana et al., 2020), (Boufekane et al., 2013), (Nugraha, 2020) (Knouz, et al., 2017), (Putranto et al., 2017), (Saheed, 2017), (Thomas et al., 2018), (Connell L. D., Daele G. V. D., 2003), (Lasserre F. Razack., Banton, M. O., mc1999):

Споменатите методи се користени според податоците кои се добиени од 12 бунари кои се изработени за водоснабување: B-15, B-16, B-17, B-18, B-19, B-20, B-21, B-22, B-23, B-24, B-6, B-7.

Зоната на истражување ги опфаќа првата и дел од втората заштитна зона воспоставени околу бунарскиот систем, со претпоставка дека нема поголеми промени во хидрогеолошките карактеристики на теренот на тој простор.

ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според (Ракичевиќ et al., 1967) поблиската околина на истражниот простор е изградена од седиментни карпи од квартерна старост, кои на овој простор се претставени од пролувиум (pr), пониски речни тераси (t_1) и алувиум (al). (Слика 2).

Пролувијалните седименти се среќаваат по јужните и југоисточните ободни делови на истражниот простор. Изградени се од слабо обработени и необработени парчиња на магматски и метаморфни карпи придружени со чакали, суглини и песоци.

Пониските речни тераси се јавуваат на левата и десната страна покрај коритото на реката Брегалница на височина од 5 до 10 m од коритото и зафаќаат најголем дел од истражниот простор. Изградени се во најголем дел од глини, суглини, супесоци и чакали.

Алувијалните седименти се среќаваат по долината на реката Брегалница. Изградени се од чакали и песоци, кои водат потекло од карпите низ кои течат водите од сливот на оваа река. Тие се често измешани и несортирани при што во горните токови на реките преовладуваат делумно обработени материјали, а во долните токови обработен и поситен материјал.



Сл. 2. Геолошка карта на пошироката околина на водоносникот Грдовски Орман

Во тектонски поглед пошироката околина на истражуваното подрачје припаѓа две крупни геотектонски единици и тоа Српско-македонски масив и Вардарска зона, (Арсовски, 1997). Овие две единици се разделени со раседна структура од регионален карактер, која на СЗ се губи во Кратовско-Злетовската вулканска област, а на ЈИ во Кочанската котлина. Формирањето на склопот на теренот, односно структурните форми е условено со тектонските движења кои се случиле за време на претпалеозоиските, херцинската и алпската орогенеза.

ХИДРОГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според податоците на (Мирчовски et al., 2008), според структурниот тип на порозност на карпите кои го изградуваат истражуваниот простор се издвоени збиен тип на водоносници, а според хидрогеолошката функција на литолошките членови се издвоени добро водопропустливи средини во кои спаѓаат алувијалните седименти и седиментите од пониските речни тераси и средно водопропустливи средини изградени од пролувијалните седименти (Слика. 3).



Сл. 3. Хидрогеолошка карта на поширокатa околина на водоносникот Грдовски Орман

Водоносникот Грдовски Орман претставува водоносник со слободно ниво, формиран во колекторска средина од квартерни алувијални и речно терасни седименти изградени од разногранулирани песоци и чакали кои се карактеризираат со интергрануларна порозност.

Според податоците од истражните дупчења (Ангелов, 1994). водоносната средина се простира до длабочина од 44 до околу 50 m. Под водоносната средина имаме изолаторска средина изградена од плиоценски езерски седименти чија точна дебелина не е утврдена. Овие седименти се изградени воглавно од глиновити седименти измешани со мал процент од песок и чакал.

Прихранувањето на водоносникот со вода во најголем дел се врши со водата на реката Брегалница со која е во директна хидраулична врска, а со еден дел се храни и со водите кои потекнуваат од атмосферските талози и од околните водоносници кои се наоѓаат на повисоко хипсометриско ниво.

Дебелината на каптираните слоеви се движи во границите од 31 до 41,6 m.

Нивото на подземната вода во бунарите е од 2,97 – 3,75 m.

Поединечниот капацитет на бунарите се движи од 15 – 40 l/s.

Вкупниот капацитет на бунарите кои се во експлатација изнесува 262 l/s.

Врз основа на гранулометриските испитувања е утврдено дека покривните седименти се изградени од две литолошки средини. Првата е изградена од песок и чакал со коефициент на филтрација K_f = 52 m/ден, а втората е изградена од песок со присуство на чакал и прашина со коефициент на филтрација од K_f = 0.42 m/ден.

Водоносната средина е изградена од песок и чакал и има коефициент на филтрација од K_f = 95 m/ден.

МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

GOD-метода

GOD-методата се применува за воодносниците со интергрануларна порозност и најчесто се применува за брза проценка на ранливоста на водоносниците, во случаите кога на располагање имаме мал број на податоци. Оваа метода е предложена од Foster, (1987) и е базирана само на три параметри. Ранливоста на водоносникот се утврдува со емпириски пристап, според формулата:

$$GOD \text{ index} = Ca \times Cl \times Cd$$

Каде што:

Ca = тип на водоносник,

Cl = литологија на незаситената, надводоносна зона,

Cd = длабочина на подземната вода во водоносникот

GOD-индексот за ранливоста на водоносникот се добива со множење на добиените резултати од трите параметри:

GOD-индексот е поделен на пет класи (Табела 1).

Со помош на софтверот Arcgis, врз основа на добиените податоци се добива графички приказ на ранливоста со употреба на алатката IDW (inverse distance weighthning).

Вредноста на секој GOD-параметар за степенот на ранливост на подземните води варира во зависност од литологијата.

Т а б е л а 1

Индекс на ранливост со GOD-метода

Индекс на ранливост	Класа на ранливост
00 – 0,1	Многу ниска
0,1 – 0,3	Ниска
0,3 – 0,5	Средна
0,5 – 0,7	Висока
0,7 – 1,00	Многу висока

*AVI-метод*а

AVI-методата (Aquifer Vulnerability Index), (Индекс на ранливост на водоносникот), е предложена од (Stempvoort et al., 1993). Оваа метода на прво место ја става незаситената надводоносна зона, која ја смета како најзначајна средина во поглед на транзитирањето на загадувачот кон воодносникот, (McLay et al., 2001); (Hardelauf et al., 2004).

Одредување на индексот на ранливост со оваа метода е според два параметри: дебелина на секој седиментен слој над водоносната зона (*d),* и коефициент на филтрација (*Ki*), на секој седиментен слој од надводоносната зона, (Stempoort

et al., 1993). Индексот на ранливост се пресметува според формулата:

$$C = \sum_{i=1}^{n} \frac{d_i}{K_i}$$

каде што:

d_i – дебелина на надводоносната зона (заштитна покривка),

K_i – коефициент на филтрација, на секој седиментен слој од надводоносната зона,

C – хидраулична резистентност (отпорност),

n = седиментни слоеви над водоносникот.

AVI-индексот е поделен на пет класи во интервал од <1 до 4> (Табела 2).

Т а б е л а 2

Индекс на ранливост со AVI-метода

Хидраулична резистентност (години)	Индекс log *c*	Класа на ранливост
0 – 10	< 1	Екстремно висока
10 – 100	1 – 2	Висока
100 - 1000	2- 3	Средна
1000 – 10 000	3 - 4	Ниска
> 10 000	>4	Многу ниска

Параметарот *C* ја претставува резистентноста во однос на вертикалното процедување кон водоносникот, (Kruseman & De Ridder, 1990).

Со помош на софтверот Arcgis, се добива графички приказ на ранливоста, со употреба на алатката IDW (inverse distance weighthning).

Вредноста на секој GOD-параметар за степенот на ранливост на подземните води во областа на истражувањето варира во зависност од литологијата.

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Истражниот терен опфаќа простор од првата и дел од втората заштитна зона воспоставени околу бунарскиот систем, кои се изградени од алувијални и речно терасни седименти (Слика 2).

Седиментите од надводоносната зона се изградени од песокливо прашинести песоци и песокливи чакали. Дебелината на овие седименти се движи од 3 до 3,5 m, во зависност од позицијата на теренот (Табела 3).

Нивото на подземните води кое е добиено од експлоатационите бунари се движи во интервалот од 2,52 до 3,8 m (Табела 4, Слика 5).

Т а б е л а 3

Дебелина на надводоносни седименти

Број	Локација	Дебелана на покров. седим. (m)
1	B-15	3,5
2	B-16	3,5
3	B-17	3,5
4	B-18	3,4
5	B-19	3,4
6	B-20	3,5
7	B-21	3,4
8	B-22	3,4
9	B-23	3,5
10	B-24	3,5
11	B-6	3,4
12	B-7	3,4

Т а б е л а 4

Ниво на подземни води

Број	Локација	Ниво на подземни води(m)
1	B-15	3,3
2	B-16	3
3	B-17	3
4	B-18	3,8
5	B-19	2,9
6	B-20	3,5
7	B-21	3,6
8	B-22	3,6
9	B-23	2,5
10	B-24	3,2
11	B-6	3,5
12	B-7	3,6

Коефициентот на филтрација на надводоносните седименти во бунарите се движи од 0,42

m/ден, за песоклиците прашинести песоци, додека за песокливите чакали изнесува 52,0 m/ден (Табела 5). (Мирчовски, 2012). Од прикажаните податоци може да се види се заклучува дека прашинестите седименти со присуство на глинена компонента игра улога во успорувањето на транспортот на контаминентот до водоносникот.

Т а б е л а 5

Коефициент на филтрација Жна надводоносните седименти

Број	Литологија	Коефициент на филтрација (m/ден)
1. B-15	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
2. B-16	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
3. B-17	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
4. B-18	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
5. B-19	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
6. B-20	Песокливо прашинести песоци Песокливи Чакали	0,42 52,0
7. B-21	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
8. B-22	Песокливо прашинести песоци Песокливичакали	0,42 52,0
9. B-23	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
10.B-24	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
11. B-6	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0
12. B-7	Песокливо прашинести песоци Песокливи чакали	0,42 52,0

GOD-индексот за ранливоста на водоносникот Гровски Орман според трите параметри (тип на воодоносник, литологијана на надводоносна зона, ниво на подземна вода) се движи во интервал од средна до висока ранливост од 00,4 до 0,6). Картата на ранливост според GOD-методата изработена врз основа на наведените параметри е прикажана на Слика 4.

Високиот индекс на ранливост најмногу се должи на високиот коефициент на фитрација на надводоносните седименти кој се движи во интервал од 0,42 до 52,0 m/ден, како и високото ниво на подземни води кое се движи во интервал од 3,5 до 3,8 m. Овој издвоен дел изнесува 32,7 % од вкупно опфатениот простор со истражувањето и ги опфаќа бунарите B-6, B-7, B-18, B-21 и B-22.

Индексот со средната ранливост (0,4 - 0,5) зафаќа поголем простор од вкупниот простор опфатен со истражувањето и тој изнесува 67,3 % . Во овој дел со средна ранливост влегуваат експлоатционите бунари: B-15, B-16, B-17, B-19, B-20, B-23 и B-24.



Сл. 4. Карта на ранливост според GOD – метода за водоносникот Грдовски Орман

Водоносникот Грдовски Орман со AVI – методата според двата параметри (ниво на подземни води и коефициент на филтрација) е со екстремно висока ранливост со вредност <1, до висока ранливост со вредност во интервал од 1 до 2. Картата на ранливост според AVI – методата изработена врз основа на наведените параметри е прикажана на Слика 5.



Сл. 5. Карта на ранливост според AVI – метода за водоносникот Грдовски Орман

Екстремно високиот индекс на ранливост најмногу се должи на високиот коефициент на фитрација на надводоносните седименти кој се движи во интервал од 0,42 до 52,0 m/ден, како и малата дебелина на надводоносните седименти која се движи во интервал од 3,5 до 3,8 m. Овој издвоен дел изнесува 36,5 % од вкупно опфатениот простор со истражувањето и ги опфаќа бунарите B-6, B-7, B-18, B-20 и B-22.

Индексот со висока ранливост од 1 до 2 зафаќа поголем простор од вкупниот простор опфатен со истражувањето и тој изнесува 63,5 %. Во овој дел со средна ранливост влегуваат експлоатционите бунари: B-15, B-16, B-17, B-19, B-21, B-23 и B-24.

ЗАКЛУЧОК

Пресметаниот индекс на ранливост на водоносникот Грдовски Орман според GOD- и AVI-методата е сличен и тој се движи во рамките од средно до екстремно висока ранливост.

Овој водоносник според своите хидрогеолошки карактеристики спаѓа во групата на лесно ранливи отворени до полузатворени хидрогеолошки структури и направените пресметки со двете методи покажуваат дека дебелината на надводоносните седименти, длабочината на подземната вода и коефициентот на филтрација на надводоносните седименти не овозможуваат доволна природна заштита од евентуалното загадување кое би дошло од површината на теренот.

Според изнесените карактеристики можеме да заклучиме дека подземните води акомулирани во алувијалните седименти на водоносникот Грдовски Орман се наоѓаат во геолошка средина која е високо ранлива на загадување.

За зачувување на квалитетот на подземните води од водоносникот Грдовски Орман потребно е да се преземат соодветни превентивни мерки за строга санитарна заштита од надворешни антропогени влијанија поради опасност од контаминација, бидејќи овој водоносник е од големо значење за водоснабдување на градот Кочани.

ЛИТЕРАТУРА

Ангелов, В., (1994): Извештај за изведба на длабока (СХД – 2˙) истражна дупнатина во лежиштето Грдовски Орман – Кочани. Градежен институт Македонија" Скопје.

Арсовски, М., (1997): *Тектоника на Македонија*. Универзитет Кирил и Методиј Скопје, Рударско Геолошки Факултет - Штип.

Vrba J., Zaporozec A., (1994): Guidebook on mapping groundwater vulnerability. IAH International Contributions to Hydrogeology, 16, Heise, Hannover, Germany.

Bantar T. S. Rukmana., Wterman S. Bargawa., Tedy A. Cahyadi., (2020): *Assesment of groundwater vulnerability using GOD method*.

Boufekane Abdelmadjid., Saighi Omar., (2013): *Assessment of groundwater pollution by nitrates using intrinsic vulnerability methods: A case study of the Nil valley groundwater (Jijel, North-East Algeria)*. Laboratory of Geo-Environment, Faculty of Earth Sciences and Country Planning, University of Sciences and Technology, Houari Boumediene (U.S.T.H.B), El Alia, BP 32, Bab Ezzouar, 16111 Algiers, Algeria.

Connell L. D., Daele G. V. D., (2003): A quantitative approach to aquifer vulnerability mapping; *J Hydrol*, **276** (1–4): pp. 71–88.

Foster, S., (1987): Fundamental Concepts in Aquifer Vulnerability, Pollution Risk and Protection Strategy: *International Conference, 1987, Noordwijk Aan Zee, the Netherlands Vulnerability of Soil and Groundwater to Pollutants*. Netherlands Organization for Applied Scientific Research, The Hague, 69-86.

Nugraha et al., (2020): Nugraha. U. Gumilar., Lumban, Karit., Priyo, Gaol., Bakti, H. Hartanto., (2020): *Aquifer vulnerability: Its protection and management – a case study in Pangkalpinang city, Indonesia. Reseach center for geotechnology*, Indonesian institute of Sciences, Bandung 40135, Indonesia.

Hardelauf, M.. Herbst, H. H., Vanderborght R., Vanderborght J., Vereecken H., (2004): Pesticide fate at regional scale: Development of an integrated model approach and application. *Phys. Chem. Earth*, **30** (8–10) (2005), pp. 542–549.

Kruseman G. P., De Ridder, J. M., (1990): *Analysis and Evaluation of Pumping Test Data*. ILRI Publication 47, 377 p.

Lasserre F. Razack., Banton, M. O., (1999): A GIS-linked model for the assessment of nitrate contamination in groundwater. *J Hydrol*, **22**4(3–4):pp. 81–90.

Мирчовски, В., (2012): *Хидрогеолошки карактеристики и ранливост од загадување на водоносникот Грдовски Орман кај Кочани*. Институт за геологја, Факукултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев", во Штип. Магистерски Труд.

McLay, C., Dragden, R., Sparling, G., Selvarajah, N., (2001): Predicting groundwater nitrate concentrations in a region of mixed agricultural land use: A comparison of three approaches; Environ Pollut 115:191–204.

Knouz, Najat., Bachaoui, El Mostafa., Boudhar, Abdelghani., (2017): *Cartography of intristic aquifer vulnerability to pollution using GOD method: Case study Beni Amir groundwater, Tadla, Morocco. Laboratory of Remote Sensing and GIS applied to Geosciences and Environment*, University Sultan Moulay Slimane, Faculty of Science and Technology, PB 523, Beni Mellal, Morocco.

Putranto, T. T, Hidajat W. K., Susanto, N., (2017): Developing groundwater conservation zone of unconfined aquifer in Semarang, *Indonesia, IOP Conf. Series: Earth and Environmental Science 55*.

Rukmana, T. S., Bantar, W. S., Bargawa T. A. C., (2020): *Assesment of groundwater vulnerability using GOD method*.

Ракиќевиќ, Т., Думурџанов, Н., Петковски, П., (1976): *Толкувач за основната геолошка карта на СФРЈ, 1: 100 000, лист Штип*. Геолошки завод, Скопје.

Stempvoort, D. V., Ewert, L., Wassenaar, L., (1993): Aquifer vulnerability index: A gis – compatible method for groundwater vulnerability mappng. *Canadian Water Resources Journal*, **18**:1, 25–37.

Saheed, A. O., (2017): *An overview of aquifer vulnerability*; Unit for Sustainable Water and Environment Civil Engineering Department Central University of Technology Bloemfontein, South Africa.

Thomas. T, Putranto, T. T., Yusrizai, M. B. S (2018): *Determining the groundwater vulnerability using the aquifer vulnerability index (AVI) in the Salatiga groundwater basin in Indonesia*.

3. ЕКОНОМСКА ГЕОЛОГИЈА

Металогенија

Минерални ресурси

Енергетски ресурси

Техногени наоѓачишта

3-EG-01
UDC: 622.7'17:627.8(497.11)

SOME GEOCHEMICAL AND MINERALOGICAL FEATURES OF SAMPLES FROM OLD BOR'S TAILING DAM

Todor Serafimovski[1], Ivica Ristović[2], Blažo Boev[1], Goran Tasev[1], Ivan Boev[1], Dalibor Serafimovski[3], Matej Dolenec[4]

[1]*Faculty of Natural and Technical Sciences, "Goce Delčev" University in Štip,*
[2]*Faculty of Mining and geology, University of Belgrade, Serbia*
[3]*Faculty of Electrical Engineering, University "Goce Delčev"–Štip, Republic North Macedonia*
[4]*Faculty of Natural Sciences and Engineering, University of Ljubljana, Slovenia*
todor.serafimovski@ugd.edu.mk

A b s t r a c t: The paper presents the results of the latest tests of tailings from the old tailings in the Bor mine complex. A package of 31 elements was geochemically analyzed, in which with increased elemental contents are characterized the elements typical for the Bor ores such as copper (0.25–0.45% Cu), chromium (0.0047–0.1343% Cr), arsenic (0.0031–0.0127% As), selenium (0.30–4.77% Se), silver (0.15–2.87% Ag) and gold (0.08–0.65% Au). Mineralogical study have shown the standardization of several minerals such as pyrite, bornite, chalcopyrite, magnetite and natural gold, which compositions have been confirmed by SEM–Scanning Electron Microscope. Quantitative mineral analysis gave the composition of the main constituents in the tailings dominated by quartz up to a maximum of 60.6%, amorphous mass up to 58.1%, ore minerals dominated by pyrite up to 20.4% followed by albite, microcline, hornblende and others.

Key words: Bor mine, ore minerals, tailings, geochemistry, quantification and mineralogical analysis

НЕКОИ ГЕОХЕМИСКИ И МИНЕРАЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОЦИ ОД СТАРОТО БОРСКО ХИДРОЈАЛОВИШТЕ

А п с т р а к т: Трудот ги презентира резултатите од најновите тестирања на хидројаловина од старите хидројаловишта во рудниот комплекс Бор. Геохемиски беше анализиран пакет од 31 елемент, во кој со зголемена елементарни содржини се карактеризираат елементите типични за Борските руди, како што се бакар (0,25-0,45% Cu), хром (0,0047-0,1343% Cr), арсен (0,0031–) 0,0127% како), селен (0,30-4,77% Se), сребро (0,15-2,87% Ag) и злато (0,08-0,65% Au). Минералошките проучувања покажаа неколку стандардни минерали како што се пирит, борнит, халкопирит, магнетит и самородно злато, чии состави се потврдени со Скенинг Електронски Микроскоп-СЕМ. Квантитативната анализа на минералите го даде составот на главните состојки во јаловината во која доминира кварц до максимум 60,6%, аморфна маса до 58,1%, а од рудни минерали доминира пирит до 20,4% проследени со албит, микроклин, хорнбленд и други.

Клучни зборови: Рудник Бор, рудни минерали, хидројаловиште, геохемија, квантификација и минералошка анализа

INTRODUCTION

Old" Bor flotation tailing have been disposed in the Bor River valley from 1933 to 1987. During the exploitation period tailing was divided into two fields separated by the dumps of sand cyclones. The "Old" Bor Tailing pond consist of Field 1 (smallest) and Field 2 (largest) (Figure 1). Large quantities of processed material are actually stored in those tailings and their quantities are expressed in millions of tons. Namely, there had been deposited 22 322 350 t of material with 0.530 g/t Au, 2.83 g/t Ag and 0.230% Cu (Jovanović and Maksimović, 2018). The duration of the exploitation of the mines directly proportionally affects the size of the tailings or tailings material.

The variable degree of utilization of the ore components from the primary ores during the processing, mostly the flotation concentration, contributed to the part of the unused quantities of polymetals and associated components to be deposited in the existing tailings. Most often in the World and in Balkans the tailings are continuously extended and upgraded, so in today's conditions there is usually a group of old tailings and newer tailings that have their own economic value where the concentrations of certain metals such as copper, gold, silver, rhenium, palladium, osmium, selenium and especially

the group of rare earth elements, can be interesting in the copper tailings (technogenous deposits) as it was shown by the latest studies (Serafimovski, 2019; Tasev and Serafimovski, 2020). The positive influences of the technogenous deposits are noted in the work of (Tasev and Serafimovski, 2020), as well as in the works of (Maksimović, 2014; Jovanović and Maksimović, 2018) and others. According to the above, in this paper are presented data from the geochemical and mineralogical study of samples from boreholes drilled in the old tailings of the Bor mining complex. The main motive for this is to contribute to a closer understanding of the positive impacts of the tailings, specifically the old tailings in the mining complex in Bor.



Fig. 1. Schematic positions of Bor (Serbia) of tailing dams with an accent to old Bor tailing dam and its drillhole sampling (Stanojlović et. 2014, modified)

METHODS OF INVESTIGATION

The current paper is based on ore minerals study of the old Bor old tailing were analyzed samples taken from cores of 6 exploration drill holes preformed at the Field 1 and Field 2. Quantification of samples was performed at the XRD laboratory of the Faculty of Natural Sciences and Engineering, University of Ljubljana, Slovenia. Prepared polished sections were previewed on the polarizing optical microscope Zeiss Axiolab Pol in reflected light mode at the Faculty of Natural and Technical Sciences, University "Goce Delčev" University in Štip. The chemical compositions of the major mineral phases were determined by scanning electron microscope (SEM) VEGA3 LMU and INCA Energy 250 Microanalysis System (EDS/EDX), located at the "Goce Delčev" University in Štip. For SEM, the VegaTC software was used. Geochemical analysis of adequate tailing samples was performed using the Inductive Coupled Plasma–Optical Emission Spectrometry located at University "Goce Delčev" in Štip. The sampled tailing fields 1 and 2 together contain 27 million tonnes of tailing (Maksimović, 2014; Jovanović and Maksimović, 2018; Stanković et al., 2018; Ristović, 2020).

GEOCHEMICAL FEATURES

Some of the latest geochemical analyzes of individual and composite drill–holes were performed by IRM Bor – Laboratory for Chemical and Technical Control, and SGS Bor. Under laboratory conditions, chemical analyzes were performed on

Cu and Au. During that period, the total number of samples taken from 13 drill–holes was 470.

Copper flotation tailing from the old copper flotation tailings RTB Bor, Serbia until recently was classified as mining waste (Gardić et al., 2015). Disposal of this kind of waste without prior treatment has a negative impact on the environment (quality of surrounding soil, groundwater, surface water and air). However, if we keep in mind aforementioned quantities of material and concentration of certain metals (Cu, Ag, Au….) and their respective metal exchange prices we may easily conclude that there could be induced high economic interest. Chemical composition of copper flotation tailings is shown in the Table 1.

T a b l e 1

Chemical composition of copper flotation tailings

Parameter	Measure unit	Content	Analitical method
Cu	%	0.2	AAS
Fe	%	4.11	AAS
Fe_3O_4	%	0.06	A– Fe_3O_4
Cu_{ox}	%	0.112	AAS
S	%	5.08	S
SO_4^{2-}	%	7.21	NTU
Al_2O_3	%	14.89	PT
SiO_2	%	62.83	G
MgO	%	0.16	AAS
As	%	0.0082	ICP–OES
Pb	%	<0.03	AAS
Zn	%	0.0030	AAS
Hg	g/t	0.1	AAS
Mn	%	0.005	AAS
Cr	%	0.16	ICP–OES
Cd	%	<0.0025	AAS
Ag	g/t	0.9	FA/AAS
Au	g/t	0.1	FA/AAS

With our latest geochemical analyses of samples from drill–holes from the old tailings in the Bor mine complex, a total of 6 composite samples were analyzed with the ICP–AES method on a program package of 31 elements. The obtained results are shown in Table 2.

From the attached Table 2 can be seen that the obtained results are statistically processed and grouped as minimum, maximum, average, standard deviation and median values. The interpretation showed that with increased and interesting contents are characterized the elements that are characteristic for the ores from the Bor mineralized complex whose post–flotation treatment has been identified in the old tailings. It is about the increased contents of copper, arsenic, silver, selenium, gold and for a special note are the increased contents of chromium which are not characteristic for this type of ores. In the framework of the geochemical treatment of elements from the old Bor tailings, in addition to the presentation of the historical data from the studied Bor tailings (given in Table 1), we decided to give comparative data to the tests performed by Outotec (Lippo, 2021) which are presented in Table 3. The attached Table 3 shows that colleagues from Finland conducted separate and aggregate tests on similar materials from the old Boris tailings. The attached data show that in almost all classes the copper content is increased and maximum values are seen in the classes + 75μm, + 45μm, + 20μm and –20μm. Such values coincide with the results obtained from our studies and previous studies by Gardić et al. (2015).

MINERALOGICAL FEATURES

Mineralogical features of the old tailings in the Bor mine complex have not been studied in detail until recently (Antonijević et al., 2008; Serafimovski et al. 2021). Our latest microscopic study of polished sections showed standard ore minerals from the Bor' ore complex, which are dominated by chalcopyrite and bornite (Figure 2), always followed by pyrite, magnetite, maghemite and commonly in association with molybdenite.

The microphotographs show illustrative samples of the most important minerals identified in the materials from the old Bor tailings (Figure 2). After the microscopic study of the polished sections, a total of 5 samples with details of ore grains were analyzed on the Scanning Electron Microscope in the laboratories of the Faculty of Natural and Technical Sciences at University "Goce Delcev" in Štip. The selection of the individual details that were dealt with for SEM analysis was based on the variety of ore minerals, their compactness, their representative morphological forms and of course their

position which enables reliable diagnostics under SEM. Analyzes have shown that the analyzed ore minerals confirm the positive identification under the optical microscope, such as the most common pyrite, chalcopyrite, bornite, magnetite and native gold, and gave the mineral compositions with some influence on the associated trace minerals standard for minerals of this type (Table 4).

T a b l e 2

Results from geochemical analysis of drill hole samples from the old Bor's tailing dam (ppm)

	Min	Max	Average	Std. dev.	Median
Al	17010.35	59045.47	30026.44	16662.63	23311.80
Ca	2366.69	18200.00	5520.78	6228.342	3065.59
Mg	584.00	10500.00	2355.83	3991.087	733.00
Na	1258.62	14893.49	3762.08	5457.241	1595.00
K	1556.21	18023.29	6563.15	6447.615	4709.59
Ti	774.20	2218.06	1186.23	532.1721	1077.16
Fe	27181.96	128795.25	76241.72	41251.77	72534.44
P	252.77	454.47	333.30	69.49695	317.53
Mn	26.30	748.53	152.32	292.1234	34.43
Sr	625.57	662.24	645.60	14.85163	645.10
Ba	111.99	3055.32	1428.91	1288.074	1216.12
Zn	19.43	31.69	25.26	5.595234	24.90
Pb	26.87	76.36	53.35	17.20426	53.27
Cr	47.09	1343.96	382.75	479.2266	252.17
Co	4.00	21.62	13.25	7.156132	11.98
Ni	16.19	28.83	22.65	4.180157	22.79
Cu	2542.99	4244.70	3016.99	691.823	2656.72
As	31.68	127.26	81.22	34.25719	84.01
Li	11.10	29.20	16.80	6.477714	15.99
B	17.70	35.27	26.27	5.766051	26.47
V	21.75	150.28	64.88	47.02375	52.93
Mo	1.49	16.52	6.22	5.220865	4.92
S	27035.23	116845.11	68792.51	39332.04	57673.36
Be	0.50	0.62	0.57	0.042757	0.58
Ga	4.96	10.79	7.48	2.346748	6.98
Ge	0.25	3.13	1.57	1.187415	1.45
Sn	2.80	5.99	3.94	1.351648	3.25
Se	0.30	4.77	2.21	1.549224	1.81
Ag	0.15	2.87	1.42	1.004596	1.50
Au	0.08	0.65	0.31	0.222658	0.29
Tl	0.68	2.58	1.51	0.81933	1.13

T a b l e 3

Chemical and geochemical sieve analyses of samples from drill holes from the Bor's tailing dam

Size fraction		+212 µm	+150 µm	+106 µm	+75 µm	+45 µm	+20 µm	–20 µm	Calc bulk	M9383
Weight (g)		37.35	45.08	48.22	42.49	68.06	97.49	254.56	593.25	Bulk (2)
(%)		6.30	7.60	8.13	7.16	11.47	16.43	42.91	100	100
Cu (%)	P1	<0.01	<0.01	<0.01	<0.01	<0.01	<0.01	0.02	0.007	0.111
	P2	0.03	<0.02	<0.02	<0.02	<0.02	<0.02	<0.05	0.011	0.022
	P3	0.05	0.05	0.05	0.06	0.07	0.05	0.05	0.052	0.053
	P4	0.03	0.03	0.04	0.06	0.09	0.07	0.03	0.045	0.036
	Sum	0.106	0.075	0.093	0.120	0.155	0.115	0.094	0.115	0.222
	TOT	0.132	0.103	0.123	0.156	0.173	0.145	0.152	0.146	0.241
Fe (%)	P1	<0.05	<0.05	<0.05	<0.05	<0.05	<0.05	<0.05	<0.05	<0.05
	P2	0.89	0.59	0.69	0.79	0.41	0.26	0.73	0.62	0.702
	P3	0.20	0.13	0.12	0.20	0.14	0.13	0.62	0.35	0.36
	P4	3.01	3.09	5.59	9.56	14.70	10.90	4.90	7.14	6.64
	Sum	4.11	3.81	6.40	10.55	15.25	11.28	6.25	8.11	
	TOT	**4.45**	**4.01**	**4.80**	**11.00**	**13.90**	**11.10**	**6.34**	**7.90**	**7.71**



a) b) c) d)

Fig. 2. Representative microphotographs of the most important ore minerals from the old Bor's tailing dam
a) Single aggregate of compact pyrite, sponge–like and partly corroded magnetite and intensively corroded and relic chalcopyrite aggregate (magnif. ×200, crossed nichols); **b)** Two phase chalcopyrite–bornite aggregate mimetically intergrown and plus interstice corossion of bornite over chalcopyrite (magnif. ×400, crossed nichols); **c)** Dual chalcopyrite aggregate. Compact in shape of half arc and relatively pure without corossion traces (magnif. ×630, crossed nichols; **d)** Illustration of two relic native gold grains within oxidized–silicified matrix (magnif. x400, crossed nichols)

T a b l e 4

Scanning–electron microscope analyses of the most common ore minerals from the Bor's old tailing dam (%)

	S	Fe	Cu	Sb	Sn	Te	Cr	O	Ag	Au	Total
Pyrite	52.89	46.51	0.07	–	0.35	–	0.18	–	–	–	100
Magnetite	–	70.69	0.85	–	–	–	0.02	28.44	–	–	100
Bornite	25.43	11.4	62.99	0.04	0.03	0.11	–	–	–	–	100
Chalcopyrite	33.13	30.04	35.13	–	–	0.90	–	–	0.05	0.75	100
Native gold	–	–	1.10	–	–	1.25	–	–	2.60	95.05	100

The attached Table 4 shows that the obtained elemental compositions of the most common minerals in the tailings from the old Bor deposits are quite standard and mostly close to the theoretical values (Palache et al., 1944; Deer et al., 1962; Okrusch and Matthes, 2005; Robb, 2005; Pačevski et al., 2012; Jelenković et al., 2016 and Stefanova et al., 2018). Normally, there are certain specifics that characterize Bor complex ores, and they refer mainly to the elements of impurities, such as the increased presence of copper in pyrite, then the almost regular presence of gold and silver in chalcopyrite, occurrences of tellurium in bornite and chalcopyrite etc.

Quantitative analysis of samples from the Bor mine's tailing dam was realized on a number of selected samples (T1–T6). From selected materials were prepared polished sections where an optical microscope determined the presence of ore minerals from the Bor ore paragenesis, where had been determined presence of pyrite, chalcopyrite, magnetite and some less abundant mineral phases.

Then the samples with the required amount of material were sent for quantitative analysis to the laboratories of the Faculty of Natural Sciences and Engineering at the University of Ljubljana, Slovenia. Even before the samples have been analyzed, we have been told by the XRD operators' that the quantification of the material will be done within the sensitivity of the method, ie, the determination of those mineral phases whose total participation in the analyzed material is below 1% will be aggravated (Table 5).

T a b l e 5

Quantitative XRD mineralogical analysis of samples from the Bor tailing dam (in %wt) with amorphous phase (%)

Dataset Name	Quartz low	Pyrite	Alunite	Nacrite	Hornbl Mg	Anorthite	Microcline ordered	Greigite	Amorphous fraction / %	Total
T1 (B–1 8–9 m)	60.6	12.5	0	0.3	0	0	0	0.1	26.5	100
T2 (B–1 20–21m)	47.1	20.4	0	0.2	0.3	0	0	0.1	31.9	100
T3 (B–2 4–5 m)	48.4	5	2	1.2	0.1	0.2	0	0.2	42.8	99.9
T4 (B–2 18.5–19.5 m)	17.3	4.1	0.4	0	5	10.3	4.5	0.3	58.1	100
T5 (B–3 26–27m)	51.7	16.5	1.8	0	0	0	0	0.2	29.8	100
T6 (B–4 20–21 m)	39.7	4.4	4.6	4.1	0.4	0	0	0.3	46.6	100.1

From the results, enclosed within this review, it could be seen that the reliability of the provision was in favor of the petrogenic minerals (unprocessed minerals), which was a great opportunity for us as we had no other treatment for them, while the ore minerals were found in contents below 1% and their quantification cannot reliably confirm their intensity (Figure 3). However, the quantification of ore minerals (pyrite) is also present in the review through analysis of tailings.



Fig. 3. Frequency graph of major minerals and amorphous phase in samples from the Bor tailing dam (XRD analysis)

CONCLUSION

The realized mineralogical and geochemical studies and the conducted quantification of the treated materials from the old Borski tailings showed that the tailings may be of interest for possible further valorization of certain elements in the first place copper, gold, silver, selenium and possibly even tellurium. The geochemical specialization of all studies conducted so far, including the latest ones, indicates the fact that there is a possibility of special interest for further research of these old tailings. Mineralogical tests confirm a simple mineral composition dominated by chalcopyrite. Quantitative parameters reflect the composition of the complete tailings standard for Bor mine ore types.

Acknowledgement: This work was financially supported by the EIT Raw materials project no. KAVA 18248, RIS–CuRE (Zero waste recovery of copper tailings in the ESEE region).

REFERENCES

Antonijević, M. M., Dimitrijević, M. D., Stevanović, Z. O., Serbula, S. M., Bogdanović, G. D. (2008): Investigation of the possibility of copper recovery from the flotation tailings by acid leaching. *J. Hazard. Mater*. **158**, 23–34.

Deer, W. A., Howie, R. A, Zussman, J. (1962): *Rock-forming minerals, Volume V, Non–Silicates*, John Wiley & Sons, Inc. pp. 56–88.

Gardić, V., Marković, R., Obradović, Lj., Stevanović, J., Gvozdenović, M., Grgur, B., Jugović, B. (2015): Slovak Society of Chemical Engineering Institute of Chemical and Environmental Engineering Slovak University of Technology in Bratislava. *Proceedings, 2nd International Conference of Slovak Society of Chemical Engineering. Tatranské Matliare, Slovakia,* pp. 910–913. (ISBN: 978–80–89475–14–8, EAN: 9788089475148).

Jelenković, R., Milovanović, D., Koželj, D. and Banješević, D., (2016). The Mineral Resources of the Bor Metallogenic Zone: A Review. *Geologica Croatica*, Vol. **69** (1), pp 143–155.

Jovanović, M., Maksimović, M. (2018): *Final Report of detailed geological survey of technogenous raw material within the Bor old tailing dam (Field 1 and Field 2) for the period 2015–2018*. Professional documentation fund – Geology department IRM, 58 p. [Završni izveštaj o izvršenim primenjenim, detaljnim geološkim istraživanjima tehnogene mineralne sirovine na prostoru starog flotacijskog jalovišta Bor (polje 1 i polje 2) – za period od 2015. do 2018.godine, Fond stručne dokumentacije Odeljenje za geologiju IRM, Bor; 58 s].

Lippo, J., 2021. Laboratory trials for extraction (WP4). *5th Progress meeting on-line*, 10th March, 2021 RIS–CuRE Project (EIT RAW Materials), 13 p.

Maksimović, M. (2014): Project for applied and detailed geological survey of technogenous raw material within the Bor old tailing dam (Field 1 and Field 2) for the period 2014–

2017. *Professional documentation fund*–Geology department IRM, 58 p. [Projekat primenjenih, detaljnih geoloških istraživanja tehnogenene sirovine na prostoru Starog flotacijskog jalovišta u Boru (Polje 1 i Polje 2), u periodu od 2014. do 2017. godine 2014. godine; Fond stručne dokumentacije Odeljenje za geologiju IRM, Bor; 51 s.].

Okrusch, M.. Matthes, S., (2005): *Mineralogie – Eine Einführung in die Spezielle Mineralogie, Petrologie und Lagerstättenkunde;* Book, Springer-Verlag, S. 38; ISBN: 3540238123

Pačevski, A., Šarić, K., Banješević, M., Tončić, T., Cvetković, V. (2012): Skarn mineralizations in the Bor ore district: new evidence from study of bornite–chalcopyrite–hematite paragenesis. *SCOPES Project–International Conference*, May 29–June 02, 2012, Izgrev Hotel, Štip, Macedonia, pp. 16.

Palache, C., Berman, H. and Frondel, C. (1944): *Dana's system of mineralogy,* (7th edition), v. **I**, pp. 282–290.

Ristović, I. (2020): Study of historical data on Cu-tailings in Bor mining complex – Serbia. Deliverable for the Zero waste recovery of copper tailings in the ESEE region (RIS–CuRE), 13 p.

Robb, L. (2005): *Introduction to Ore-forming Processes*. Willey-Blackwell Publishing, Oxford. 382 p.

Serafimovski, T. (2019): Technogene deposits in the Republic North Macedonia. *RIS-RECOVER Project Workshop*, October, 2019 Kavadarci, 35 p.

Serafimovski, T., Ristović, I., Boev, B., Tasev, G., Boev, I., Serafimovski, D., Dolenec, M. (2021): *Mineralogical analysis of samples from the old Bor mine flotation tailing, Republic Serbia*. Natural Resources, pp 1–12 (in print).

Stanković, V., Milosević, V., Milicević, D., Gorgievski, M., Bogdanović, G. (2018): Reprocessing of the old flotation tailings deposited on the RTB Bor tailings pond – a case study. *Chemical Industry and Chemical Engineering Quarterly*. **24**. 5–5. 10.2298/CICEQ170817005S.

Stanojlović, D. R., Sokolović, M. J., Milosević, N. (2014): Integrated environmental protection and waste minimization in the area of copper mine Bor, Serbia. *Environmental Engineering and Management Journal*, Vol. **13**, No. 4, 791–804.

Stefanova, V., Serafimovski, T., Tasev, G. (2018): Native gold composition and morphology through the mineral processing stages at the Bučim copper mine, Republic of Macedonia. *Geologica Macedonica*, Vol. **32**, No. 1. pp 59–74. (In print: ISSN 0352–1206; On–line: ISSN 1857–8586).

Tasev, G., Serafimovski, D. (2020): Positive and negative impacts of technogenic deposits. *Knowledge – International Journal*, Scientific Papers, **38** (3). pp. 567–573. ISSN 2545–4439.

3-EG-02
UDC: 553.411.068.5(497.731)

МОРФОЛОШКО-ХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗЛАТНИ АГРЕГАТИ ОД ЛИПОВДОЛСКА РЕКА, ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

Виолета Стефанова, Ѓорѓи Димов, Виолета Стојанова

Faculty of Natural and Technical Sciences, "Goce Delčev" University in Štip,
Blvd. Blvd. Krste Misirkov 10-A, P.O, Box 210, 2000 Štip, Republic of North Macedonia
violeta.stefanova@ugd.edu.mk

А п с т р а к т: Во овој труд ќе бидат презентирани резултатите од шлиховската проспекција преку која се изврши опробување на алувионот на Липовдолска река и река Отиња. На пронајдените златни агрегати се изврши морфолошка и хемиска анализа која покажа дека станува збор за самородно злато кое се карактеризира со висока чистота која се движи од 94 до 99% Au, со многу малку примеси од Ag, Cu и Fe. Морфолошката анализа покажа дека доминира сплесканата форма. Големината на зрната се движи од неколку стотина микрони до 2 mm.

Клучни зборови: шлиховска проспекција, алувијално злато, хемиски состав, морфолошки форми

MORPHOLOGICAL-CHEMICAL CHARACTERISTICS OF GOLDEN AGGREGATES FROM LIPOVDOLSKA RIVER, EASTERN MACEDONIA

A b s t r a c t: In this paper it will be present resultes from Schlich's prospection through which was performed a test from the Lipovdolska river and Otinja river. Morphological and chemical analysis of gold aggregates show higher purity from 94 to 99% Au, with a low content of impurities of Ag, Cu and Fe. Morphological analysis showed that the flattened form dominated. The grain size ranges from a few hundred microns to 2 mm.

Key words: Schlich's prospecting; alluvial gold; chemical composition; morphological forms

ВОВЕД

На физичко-хемиските карактеристики на алувијалното злато влијаат многу фактори меѓу кои позначајни се: карактерот на примарното злато, водената сила, морфологијата на речното корито, должината на транспорт и хемискиот состав на водата во реката. Значењето на овие фактори варира во зависност од климата, интензитетот на ерозијата и др. Како резултат на овие процеси, карактеристиките на примарното злато се менуваат. Нај карактеристични се морфолошките и хемиските промени (растворање и таложење), при што хемиските промени најчесто се претставени со формирање на рабни делови кои се обогатени со злато. Во светски рамки вршени се бројни испитувања на алувијалното злато со цел да се утврди дали ваквото злато може да укаже на примарниот извор и доколку е така кои карактеристики се најкорисни како индикатори за примарниот извор на златото (Chapman et all, 2000, 2010, 2011; Florencia et all, 2004; Knight et all, 1994, 1999; Nakagawa et all 2005, Towenly et all 2003; Tishcenko, 1981; Dumula et all, 2001, Mortensen et all, 2004, 2005; Moles et all 2011; и др).

Елувијално-алувијалното злато кое несомнено носи дел од белезите на ендогеното злато, во Македонија малку е истражувано, иако проучувањата на златото имаат долга историја. Постојат мал број на литературни податоци за хемискиот состав и морфолошките карактеристики. Првите вакви истражувања се направени на златни агрегати од неколку локалитети во кои со претходни истражувања е утврдено присуство на ендогена минерализација на злато (Kovacev et al., 2006; Stefanova et al., 2007; Kovacev et al., 2007, Stefanova et al., 2013, 2014, 2015, 2016, 2018, 2019).

ГЕОЛОШКА ГРАДБА НА ПОШИРОКАТА ОКОЛИНА НА ДРЕНАЖНОТО ПОДРАЧЈЕ НА ЛИПОВДОЛСКА РЕКА

Во геолошката градба на испитуваното подрачје велгуваат карпи од различна старост како што може да се види од слика 1,

Липовдолска река и реката Отиња дренираат подрачје кое е претежно изградено од прекамбриски карпи претставени со неколку вариетети на гнајсеви: дволискунски, кордиеритско-силиманитски, порфиробластични, потоа микашисти и лептинолити, мермери, амфиболити и амфиболски шкрилци. Палеозоикот е претставен со хлорит амфиболски шкрилци. Јурскиот магматизам е претставен со биотитски гранити и адамелити. Кредните седименти се претставени со песочници, конгломерати, глинци, варовници. Во палеогенот продолжува седиментацијата на еоценски песочници, лапорци и конгломе-рати. Терциерот е претставен со магматизам од типот на трахити и трахиандезити. На овој терен се среќаваат и плиоценски седименти претставени со песоци, суглини и чакали.

Она што е за одбележување за овој терен е што подрачјето кое го дренират овие реки е во непосредна близина на наоѓалиштето Бучим. Терциерниот магматизам, во поширокото подрачје поточно во подрачјето на Бучим е претставен со трахиандезити. Овој магматизам ја дал бакарната минерализација која е проследена со злато и е распоредена во неколку рудни тела кои се лоцирани околу андезитските пробои а како средина на депонирање се дволискунските гнајсевите. Раседите кои се присутни на овој терен овозможиле на хидротермите да се движат и притоа во гнајсевите како поволна средина ја одложиле минерализацијата. Конкретно во подрачјето кое го дренираат реките кои беа предмет на истражување, терциерниот магматизам е претставен со појава на мал тахитски пробој (Слика 1), во дволискунските и порфиробластичните гнајсеви.



Сл. 1. 1 Геолошка карта на поширокатa околина на истражуваното подрачје (Изавадок од ОГК-лист Штип, ВГИ, 1974)
1. Песоци, суглини и чакали, 2. Трахиандезити, 3. Трахити, 4. Базална серија:песочници, лапорци и конгломерати, 5. Варовници и лапорци, 6. Песочници, 7. Конгломерати и песочници, 8. Биотитски гранити, 9. Адамелити, 10. Хлорит-амфиболски шкрилци, 11. Мермери, 12. Порфиробластични гнајсеви, 13. Амфиболити и мафиболитски шкрилци, 14. Микашисти и лептинолити, 15. Дволискунско тракасти гнајсеви, 16. Биотитски ситнозрни гнајсеви, 17. Силиманитско-кордиеритски гнајсеви

ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА

Шлиховска проспекција се спроведе најнапред по горниот тек на реката Отиња, потоа во втор наврат беа земени материјали од реката Отиња низ самиот град Штип и во третиот наврат опробувањето се изврши по долнотот тек на течението на Липовдолска река која се влева во реката Отиња. Добиениот материјал се испираше класично со употреба на карлица по што добиениот црн шлих се подложи на понатамошна лабораториска обработка. Најнапред со магнет рачно се изврши издвојување на магнетичната серија и се пристапи кон преглед на материјалот со електронски стереоскоп-бинокулар. Златните агрегати се издвојуваа рачно.

За да се одредат морфолошките карактеристики на златото, пред се заобленоста, сплесканоста и назабеноста на зрната се примени скенирање со електронската микроскопија. Ваквите испитувања овозможуваат да се одреди должината на транспортот како и природата на средината во која се депонирале шлиховските минерали. Исто така оваа метода се примени за да се одреди и хемискиот состав на златните агрегати. Анализите се извршија во лабораторијата за електронска микроскопија на Универзитетот во Штип на инструмент од типот VEGA3 LMU. Еталоните се на TESCAN. Специфичните услови на работа се:

– Tension 20 keV; Test Method: EDS;

– Type of analysis:Quantitative X-act: 10 mm^2 (Slicon Drift detector);

– Max resolution 125 EV;

– Resolutionof MnKα, FKα, CKα according to ISO/TS10798:2011.

ХЕМИЗАМ НА ЗЛАТНИТЕ АГРЕГАТИ

Златото во природата најчесто се појавува како самороден метал иако често во хемискиот состав влегуваат многу варијабилни количини на некои други метали пред се сребро, но исто така и жива, бакар, паладиум.

Многу истражувачи го проучувале ефектот на должината на транспортот врз карактеристиките на алувијалните златни честички, и во морфолошки и во хемиски поглед (Hallbauer et all, 1977, Groen et al., 1990, Herail et al., 1990, и др). Меѓу истражувачите постои консензус дека морфолошките карактеристики се поврзани со должината на транспортот, додека односот помеѓу транспортот и хемиските промени е помалку јасен (Chapmen et al, 2001). Промените во составот биле испитувани со анализа на површината на златните агрегати (Hallbauer and Utter, 1977) и на полирани површини (Groen et al., 1990). Во двата случаи било забележано зголемување на финоќата со транспорт, при што механизмите одговорни за збогатување на златото на површината се препишуваат на намалување на среброто и автоматско рафинирање-самопрочистување. Herail et al. (1990) во своите испитувања не забележал промена во хемијата на златните агрегати со текот на транспортот, истакнувајќи дека составот на алувијалното злато кореспондира со оној од примарниот извор.

Според Chapman, et all, 2010 испитувањето на хемискиот состав може да се користи и за корелација помеѓу хемискиот состав на примарното злато и расипното злато со што може да се утврди типот на минерализација. Овие истражувачи веруваат дека златните агрегати со тесен ранг на хемискиот состав укажуваат на орогено потекло.

Нашите испитувањата на хемискиот состав (Табела 1) на златните агрегати покажаа дека станува збор за самородно злато кое се карактеризира со висока чистота (999) и спаѓа во групата на високопробно злато (Захарова, 1974). Како примеси се среќаваат среброто, бакарот и железото со тоа што железото се среќава најчесто иако со ниски содржини кои се движат 0,02 до 4%. Втор минерал по застапеност е среброто кое исто така е присутно во многу ниски содржини од 0,02 до 2,3 %. Бакарот е застапен со содржини кои се движат од 0,02 до 0,3%. Среброто како примеса не покажува некакава закономерност и е рамномерно застапено во централните и периферните делови. Имајки го во предвид фактот дека златните агрегати во целина имат хомоген состав (мерења кои се извршени во центарот на агрегатите и во периферните делови) може да се претпостави дека златните агрегати потекнуваат од еден извор (Florencia et all., 2004).

Останува отворено прашањето дали ваквиот состав на златните агрегати се должи на должината на транспортот поради што доаѓа до самопрочистување на златните агрегати односно до намалување на содржината на среброто (Chapman et al, 2000, Groen et al. 1990) или ваквиот состав се должи на примарниот извор (Herail et al. 1990).

Т а б е л а 1

Хемиски состав на златни агрегати од река Отиња и Липовдолска река

		Au	Ag	Fe	Cu
7.1	Center	99,67	–	0,31	0,02
	Rim	99,93	–	0,07	–
7.2	Center	99,96	–	0,04	–
	Rim	99,76	–	0,14	0,10
7.3	Center	99,70	0,18	0,12	–
	Rim	99,09	0,88	0,02	–
7.4	Center	99,88	–	–	0,12
	Rim	99,77	–	0,23	–
7.5	Center	94,95	0,32	4,74	–
	Rim	99,79	0,21		–
7.6	Center	99,86	0,14		–
3.1	Center	99,42	–	0,58	–
	Rim	99,17	–	0,47	0,36
3.2	Center	99,19	–	0,81	–
	Rim	99,69	0,14	0,18	–
6	Center	100,00			
ST	Center	99,67	0,02	0,31	
	Rim	99,69		0,03	0,28
OT-1	Center	99,35	0,16	0,25	0,24
	Rim	99,65	0,09		0,27
OT-2	Center	99,83		0,06	0,11
	Rim	97,56	2,36		0,08

МОРФОЛОШКИ ФОРМИ НА ЗЛАТНИТЕ АГРЕГАТИ

Самородното злато е минерал кој многу добро се кове и поради тоа многу од физичките карактеристики како што е големината на зрната ќе зависат од типот на примарната минерализација, видот и должината на транспорт како и процесите на ерозија на кои е подложен теренот (Mudaliar et al., 2007).

Големината на пронајдените златни зрна се движи од околу 450 микрони (зрно 6) се до 2 mm (зрно OT-1).

Кај испитуваните златни зрна од овие реки, се забележува заоблување на рабовите и измазнување на површината на зрната а истовремено се зголемува и сплесканоста која може да се должи и на значителниот транспорт на златото а пред се поради малата тврдина и ковноста на златото како минерал (слика 2).



Зрна злато од проба 7

Зрно злато од проба 6

Зрна злато од проба 3

Сл. 2. Фотографски снимки на златни зрна од Липовдолска река

Оваа појава исто така може да укаже дека зрната биле подложени на секундарни процеси. Сплескаността може да се објасни и со тоа што за време на транспортот зрната се судираат со зрната од други поцврсти минерали од карпите што доведува до зголемување на сплескаността во функција на должината на транспортот (Knight et al., 1999; Townley et al., 2003; Tishcenko et al, 1981). Сепак треба да се напомене дека сплескаността варира и во зависност од големината на зрната бидејќи поголемите зрна (1–2 mm) се изложени многу повеќе (Knight et al., 1999), отколку помалите зрна кои се со големина меѓу 8–16 –. Зрната помали од 60 микрони подлежат на многу помало сплескување (Knight, 1994). Сплескаността на зрната е најголема во местата со голема енергија и промените во однос на големината и сплескаността, делумно зависат од движењето низводно а делумно од сортирањето на материјалот за време на флувијаниот транспорт.

Knight et al. (1999) ги проучувале промените во морфологијата на агрегатите во текот на транспоротот, пред се дебелината на рабовите на зрната, сплескаността, заобленостa и т.н. шило-форма фактор, секој од овие фактори посебно и едни во однос на други. Овие истражувања покажале дека најверодостоен индикатор за должината на транспоротот е индексот на сплесканост на зрната иако и степенот на заобленост и дебелината на ивиците може да придонесе за добра корелација. Формата на контурите на зрната може да биде премногу варијабилна бидејќи самите примарни зрна може да имат многу различни почетни форми со што како фактор е тешко применлив. Според Mudaliar (2007), на растојание од 3–5 km врската меѓу сплесканост и заобленостa и должината на транспоротот може да даде измешани форми кои многу се разликуваат бидејќи во овој интервал се случуваат големи почетни промени.

Кружната форма, степенот на заобленост и на сплесканост исто така може да укаже и на типот на изворот (Mudaliar et al., 2007; Knight, 1999) иако според Styles (1995), мерењето на големината и формата на златните агрегати даваат малку информации за потеклото на алувијалното злато.

Од приложените фотографии може да се види дека најголем дел од испитуваните агрегати се со сплескана форма. По форма се кружни (7.1, 7.5, 7.6, 3.1, 3.2, ST) со заоблени ивици. Присутни се и издолжените неправилни форми (7.2, 7.3, 7.4, 6, OT-1, OT-2). И овие златни зрна се сплескани.

Ваквите заоблени, сплескани, зарамнети форми може да укажат на заклучок дека овие зрна претрпеле значителен транспорт бидејќи многу аглестите и неправилни форми, покажуваат дека алувијалното злато е блиску до својот примарен извор додека абразивните и кружни форми укажуваат на транспорт од неколку km (Mudaliar, 2007).

Според Townley et al., 2003, на растојание од 300 до 1000 m, зрната на злато се карактеризираат со регуларни контури, превиткани ивици (слика 3), и површинска топографија која може да биде регуларна и ирегуларна. Зрната кои се наоѓат на растојанија поголеми од 1 km. се карактеризираат со регуларни мазни контури, а надворешната површина е со регуларна топографија.

Од проучуваните златни агрегати, едно зрно (7.1) би било во првата група додека останатите испитувани зрна најмногу по своите карактеристики би припагале во групата на зрна кои се среќаваат на растојанија поголеми од 1 km.

Присуството на златни агрегати во Липовдолска река го отвора прашањето за потеклото на ова злато.

Од повеќето можности за добивање на суштествени информации за постоењето и дистрибуцијата на лабораториски анализираните елементи во земјината кора во овој труд се прикажува, како таквите истражувања и анализи можат да послужат при ограничувањето на изборот за користење на минерална суровина „технички градежен камен, песок и чакал“) кои потекнуваат од литолошки средини во кои реално постои опасност од присуство на зголемени концентрации на радиоактивни елементи.

Општо прифатено е дека природната радиоактивност од Земјината кора потекнува од

распаѓањето на радиоактивните елементи и тоа првенствено од членовите на ураниумовата иториумовата низа на радиоактивни елементи кои се настанати во процесите на постанокот на карпите, нивната преобразба и распаѓање.

Генерално во Земјината кора концентрацијата на ураниумот иториумот се движи од 1,1 до 10 ppm за ураниумот (U) и околу 10 ppm заториумот (Th). Овие концентрации одговараат на концентрација за активност од 13,5 – 123 Bq/kg за ^{238}U и 39.4 Bq/kg за ^{232}Th (Радмиловиќ, 1995).

Со геостатистичка анализа на податоците кои се добиени од регионалните проспекциски истражувања, во овој туд е извршено издвојувањето на потенцијални зони и литолошки носители на зголемени концентрации на радиоактивни елементи Th и U.

Статистичката обработка и просторното прикажување на дистрибуцијата на елементите (во овој случај на Th и U), овозможи да се издвојат простори во кои може да се очекува зголемени концентрации на радиоактивни елементи. Со таквото сознание, доколку во тие простори постои интерес и услови за добивање на концесија за експлоатација на минерална суровина „градежен технички камен“, се наметнува потребата дека за определување на квалитетот на минералната суровина, покрај стандардните истражувања и испитувања кои се предвидени во правилникот од Сл. Весник 53/79, потребна е и изработка на радиометриски испитувања.

Со таквиот пристап при истражувањето на минералната суровина, можно е да се изврши компарација помеѓу максимално дозволените количини на емисија на радионуклеиди во единица време и реалното присуство на радиоактивни елементи во минералната суровина.

ПРИМЕНЕТИ МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ ОД НИВ

Во поглед на реалното прогнозирање и определување на перспективни простори за можно постоење од зголемена концентрација на елементи кои можат да претставуваат минерални суровини, геохемиските методи „BLEG и Stream седименти“ се ценат за високо доверливи истражувачки методи за ниво (фаза на истражување) на регионални геолошки истражувања.

Во изминатиот период од 2015 до 2017 год. од страна на две странски компании („Резервоар минералс Македонија“ ДООЕЛ Скопје и Калтун Мадденцилик ДОО Скопје), на вкупна површина од 6947 km^2 (Слика 1), се извршени регионални геолошки истражувања во три региона во источните и југо-источните делови од Македонија.

Во текот на геолошките истражувања земени се 532 проби за BLEG и Stream седименти и истите се анализирани на 53 елемента (Табела 1).

Т а б е л а 1

Преглед на земени проби по региони и компании

Регион	Компанија изведувач на геолошки истражувања	Број на проби
1	Резервоар минералс Македонија, ДООЕЛ	168
2	Резервоар минералс Македонија, ДООЕЛ	190
3	Калтун Мадденцилик ДОО Скопје	174

Пробите за BLEG и Stream седименти се земани во дното на сливните подрачја и истите ги репрезентират секундарните ореоли на расејување од минералните компоненти кои произлегуваат и се составен дел на литолошката содржина на тоа сливно подрачје, а се со пространство од 8 до 12 km^2.

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Добиените резултати од спорведените теренски и лабораториски истражувања и испитувања, истражувачките компании ги имаат искористено за постигнување на своите цели, но во исто време елаборатите во кои се прикажани резултатите од спроведените геолошки истражувања и лабораториски испитувања се доставени на државниот органи (Геолошки завод на Република Македонија) кој понатаму може истите да ги користи во цели и надлежности кои произлегуваат од Законот за Геолошки завод на Република Македонија, (Член 4). Во тој смисол и се користени податоците од тие регионални истражувања за издвојување на зони со зголемени концентрации на радиоактивни нуклеиди.

За хемиска анализа на пробите применети се масена спектрометрија со индуктивно сврзана плазма (ICP – MS) и атомска абсорбциона спектрометрија (AAS).

Статистичката обработка на елементите е изведена со помош на програмот Excel (дескриптивна статистика) како и други статистички функции кои можат да се обработуваат во него.

За статистичка обработка на добиените податоци е креирана табела 2, и тоа за секој регион посебно. Со помош на EXCEL и во него креираната табела бр. 2 се добиваат параметри за: број на елементи, средна аритметичка вредност, централна вредност на низата, најчесто повторуваните елементи, максимум, минимум, ранг, варијанса, стандардна девијација, коефициент на варијација, локален фон на елементот, долен праг на аномална вредност, критичен праг на аномална вредност, коефициент на варијација и коефициент на корелативна зависност на елементите.

Т а б е л а 2

Шематски приказ на земени проби и анализирани елементи

Име на проба	Координата Y	Координата X	Au	Ag	Al	…. 49 елементи	Zr
P1B_001							
P1B_002							
…n							
P1B_168							

Статистичката обработка на резултатите е изведена посебно за секој регион, со можност за интегрално прикажување и графичка интерпретација на резултатите од трите региона со помош на ArcMap.

Локален фон на елементот кој се анализира, е пресметан како средна пондерисана вредност од средно аритметичките вредности на најчесто застапената класа и нејзините две соседни класи (Табела 3).

$$L_{fon} = \frac{A * f_{max} + B * f_{max-1} + C * f_{max+1}}{f_{max} + f_{max-1} + f_{max+1}}$$

каде што:

A – класа со најголема фрекфенција,

B – лево соседна класа на „А“ класата,

C – десно соседна класа на „А“ класата,

f – фрекфенција на појавување на класата

Долен праг на првата аномална вредност е пресметан како збир од локалниот фон на елементот во регионот и една стандардна девиација.

$$PAV_1 = L_{fon} + SD$$

Критичен праг на аномална вредност е пресметуван како збир од локалниот фон на елементот во регионот и две стандардни девијации.

$$PAV_{kr} = L_{fon} + 2SD$$

Т а б е л а 3

Основни статистистички параметри за Th од регион 2

Дескриптивни статистички карактеристики за Th	Регион 2
Mean	5,77984
Standard Eror	0,21763
Mode	7,41
Standard Deviatic	2,71816
Sample Variance	7,38837
Kurtosis	0,38173
Skewness	0,87628
Range	13,73
Min	1,87
Max.	15,6
Sum.	901,655
Count	156



Сл. 1. Хистограм на класи и фрекфенција на појавување на Th во регион 2

Статистичка обработка на податоците за Th од регионот „Ветрен“ (регион 2)

Бројот на класите се дефинира преку формулата $K = 1 + 3{,}2 \cdot \log(N)$ и тој број за 156 елементи изнесува 8.

Интервалот за класите и фрекфенцијата на појавување на елементите во тој интервал се отчитува од столбчестиот хистограм (слика 1) кој се добива во Excel или емпириски преку формулата:

$$I = \frac{Range}{k}$$

каде што: I –интервал на класа, k – број на класи.

Пресметката на локалниот фон за Th во регионот *„Ветрен“* (регион 2) се пресметува како средна пондерисана вредност на класата од најчесто повторуваните елементи во низата и нејзините соседни класи (табела 4).

$$L_{fon(Th)} = \frac{A*f_{max}+B*f_{max-1}+C*f_{max+1}}{f_{max}+f_{max-1}+f_{max+1}}$$
$$=\frac{4.445*45+2.73*38+6.16*29}{112} = 4.31_{pmp}$$

каде што:

A; B и C се средни аритметички вредностти на класите 1; 2 и 3 (SAV) Табела 4

Т а б е л а 4

Класи на Th и нивно фрекфентно повторување

Број на класа за Th	Интервал		SAV	Фреквенција
1	1,87	3,59	2,73	38
2	3,59	5,30	4,45	45
3	5,30	7,02	6,16	29
4	7,02	8,74	7,88	20
5	8,74	10,45	9,60	13
6	10,45	12,17	11,31	9
7	12,17	13,88	13,03	1
8	13,88	15,8	14,74	1

Долен праг на аномална вердност се усвојува да биде $L_{fon(Th)} + SD = PAV_1$.

$$PAV_1 = 7.03 \approx 7 \text{ ppm}$$

каде што PAV_1 е долен праг на аномална вредност.

Коефициентот на вариација $\mathcal{V} = \frac{SD}{M} = 0{,}47$

Критичен праг, над кој постои опасност од постоење на контаминирана нискорадиоактивна минерална суровина (технички градежен камен, песок и чакал), и заради што при евентуалната нивна експлоатација е потребно да се извршат дополнителни испитувања на минералната суровина за определување на min дозволени количини на радиоактивни елементи е:

$$PAV_{kr} = L_{fon(Th)} + 2\ SD$$

$$PAV_{kr} = 9.74 \approx 10 \text{ ppm}$$

каде што PAV_{kr} е критичен праг на аномална вредност

Статистичка обработка на податоците за U од регионот „Ветрен“ (регион 2)

Т а б е л а 5

Основни статистистички мерки

Дескриптивни статистички карактеристики за U	Регион 2
Mean	1,38311
Standard Eror	
Mode	
Standard Deviatic	0,67858
Sample Variance	0,46047
Kurtosis	0,80026
Skewness	1,06294
Range	3,252
Min.	0,358
Max.	0,61
Sum.	215,765
Count	156



Сл. 2. Хистограм на класи и фрекфенција на појавување на U во регион 2

Т а б е л а 6

Класи на U и нивно фрекфентно повторување

Број на класа за U	Интервал		SAV	Фреквенција
1	0,358	0,798	0,578	27
2	0,798	1,238	1,018	57
3	1.238	1.678	1.459	27
4	2,118	2,558	1,898	24
5	2,118	2,558	2,338	8
6	2,558	2,998	2,778	9
7	2,998	3,438	3,218	2
8	3,438	3,878	3,658	2

Локален фон на U во регион 2 (Ветрен):

$$L_{fon(U)} = 1{,}018 \text{ ppm},$$

Долен праг на аномална вердност:

$$PAV_1 \approx 2 \text{ ppm},$$

Коефициентот на вариација

$$\mathcal{V} = \frac{SD}{M} = 0{,}49$$

Критичен праг на аномална вредност

$$PAV_{kr} \approx 2.4 \text{ ppm}$$

Корелативната зависност помеѓу Th и U е пресметана како Pearso-ов коефициент на корелација и тој за Th и U во регионот 2 (Ветрен) изнесува 0,7 а исто така нивната зависност е прикажана и со графикон (Слика 3).



Сл. 3. Корелација меѓу Th и U

За другите два региона извршена е иста пресметка на променливите параметри кои статистички ја дефинираат дисперзијата на секундарните ореоли на расејување.

Т а б е л а 7

*Основни статистички параметри за **U** кои ја дефинират дисперзијата на секундарните ореоли на расејување во регионите 1; 2 и 3*

	Лит. податок	Реон 1	Реон 2	Реон 3
Гранити	4,5	1,24 (меана) 3,64 (критична)	1,38 (меана) 2,41 (критична)	4,68 (меана) 9,75 (критична)
Алкални гранити	6			
Плагиогранити	2,7			
Кварц-диорити	2,1			
Диорити	1,8			
Дацити	2,5			
Риолити	4,0			
Габро-дијабази	0,6			
Перилотити	0,03			
Седиментни комплекс	2 – 3			
Гранитен комплекс и метаморфити	4 – 5			
Диорити и метаморфити	1 – 2			
Гранулит – базалтен слој	0,1 – 1			

Т а б е л а 8

Дескриптивни статистички карактеристики за Th и U во региони 1, 2 и 3

	Th			U		
	Регион 1	Регион 2	Регион 3	Регион 1	Регион 2	Регион 3
Mean	4,635	5,779	16,828	1,241	1,383	4,678
Standard error	0,223	0,217	0,663	0,106	0,054	0,262
Median	4,665	5,085	15,000	0,743	1,175	4,000
Mode	3,010	7,410	13,000	0,530	1,075	1,000
Standard deviation	2,295	2,718	8,750	1,386	0,678	3,462
Simple Variance	8,555	7,388	76,560	1,922	0,460	11,988
Kurtosis	1,090	0,382	14,981	9,894	0,800	1,854
Skewness	0,716	0,876	2,812	2,802	1,063	1,146
Rang	16,756	13,730	78,000	8,931	3,252	19,000
Min.	0,140	1,870	1,000	0,039	0,358	1,000
Max	16,900	15,600	79,000	8,970	3,610	20,000
Sum	797,187	901,655	2928,000	213,526	215,765	814,000
Count	172	156	174	172	156	144
Број на класи	8	8	8	8	8	8
Интервал на класа	2,090	1,700	9,750	1,100	0,410	2,370
Коефициент на вариација	0,630	0,470	0,510	1,100	0,490	0,740
Локален фон	5,270	4,310	15,140	0,870	1,018	2,820
Долен праг на AV	8,000	7,000	23,900	2,250	2,000	6,290
Критичен праг на AV	11,000	10,000	32,650	3,640	2,410	9,750

Т а б е л а 9

Коефициент на корелација помеѓу истражуваните елементи во регионот 2 (Ветрен)

	Au	Ag	Al	As	B	Ba	Be	Bi	Ca	Cd	Ce	Co	Cr	Cs	Cu	Fe	Ga	Ge	Hf	Hg	In	K	La	Li	Mg	Mn	Mo	Na	Nb	Ni	P	Pb	Pd	Pt	Rb	Re	S	Sb	Sc	Se	Sn	Sr	Ta	Te	Th	Ti	Tl	U	V	W	Y	Zn	Zr
Au	1																																																					
Ag	0,5	1																																																				
Al	0,1	0,3	1																																																			
As	0,5	0,4	0,0	1																									0,5	Nagovestena korelacija																									
B	0,0	0,0	0,0	0,0	1																								0,6	Slaba korelacija																									
Ba	0,2	0,2	0,4	0,2	0,0	1																							0,7	Izrazena korelacija																									
Be	0,2	0,2	0,2	0,2	0,0	0,5	1																						0,8	Jako izrazena korelacija																									
Bi	0,4	0,8	0,1	0,3	0,0	0,0	0,3	1																					0,9	Apsolutna korelacija																									
Ca	0,2	0,2	0,0	0,2	0,0	0,2	0,1	0,1	1																																													
Cd	0,5	0,9	0,3	0,4	0,0	0,2	0,2	0,8	0,1	1																																												
Ce	0,1	0,0	0,0	0,2	0,0	0,1	0,6	0,1	-0,1	0,1	1																																											
Co	0,2	0,4	0,5	0,2	0,0	0,2	0,2	0,2	0,0	0,4	0,0	1																																										
Cr	0,2	0,3	0,8	0,1	0,0	0,4	0,2	0,1	0,0	0,4	-0,1	0,5	1																																									
Cs	0,1	0,0	-0,1	0,4	0,0	0,1	0,4	0,1	-0,1	0,0	0,6	-0,1	-0,2	1																																									
Cu	0,4	0,8	0,6	0,2	0,0	0,2	0,1	0,7	0,1	0,8	-0,1	0,5	0,6	-0,2	1																																								
Fe	0,3	0,6	0,8	0,3	0,0	0,4	0,3	0,3	0,1	0,6	0,1	0,5	0,8	-0,1	0,8	1																																								
Ga	0,2	0,4	0,9	0,0	0,0	0,4	0,4	0,2	0,0	0,4	0,2	0,4	0,7	0,1	0,6	0,8	1																																								
Ge	0,1	0,2	0,4	0,0	0,0	0,2	0,5	0,2	-0,1	0,2	0,6	0,1	0,1	0,5	0,1	0,3	0,6	1																																								
Hf	0,3	0,4	0,4	0,4	0,0	0,3	0,4	0,4	0,1	0,5	0,3	0,5	0,5	0,0	0,4	0,6	0,4	0,1	1																																							
Hg	0,2	0,3	0,2	0,4	0,0	0,3	0,3	0,2	0,1	0,3	0,2	0,2	0,4	0,0	0,2	0,3	0,1	0,0	0,4	1																																						
In	0,5	0,9	0,2	0,3	0,0	0,1	0,2	0,8	0,0	0,9	0,1	0,3	0,3	0,0	0,8	0,6	0,4	0,2	0,4	0,1	1																																					
K	-0,1	-0,1	0,4	-0,2	0,0	0,4	0,2	-0,1	-0,1	-0,1	0,1	0,0	0,1	0,3	0,0	0,1	0,4	0,6	-0,3	-0,2	-0,1	1																																			
La	0,0	0,0	-0,1	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	-0,1	-0,1	-0,1	0,0	-0,1	-0,1	0,0	0,0	1																																		
Li	0,1	0,1	0,5	0,1	0,0	0,1	0,3	0,2	0,1	0,1	0,1	0,3	0,4	0,2	0,3	0,4	0,5	0,3	0,3	0,2	0,0	0,2	0,0	1																																	
Mg	0,1	0,2	0,8	0,0	0,0	0,4	0,1	0,0	0,3	0,2	-0,2	0,4	0,8	-0,3	0,5	0,7	0,7	0,2	0,3	0,1	0,1	0,3	-0,1	0,4	1																																
Mn	0,4	0,5	0,5	0,4	0,0	0,5	0,5	0,3	0,1	0,6	0,4	0,4	0,6	0,1	0,5	0,8	0,6	0,3	0,7	0,4	0,5	-0,1	-0,1	0,3	0,4	1																														
Mo	0,4	0,2	0,1	0,5	0,0	0,5	0,6	0,3	0,3	0,2	0,4	0,1	0,1	0,3	0,1	0,3	0,2	0,3	0,3	0,3	0,2	0,1	0,0	0,3	0,1	0,4	1																													
Na	0,3	0,3	0,6	0,3	0,0	0,6	0,5	0,2	0,4	0,4	0,2	0,4	0,6	0,1	0,4	0,6	0,6	0,3	0,5	0,3	0,3	0,1	-0,1	0,4	0,6	0,6	0,4	1																												
Nb	-0,1	-0,2	0,2	-0,3	0,0	0,1	0,4	0,0	-0,2	-0,2	0,4	0,0	0,0	0,3	-0,2	-0,1	0,3	0,3	0,0	-0,2	-0,1	0,5	0,1	0,2	0,0	0,0	0,1	0,1	1																											
Ni	0,2	0,3	0,7	0,1	0,0	0,3	0,0	0,1	0,2	0,2	-0,1	0,4	0,7	-0,2	0,6	0,7	0,6	0,2	0,3	0,2	0,2	0,2	-0,1	0,6	0,7	0,4	0,2	0,4	0,0	1																										
P	0,1	0,2	0,4	0,1	0,0	0,3	0,2	0,0	0,1	0,1	-0,1	0,1	0,3	0,0	0,3	0,5	0,4	0,2	0,0	0,0	0,1	0,3	-0,1	0,2	0,4	0,2	0,1	0,4	-0,1	0,4	1																								
Pb	0,3	0,5	0,0	0,3	0,0	0,1	0,3	0,5	0,1	0,6	0,4	0,1	0,1	0,2	0,3	0,2	0,1	0,2	0,4	0,2	0,5	-0,2	0,0	0,0	-0,1	0,3	0,2	0,2	0,0	-0,1	-0,1	1																								
Pd	0,0	0,1	-0,1	0,1	0,0	0,1	0,2	0,1	0,1	0,1	0,2	0,0	-0,1	0,2	0,0	0,0	0,0	0,1	0,1	0,1	0,1	0,0	0,0	0,2	0,0	0,2	0,2	0,1	0,0	0,0	0,0	0,3	1																						
Pt	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	1																					
Rb	-0,1	-0,1	0,3	-0,2	0,0	0,2	0,3	0,0	-0,1	-0,2	0,2	-0,1	0,0	0,4	-0,1	0,0	0,3	0,6	-0,3	-0,2	-0,1	0,9	0,0	0,2	0,1	-0,2	0,1	0,0	0,6	0,1	0,2	-0,1	0,0	0,0	1																				
Re	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	1																			
S	0,3	0,3	0,2	0,2	0,0	0,3	0,3	0,2	0,3	0,2	0,0	0,2	0,2	-0,1	0,3	0,3	0,2	0,1	0,3	0,3	0,2	0,0	0,0	0,2	0,2	0,4	0,4	0,3	0,0	0,4	0,2	0,1	0,2	0,0	-0,1	0,0	1																		
Sb	0,4	0,5	0,0	0,7	0,0	0,3	0,4	0,3	0,1	0,5	0,4	0,2	0,3	0,2	0,2	0,4	0,1	0,0	0,5	0,5	0,4	-0,3	0,0	0,0	0,0	0,6	0,4	0,4	-0,2	0,0	0,0	0,4	0,2	0,0	-0,3	0,0	0,1	1																		
Sc	0,4	0,5	0,1	0,1	0,0	0,0	0,0	0,5	0,0	0,4	0,0	0,2	0,1	0,0	0,4	0,2	0,2	0,0	0,1	0,0	0,6	-0,1	0,0	0,0	0,0	0,2	0,1	0,1	-0,1	0,1	0,0	0,2	0,0	0,0	-0,1	0,0	0,1	0,2	1																	
Se	0,1	0,1	0,2	0,1	0,0	0,1	0,4	0,1	0,0	0,1	0,6	0,1	0,0	0,5	0,0	0,2	0,3	0,5	0,2	0,1	0,1	0,2	0,0	0,2	0,0	0,3	0,3	0,2	0,3	0,1	0,1	0,0	0,1	0,0	0,2	0,0	0,2	0,2	0,0	1																
Sn	0,1	0,4	0,4	0,0	0,0	0,3	0,7	0,4	0,0	0,4	0,4	0,2	0,3	0,3	0,3	0,4	0,6	0,5	0,4	0,1	0,4	0,3	0,0	0,2	0,2	0,3	0,3	0,5	0,4	0,1	0,2	0,3	0,0	0,0	0,4	0,0	0,2	0,2	0,2	0,3	1														
Sr	0,2	0,2	0,0	0,2	0,0	0,2	0,1	0,2	0,9	0,1	-0,1	0,0	0,0	0,0	0,1	0,0	0,0	0,0	0,1	0,1	0,1	-0,1	0,0	0,3	0,2	0,1	0,4	0,4	-0,1	0,2	0,1	0,1	0,2	0,0	-0,1	0,0	0,5	0,1	0,0	0,1	0,0	1												
Ta	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	1											
Te	0,5	0,9	0,1	0,2	0,0	0,0	0,1	0,8	0,0	0,8	0,0	0,3	0,2	0,0	0,8	0,4	0,3	0,1	0,3	0,1	0,9	-0,1	0,0	0,0	0,1	0,4	0,1	0,2	-0,1	0,1	0,0	0,5	0,0	0,0	-0,1	0,0	0,1	0,3	0,5	0,0	0,3	0,0	0,0	1,0										
Th	-0,1	-0,1	-0,1	0,0	0,0	0,0	0,5	0,1	-0,1	-0,1	0,7	-0,1	-0,3	0,6	-0,2	-0,1	0,1	0,3	0,0	0,0	0,0	0,3	0,0	0,2	-0,3	0,0	0,3	0,0	0,5	-0,2	0,0	0,1	0,1	0,0	0,5	0,0	-0,1	0,0	-0,1	0,5	0,4	-0,1	0,0	-0,1	1									
Ti	0,0	0,1	0,7	-0,2	0,0	0,3	0,1	0,0	-0,2	0,1	-0,2	0,2	0,5	-0,1	0,3	0,4	0,6	0,4	0,1	-0,2	0,1	0,6	0,0	0,0	0,6	0,1	-0,2	0,3	0,4	0,3	0,3	-0,1	-0,1	0,0	0,5	0,0	0,0	-0,2	0,1	0,0	0,4	-0,2	0,0	0,0	-0,1	1								
Tl	0,1	0,0	0,1	0,3	0,0	0,2	0,3	0,1	-0,1	-0,1	0,4	-0,1	-0,2	0,7	-0,1	-0,1	0,2	0,5	-0,2	-0,1	0,0	0,7	0,0	0,2	-0,1	0,0	0,3	0,0	0,5	-0,1	0,1	0,0	0,1	0,0	0,9	0,0	0,0	0,0	0,0	0,3	0,3	-0,1	0,0	-0,1	0,0	0,2	1						
U	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,1	0,5	0,2	-0,1	-0,1	0,5	-0,2	-0,2	0,5	-0,2	-0,2	0,1	0,5	0,0	0,1	0,0	0,4	0,0	0,1	-0,2	-0,1	0,3	0,0	0,5	-0,1	0,1	0,1	0,0	0,0	0,6	0,0	0,1	-0,1	-0,1	0,3	0,5	0,0	0,0	-0,1	0,7	0,0	0,5	1					
V	0,3	0,6	0,7	0,2	0,0	0,4	0,3	0,4	0,0	0,7	0,0	0,5	0,8	-0,2	0,7	0,9	0,7	0,2	0,6	0,3	0,6	0,0	-0,1	0,2	0,7	0,7	0,2	0,7	-0,1	0,5	0,3	0,3	0,0	0,0	-0,1	0,0	0,2	0,4	0,3	0,1	0,4	0,0	0,0	0,5	0,8	0,5	-0,2	-0,2	1				
W	0,1	0,0	-0,2	0,2	0,0	0,0	0,1	0,1	0,1	0,0	0,0	0,0	-0,1	0,2	-0,1	-0,1	-0,1	0,0	0,0	0,2	0,0	0,0	0,0	0,0	-0,1	0,0	0,2	0,0	0,0	0,0	0,1	0,0	0,1	0,0	0,1	0,0	0,0	0,1	0,1	0,0	0,0	0,0	0,1	-0,2	0,2	0,2	-0,1	1				
Y	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	-0,1	0,0	-0,1	0,0	0,0	0,0	0,0	-0,1	0,0	0,1	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	-0,1	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	-0,1	-0,1	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,1	0,0	-0,1	0,0	0,0	1		
Zn	0,2	0,4	0,4	0,3	0,0	0,2	0,4	0,3	0,1	0,5	0,3	0,5	0,5	-0,1	0,4	0,5	0,4	0,1	1,0	0,4	0,3	-0,3	0,0	0,3	0,3	0,5	0,2	0,4	0,0	0,2	-0,1	0,3	0,1	0,0	-0,3	0,0	0,3	0,4	0,1	0,1	0,3	0,1	0,0	0,3	0,0	0,1	-0,2	-0,1	0,6	0,0	0,0	1	
Zr	0,2	0,4	0,4	0,3	0,0	0,1	0,4	0,3	0,0	0,5	0,3	0,5	0,5	-0,1	0,4	0,5	0,4	0,1	1,0	0,4	0,3	-0,3	0,0	0,3	0,3	0,5	0,2	0,4	0,0	0,2	-0,1	0,3	0,1	0,0	-0,3	0,0	0,3	0,4	0,1	0,1	0,3	0,1	0,0	0,3	0,0	0,1	-0,2	-0,1	0,6	0,0	0,0	1,0	1

Од направената анализа се констатира дека концентрацијата на Th и U во трите региона е различна, но не одстапува драстично од средната застапеност на овие елементи за Земјината кора (Табела 13).

Средната застапеност на Th и U на глобално ниво во поедини литолошки средини е прикажана во табелите 10; 11; 12 и 13 од кои може да се воспостави релација помеѓу застапените концентрации на Th и U и литолошките средини.

Т а б е л а 10

Содржина на Th во литолошки средини и критичен праг на содржината на Th во трите региона на кои се потребни радиоактивни истражувања (Симов, 1984)

	Лит. Податок	Реон 1	Реон 2	Реон 3
Гранитоидни карпи	65	4,64 (меана) 11 (критична	5,78 (меана) 10 (критична)	16.83 (меана) 32,65 (критична)
Алкални базалтоидни карпи	7,7			
Кисели магматски карпи	18			
Базични и средноки-сели магматски карпи	5			
Ултрабазични магматски карпи	0,005			

Т а б е л а 11

Средна содржина на радионуклеиди во магматски карпи (Јеленковиќ; Гржетиќ) (mg/kg)

Елемент	Ултрацазични	Базични	Преодни	Кисели
Tu	0,007	3	7	18
U	0,003	0,5	1,8	3,5

Т а б е л а 12

Средна содржина на радионуклеиди во седиментни карпи (Јеленковиќ; Гржетиќ) (mg/kg)

	Гранити	Песочници	Карбонати	Плочи
Tu	12	1,7	1,7	1,7
U	3,7	0,45	2,2	1

Т а б е л а 13

Средна содржина на радионуклеиди (Стафилов Т., Шајн Р.) (ppm)

	Земјина кора	Гранити	Шкрилци	Базалт	Ултра базични карпи	Варовници
Tu	10,5	15	12	0,3	0,05	2
U	2,6	4	3	0,1–0,5	0,02	1

Графички приказ на Th и U ореоли на секундарно расејување во регионите 1, 2 и 3

По извршената дескриптивна статистичка обработка на сите податоци од трите региона се пристапува со експортирање, односно импортирање на Excel табеларните податоци во ArcMap.

Со самото импортирање на податоците од табелата се добива визуелен преглед за локацијата од каде се земани пробите и содржината на хемиските елементи во нив.

Основата на која се прикажуваат тие податоци може да биде топографска, геолошка или орто-фото.

Креираните атрибутни табели во ArcMap овозможуват изведување на повеќе аналитички операции.



Сл. 4. Приказ на регионални геолошки истражувања (Геохемиска метода BLEG и Stream седименти) на топографска основа 1:25000. Регион 1 (Кожуф) – точкасти објекти со сина боја, Регион 2 (Ветрен) – точкасти објејти со зелена боја, Регион 3 (КЗО) – точкасти објекти со розе боја



Сл. 5. Олеата со приказ на застапеност на Th во концентрации: за простор 1 (Кожуф) ≥ 11 ppm, за регион 2 (Ветрен) ≥ 10 ppm и за регион 3 (КЗО) ≥ 32 ppm.



Сл. 6. Олеата со приказ на застапеност на U во концентрации: за простор 1 (Кожуф) ≥ 3,64 ppm, за регион 2 (Ветрен) ≥ 2,4 ppm и за регион 3 (КЗО) ≥ 9,75 ppm



Сл. 7. Олеата со приказ на застапеност на Th и U во концентрации кои укажуваат дека при експлоатација на минерална суровина технички градежен камен, песок и чакал, заради определување на квалитетот на минералната суровина е потребно да се извршат дополнителни радиометриски анализи (U – сина боја, Th – зелена боја)



Сл. 8. Олеата на која се прикажани зголемени концентрации на радиоактивни елементи и рудници од каде се експлоатира минерална суровина за употреба во градежништво (технички градежен камен, прсок и чакал)

Како посебно значајни операции се:

1. Креирање на поединечни и комбнирани олеати на елементи од каде може на визуелен начин да се види застапеноста на елементите (како репрезент на елементите кои потекнуваат од сливните подрачја од каде се земени BLEG/Steam седиментите) (слики 4, 5, 6 и 7);

2. Креирање на олеати на кои со точкасти објекти се прикажани само сливните подрачја каде постои ≥ концентрација од долниот праг на аномална вредност на елементот кој се анализира (слики 5 и 6);

3. Ако може, индикативната застапеност на некои елементи или асоцијација на елементи да се поврзе со поврзаноста со литолошките, структурните или фацијалните обележја на средината во која тие се појавуват, постои можност за нивно прикажување во зони каде се прикажуват класите на застапената концентрација (почнувајќи со долниот праг на аномална вредност, за-

вршувајќи со класата во која се застапени максималните концентрации на елементот во пробата) кои се репрезент на посматраното сливно подрачје.

ЗАКЛУЧОЦИ

Целта на овој труд е да се потенцира дека започнатите регионални геолошки истражувања со примена на проспекциски геохемиски методи на BLEG и Stream седименти се повеќекратно корисни и истите е потребно да се спроведат на севкупната територија на Република Македонија.

Покрај посочувањето на перспективни простори за детални геолошки истражувања, оваа база претставува извор на податоци за многу потреби од јавен карактер (економија, просторно планирање, здравство, екологија итн.).

Ваквиот пристап на обработка на добиените геолошки и лабораториски истражувања и испитувања овозможува употреба, интерпретација и континуирана градба на геолошките сознанија за целиот простор на Република Македонија без ограничување во имплементација на поранешни, тековни и идни резултати.

Со обработката на податоците од регионалните истражувања се овозможува анализирање и графичко прикажување на 53 анализирани елементи со нивно прикажување на олеати/леери и издвојување на потенцијални простори за постоење на зголемени концентрации на поедини елементи, асоцијација на елементи или елементи кои се во корелативна зависност на сличен начин како што се прикажани U и Th во овој труд.

Во овој труд се прикажува анлизирањето и издвојувањето на просторите каде постои зголемено присуство на радиоактивни елементи U и Th во однос на локалниот фон, кое нешто истите ги прави да бидат ризични од аспект да од нив се експлоатира минерална суровина – технички градежен камен, песок и чакал. Опасноста од користењето на градежни материјали кои содржат радиоактивни елементи, а може да бидат предизвикувач на прекумерно јонизирачко зрачење, ја наметнува потребата да во фазата на деталните геолошки истражувања, за определување на квалитетот и безбедното користење на минералната суровина се изработуват и дополнителни радиометриски испитувања кои со постоечките законски регулативи не се потребни.

Засега во постоечкиот правилник за класификација и категоризација на резервите на цврсти минерални суровини и водење евиденција за нив не се пропишуват радиометриски испитувања, а со тоа се остава простор да од аспект на минерална суровина со прекумерно јонизирачко зрачење се користи неконтролирана минерална суровина (Сл. лист на СФРЈ 53/79).

Проектот Регионални геолошки истражувања на целата територија на Република Македонија со примена на геохемиски (BLEG и Stream) методи на истражување е потребно да бидат државен проект во соработка со други домашни и странски компании.

Благодарница: Користиме можност да се заблагодариме на компаниите истражувачи на проспекциските геолошки истражувања кои ги имат спроведено последните регионални истражувања применувајќи ги проспекциските методи на истражување BLEG и Stream sediment.

ЛИТЕРАТУРА

Бомбол, Д., et al. (2017): Елаборат од извршените проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини на „Простор 2 југоисток“ Општина Радовиш, Василево, Струмица, Дојран, Валандово, Богданци, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Градско, Демир Капија и Конче,

Бомбол, Д., et al. (2017): Елсборат од извршените проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини на „Простор 1 исток“, Општина Делчево, Пехчево, Берово, Радовиш, Штип, Карбинци, Чешиново-Облешево, Зрновци, Виница и Македонска Каменица,

Гржетиќ, И., Јеленковиќ, Р. (1995): Природни радиоактивни елементи, геолошког порекла и облици појављивања и миграција.

Денковски Ѓ., et al. (1981): Проект за регионални и полудетални истражувања на просторот помеѓу Злетовско–Кратовската вулканска област и Саса–Тораничкиот руден реон (Осоговски Планини), (фондовски материјал на Геолошки завод на Р. Македонија).

Јеленковиќ, Р., Серафимовски, Т. (????): Лежишта металичних минералних сировина ретки и радиоактивни метали

Јанковиќ, С. (1981): *Лежишта минералних сировина*. Генеза рудних лежишта. Рударско-геолошки факултет Београд, 529 стр.

Петковић М. (1982): *Проспекција рудних лежишта*. Универзитет у Београду, Рударско-геолошки факултет., Београд. 172 стр.

Радмиловиќ В. (1995): Природни радионуклеиди у граѓевинским материјалима са освртом на ниво радона у станбенин просторијама,

Серафимовски Т., Јеленковиќ Р. (1997): Наоѓалишта на метални минерални суровини, Рударско-геолошки факултет-Штип, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 567 стр.

Серафимовски Т., Александров М. (1995): *Наоѓалишта и појави на олово и цинк во Република Македонија*, Посебно издание бр. 4, РГФ. Штип, *Т*. Сер.

Серафимовски Т. (2017): Елаборат за извршените проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини на простор кој ги опфаќа општините Старо Нагоричане, Кратово, Пробиштип и Штип, 387 стр.

Стафилов Т., Шајн Р. (2016): Геохемиски атлас на Република Македонија (Geochemical atlas of the Republic of Macedonia), Геолошки завод на РМ (Geological Survey of the Republic of Macedonia), 235 p, ISBN 9786084762041.

Џорџевиќ В., Денковски Ѓ., (1971): Завршен годишен извештај за регионални геолошки истражувања на металогенетската област Кожуф во 1970, (фондовски материјал на Геолошки завод на Р. Македонија).

Службен лист на СФРЈ 53/79: Правилник за класификација и категоризација на резервите на цврсти минерални суровини и за водење евиденција за нив.

4-PG-03
UDC: 553.94.048:004.94(497.784/.785)

ГЕОЛОШКО МОДЕЛИРАЊЕ НА НАОЃАЛИШТЕТО ЗА ЈАГЛЕН БРОД-ГНЕОТИНО СО ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНИКИ

Марија Манева[1], Игор Пешевски[2], Љупчо Петрески[1]

[1]*АД ЕСМ – Подружница РЕК Битола, Битола, С. Македонија*
[2]*Градежен факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, бул. Паризански одреди, 24 Скопје, С. Маједонија*
marijamaneva01@yahoo.com

А п с т р а к т: Јагленот како енергетска минерална суровина претставува основен енегетрски ресурс во Македонија, кој се користи за производство на електрична енергија. Наоѓалиштето Брод-Гнеотино кое е во експлоатација од 2007 година, припаѓа на Пелагонискиот седиментационен басен, и било предмет на повеќекратни истражувања и испитувања од геолошки хидрогеолошки и геомеханички аспект. Од овие истражувања прибран е голем фонд на податоци за детално дефинирање на геологијата, хидрогеологијата и геомеханиката на наоѓалиштето. Имајќи го во предвид напредокот на современите компјутерски техники кои се применуваат во областа на геологијата, како и придобивките од истите, дојдено е до идеја да се направи обид за геолошко моделирање на ова наоѓалиште. Компјутерските техники пред се го олеснуваат и унапредуваат процесот на интерпретација на резултатите од истражувањата, а крајниот резултат од нивна примена е создавање на прецизни геолошки, хидрогеолошки и геотехнички модели. Базата на податоци врз основа на која се изработува геолошкиот модел на наоѓалиштето Брод Гнеотино е составена од истражните дупнатини, поделени по интервалите во кои припаѓаат различните геолошки членови на седиментната серија. Карактеристичен дел од моделирањето претставува вклучувањето на раседните струкутри во геолошкиот модел, кои се услов за негова поделба на неколку раседни блокови. Со геолошкото моделирање е овозможен 3Д просторен преглед на геологијата, што овозможува сеопфатно согледување на градбата на наоѓалиштето т.е. протегањето и падот на геолошките членови. Примената на компутерските технологии овозможува постојано вклучување на сите новодобиени резултати од геолошко картирање во фаза на експлоатација и фазите на идно доистражување, со што квалитетот на моделот перменентно може да се подобрува. Придобивките од постоење на еден ваков модел се согледуваат во различните фази на работење, планирање на доистражувањата, зголемување на ефикасноста во производството итн. За изработката на геолошкиот модел е користена компјутерската програма LeapfrogTM (модулот Leapfrog Geo).

Key words: јаглен; наоѓалиште Брод-Гнеотино; компјутерски техники; геолошко моделирање

GEOLOGICAL MODELING OF THE COAL DEPOST BROD-GNEOTINO WITH APPLICATION OF CONTEMPORARY COMPUTER TECHNIQUES

A b s t r a c t: Coal as an mineral raw material is a basic energy resource in Macedonia, used for electricity production. The Brod-Gneotino deposit, which has been in operation since 2007, belongs to the Pelagonija sedimentation basin and has been the subject of numerous investigations from a geological hydrogeological and geomechanical aspect. As a result from these investigations, a large database has been collected for detailed definition of the geology, hydrogeology and geomechanics of the deposit. Taking into consideration the progress of modern computer techniques applied in the field of geology, as well as the benefits of the same, the idea came to make an attempt to geologically model the deposit. Computer techniques primarily facilitate and improve the process of interpretation of investigations results, and the final result of their application is the creation of precise geological, hydrogeological and geotechnical 3D models. The database on the foundations of which the geological model of the Brod Gneotino site is made is composed of exploratory boreholes, divided by the intervals in which the different geological members of the sediment series belong. A characteristic part of the modeling is the inclusion of fault structures in the geological model, which are a condition for its division into several “fault blocks”. The geological modeling enables a 3D spatial overview of the geology, which gives a comprehensive overview of the terrain, i.e. the dip and orientation of the sedimentary complex members. The application of computer technologies enables constant inclusion of all newly obtained results from geological mapping in the phase of exploitation and the phases of future investigation drillings, thus the quality of the model can be permanently improved. The benefits of having such a model are seen in the different phases of mine operation, i.e. in the planning of additional investigation programs, increasing the production efficiency, etc. The Leapfrog™ computer program (module Leapfrog Geo) was used to build the geological model.

Key words: coal; Brod-Gneotino site; computer techniques; geological modeling

ВОВЕД

Тридимензионално (3Д) моделирање на податоците се користи во рударскиот сектор веќе долго време. Пред употребата на современите компјутерски техники, прикажувањето на 3Д моделите било изведувано со употреба дводимензионални (2Д) специјализирани карти, пресеци и дијаграми. Во последните две децении, бројот на студии за 3Д моделирање се зголеми како резултат на употребата на компјутерски софтвери. Во рамките на тие софтверски програми, современите 3Д модели со висока резолуција се креирани со употреба на алгоритми за интерполација (Akiska et al., 2013).

Развојот на 3Д геолошките модели вклучува интеграција на голем број на геолошки податоци, како и дополнителни достапни литолошки, структурни, геохемиски, геофизички, геотехнички и други видови на податоци. Креираните 3Д прикази можат да се користат како интерактивни алатки за истражување на минералните наоѓалишта (Fallara et al., 2006).

Тридимензионално геолошко моделирање (3DGM) им помага на геолозите во изучувањето на квантитативната анализа на тродимензионални (3Д) просторни структури кои ги дефинираат просторните врски помеѓу геолошките објекти. 3DGM технологијата овозможува техничка поддршка за добивање на разновидни информации за геологијата, 3Д моделирање и квантитативна пресметка на минералните ресурси (Wang and Huang, 2012). Досега во Македонија изведените 3Д моделирања се однесуваат на дел од порфирските и полиметаличните наоѓалишта и се од различен карактер.

За наоѓалиштето за бакар Казан Дол освен што е изведено 3Д моделирање на минерализираната зона на наоѓалиштето, направена е и геохемиска студија за зоните на аномалии на дистрибуција на металите (бакарот, цинкот, кобалт, никел, галиум и др.) во почвите преку изработка на геохемиски карти (Ligovski et al., 2014).

3Д моделирање е изведено и за порфирското наоѓалиште на бакар Боров Дол при што се се користени податоци од 100 дупнатини и четири професионални софтврески пакети (Gjorgjiev et al., 2020). За порфирското наоѓалиште на бакар и злато Иловица–Штука преку користење на софтверот Geovia Surpac е изведено моделирање и пресметка на рудните резерви (Forward et al., 2017). Со употреба на софтверот ArcGIS и податоци од 195 дупнатини изведено е 3Д моделирање на рудните тела на злато и бакар во рамките на полиметаличното наоѓалиште за злато, сребро и бакар Плавица (Ivanovski et al., 2015). Кај нас досега не е вршено 3Д моделирање од било каков аспект (геолошки, хидрогеолошки, геотехнички) на наоѓалиштата на јаглен. Оттука со оглед на постојниот огромен фонд на податоци за повеќе наши наоѓалишта на јаглен, кои биле истражувани поголем број децении, произлезена е идеја да се дефинира современ пристап за геолошко моделирање на истите, при што, како студија на случај е одбрано наоѓалиштето Брод-Гнеотино во Пелагонискиот седиментен басен.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Методологијата на истражување која е користена при геолошкото моделирање на наоѓалиштето за јаглен Брод-Гнеотино е претставена со неколку фази и тоа:

1. Првата фаза е претставена со изборот на современата компјутерска техника која ќе се користи за моделирање, што во нашиот случај е софтверскиот пакет LeapfrogTM. Софтверскиот пакет LeapfrogTM е производ на компанијата ARANZ Geo која изведува дистрибуција на своите производи во Азија, Северна Америка, Јужна Америка и Европа. Софтверскиот пакет LeapfrogTM ги вклучува модулите Geo, Hydro, Geothermal и Viewer. Овој софтвер бил пуштен во употреба во 2003 година и веднаш ја нашол својата широка употреба во Западна Австралија (Cowan et al., 2004). Овој софтвер е лидер во софтверите за 3D геолошко моделирање во рударството, истражувања, контаминација на подземните води и геотермалната енергија. Прифатен во светски рамки, помага во работењето и долгорочното планирање, овозможувајќи ефикасност и продуктивност. Изграден е на база на напредниот имплицитен модел за моделирање “FastRBF” (Fast radial base function) или брза форма на функцијата со радијална основа, Leapfrog е првиот од ваков вид и ги постави стандардите во геолошкото моделирање со иновативни достигнувања. При моделирањето на наоѓалиштето Брод-Гнетино е користен софтверскиот модул Leapfrog Geo.

2. Втората фаза е претставена со систематизација и сумирање на податоците за наоѓалиштето за јаглен Брод-Гнеотино, кои ќе ја претставуваат основната база на податоци која во нашиот случај е претставена со геолошките податоци

од истражните дупнатини изведени во ова наоѓалиште. Наоѓалиштето за јаглен Брод-Гнеотино било истражувано во повеќе фази во периодот од 1974 год. до 2018 год (Табела 1).

Т а б е л а 1

Рекапитулацијата на фазите на истражувањата на наоѓалиштето Брод-Гнеотино

Досегашни истражни дупнатини		
Фаза на истражни работи	Број на дупнатина	Крајна длабина (m)
1974/89	83	11 952
1991	4	159
1992/93	29	1 983
2000/01	86	7 918
2014/2016	107	20 782
2017/2018	55	6197
Вкупно:	**364**	**48 991**

3. Трета фаза претставува внесот на базата на податоци во користениот софтвер во вид на табели и нивно групирање или поедноставување со користење на алатките во софтверот. Податоците од истражните дупнатини се внесуваат во форма на три табели во .cvs формат и тоа :

– Geology.cvs каде се внесени сите истражни дупнатини и тоа секоја од дупнатините од почетокот до крајната длабина е поделена на последователни интервали кои ги претставуваат одделните литолошки членови (Слика 1).

– Collar.cvs каде е дефинирана просторната положба на дупнатините со задавање на *X*, *Y* и *Z* координатите на секоја од дупнатините заедно со нивната крајна длабина.

– Survey.cvs каде се дефинира падниот агол и азумутот на секоја од дупнатините, но бидејќи сите истражни дупнатини се вертиклани, падниот агол на секоја од нив е 90°, а азимутот е 0°.

Со употребата на опцијата Group Lithologies е можно групирање или поделба на веќе дефинираните литолошки членови, што се покажа како корисна опција при геолошкото моделирање. На овој начин е креирана категоријата GRUPIRANA GEOLOGIJA која е користена како основа при изработката на геолошкиот модел. Разликата помеѓу оваа категорија и основната база на геолошки податоци е тоа што секој јагленов слој е прикажан како единствен посебен литолошки член додека во основната база на геолошки податоци, првиот јагленов слој е поделен на два дела, додека третиот јагленов слој е поделен на три дела со дефинирање на прослојци од разнозрни сивозелени песоци и прашини помеѓу деловите (слика 1).

4. Четврата фаза е внесот на помошните податоци кои играат важна улога во моделирањето и се однесуваат на податоци за просторната положба на геолошките профили, границите на геолошкиот модел, топографијата и раседните стуктури и се внесени во вид на точки, полилинии и мрежи.

5. Петта фаза претставува геолошкото моделирање чие изведување подетално ќе биде дадено подолу.



Слика 1. 3Д приказ на дел од внесените дупнатини од наоѓалиштето Брод-Гнеотино

КАРАКТЕРИСТКИ НА НАОЃАЛИШТЕТО НА ЈАГЛЕН БРОД-ГНЕОТИНО

Наоѓалиштето за јаглен Брод-Гнеотино се наоѓа во Западна Македонија, во Битолскиот дел на Пелагонија и зафаќа површина од околу 10 km^2. Припаѓа на Општина Новаци и се простира помеѓу селата Гнеотино и Рибарци на север, Тепавци и Брод на исток, Егри на запад и на југ на растојание од околу 390 m до Црна Река. На источната страна, границата претставува рабниот дел на Пелагонискиот басен, а кон запад границата на наоѓалиштето е отворена и не е строго дефинирана, поради големата длабина на залегање на јагленовите слоеви до повеќе од 250 m. (слика 1). Во 2007 година започна со работа површинскиот коп Брод-Гнеотино. До средината на 2021 година, експолатацијата на јаглен и јаловина на ПК Брод-Гнеотино се одвива со два БТО системи и систем на јаглен при што експлоатацијата на јаловината која се одвива од југ кон север е достигната до попречниот геолошки профил 10 додека експлоатацијата на јаглен која го прати ископот на јаловината е достигната до попречниот геолошки профил 11 (слика 2).



Слика 2. Местоположба на наоѓалиштето и површинскиот коп Брод-Гнеотино

Според Геолошкиот столб во наоѓалиштето Брод-Гнеотино можат да се издвојат следниве геолошки (литолошки) членови:

1. Палеорељеф
2. Миоценски седиментен комплекс
3. Плиоценски седименти
4. Квартерни седименти

1. Палеорељефот и периферниот источен дел на наоѓалиштето и пошироката околина кон источен правец и Селечка Планина главно се изградени од прекамбриски метаморфни карпи од типот на гнајсеви (Gm) и микашисти (Sq) кои наместа се испробиени од магматски пробои претставени со гранодиорити (δγ).

2. Миоценски седиментен комплекс. Преку палеорељефот директно се распространети миоценските седименти кои се претставени со:

– *Сиво-зелена серија (PRP)*. Овие седименти се распространети на поголеми длабини и го исполнуваат палеорељефот на басенот со тенденција на зголемување на длабината кон западниот и централен дел на Пелагонискиот басен. Главно е изградена од сивозелени песоци со различна гранулација или пак се помешани со различен процент на прашина, ретко прашинесто песокливи чакали, заглинети чакали и тенки прослојки од песочник.

– *Продуктивна јагленова серија (J, JG, GJ, JPR)* Во оваа серија генерално се издвоени пет (5) слеови јаглен (J), помеѓу кои многу ретко се појавуваат партии и прослојци од темносива глина со органогена материја, односно јагленова глина (JG) и глиновит јаглен (GJ) доколку е помал процентот на глината во однос на јагленот. Ваквата раслоеност на јагленот е каратеристична од централниот кон источниот дел од наоѓалиштето (каде исклинуваат сите јагленови слоеви) додека од централниот кон западниот дел има само два слоја кои висински се спуштени на поголема длабина во однос на слоевите од источниот дел поради појавата на руптурните структури (раседи) во рамките на западниот дел од наоѓалиштето.

– *Меѓуслојна јаловина во продуктивната јагленова серија (PRP)*. Помеѓу јагленовите слоеви присутна е серија од прашинести песоци, заглинети прашини, органогена глина и органски песокливи прашини.

– *Сива серија на трепели (TR).* Трепелите кои по боја можат да бидат сивозелени и светло сивозелени, се добро дијагенизирани прашиниалевролити, многу лесни, наместа порозни, со јасна стратификација на слоевите.Трепелите имаат континуирано протегање низ целото наоѓалиште при што кон исток исклинува додека кон запад ја здобива својата продуктивна моќност, која достигнува и до 100m. Трепелите се седиментни карпи од фитогено потекло кое е потврдено со бројни докази во форма на многу дискретни микрофосили од редот алги Диатомеи (Pavlovski et al., 2011).

3. Плиоценски седиментен комплекс (Pl) сиво-жолта серија (P, PR, G, C, PG, PRP). Низ целото наоѓалиште над миоценската формација е распространет седиментен комплекс изграден од плиоценски седименти со жолта, жолтокафеава и сива боја претставени со сиви до жолтеникави песоци и глини со чакали и стратификувани светлосиви песоци, песокливи глини, прашинести песоци, сиви прашини и нивни мешавини.

4. Квартерни седименти (Q) (GP, C, PG) Овие седименти лежат непосредно над плиоценскиот седиментен комплекс и се претставени со:

– *Пролувијални наслаги (pr)* изградени од песокливо чакалести грубокластични материјали помешани со мал процент на поситна фракција од прашина и глина.

– *Алувијално-пролувијалните наноси (al)* се претставени со разногранулирани песоци и чакали и се распространети во јужниот и западниот дел на наоѓалиштето, по Црна Река и повремените токови, создадени со излевање на површинските водотеци при поројните дождови или брзото топење на снегот.

Седиментите на наоѓалиштето Брод-Гнеотино претставуваат една моноклинала благо наклонета кон запад-југозапад, со паден агол околу 5 – 150. Теренот каде се наоѓа наоѓалиштето во геолошкиот развој на неогенот и квартерот бил зафатен со неотектонските движења на најмладата Алпска орогена фаза.

Сл., 3. Раседна стуктура во ПК Брод-Гнеотино

Во наоѓалиштето Брод-Гнеотино се регистрирани две каратеристични раседни струкури кои имаат правец на протегање СЗ-ЈИ и се карактеризираат со стрмен до субвертикален паден агол и азимут на пад кон југозапад и спуштен југозападен блок. Истите можат да се забележат на откопноте блокови на површинскиот коп Брод-Гнеотино како кај јаловинските системи за ископ така и во рамките на продуктивната јагленова серија. Појавата на раседните површини започнува од квартерните седименти, без делот што припаѓа на обработливата површина (слика 3). Секоја од раседните струкури формира своја посебна раседна зона преставена со главната руптурна струкура, но и со извесен број на

пукнатински системи кои се паралени со неа. Овие раседни зони играат голема улога при геолошкото моделирање на наоѓалиштето Брод-Гнеотино.

ГЕОЛОШКО МОДЕЛИРАЊЕ НА НАОЃАЛИШТЕТО НА ЈАГЛЕН БРОДГНЕОТИНО

За геолошкото моделирање на наоѓалиштето за јаглен Брод-Гнеотино се користени податоци од 201 истражна дупнатина. Податоците од дупнатините и помошните елементи се сумирани во еден проект кој за нашата намена е именован како Brod-Gneotino.

Делот од проектот Brod-Gneotino што се однесува на геолошкиот модел е составен од неколку делови кои е потребно посебно да се пополнуваат за да се креираат излезните волумени за секој литолошки член кои заедно го претставуваат геолошкиот модел на наоѓалиштето што се моделира.

Секој од деловите на геолошкиот модел посебно ќе биде разгледуван и тоа како составот така и начинот на креирање:

1. Граници (Boundary): Границата која се применува при геолошкото моделирање на наоѓалиштето Брод-Гнеотино е претставена со (Слика 4):

- Граница софтверски одредена врз основа на просторниот распоред на истражните дупнатини (GEOLOSKI MODEL Extents) коригирана со внес на пресечните координати на надолжниот геолошки профил 0 и попречниот геолошки профил 11;
- Внесената топографија како висинска граница (TOPOGRAFIJA);
- Извлечена граница на исток до просторната положба на изведените дупнатини (ISTOCNA_GRANICA)';
- Граница на север кој се поклопува со правецот на попречниот геолошки профил 0 (SEVERNA_GRANICA).



Сл, 4. Изглед на границата на геолошкиот модел на наоѓалиштето Брод-Гнеотино заедно со посебните делови од границата

2. Систем на раседи (Fault System): Во геолошкиот модел на наоѓалиштето Брод-Гнеотино составен дел претставуваат две раседни структури наречени PRV RASED и VTOR RASED. Во почетокот на моделирањето секој од раседите е внесен во проектот како точки, структурни елементи и мрежи преку табела со дефинирање на координатите (X, Y и Z), паден агол и азимутот на пад на конкретната позиција добиени со теренските мерења на елементите на падот на раседите на откопните блокови, како и од прогнозни позиции од изработените геолошки профили (Слика 5). Откако ќе бидат внесени во геолошкиот модел се преминува кон нивно активирање во моделот што се изведува преку менито Fault System каде се селектираат раседите кои ќе се користат, потоа истите се редат од најмлада кон најстара раседна структура. Со активирање на двата раседи, геолошкиот модел на наоѓалиштето ќе се подели на три блокови.



Сл, 5. Изглед на мрежите PRV RASED и VTOR RASED во геолошкиот модел на наоѓалиштето Брод-Гнеотино

3. Литологија (Lithologies) Овој дел од геолошкиот модел се однесува на изборот на геологијата што се користи при моделирањето. Како што веќе беше напоменато за геолошкиот модел на наоѓалиштето Брод-Гнеотино ќе се користи категоријата GRUPIRANA GEOLOGIJA

Според категоријата на геолошки податоци GRUPIRANA GEOLOGIJA, издвоени се следниве геолошки членови:

- PRP/GL/Cp-Q-kvarter – Квартерниот седиментен комплекс,
- PRP/PPR/P-Pl-pliocen – Плиоценскиот седиментен комплекс,
- Trepel-M-miocen – Сивата серија на трепели,
- PRP финозрни песокливо прашинести седименти,
- PRV JAGLENOV SLOJ каде се групирани двата дела на првиот јагленов слој J-1-1 и J-1-2,
- PRP 1 – серијата од прашинести песоци, заглинети прашини, органогена глина и органски песокливи прашини,
- VTOR JAGLENOV SLOJ J-2,
- PRP 2,
- TRET JAGLENOV SLOJкаде се групирани трите дела на третиот јагленов слој J-3-1, J-3-2 и J-3-3,
- PRP 3,
- CETVRT JAGLENOV SLOJ J-4,
- PRP 4,
- PETTI JAGLENOV SLOJ J-5,
- PRP 5 .

4. Surface Chronology Хронологија на генерираните **контактни површини**: Од изборот на видот на контактна површина помеѓу различните геолошки членови, најмногу зависи изгледот на излезените волумени односно 3Д изгледите на секој од геолошките членовите кои заедно го претставуваат геолошкиот 3Д модел. Од видовите контактни површини кои софтверот ги нуди, искористени се површините ерозија (Erosion) и жица (Vein) (Слика 6).



Сл, 6. Изглед на генерираните контактни површини на трите блока (нераседната зона, прва и втора раседна зона) како дел од геолошкиот модел на наоѓалиштето Брод-Гнеотино

5. Output Volumes Излезни волумени на издвоените геолошки членови кои заедно заедно го претставуваат геолошкиот 3Д модел на наоѓалиштето за јаглен Брод-Гнеотино.

Со активирање на системот од двете раседни структури, користениот софтвер автоматски изведува поделба на геолошкиот модел на наоѓалиштето на три блока кои се именувани на следниов начин:

1. *Нераседната зона* која се каратеризира со граница од првиот расед на запад до останатиот дел од моделот на исток. Генерирани се 8 (осум) контактни површини врз основа на кои се генерираат излезните волумени за секој од постоечките литолошки членови во овој блок (Слика 7).
2. *Прва раседна зона* која се каратеризира со граница од првиот расед на исток и вториот расед на запад и генерирани се 7 (седум) контактни површини (Слика 8).
3. *Втора раседна зона* која се каратеризира со граница од вториот расед на исток до останатиот дел од моделот на запад и генерирани се 5 (пет) контактни површини (Слика 9).



Сл. 7. Геолошки 3Д модел на нераседната зона на наоѓалиштето Брод-Гнеотино



Сл. 8. Геолошки 3Д модел на првата раседна зона на наоѓалиштето Брод-Гнеотино



Сл. 9. Геолошки 3Д модел на втората раседна зона на наоѓалиштето Брод-Гнеотино



Сл. 10. Геолошки 3Д модел на наоѓалиштето за јаглен Брод-Гнеотино

ЗАКЛУЧОЦИ

Современите компјутерки техники со користење на соодветни математички функции и алгоритми овозможиле побрзо и поефикасно моделирање на геологијата од каков и да било тип. Овие техники нашироко се користат при истражувањата и проектирањето на голем број на наоѓалишта во светот. Визуелизацијата на податоците, користењето на огромен број податоци (и над 1 000 000 податоци) и нивната брза обработка многу допринесуваат во донесувањето на важни одлуки при проектирањето, од кои зависат натамошните градежни и рударски изведбени активности. Можностите кои ги нуди 3Д моделирањето се од големо значење за сите фази

на изработка на наменска геолошка документација како кај нови наоѓалишта така и кај наоѓалишта во фаза на експлоатација, при што правилно изработените 3Д геотехнички модели позитивно влијаат не само на техничкиот аспект на работењето на рудниците туку и на финансискиот.

ЛИТЕРАТУРА

[1[Alcaraz, S. (2017): Inrdoductory Leapfrog geothermal training course, GSN Science, New Zealand.

[2] Akiska, S., Sayili, S., Demirela, G. (2013): Three-dimensional subsurface modeling of mineralization: a case study from the Handeresi (Çanakkale, NW Turkey) Pb-Zn-Cu deposit, *Turkish Journal of Earth Sciences*, **22** (4), 574–587.

[3] ARANZ Geo Ltd. (2014): Leapfrog User Manual.

[4] Cowan, E. J., Beatson, R, K., Fright, W. R., McLennan, T. J., Mitchell, T. J. (2002): Rapid geological modelling, Extended abstract for Applied Structural Geology for Mineral Exploration and Mining, *Internacional Symposium* (Kalgoorie 23–25 Semtember 2002).

[5] Cowan, E. J., Lane, R. G., Ross, H. J. (2004): Leapfrog's implicit drawing tool: a new way of drawing geological objects of any shape rapidly in 3-D. *Bulletin 41, Australian Institute of Geoscientists*, 23–25.

[6] Елаборат за класификација и категоризација на јаглен во наоѓалиштето „Брод-Гнеотино" (состојба јуни 2001), ГЕИНГ, Скопје, ГИМ, Скопје, 2001.

[7[] *Елаборат за изведени геолошки истражувања и испитувања на јагленовото наоѓалиште „Брод-Гнеотино" 2014–2016 год.*, Градежен Институт Македонија, Скопје, 2016.

[8] Елаборат за изведени детални геолошки испитувања и истражувања на јагленовото наоѓалиште "Брод-Гнеотино", Геохидроконсалтинг, Скопје, 2018.

[9] Fallara, F., Legault, M., Rabeau, O. (2006): 3-D Integrated Geological Modeling in the Abitibi Subprovince (Québec, Canada): Techniques and Applications, *Exploration and Mining Geology*, Vol. **15**, Nos. 1–2, pp. 27–41.

[10] Forward, P., Ligovski, M., Davies, R. (2017): Resourse modelling at the Ilovica-Štuka porphyry copper-gold deposit, Eastern Macedonia, *Geologica Macedonica*, Vol. **31**, No. 1, pp. 21–40.

[11] Gjorgjiev, L., Serafimovski, T., Jovanov, K. (2020): 3D modeling of the Borov Dol porphyry copper deposit. Republic of North Macedonia, *Geologica Macedonica*, Vol. **34**, No. 1, pp. 67–82.

[12] Ivanovski, I., Sefafimovski, D., Tasev, G., Serafimovski, T. (2015): 3D modelling of the Plavica Au-Cu polymetallic deposit, Republic of Macedonia, *Geologica Macedonica*, Vol. **29**, No. 1, pp. 63–74.

[13] Ligovski, M., Serafimovski, T., Tasev, G., Setfanova, V., (2014): Geochemical study and 3D modelling of the Kazan Dol copper deposit, Republic of Macedonia, *Geologica Macedonica*, Vol. **28**, No. 1, pp. 7–17.

[14] Llewelyn, K., Jakubec, J., Goddard, R., Stenhouse, P. (2018): ‚Geotechnical data collection and approach to modelling for Cukaru Peki deposit, *Proceedings of the Fourth Internacional Symposium on Block and Sublevel Caving*, Australian Centre for Geomechanics, Perth, pp. 783–796.

[15] Lorensen, W. E., Cline, H. E. (1987): Marching Cubes: A high resolution 3D surface reconstruction algorithm, *Computer Graphics*, **21** (4), 163–169 (Proc. of SIGGRAPH).

[16] Манева, М. (2021): *Геотехничко моделирање на наоѓалиштата на јаглен со примена на современи компјутерски техники*, Магистерски труд, Градежен факултет, Скопје.

[17] Pavlovski, B., Jančev, S., Petreski, L., Reka, A., Bogoevski, S., Boškovski, B. (2011): Trepel – A peculiar sedimentary rock of biogenetic origin from the Suvodol village, Bitola, Macedonia, *Geologica Macedonica*, Vol **25**, No. 1, pp 67–72.

[18] Wang, G., Huang, L. (2012): 3D geological modeling for mineral resource assessment of the Tongshan Cu deposit, Heilongjiang Province, China, *Geoscience Frontiers*, **3** (4) 483–491.

4-PG-04
UDC: 553.4.048:528.94.067(497.741)

ОКОНТУРУВАЊЕ НА РУДНО ТЕЛО ВО ПОРФИРСКИ СИСТЕМ, НА ПРИМЕР НА НАОЃАЛИШТЕ ЗА Cu, Au И Ag "БОРОВ ДОЛ"

Александар Буов, Анета Ристовска

Геолошки завод на Република Македонија, Палата „ Емануел Чучков„ Ул. „Бихачка" бр. 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
aleksandar.buov@geol.gov.mk // aneta.ristovska@geol.gov.mk

А п с т р а к т: Во трудот, на пример оконтурување рудно тело на Cu, Au и Ag во порфирски систем, по метода на интерполација/ кригинг и тоа со помош на програмот ArcMap/ ArcGIS е прикажана таквата постапка. Оконтурувањето на рудното тело е прикажано на по еден хоризонтален и вертикален пресек. Истиот начин на оконтурување може да се изведе и на останатите пресеци (профили) кои се потребни за песметка на рудните резерви, категоризација и класификација. Прикажаниот начин на оконтурување, поготово на рудни тела/ наоѓалишта кои се створени во порфирски системи, каде литолошкиот, структурниот, фацијалниот карактер на средината и морфологијата (импрегнација и штокверк) на појавување на минерализацијата, имаат многу важна улога за добивање на геолошкиот резон во однос на разликата помеѓу рудно тело и јаловина, оваа метода може успешно да се користи во текот на пресмеметка на геолошки рудни резерви и нивна категоризација/ прекатегоризација и класификација. Оконтурувањето на рудното тело или промената на неговите контури со помош на ArcMAP/ ArcGIS, може да се изведува во било кој стадиум на деталните или експлоатационите геолошки истражувања.

Клучни зборови: оконтурување, рудно тело, интерполација, кригинг, ArcMAP, ArcGIS, порфирски систем

CONTOURING ORE BODY IN A PORFY SYSTEM AN EXAMPLE MINERAL DEPOSITS FOR Cu, Au AND Ag „BOROV DOL"

A b s t r a c t: In this scientific work, as an example for contouring an ore body of Cu, Au & Ag in porphyric system via method of interpolation/kriging, with the help of ArcMap/ArcGIS are shown these steps. Contouring an ore body is shown in one horizontal and one vertical cross section. Same way of contouring can be done with the rest of the cross sections (profiles) which will help with calculations of ore reserves, categorization and classification. The aforementioned method of contouring, especially of ore bodies/deposits made in porphyric systems, where lithological, structural, facial character of the environment and morphology (impregnation and stockwork) of the inception of mineralization have a very important role of acquiring a geological reason in relation to the difference between an ore body and a dross, can be used successfully used in the course of calculation of geological ore reserves and its categorization/pre-categorization and classification. Contouring an ore body or changing its contours with the help of ArcMAP/ArcGIS, can be made in each of the phases of the detailed or the exploitational geological surveys.

Key words: contouring an ore body, interpolation, kriging, ArcMAP, ArcGIS, porphyric system

ВОВЕД

Една од суштествените работи во постапката за пресметка на геолошки рудни резерви, е оконтурување на рудното тело/наоѓалиште. Тоа најчесто се изведува анализирајќи ги хемиските резултати од лабораториските испитувања и согледувајќи го влијанието на контролните фактори (литолошки, структурни, фацијални) врз локализацијата и дистрибуцијата на минералните компоненти во просторот кој е предмет на истражување.

Во овој труд, прикажана е постапка за оконтурување на рудно тело/ наоѓалиште, кое генетски припаѓа во групата на порфирски наоѓалишта, оруднувањето е парагенетски поврзано со темно сиви трахи андезити кои се ситно до средно зрнести и хидротермално изменети, а средината во која се има извршено депонирање на минералната суровина се поврзува со фацијата на бело-сиви, средно зрнести, биотитски андезити кои се пропилитисани и во кои минерализацијата од пирит и халкопирит се појавува во вид на импрегнација и штокверк.

Оконтурувањето на рудното тело е изведено на начин применувајќи ги принципите на интерполација/ кригинг со помош на Excel и ArcMAP/ ArcGI.

ПРИМЕНЕТИ МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ОБРАБОТКА НА ОД НИВ ДОБИЕНИТЕ ПОДАТОЦИ

Применети методи на истражување

Наоѓалиштето на бакар „Боров Дол“ е наоѓалиште кое во изминатиот период е истражувано повеќе децении. Во временскиот период од 1963 до денес, применети се скоро сите методи на геолошко истражување и врсти на истражни работи. На основа тие истражувања и од нив добиените резултати, ова наоѓалиште денес се смета за оптимално истражено и истото се наоѓа во почетна фаза на експлоатација.

Заради сублимација на конкретните работи кои со овој труд се сака да се истакнат ги посочуваме само следните:

1. Детално геолошко картирање на локалитетот каде се наоѓа наоѓалиштето „Боров Дол“,

2. Длабинско истражно дупчење по квадратна мрежа со над 75 изведени истражни дупнатини и повеќе од 17000 m извадено и искартирано јадро,

3. Изведено лабораториско испитување на земени проби од сите дупнатини. Пробите за лабораториски испитувања, најчесто се имаат земано на 2 m – интервали,

4. Интерпретација на геолошките резултати во вид на Елаборати за пресметка на рудни резерви на бакар од наоѓалиштето „Боров Дол“ итн.

Методологија на обработка на податоците кои се добиени од геолошките истражувања, а се употребени за интерполација/ кригинг и оконтурување на рудното тело/ наоѓалиште

Постапката, како е извршено оконтурувањето на рудното тело во наоѓалиштето „Боров Дол“, во суштина е класика, но за организација, обработка и анализа на податоците врз основа на кои е поставена контурата на рудното тело, користени се два програма, Excell и ArcMap. Инаку за постигнување на бараната цел извршено е следното:

– дефинирање на просторот кој е предиспониран за одлагање на рудната минерализација,

– определување на гранична сидржина (ГС) на минералната компонента (Cu) во рудната маса,

– извршена е пресметка на средната аритметичка вредност на бакарот во интервали од 15 m кои се застапени помеѓу апсолутни етажни хоризони,

– извршена е интерполација (кригинг) помеѓу концентрациите на бакарот која е добиена како средна аритметичка вредност од концентрациите на бакарот кои се појавуваат во двометарските интервални проби, а се однесуваат на профилни рамнини на кои се интерпретира дистрибуцијата на минералната компонента,

– резултатите од интерполацијата (кригинг) кои ја интерпретираат дистрибуцијата на бакар се прикажуваат на хоризонтални и вертикални профили во вид на класи кои се разграничени со бои и контури (изо линии),

Разликата помеѓу класичната методологија на оконтурување на рудното тело/ наоѓалиште и оваа која се прикажува во овој труд се состои во тоа што податоците кои се користат за да се постигне бараната цел се организират, обработуваат и интерпретираат во два софтверски програми (Excel и ArcMap/ Arc/GIS).

Овие два софтверски програми (Excel и ArcMAP/ Arc/GIS) се компатибилни помеѓу себе и многу моќни програми за обработка и прикажување на геостатистичка анализа, интерпретација и визуелна представа. Пример, можноста со ArcMap/ArcGIS софтверот да се врши интерполација/кригирање и задавање на простор кој е предиспониран за одлагање на корисните минерални компоненти Cu, Au и Ag во порфирски системи, овозможува:

– одлична визуелна претстава за просторната разместеност на минералната суровина и нејзиниот квалитет,

– овозможува максимална елиминација на субјективност при оконтурување на рудното тело/наоѓалиште,

– овозможува визуелна компарација и корелација помеѓу поединечно застапените минерални компоненти на Cu, Au и Ag,

– овозможува компарација на резултатите за просторната разместеност на корисните минерални компоненти Cu, Au и Ag, со резултатите за разместеноста и квалитетот на минералната суровина кои се добиени со други методи за оконтурување и пресметка на рудни резерви,

– овозможува едноставна надоградба на нови сознанија за рудното тело/наоѓалиште и моделирање во 2D и 3D модели.

За оконтурување на рудното тело на бакар „Боров Дол“ обработени се податоците кои се составен дел на „Елаборат од изведените детални геолошки истражувања, со пресметка на геолошките рудни резерви, на минералната суровина бакар на локалитетот “Боров Дол”, општина

Конче и општина Штип. Тоа се податоци кои се однесуваат на графичка документација (етажни карти, геолошки и геохемиски профили), и резултати, кои се добиени од лабораториските испитувања за определување на концентрацијата на бакар во 2 m - интервали од поединечните дупнатини.

Начинот на обработка на податоците кои се превземени од споменатиот елаборат и нивна интерпретација е следниот:

Прв чекор: направена е база на податоци која се однесува на содржините на Cu и истите се прикажани во Excel табели (Слики 1 и 2). Excel табелите се организирани на начин така да секоја табела ги содржи резултатите за концентрацијата на Cu во 2-метарските интервали од дупнатините кои се наоѓаат на тој профил. Податоците од табелите во Excel, можат лесно да се видат и обработат со дескриптивни статистички функции. Во табелите, покрај податоците кои се потребни за определување на број на елементи, max, min, rang, mod, median, kurtosis, skewness, стандардна девиација, коефициент на вариација и.т.н., прикажани се и податоци за:

– на кој профил се наоѓа дупнатината,

– име на дупнатината,

– координати и кота на дупнатината,

– интервал на опробување по должина на дупнатината,

– интервал на опробување по апсолутна надморска висина,

– содржина на бакарт за секој должен метар,

– содржина на бакар во композитна проба,

– средна содржина на Cu за интервал од 15 должни метри кои се подудараат со етажните нивоа од рударскиот проект (пример 615/600).

Прикажаните податоци на сликата 2, се податоци кои се хибридни и се изведени од податоците кои се наоѓаат на сликата 1. Тоа се податоци кои се однесуваат за содржината на Cu-от, во апсолутно висинскиот 15 метарски интервал во дупнатината и тоа за секоја етажа. Тоа значи дека X, Y, и Z претставуваат:

X – координатата по Y

Y – средната кота на етажата која е предмет на опсервација (d_z),

Z – средна аритметичката вредност од вредностите на 2 m-скиите интервали кои се наоѓаат на апсолутните висини.

Овие податоци кои се прикажани на слика 2, од програмот Excel се импортираат во ArcMap /ArcGIS, каде од нив се формира атребутна табела и од каде, потоа, самиот програм користи податоци за анализа и графичка интерпретација за многу различни функции.

Во овој труд прикажано е нивното користење за геостатистичка анализа и изработка на геохемиски карти и профили.

Втор чекор: „градење“ база на податоци која е составена од етажни карти (етажни блокови) и вертикални геолошки и геохемиски профили. Овие графички податоци во базата се најчесто складираат во tif. или jpg. електронски формат, а се преземени од постоечкиот елаборат за пресметка на рудни резерви.

Тематската содржина на етажните карти е: литологија, раседни структури, профилски линии, локација на истражни дупнатини со содржини на Cu за композит, мини блок со содржина на Cu во мини блокот.

Тематската содржина на геолошките профили е: профилска линија, литологија, раседни структури, истражни дупнатини со содржина на Cu и контура на рудно тело извлечена на основа хемиските резултати од композитните проби.

Тематската содржина на геохемиските профили е: профилска линија, истражни дупнатини со содржина од композитни проби, контури на мини блок (призма).

Трет чекор: во овој чекор извршено е импортирање на графичката документација (растери) и нивно георефеpенцирање во ArcMap/ ArcGIS.

Четврт чекор: во овој чекор е извршено импортирање на податоците од табелата кои се прикажани на слика 2 (податоци за содржина на Cu за одреден профил или етажна карта).

Пети чекор: во овој чекор извршена е обработка на податоците од слика 2 со алатката Spatial analyst tools – interpolation.

Со обработка на податоците со оваа алатка на ArcMap/ ArcGIS (а истата е со различни можности), импортираните податоци, кои се наоѓаат во атребутната табела, можат да се користат за добивање на различни информации. Со нивна анализа се ствараат посебни фјучер класи кои ја истакнуваат дистрибуцијата на бакарот на површината од анализираниот профил. Во таа постапка, согледувајќи ги контролните фактори кои е потребно да се следат, внимателно се задава површината каде е потребно да се изврши интерполацијата/ кригинг. Значи, потенцијалноста на просторот е дефинирана врз основа на расположливите литолошки, структурни и фацијални контролни фактора кои може да се извлечат од графичката документација.



Сл. 1. Табеларен приказ на обработени податоци од поединечни дупнатини

	A	B	C	D	E	F
1	Profil	X	Y	Z	d_z	Cu%
2	BD_32	4607418	7612177	609,72	608	0,004
3	BD_32	4607418	7612177	609,72	593	0,063
4	BD_32	4607418	7612177	609,72	578	0,059
5	BD_32	4607418	7612177	609,72	563	0,056
6	BD_32	4607418	7612177	609,72	548	0,058
7	BD_32	4607418	7612177	609,72	533	0,035
8	BD_32	4607418	7612177	609,72	518	0,091
9	BD_32	4607418	7612177	609,72	503	0,081
10	BD_32	4607418	7612177	609,72	488	0,033
11	BD_32	4607418	7612177	609,72	473	0,058
12	BD_32	4607418	7612177	609,72	458	0,054
13	BD_32	4607418	7612177	609,72	443	0,075
14	BD_32	4607418	7612177	609,72	428	0,073
15	BD_319	4607434	7612233	597,31	593	0,123
16	BD_319	4607434	7612233	597,31	578	0,217
17	BD_319	4607434	7612233	597,31	563	0,223
18	BD_319	4607434	7612233	597,31	548	0,272
19	BD_319	4607434	7612233	597,31	533	0,231
20	BD_319	4607434	7612233	597,31	518	0,259
21	BD_319	4607434	7612233	597,31	503	0,220
22	BD_319	4607434	7612233	597,31	488	0,194
23	BD_319	4607434	7612233	597,31	473	0,094
24	BD_319	4607434	7612233	597,31	458	0,170
25	BD_319	4607434	7612233	597,31	443	0,128
26	BD_319	4607434	7612233	597,31	428	0,139
27	BD_319	4607434	7612233	597,31	413	0,091
28	BD_33	4607455	7612272	585,54	578	0,103

Сл. 2. Просторен податок за содржина на бакар

Со можноста, леерите на фјучер класите да бидат транспарентни, во позадина се поставуваат геореференцираните растери (етажни блокови, и геолошки/ геохемиски профили) и со преклоп на резултатите, кои се добиени од интерполацијата/ кригинг со ArcMAP и растерските слики (етажни карти или профили) превземени од елаборатот, се добива визуелна претстава за евентуални постоечки разлики и нивната локација.

На ист начин се повторува постапката за оконтурување и компарација на рудното тело кое се прикажува на вертикални профили (Слика 4).

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Резултати кои се добиваат со примена на една таква методолошка постапка на оконтурување на рудното тело/наоѓалиште се:

1. Добивање податоци за дескриптивните статистички обележја на рудното тело кое се пресекува со истражните дупнатини на карактеристични хоризонтални и вертикални профили.

2. Постоење на „жив“ компатибилен документ кој може да се менува и надоградува во континуитет, а е во зависност од степенот и прогресот на моменталната истраженост на наоѓалиштето.

3. И покрај тоа што начинот на кој се врши оконтурување на рудното тело е сложена функција која во обзир зема повеќе променливи фактори кои се од натурална, вредносна или субјективна природа, применувајќи ја оваа методологија, се добиваат повеќе варијантни решенија, зголемена сигурност при интерполацијата/ кригингот и олеснет начин на прикажување на резултатите кои се добиваат во таа постапка.

4. Визуелна претстава за дистрибуцијата на корисните минерални компоненти во минералната суровина по хоризонтални и вертикални профили,

5. Можност за компарација и воочување на причина за постоење на разлики помеѓу извршеното оконтурување на рудното тело со ArcMap/ ArcGIS и кнтурите на рудното тело, односно контурите на мини блоковите во рамки на етажните блокови, кои се прикажани на етажните и геохемиските профили во елаборатот за пресметката на геолошките рудни резерви,

1. Можност за поврзување со севкупната геолошка и рударска документација која постои за наоѓалиштето.

2. Други можности кој ArcMap -от на ESRI ги овозможува.

Дискусија на резултатите кои се добиени:

Со обработката и организацијата на податоците од хемиските анализи и графичката документација во Excel табели и ArcMap, се овозможува анализа на тие податоци од повеќе аспекти:

– дескриптивна статистичка анализа на податоци од дупнатината или профилот/етажната карта,

– пресметка на средна содржина во мини блоковите од етажен блок,

– уочување на постоечки разлики помеѓу прифатени содржини од композитните проби (кои често хипсометриски не се преклопуваат со мини блоковите на етажните блокови) и содржината на Cu во мини блокот која е пресметана врз основа на содржината на пробата од 2 m -скиот интервал, а се наоѓаат во етажните блокови кои се дефинирани со апсолутни коти,

– компатибилни податоци кои можат да се употребуваат за различни цели во ArcMap,

– се формираат фјучер класи со кои дустрибуцијата на корисните минерални компоненти

се дефинира врз основа на: лабораториски анализи за содржина на корисните минерални компоненти на поедини етажни блокови или вертикални профили, геолошките контролни фактори и ГС на бакарот која представува синтетски показател,

– со креирањето на фјучер класите кои ја дефинираат дистрибуцијата на корисните минерални компоненти во ArcMAP, се овозможува едноставен увид за просторната дистрибуцијата на минералните компоненти по хоризонтални и вертикални профили, дистрибуцијата на минералните компоненти се прикажува во вид на класи и контури (изо линии). Секоја класа е прикажана со различна боја, а на контурите е запишан распонот на класата,

– интерполацијата/ кригинг за оваа оконтурување е извршена со посматрање на централен податок во однос на 5 околни податоци (бројот на посматраните околни вредности може да се менува и да биде поголем),

– постојат и дрги опции кои се интересни за анализа, но за нив во друга прилика.

Од приложените слики (слика 3 и 4), конкртно за ЕВ 480/465 и вертикален профил 5А, може да се констатира дека воопшто не претставува проблем да се измери површината на рудното тело кое се појавува на тие профили. Во комбинација со застапените истражни работи и максимално дозволени растојанија помеѓу истражните работи за одредена категорија на геолошки рудни резерви, истите можат да се категоризираат, а со тоа и да се изврши пресметка на геолошките рудни резерви.

Со изработката на фјучер класите со кои се интерпретира дистрибуцијата на корисните минерални компоненти во минералната суровина по хоризонтални и вертикални профили, во комбинација со растерите на кои е прикажана геолошката градба на средината и контурите на рудното тело, како и формираните мини блокови кои се прикажани на етажните карти и геохемиските профили, се овозможува едноставна компарација и проверка на геолошкиот резон во донесување одлука за формирање на мини блок во рамките на етажниот блок.

Слика 3, претставува ЕВ 480/465 на која се прикажани:

– мини блокови кои се формирани врз основа на принципите на интерполација и екстраполација помеѓу податоците од истражните работи (дупнатини).

– податокот за содржината на бакарот во мини блокот која е прифатена да биде од соодветната композитна проба земена од дупнатина и која најмногу одговара за тој мини блок во етажен блок,

– од локацијата на истраните дупнатини, врз основа на кои се врши геометризацијата на мини блокот се гледа дека тие може да бидат со: централна, или да бидат лоцирани во темињата на мини блокот,

– кога дупнатината се наоѓа во центарот на мини блокот, тогаш содржината од одговарачката композитна проба се смета како репрезент за целиот блок, а кога се наоѓаат во темињата на мини блокот, тогаш содржината на мини блокот се пресметува како средна пондерисана вредност од средните аритметички вредности на композитните проби кои тој мини блок го ограничуваат.

Практично тоа е картата на етажниот блок врз основа на која е извршена пресметка на рудните резерви по главната метода за пресметка.

Дополнителна содржина на оваа карта (слика 3) се фјучер класите од интерполацијата/ кригинг која е изведена со ArcMAP и истата е претставена со класи во боја и контури (изо линии), а се однесуваат на дистрибицијата на бакарот кој е застапрн во ЕВ 480/465 или на профил 5А (слика 4).

Од слика 3 може да се констатира дека:

– рудното тело, просторно е застапено во северните и во јужните делови од наоѓалиштето, лоцирано во бело-сиви средно зрнести биотитски андезити, кои се пропилитисани. Рудното тело од една страна е контролирано со андезитскиот субвулкански излив кој е изграден од хидротермално изменети темно сиви трахи андезити ситно до средно зрнести, а од друга страна со пепеласти андезитски туфови, лапоровити песочници и андезитски бречи.

– во однос на прашањето дали постои отворена аномалија на бакар, може да се констатира дека таа постои и затоа идните геолоши истражувања е потребно да се насочат источно од BD-322 и BD-30 на профил 5 и профил 4. Исто така, со истражно дупчење е потребно да се продолжи и источно од BD-49 и BD-19 на профил 8 и 7. За тој простор не постојат податоци и затоа се потребни дополнителни истражувања.

– постои отворена аномалија и северно од BD-61 и 62, но кога ќе се земат во обзир резултатите од BD-68, 69 и 70, тогаш аномалијата во правец на север за ЕВ 480/465 се затвара.



ЛЕГЕНДА

- Сомнителни мини блокови
- EB_480_465_dupnatini
- Мини блокови од A_категорија
- Мини блокови од B_категорија
- Мини блокови од C1_категорија

EB_480_465_Kriging

- 0,0005 - 0,01
- 0,010 - 0,150
- 0,150 - 0,200
- 0,200 - 0,250
- 0,250 - 0,386
- EB_480_465_interpolacija

Сл. 3. Приказ на оконтурено телона ЕВ 480/465 со фолна ГС на Cu од 0,15% I компарација на мини блокови кои се прикажани на растер ЕВ 480/465



Сл. 4. Приказ на оконтурено рудно тело на профил 5А со долна ГС на Cu од 0,15% и компарација на мини блокови кои се прикажани на расте ГХ профил 5А

Во однос на постоење разлика помеѓу контурите на рудното тело прикажано во главната пресметка (Елаборатот) и контурите на рудното тело кои се добиваат со интерполација/ кригинг со ArcMap, може да се констатира дека тие постојат и истите се видливи. Разлика постои на неколку места:

– блоковите 33 и 32 на профил 6, Arc Map-от не ги препознава,

– блокот 35 на профил 9 исто така не се препознава,

– блокот 38 е надвор од отворена аномална зона,

– блокот 39 на профил 5А е на границата на отворена аномалија и истиот е премногу ризичен за да се прифати како резерви со степен на истраженост од C_1-категорија.

Останатиот простор на кој претходно е извршено оконтурување на мини блокови во рамките на етажниот блок се прилично добро совпаѓа со интерполацијата које е извршена со ArcMAP-от.

Врз основа на вака направената аналитика, потребно е да се изврши проверка и да се утврдат кои се причините за постоење на разликата помеѓу главната пресметковна метода и компаративната метода која може да се изработи земајќи го во предвид оконтурувањето на рудното тело со интерполација/ кригинг со ArcMap-от.

Потребно е да се истакне и дека со организација на севкупната техничка документација во ArcMap-от постои можност за поврзување на база на податоци во која се сместени сите податоци од геолошките истражувања и рударски

активности. Оваа можност на ArcMAP-от нуди секогаш брз и комплетен увид и анализа во севкупната техничка документација.

ЗАКЛУЧОЦИ

1. Оконтурувањето на рудно тело/наоѓалиште со помош на ArcMap е класична, но сигурна метода, изработена со современ технички и електронски јазик.

2. Оконтурувањето на рудно тело/наоѓалиште со помош на ArcMap може да се користи како компаративна метода во текот на пресметката, категоризацијата и класификацијата на минералната суровина. Поготово, овој начин на оконтурување на рудното тело може да биде добар коректор за моделирање на геолошкиот резон и формирањето на мини блокови во рамки на етажниот блок кои засега се дел на главната пресметковна метода за Боров долското наоѓалиште на Cu, Au и Ag.

3. Податоците кои се добиваат со оконтурувањето на рудно тело/наоѓалиште со помош на ArcMap се компатибилни и можат да се користат во програмот AutoCAD.

4. Порфирско наоѓалиште на бакар, какво што е Боров Дол пожелно е да за постоечката техничка документација развие база на податоци кои можат да се анализират и интерпретират во ArcMap/ArcGIS. Пожелноста се состои во тоа што овој програм покрај техничко-оперативните можности за истражување и експлоатација на минералната суровина, нуди и можност за негово глобално претставување на Европската геолошка карта како наоѓалиште/ рудник на Cu, Au и Ag.

БЛАГОДАРНИЦА Користиме можност да искажеме голема благодарност на раководниот орган на рудникот Боров Дол, Г-дин Павел Кривинскиј кој овозможи користење на фондовската документација и согласност за објавување на овој труд на Геолошкиот конгрес на геолозите на Македонија 2021.

Исто така, за изработката на овој труд, изразуваме голема благодарност на колегата Коста Поцков, кој беше долгогодишен оперативен и истражувачки геолошки инженер во рудникот за бакар „Бучим“.

Во консултација и разговори со него, забележавме дека тој ја согледа предноста на оваа методологија за оконтурување на рудното тело во Боров Дол, како и потребата за изработка на нова, компаративна метода за пресметка, категоризација и класификација на рудните резерви на Cu, Au и Ag, со што, ќе се добијат многу по сигурни и реални сознанија за количините, разместеноста и дистрибуцијата на минералните компоненти во наоѓалиштето Боров Дол. Тоа за нас како изработувачи на овој труд, претставуваше уште еден предизвик за да се изработи и објави овој труд на Геолошкиот конгрес, но и да се претстави пред стручниот тим и пред генералниот директор на Боров Дол, Г-дин Павел Кривинскиј.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Јанковиќ С. (1981): Лежишта минералних сировина – Генеза рудних лежишта. Рударско-геолошки факултет Универзитет у Београду. Београд, стр. 571.

[2] Петковиќ М. (1982): Проспекција рудних лежишта .

[3] Серафимовски Т., Јеленковиќ Р. (1997): Наоѓалишта на метални минерални суровини, Рударско-геолошки факултет-Штип, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 567 стр.

[4] Стафилов Т., Шајн Р. (2016) : Геохемиски атлас на Република Македонија. Природно-математички факултет Скопје.

[5] Јанковиќ С., (1957): *Опробавање и прорачун резерви минералних сировина*, Издање геолошког завода Србије..

[6] Серафимовски Т. (1990): *Металогенија на зоната Леце–Халкидики*“. Докторска дисертација. РГФ, Штип.

[7]Туџаров Н., (1993): *Металогенија на наоѓалиштето Боров Дол*, Докторска дисертација, Рударско-геолошки факултет – Штип, Универзитет “Кирил и Методиј” – Скопје, 195 стр.

[8] Чулев Г., Митевски Г., Туџаров Н., (1984): *Елаборат за пресметката на рудните резерви на Боров Дол,* Стручен гонд на рудникот Бучим.

[9] Петров Д., и други., (2014): Елаборат од изведените детални геолошки истражувања, со пресметка на геолошките рудни резерви, на минералната суровина бакар на локалитетот “Боров Дол”, општина Конче и општина Штип, изведувач “Геоинженеринг-М” ДООЕЛ, Скопје, инвеститор ДПТУ “Боров Дол” ДООЕЛ, Радовиш, 205 стр. + графички прилози.

[10] GDi Skopje, (2013): ArcGIS II Essrntial Workflows,

[11] Службен лист на СФРЈ 53/79,: *Правилник за класификација и категоризација на резервите на цврсти минерални суровини и за водење евиденција за нив.*

5. ГЕОЛОШКИ ХАЗАРДИ И ЗАШТИТА

Кли,атски промени

Геохазард

Геоекологија и заштита на животната средина

5-GH-01
UDC: 546.43:504.5]:628.84-763(497.711)

BARIUM IN AIRCONDITIONER FILTERS IN THE CITY OF SKOPJE (REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA)

Ivan Boev, Sonja Lepitkova

Faculty of Natural and Technical Sciences, Institute of Geology, "Goce Delčev" University in Štip, Blvd. Krste Misirkov 10-A, P.O, Box 210, 2000 Štip, North Macedonia
ivan.boev@ugd.edu.mk

A b s t r a c t: The presence of metals in the ambient air (ambient dust) in the urban environment is a frequent subject for research, and so far it has been worked out in many urban centers in the world. The systematic research for the contents of the ambient dust in the city of Skopje is not made before, so we cannot present such information. However, it should be emphasized that such information which refer on the contents of the urban dust exist in many towns, but that information is very changeable depending on the seasons in which the data is measured. As an example, on the basis of a large number of researches the metals which are present in the urban dust are divided in three groups: – Urban elements (Ba, Cd, Co, Cu, Mg, Pb, Sb, Ti, Zn). – Natural elements (Al, Ga, La, Mn, Na, Sr, Th, Y) – Elements with mixed background (Ca, Cs, Fe, Mo, Ni, Rb, Sr, U). There is accepted opinion that the background of the urban elements is primarily connected with the development of the traffic, the processes of corrosion of the materials build in the objects in the towns (buildings, houses, roads, etc.) as well as the emission of dust which appears in the soils, and fields with no grass. In order to be able to make any correlation of the obtained data which refer to a small number of measured samples (only of two locations) many deeper researchers are needed. From the other side, the influence of the contents of dust (as well as the ambient air) upon the health of the people is a topic which requests more serious and longer measures.

Key words: barium, urban elements, natural elemnets

БАРИУМ ВО ФИЛТРИТЕ НА КЛИМАТИЗЕРИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

Р е з и м е: Концентрациите на бариум во филтрите од климатизерите на одредени објекти во градот Скопје се зголемени како последица на сообраќајот во градот Скопје (во надворешните филтри) и како последица на вградувањето на пластични материјали во подовите на објектите (линолеум, внатрешни филтри).

Клучни зборови: бариум, природни елементи

INTRODUCTION

Soluble barium components are highly toxic when ingested into the human body, while insoluble components, such as the often present barium sulphate, are generally non-toxic. The soluble barium components that are inhaled cause benign pneumoconiosis or called baritosis). Intake of soluble barium components through food causes muscle stimulation, including the heart, irritation of the digestive system, and irritation of the central nervous system. (Browning, 1961).

The main source of barium components emitted into the atmosphere are industrial processes, including mining, refining, and production of barium and barium chemical compounds that are used as additives in fuels to reduce smoke emission in diesel engines. There is certain information concerning the emission of barium in diesel engines that ranges up to a maximum of 48 μg/m^3. (Fiorello, 1968).

There is very little information regarding the aspects of air pollution with barium and barium components. Most of the information relates to the concentration of barium in the atmosphere as a result of the impact of diesel engines (Golothan, 1967).

Barium soluble salts are highly toxic when ingested in the digestive system in humans. Barium chloride and barium carbonate are two soluble salts for which there are published results concerning toxicity (Browning, 1961, Patty, 1962), but it should be noted that the consequences of their toxicity are not fatal. One case has been reported (Browning, 1961) in which 7 grams of barium chloride were taken orally, with the occurrence of abdominal pain

and a complete collapse but without fatal consequences.

Insoluble barium sulphate is generally not toxic when ingested in the human digestive system. For example, barium sulphate is the most common insoluble component used in X-ray imaging of the human digestive system.

So far, no data have been published on the impact of barium compounds on domestic animals.

Miller (1967) published the results of the impact of the gases from diesel engines on white mice, whereby no visible effects were observed during liver analysis of the experimental mice.

No results have been reported regarding the impact of the concentration of barium on plants. In 1961 Browning mentioned that barium was toxic to plants, but he did not provide information on the chemical form and concentration, as well as on the type of plants.

Data relating to the environmental barium concentration standards can be found in the documents of the 29th Annual Conference of the US State Hygiene Office (1967), which mention the upper limit of exposure to soluble components of barium during 8 hours, which is 500 μg/m^3.

Mode of occurrence and usage

Barium is a soft metal with a silver color that in nature appears in association with other elements. It occurs most often in the form of veins in the lead and zinc deposits. There are two known major minerals of barium: baryte (barium sulphate $BaSO_4$) and witherite (barium carbonate $BaCO_3$). Baryte is mainly the most commercial mineral of barium. Smaller amounts of barium can also be found in the magmatic rocks, and as isomorphically present in feldspars and micas (Kirk-Otmer, 1964). Small amounts of barium are also present in coals (Abernathy et al, 1963) (Liu et all, 1983), (MacDonald et all, 1984) (Zierock, 1983), (Small, 1983).

Baryte (barium sulphate, $BaSO_4$) finds a great application in the chemical industry, as a pigment and as a filler it is used in the production of linoleum and other chemical products. The use of barium sulphate for medical purposes is important. Barium carbonate ($BaCO_3$) also has a significant usage (as a filler in glass industry), then barium chloride ($BaCl_2$) for medical purposes, barium nitrate ($Ba(NO_3)_2$ in the production of pyrotechnics and medical preparations, barium oxide (BaO) is used in the production of barium peroxide, barium hydroxyode and barium methoxide, and they are further used in the production of detergents.

Organometallic components of barium are used as additives in diesel fuels to reduce the presence of smoke in the exhaust fumes of diesel engines (Stern, 1968). In 1967 Miler published the results of research on the effects of barium additives on the reduction of smoke during the operation of diesel engines (Figure 1).



Fig. 1. Effects of barium additive on the reduction of smoke during the operation of diesel engines

METHODOLOGY

The following research methods were applied for the research activities:

- collecting samples of separate materials in the objects and determination of the presence of Ba and other elements with application of appropriate analytical techniques and methods. For that purpose, samples are collected from two locations in Skopje:
  - Skopje-Centar (outer filters, inside filters, walls, used poly-color, used agglomeration for leveling of floors, abrasive cleaning powder (Ajax) and liquid washing splendor (Glos), samples of the air and samples of the floor)
  - Skopje-Biser (outer filters, inside filters, walls, used poly-color, samples of the air)
- Determination of the presence of Ba and other metals with application of the methods ICP-MS
- Determination of the presence of Ba-phases in the samples from the walls and floors with application of Scaning Electronic Micoroscopy-SEM-EDS,

Methods of preparation of the specimens

Dry samples are extracted with a compound of acids, HCl/HNO_3, 16 hours at room temperature and reflux ion of 2 hours according to ISO 11464:1996 (E). The extract is filtered until the final volume and rarefied with nitrate acid. The contents of the metals in traces is determined with ICP-AES, Liberty 110, Varian, according to ISO 11885:1996 (E)

Reactants

All the used reactants are with cleanliness p.a. The cleanliness of the reactants is verified with an experiment.

Water: The quality of the redistilled water is according to ISO 3696, Grade 2.

HCl, 37%, $\rho = 1.19$ g/mol

HNO_3, 65%, $\rho = 1.40$ g/mol

H_2O_2, >30%, $\rho = 1.11$ g/mol

Standard dilutions

Basic standard dilution: ICP- Multi-element standard dilution, Merck IV, 23 elements in a diluted nitrate acid with a concentration for each element separately of 1000 mg/L: Ag, Al, B, Ba, Bi, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Fe, Ga, In, K, Li, Mg, Mn, Na, Ni, Pb, Sr, Tl, Zn

T a b l e 1

Conditions of work of the Inductive Linking Plasma

Conditions for ICP- AES, Liberty 110, Varian					
Introducing a sample					
Sprayer			V-groove		
Spray chamber			Inert Sturman-Masters		
Peristaltic pump			12 rollers, 1 turn/min increment		
Conditions for the program					
Power of plasma			1,0 kW		
Speed of pump/rpm			25		
Flow of Ar for plasma			15 L/min		
Time for stabilization			30 s		
Flow of axial Ar			1,5 L/min		
Time of flushing			30 s		
Pressure of sprayer			200 kPa		
Time of stagnation			30 s		
Correction of fon			dynamic		
High of plasma			Opt. SBR		
Conditions for elements					
Element	Wave length/nm	Slitt	Time for integration/s	Filter	Line of fender
As	193.696	0.02	7	1	1
Ni	352.45	0.02	5	6	1
Sr	407.77	0.02	5	7	1
Ba	455.403	0.02	5	7	1
Mn	257.61	0.01	5	6	2
Fe	259.94	0.01	5	6	2
Cr	267.72	0.01	5	6	2
Zn	213.86	0.007	5	6	1
Cu	324.75	0.01	5	6	2
Pb	220.35	0.007	7	6	1
Co	228.62	0.007	5	6	1
Cd	226.50	0.007	5	1	3

One-element standard dilution for As, Titirisol, Merck, 1000 mg/L.

Tools

The entire tool used for synthesis of the extracts and preparation of the standards is overflow in Nitrate acid for at least +6 ours, and then it is washed with redistilled water.

Analytical conditions for the work of the instruments

Conditions for work of Scanning Electronic Microscope.

The records of the samples and the chemical analyses are made with Scanning Electronic Microscope from the brand of JEOL JSM-6610LV which is equipped with energetic-dispersed spectrometer (EDS) from the brand *X-Max Large Area Analytical Silicon Drift*.

The recording of the samples is made with high vacuum of 20 kV whereas the source of electrons is LaB6 (Lantan-heksa-boridien) filament. The shown photographs are obtained with a help of detector for free electrons (SEI). The samples are blushed with gold and the unmarked piques of the spectrums belong to this element.

RESULTS AND DISCUSION

The obtained results of the research are shown in the Tables 2.

T a b l e 2

Results of the presence of Ba and other metals in the analyzed samples (method, ICP-AES, controlled with ICP-MS)

	1	2	3	4	5	6 (1)	6(2)	7	8	9	10	11	12	13
mg/kg	Outer filter Center	Inside filter Center	Section of wall Center	Agglomera-tion for allignment	Poly color Center	Cleaning abrasive Ajakx/mg·l^{-1}	Cleaning abrasive Glos/mg·l^{-1}	Sample from the floor	Inside filter Biser	Outer filter Biser	Section of wall Biser	Poly color Biser	Filtres (1+2+3+4)	Filtres (5+6+7+8)
Ba	292.6	282.7	0.54	27.7	7.56	<0.73	4.5	129.5	183.9	199.5	0.43	7.68	1.2	0.4
Sr	76.6	112.8	413.8	46.9	38.0	1.0	65.6	38.2	75.0	71.6	406.2	40.5	1.6	0.9
Fe	16562.7	12477.5	46.1	4237.6	298.7	<100	<100	162.7	12430.9	13980.8	63.5	267.2	58.3	31.1
Mn	461.4	355.2	<1	189.1	10.6	<1.33	<1.33	4.1	356.3	424.2	<1	9.9	<1	<1
Zn	1890.9	4277.7	6.4	38.2	9.4	<8	<8	38.6	4722.6	1154.2	4.3	8.4	6.4	3.9
Ni	66.7	60.3	4.9	16.6	6.9	32.0	28.0	<1.3	61.5	69.4	3.5	6.3	4.2	1.2
Cr	65.1	70.2	0.9	15.6	9.8	10.6	14.4	0.6	55.0	47.0	0.7	8.6	1.4	1.3
Cu	184.6	370.3	<3	0.5	<3	49.0	<7	2.6	600.4	116.6	<3	<3	32.1	26.0
Pb	243.2	360.5	<1.5	6.0	7.4	<1.5	<6	<1.5	543.0	164.4	<1.5	8.3	6.2	4.4
Co	7.4	13.1	0.4	1.8	0.6	2.5	<0.7	0.1	16.8	6.6	0.1	0.5	<0.7	<0.7
Cd	7.6	22.1	<0.5	<0.5	<0.5	<0.5	<0.5	<0.5	32.6	4.6	<0.5	<0.5	<0.5	<0.5
As	<2.5	<2.5	<2.5	<2.5	1.1	<2.5	<2.5	<2.6	<2.6	<2.6	<2.6	0.1	2.0	1.2

The results obtained are showing significant amounts of Ba, Cu and Pb in analysed filters. Also is very important to concluded that concentration of barium is too high in floor samples of linoleum. Results obtained with SEM-EDS techniques are presented in following Figures and Tables.

Sample from floor 1:



Fig. 2. Morphological view of the sample 1 (zoom 400×)



Fig. 3. Morphological view of the sample 1 (zoom 3500×)



a) view of a scanned field

b) distribution of Ca

c) distribution of Cl

d) distribution of C

Fig. 4. Results of the scanning of sample 1



Fig. 5. Compound EDS spectrum of the analyzed field

T a b l e 3

Contents of the elements of the compound spectrum (Figure 5)

Element	App Conc.	Intensity Corrn.	Weight%	Weight% Sigma	Atomic%
C K	18.90	0.1965	57.58	0.54	71.67
N K	0.00	0.0305	0.00	0.00	0.00
O K	6.48	0.1848	20.98	0.51	19.60
Na K	0.55	0.6880	0.48	0.05	0.31
Al K	0.29	0.7969	0.22	0.03	0.12
Si K	0.47	0.8861	0.32	0.03	0.17
Cl K	13.93	0.7612	10.95	0.14	4.62
Ca K	13.42	0.8919	9.01	0.12	3.36
Ti K	0.58	0.7394	0.47	0.04	0.15
Totals			**100.00**		



Fig. 6. EDS spectrum of the brightest point from picture

T a b l e 4

Contents of the elements of the compound spectrum (Figure 6)

Element	App Conc.	Intensity Corrn.	Weight%	Weight% Sigma	Atomic%
C K	19.24	0.2891	46.29	0.77	56.80
O K	15.34	0.2587	41.28	0.74	38.02
Na K	0.49	0.6155	0.56	0.09	0.36
S K	4.98	0.8189	4.23	0.13	1.95
Cl K	1.50	0.7160	1.46	0.06	0.61
Ca K	8.00	0.9008	6.18	0.13	2.27
Totals			**100.00**		



Fig. 7. EDS spectrum of the grey basis of Fig.1

T a b l e 5

Contents of the elements of the compound spectrum (Figure 7)

Element	App Conc.	Intensity Corrn.	Weight%	Weight% Sigma	Atomic%
C K	16.05	0.2872	60.59	1.14	70.75
O K	5.62	0.2148	28.36	1.12	24.86
Na K	0.42	0.6714	0.68	0.13	0.42
Mg K	0.20	0.6604	0.34	0.09	0.19
Cl K	4.14	0.7466	6.01	0.19	2.38
Ca K	3.32	0.8950	4.02	0.15	1.41
Totals			**100.00**		

From the presented results we can conclude that the most dominant elements in the sample are carbon, oxygen, chlorine and calcium. This copy is very unstable under the electron beam because of the presence of organic compounds.

Sample from wall Biser 1:



